# ЏУАН ФАЛУН

Вртење на законското тркало

Превод на македонски
Јули 2022. година

Ли Хонгџи

# За Дафа (Лунју)

Дафа е мудроста на Творецот. Тоа е темел на создавањето, на кој се изградени небото, земјата и вселената. Тоа ги опфаќа сите нешта, од крајно најмалите до екстремно најголемите, додека различно се манифестира на секое од нивоата на постоењето на космичкото тело. Од длабочините на космичкото тело, прво се појавуваат најмалите честички, проследени од слоеви над слоеви на безбројни честички, од мали до големи, достигнувајќи се до нивоата на површината кои му се познати на човештвото - оние од атоми, молекули, планети и галаксии - и понатаму, до оние што се уште поголеми. Честички од различна големина сочинуваат животи од различна големина, како и светови од различна големина, кои се наоѓаат насекаде во космичкото тело. Животите на секое од различните нивоа на честички ги доживуваат честичките од следното повисоко ниво како планети на нивното небо, и така е на секое ниво. На животите на секое ниво на универзумот им се чини дека тоа така продолжува до бесконечност. Дафа, исто така, го создаде времето и просторот, мноштвото на животи и видови, како и целото создание; сè што постои, постои благодарение на него и ништо не е надвор од него. Сето ова се конкретните манифестации на карактеристиките на Дафа: Џен, Шан и Рен на различните нивоа.

Колку и да се напредни човечките методи за истражување на вселената и за испитување на животот, стекнатото знаење е ограничено само на одредени делови на оваа една димензија на ниско ниво на универзумот, каде што живеат луѓето. Луѓето имаат истражувано други планети во време на предисториските цивилизации. Сепак, до кои височини и растојанија да има достигнато, човештвото никогаш не успеало да излезе од димензијата во која постои. Човештвото никогаш нема да може да ја види вистинската слика на универзумот. Ако еден човек сака да ги разбере тајните на универзумот, на време-просторот и на човечкото тело, тој мора да започне со култивација на исправен Пат, и да постигне вистинско просветлување воздигнувајки го нивото на своето постоење. Со култивацијата ќе се воздигне неговиот морален карактер, а откако ќе научи да прави разлика меѓу она што е навистина добро и навистина зло, и доблест од порок, и кога ќе го надмине човечкото ниво, тој ќе може да ги види и да стапи во контакт со реалностите на унивезумот, како и со животите на другите нивоа и во другите димензии.

Додека луѓето често велат дека целта на нивните научни истражувања е „подобрување на квалитетот на животот”, нив, всушност, ги води технолошката конкуренција. И во повеќето случаи, тие се појавија дури откако луѓето го потиснаа божественото и се откажаа од моралните принципи, наменети да се обезбеди самоконтрола. Токму поради овие причини, цивилизации од минатото повеке пати биле уништени. Човекот во своите истражувања може само да се ограничи на овој материјален свет и методите се такви што се проучува само она што е признаено. Меѓутоа, работите кои се нематеријални и невидливи во човечката димензија, но кои објективно постојат и се откриваат на реални начини во овој непосреден свет - како што се духовност, верба, божествени зборови и чуда - се третираат како табу, бидејки луѓето го отфрлија божественото.

Ако човечкиот род е во состојба да ги подобри својот карактер, однесување и размислување, темелејки ги на морални вредности, тогаш ќе биде можно човечката цивилизација долго да истрае, па дури и чуда повторно да се случат во човечкото општество. Многу пати во минатото во човечкото општество се појавуваа култури кои беа полубоженствени и получовечки и им помагаа на луѓето да дојдат до повистинско разбирање на животот и на универзумот. Кога луѓето покажуваат соодветна почит и вреднување кон манифестацијата на Дафа тука во овој свет, тогаш тие луѓе, нивната раса или нација ќе уживаат благослов или чест. Дафа - Големиот Пат на универзумот - е она што го создаде космичкото тело, универзумот, животот и целото создание. Секое живо битие што ќе се сврти од Дафа, навистина е расипано. Секое лице кое може да се усогласи со Дафа е навистина добра личност и ќе биде наградено и благословено со здравје и среќа. А секој култиватор кој е во состојба да се соедини со Дафа е просветлен - божество.

Ли Хонгџи
24. мај 2015

# Содржина


**ЗА ДАФА (ЛУНЈУ)** **3**

**СОДРЖИНА** **5**

**ПРВА ЛЕКЦИЈА** **9**

Вистинско водење на луѓето кон поголеми духовни височини ....9

Различни нивоа имаат различен Фа ....13

Џен, Шан, Рен е единствен критериум за разликување на добри и лоши луѓе ....17

Чигонгот е предисториска култура ....20

Чигонгот е пракса на култивација....24

Зошто гонгот не расте и покрај практикувањето ....26

Карактеристиките на Фалун Дафа ....34

**ВТОРА ЛЕКЦИЈА** **41**

За небесното око ....41

Натприродна способност на јасновидство ....52

Натприродна способност на предвидување на судбината ....54

Надминување на петте елементи и трите сфери ....59

Прашање за стремење ....64

**ТРЕТА ЛЕКЦИЈА** **73**

Јас сите практиканти ги сметам за мои ученици ....73

Чигонг на Буда школата и будизмот....74

Практикувајте само еден начин на култивација ....78

Натприродни способности и гонг потенцијал ....81

Обратна култивација и позајмување на гонг....82

Опседнатост од дух или животно....89

Космички јазик....95

Што им дава учителот на практикантите? ....98

Енергетско поле ....104

Како Фалун Дафа практичарите треба да ја шират практиката ....106

**ЧЕТВРТА ЛЕКЦИЈА** **109**

Загуба и добивка ....109

Трансформација на кармата ....................................................................111
Надградба на шиншингот ....................................................................120
Гвандинг ....................................................................126
Поставување на мистериозен премин....................................................................129

## ПЕТТА ЛЕКЦИЈА 137

Симбол на фалунот....................................................................137
Чимен школа....................................................................139
Практикување на лоша култивација ....................................................................141
Двојна култивација на маж и жена ....................................................................144
Култивирање на умот и телото ....................................................................146
Фашен....................................................................148
Посветување ....................................................................149
Џуоју ке....................................................................156

## ШЕСТА ЛЕКЦИЈА 159

Култивациско лудило ....................................................................159
Демонски пречки во култивацијата ....................................................................168
Демонски пречки од сопствениот ум....................................................................175
Твојата главна свест треба да надвладее ....................................................................180
Твојот ум мора да биде исправен ....................................................................181
Чигонгот на боречките вештини....................................................................187
Менталитет на истакнување на себеси ....................................................................192

## СЕДМА ЛЕКЦИЈА 197

Прашање за убивањето ....................................................................197
Прашањето за јадење месо....................................................................201
Љубомора ....................................................................208
Прашање за лекување на болестите....................................................................213
Болничко лекување и чигонг лекување....................................................................218

## ОСМА ЛЕКЦИЈА 225

Бигу....................................................................225
Крадење на чи ....................................................................227
Собирање на чи ....................................................................230
Оној кој практикува култивација ќе добие гонг ....................................................................232
Небесен круг ....................................................................239
Приврзаност кон фанатизам....................................................................249
Култивација на говорот ....................................................................251

**ДЕВЕТТА ЛЕКЦИЈА 253**

Чигонгот и физичките вежби ....................253
Мисловни намери ....................255
Чист и јасен ум ....................262
Вроден квалитет ....................267
Просветлување ....................269
Луѓе со одличен вроден квалитет ....................276

**РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ И ПОИМИ 287**

# Прва лекција

## Вистинско водење на луѓето кон поголеми духовни височини

Од самиот почеток на моето предавање на Фа и на култивациските вежби, одговорен сум кон светот и одговорен сум кон учениците. Постигнатите резултати се добри како и влијанието врз целото општество. Пред неколку години имаше многу чигонг мајстори кои ги ширеа своите методи на култивација, но се што тие учеа беше на ниво на лекување и одржување на здравјето. Се разбира, не мислам дека нивните методи не се добри, само нагласувам дека не претставија ништо на повисоко ниво. Исто така ја познавам ситуацијата со чигонгот во целата земја. Во ова време, како во Кина, така и во странство, јас сум единствениот кој вистински предава чигонг кон повисоко ниво. Зошто никој друг не предава чигонг кон повисоко ниво? Затоа што тоа вклучува прашања од голема важност, длабоки историски причини, широк спектар на прашања и многу сериозни работи. Тоа не е нешто што може да го предава обичен човек бидејќи вклучува практики на многу чигонг школи. Особено што многу од нашите чигонг практичари направиле хаос од своите тела бидејќи денес вежбаат еден чигонг состав а утре друг. Нивната култивација е осудена на неуспех. Додека другите напредуваат во култивацијата со следење на главниот пат, овие луѓе се наоѓаат на страничните патишта. Ако вежбаат на еден начин, им пречи друг начин, кога вежбаат на вториот начин, им пречи првиот. Се им пречи, и тие повеќе не можат да успеат во култивацијата.

Ние ќе ги исправиме сите овие работи за вас. Ќе ги задржиме добрите делови а ќе ги отстраниме лошите и така ќе осигураме дека покасно ќе можете да се култивирате. Меѓутоа, вие морате да бидете сигурни дека доаѓате за вистински да учите Дафа. Ако со себе носите разни приврзаности и доаѓате да стекнете натприродни способности, да лекувате болести, да слушате некои теории или доаѓате со други лоши намери, тогаш нема да можете да добиете ништо. Како што реков, јас сум единствената личност која прави вакво нешто. Нема многу прилики за нешто слично, и јас нема да подучувам на овој начин засекогаш. Мислам дека тие кои можат лично да ги слушаат моите предавања,

би рекол искрено... во иднина ќе разберете дека овој временски период е исклучително скапоцен. Се разбира ние веруваме во предодредени врски. Сите кои седат овде, тука се поради предодредена врска.

Размислете за тоа сите: За што служи подучување на чигонг на високо ниво? Не ли е тоа понуда за спас на човештвото? Понудата за спас на човештвото значи практикување на вистинска култивација а не само лекување на болести. Според тоа вистинската култивација има повисоки шиншинг стандарди за практичарите. Па според тоа сите кои седите овде, сте дошле да учите Дафа, мора да се однесувате како вистински практичари, и мора да се ослободите од сите ваши приврзаности. Ако дојдовте да ја учите оваа практика и Дафа со разни намери, нема да научите ништо. Јас ќе ви ја кажам вистината: Целиот процес на култивација е постојано отстранување на човечките приврзаности. Во обичното човечко општество, луѓето се натпреваруваат, измамуваат и се повредуваат едни со други, за мала лична добивка. Сите овие мисли мора да бидат отстранети. Ова особено важи за луѓето кои денес учат да се култивираат, сите овие мисли мора да бидат отстранети уште повеќе.

Јас овде не зборувам за лекување болести, ниту пак ние тука ќе лекуваме болести. Сепак, ако си вистински култиватор а имаш болно тело, не можеш да се култивираш. Јас ќе го прочистам твоето тело. Прочистувањето на телото ќе се врши само за тие кои вистински доаѓаат да ја учат праксата за култивација и Фа. Но, една работа мора да нагласиме: Ако не можете да ги отстраните таквите мисли, ако не сте во состојба да ја отстраните грижата за вашата болест, ние тука ништо не можеме да направиме и нема да можеме да ви помогнеме. Зошто? Затоа што во универзумот постои ваков принцип: Сите работи кои се однесуваат на обичните луѓе, според Буда школата, имаат судбинска врска. Раѓањето, староста, болеста, и смртта постојат на овој начин за обичните луѓе. Поради кармата, добиена од лошите постапки во минатото, се случуваат болести и несреќи, а маките се начин да се врати кармичкиот долг – тоа никој не може само така да го смени. Да се смени ова, би значело дека долгот не мора да се врати, а тоа не може да се направи по волја. Да се направи поинаку, би било исто како да се направи лошо дело.

Некои луѓе мислат дека лекувањето пациенти и помагање на луѓето да го сочуваат здравјето и добрата форма, се добри дела. Според мене, тие не ги имаат вистински излечено болестите. Наместо целосно да ги отстранат, тие ги потиснуваат за во иднина или ги трансформираат во други работи. Навистина да се отстранат ваквите неволји, мора да се елиминира кармата. Оној кој би можел навистина да лекува и да ја елиминира ваквата карма, би морал да биде на

многу високо ниво. Таквиот човек е свесен за фактот дека принципите во обичното човечко општество не смеат да се нарушуваат туку така. Меѓутоа, за време на култивацијата, еден култиватор може поради сочувство да направи некои добри дела така што ќе помогне во лекување и одржување на здравјето – ова е дозволено. Но тој не може во потполност да ги излекува туѓите болести. Кога причината за болеста на обичните луѓе во потполност би била отстранета, обичниот човек кој не се култивира би излегол одовде без да има болести. Кога ќе помине надвор од оваа врата, тој ќе биде сеуште обичен човек и понатаму ќе се бори за лична корист како обичните луѓе. Како на некој таков може туку така да му се отстрани целата карма? Ова е апсолутно забрането.

Зошто ова може да се направи за еден култиватор? Затоа што култиваторот е нешто највредно, бидејќи сака да се култивира. Затоа, развивањето на оваа мисла е нешто најскапоцено. Во будизмот се зборува за Буда природа. Кога ќе се појави нечија Буда природа, просветлените битија можат да му помогнат. Што значи тоа? Ако ме прашате мене, бидејќи јас предавам практика на високо ниво, тоа подразбира принципи на високо ниво и прашања од големо значење. Во овој универзум, како што гледаме, вистинскиот живот не е создаден во обичното човечко општество, вистинскиот живот е создаден во просторот на универзумот. Бидејќи во универзумот има различни видови материја, по пат на интерреакција, таква материја е во состојба да произведе живот. Со други зборови, најраниот живот на човекот потекнува од универзумот. Самиот простор на универзумот е добродушен и ја содржи карактеристиката на Џен, Шан, Рен (Вистина, Добродушност, Трпение). На почетокот, луѓето се родени со истите карактеристики како универзумот. Меѓутоа, како растел бројот на животи, се оформиле и општвенствените односи во кои некои луѓе станале себични и нивното ниво постепено се намалило. Ако не можеле да останат на тоа ниво, тие морале да паднат понатаму. Но на тоа ниво тие можеби повторно не биле така добри па ни таму не можеле да останат. Тие продолжиле да паѓаат надолу, се додека не се спуштиле на ова ниво на обични луѓе.

Целото човечко општество е на исто ниво. Од перспектива на натприродните способности или на големите просветлени битија, при паѓањето на тоа ниво овие животи требало да бидат уништени. Меѓутоа, поради своето добродушно милосрдие, големите просветлени битија им дале уште една можност – конструирајќи ја оваа специјална средина и оваа уникатна димензија. Сите животи во оваа димензија се разликуваат од животите во останатите димензии на универзумот. Животите во оваа димензија не можат да ги видат животите во другите димензии ниту пак можат да ја видат вистината на универзумот. Така,

овие луѓе се всушност изгубени во илузија. За да се излекуваат или за да се ослободат од тешкотијата и кармата, тие треба да се култивираат и да се вратат кон својата првобитна природа. Ова е толкувањето на многуте различни школи за култивација. Човекот треба да се врати кон своето првобитно вистинско јас - тоа е всушност целта на човечкиот живот. Поради тоа, кога некој сака да се култивира, се мисли дека се појавила неговата Буда природа. Таквата мисла е најскапоцена, бидејќи тој сака да се врати кон својата првобитна суштина и да се издигне над нивото на обичните луѓе.

Сигурно сте слушнале за оваа поговорка од будизмот: „Кога ќе се појави Буда природата на човекот, ќе се затресе Светот на десет насоки". Кој и да го види тоа ќе дојде да му подаде рака на тој човек и да му помогне безусловно. Во Буда школата, при спасување на луѓето не се поставуваат никакви услови, ниту нешто се бара за возврат, само безусловно се помага. Според тоа можеме многу да направиме за учениците. Но за обичниот човек, кој само сака да остане обичен човек и да биде излекуван, тоа нема да успее. Некои луѓе можеби мислат: „Ќе се посветам на култивацијата откако ќе бидам излекуван". Нема предуслови за култивација, ако сакаш да се култивираш – едноставно се култивираш. Сепак, телата на некои луѓе имаат болести, некои луѓе носат неуредни пораки во своите тела, некои луѓе никогаш не практикувале чигонг, а некои вежбале чигонг со децении но се уште талкаат на нивото на чи и воопшто не напредувале во култивацијата.

Што треба да направиме? Ќе ги исчистиме нивните тела и ќе им овозможиме да се култивираат на повисоко ниво. На најниско ниво на култивација постои еден преоден период за целосно прочистување на вашето тело. Сите лоши работи во вашиот ум, кармичкото поле околу вашето тело и елементите кои го прават вашето тело нездраво, ќе бидат исчистени. Ако не бидат исчистени, како би можел ти, со такво нечисто, темно тело и валкани мисли, да се култивираш на повисоко ниво? Ние овде не практикуваме чи - нема потреба да практикувате такви нешта на ниско ниво; ние ќе ве подигнеме нагоре со што вашето тело ќе достигне состојба без болест. Истовремено, ќе поставиме систем на готови механизми во вашето тело, неопходни за поставување темел на ниско ниво. На тој начин, ќе се култивирате на многу високо ниво.

Според правилата на култивација постојат три нивоа вклучувајќи го и чи. Меѓутоа, во вистинската култивација постојат вкупно две главни нивоа (ако се исклучи вежбањето чи). Едниот е култивација на Фа во тројниот свет, а другиот е култивација на Фа надвор од тројниот свет. Култивацијата на Фа во тројниот свет и Фа надвор од тројниот свет не е исто со „надвор од светот" и „во светот" што

се користи во храмовите. Тоа се теоретски поими. Кај нас се работи за вистиска трансформација на човечкото тело низ култивација на двете главни нивоа. Поради тоа во текот на култивацијата на Фа во тројниот свет телото константно се прочистува одново и одново, и во моментот кога ќе достигне највисок облик на Фа во тројниот свет, секој дел од телото ќе биде заменет со високоенергетска материја. Култивацијата на Фа надвор од тројниот свет во основа е култивација на Буда тело. Тоа тело е составено од високоенергетска материја, а сите натприродни способности одново ќе се развијат. Тоа се двете главни нивоа на кои мислиме.

Ние веруваме во предодредени врски. Јас овие работи можам да ги направам за сите кои овде седат. Овде моментално има малку повеќе од две илјади луѓе. Јас истото тоа можам да го направам за неколку илади или повеќе, дури и за над десет илјади луѓе. Тоа значи дека веќе не морате да вежбате на ниско ниво. Кога ќе ви ги исчистиме телата и ќе ве подигнеме нагоре, јас во телата ќе ви вградам комплетен систем за култивација. Веднаш ќе се култивирате на високо ниво. Меѓутоа, ова ќе биде направено само за оние ученици кои дошле да се култивираат вистински. Фактот дека седите овде не значи дека сте култиватори. Овие работи ќе ви бидат дадени само ако сте во состојба од темел да го промените својот начин на размислување – и тие не се единствени. Подоцна ќе разберете што сум ви дал на секој од вас. Овде ние не зборуваме за лекување на болести, но за целосно прилагодување на телото за да се овозможи култивација. Со болно тело воопшто не можете да развиете гонг. Затоа, не треба да доаѓате да ве лекувам, ниту пак јас ќе правам такво нешто. Главна цел на моето излегување во јавност е да ги поведам луѓето кон поголеми духовни височини, вистински да ги поведам луѓето кон поголеми духовни височини.

## Различни нивоа имаат различен Фа

Порано многу чигонг мајстори зборуваа дека чигонгот има таканаречено почетно, средно и напредно ниво. Се е тоа чи, и само нешто на ниво на вежбање на чи, иако е класифицирано на почетно, средно и напредно ниво. Што се однесува до вистинските работи на повисоко ниво, повеќето наши чигонг практиканти за тоа не беа свесни, бидејќи за тоа не знаеја апсолутно ништо. Од сега па натаму, се што ќе зборуваме ќе претставува Фа на повисоко ниво. Освен тоа, јас ќе го обновам угледот на култивацијата. Во своите предавања ќе зборувам за некои нездрави појави во светот на култивацијата. Освен тоа, јас ќе

објаснам како да ги гледаме и како да се однесуваме кон нив. Понатаму, предавањето на системот на култивација и Фа на високите нивоа вклучува многу полиња и многу важни прашања, меѓу кои има многу сериозни – а јас и нив сакам да ги истакнам. Некои пречки во нашето обично човечко општество, посебно во светот на култиваторите, доаѓаат од другите димензии. Ова исто така би сакал да го објавам во јавност. Истовремено, ќе ги разрешам овие проблеми за нашите ученици. Ако овие проблеми не бидат решени, нема да можете да се култивирате. За да можеме од корен да ги решиме овие проблеми, ние мораме да ве третираме како вистински култиватори. Секако, не е лесно одеднаш да ви се смени начинот на размислување, но од денеска, додека ги следите предавањата, начинот на размислување полека ќе ви се менува. Исто така се надевам дека ќе слушате внимателно. Начинот на кој предавам култивација се разликува од другите. Некои предаваат така што накратко ќе ви ги објаснат принципите на својот култивационен метод, потоа ќе ги поврзат со вас своите пораки, ќе ве научат да вежбате и тоа е тоа – готово. Луѓето денес веќе се навикнати на овој начин на учење практика.

Вистинското подучување на методот на култивација бара да се предава Фа или Тао. За да можете да се култивирате, во овие десет предавања ќе ви ги објаснам сите принципи од повисоко ниво. бидејќи без тоа воопшто нема да можете да се култивирате. Се она што другите го пренесувале се работи за лекување и одржување на здравјето. Ако сакаш да се култивираш на повисоки нивоа, без водството на Фа од повисоки нивоа, ништо нема да успееш. Тоа е како кога одиш на училиште: ако во гимназија користиш книги од основно училиште, и понатаму си ученик од основно училиште. Некои луѓе мислат дека научиле многу практики, како таа или оваа практика, тие имаат куп дипломи, но нивниот гонг воопшто не напредувал. Тие мислат дека тоа е суштината на чигонгот и дека воопшто нема што да се научи повеќе. Не, тоа е само површинскиот дел на чигонгот и нешто на најниско ниво. Чигонгот не е ограничен само на тоа, тој е култивација, тој е нешто сеопфатно и длабоко. Покрај тоа, на различни нивоа постои различен Фа. Тоа значи дека нашиот чигонг е поинаков од чи практиките кои ги познаваме во денешно време, и исто е колку и да ги учите. Да илустрирам: ако си учел од учебникот на англиско основно училиште, учебникот на американско основно училиште, учебникот на јапонско основно училиште и учебникот на кинеско основно училиште – и понатаму си ученик во основно училиште. Што повеќе чигонг лекции од ниско ниво си добил и што повеќе од нив си апсорбирал, поголема ќе биде штетата – на твоето тело веќе се е збркано.

Морам да нагласам уште нешто: во нашата култивација морате да научите Фа и да ги научите вежбите. Некои свештеници од храмовите, особено оние од Зен–будизмот можеби ќе имаат поинакво мислење. Во моментот кога би слушнале дека се предава Фа повеќе не би сакале да слушаат. Зошто? Зен–будистите веруваат дека Фа не треба да се подучува, дека Фа не е Фа ако се подучува – штом го направиш тоа, престанува да биде Фа, може да се разбере само со срцето и душата. Значи, откако постојат Зен–будистите, никогаш не можеле да предаваат Фа. Поглаварот на Зен–будизмот Бодидарма ја ширел оваа идеја врз основа на изјавата на Шакјамуни кој рекол: „Ниедна дарма не е дефинитивна". Врз основа на оваа изјава на Шакјамуни тој го основал Зен–будизмот. Ние оваа метода на култивација ја сметаме за копање во биков рог. Зошто се вели дека е копање во биков рог? Кога Бодидарма почнал да копа во него му се причинило многу широко. Кога другиот поглавар почнал да копа почувствувал дека не е толку широко. Преминот бил широк и во времето на третиот поглавар, но веќе за време на четвртиот станало тесно. За петтиот поглавар речиси немало место за да помине, но кога дошол шестиот по име Хуи Ненг, завршил во слепа улица од каде не се можело понатаму. Ако денес отидете кај Зен–будистите да учите дарма, не поставувајте никакви прашања. Ако прашате нешто, ќе добиете удар со стап по глава, што се вика „предупредување со стап". Тоа значи дека не треба да поставувате прашања ами сами да се просветлите. Ќе речете: „Дојдов овде да учам бидејќи ништо не знам. Што треба да разберам? Зошто ме удирате со стап". Ова ви кажува дека Зен–будизмот стигнал во слепа улица и дека веќе немаат што да пренесат. И самиот Бодидарма рекол дека неговото учење ќе може да се пренесува само шест генерации, а потоа веќе нема да има смисла. Поминале неколку стотини години, но и денес се уште има луѓе кои цврсто се држат до доктрината на Зен–будизмот. Што е вистинското значење на изјавата на Шакјамуни: „Ниедна дарма не е дефинитивна". Шакјамуни бил на ниво на татагата. Многу свештеници после него не се просветлиле на неговото ниво, не ја разбрале состојбата на срцето, вистинското значење на дармата која Шакјамуни ја подучувал, ниту вистинското значење на неговите зборови на нивото на неговиот духовен хоризонт. Затоа следбениците подоцна го толкувале на овој и на оној начин со многу збунувачки толкувања. Тие мислеле дека изјавата: „Ниедна дарма не е дефинитивна" значи дека никој не треба да ја објаснува, ако се објаснува, престанува да биде дарма. Но ова не е вистинското значење. Кога Шакјамуни постигнал просветлување под дрвото Боди, тој не достигнал веднаш ниво на татагата. Тој постојано се подобрувал во текот на следните 49 години предавајќи дарма. Секогаш кога ќе постигнел повисоко ниво, погледнувал station наназад и откривал дека дармата која ја предавал дотогаш била сосема погрешна. Кога

повторно ќе достигнел повисоко ниво, се вртел и гледал дека дармата која ја подучувал повторно е погрешна. Кога повторно ќе достигнел напредување, откривал дека дармата која штотуку ја подучувал била погрешна. Во текот на овие 49 години тој постојано напредувал и секогаш кога ќе достигнел повисоко ниво, откривал дека дармата која претходно ја предавал била на многу ниско ниво на разбирање. Исто така открил дека дармата на некое ниво е секогаш манифестација на дармата на тоа ниво, дека на секое ниво постои дарма и дека ниедна од нив не ја претставува конечната вистина на универзумот. Дармата на повисоко ниво е поблизу до природата на универзумот од дармата на пониско ниво. Затоа рекол: „Ниедна дарма не е дефинитивна".

На крај, Шакјамуни го изјавил и ова: „Никогаш во животот не сум предавал дарма". Зен–будизмот и ова погрешно го протолкувал дека не постои дарма што може да се подучува. До своите подоцнежни години Шакјамуни веќе достигнал ниво на татагата. Зошто рекол дека не предавал никаква дарма? Што точно порачал со ова? Го порачал ова: „Дури ни на моето ниво на татагата јас не успевам да ја видам конечната вистина на универзумот, ниту неговата конечна дарма". На тој начин сакал да им порача на луѓето кои што ќе дојдат после него да не ги земаат неговите зборови како апсолутна и непроменлива вистина, бидејќи тоа ќе ги ограничи на ниво на татагата или подолу, па нема да можат да се пробијат понатаму на повисоки нивоа. Подоцна, луѓето не умееле да го протолкуваат вистинското значење на неговите зборови па го толкувале како дармата која се подучува не е вистинска дарма – така го разбрале тоа. Всушност, Шакјамуни рекол дека на различно ниво постои различна дарма, и дека дармата на некое ниво не претставува апсолутна вистина на универзумот, но дармата на одредено ниво служи како водечки принцип на тоа ниво. Всушност тој зборувал за овој принцип.

Во минатото имало многу луѓе, посебно во Зен–будизмот кои се држеле до ова предубедување и потполно искривено толкување. Без некој да те подучува и води низ култивацијата, како би можел сам да вежбаш и да се култивираш? Во будизмот постојат многу будистички приказни. Можеби некои од вас ја читале онаа за човекот кој се искачил на небото. Кога стигнал во небесното кралство, открил дека секој збор во Дијамантската сутра горе се разликува од секој збор во неа долу, исто така и значењата им се сосема различни. Како Дијамантската сутра може да се разликува од онаа во обичниот човечки свет? Има и луѓе кои тврдат: „Сутрите во Рајот на врховното блаженство се потполно различни од оние долу и воопшто не се едно исто. Не само што зборовите им се поинакви, но и смислата и значењето се променети". Она што се случува е дека ист Фа има

различни манифестации и појавни облици на различни нивоа, па култиваторите на различните нивоа може да ги води на различни начини.

Како што знаете, во будизмот постои брошура која се вика: „Извештај за патувањето во Рајот на врховното блаженство”. Во неа се вели, додека еден монах седел во медитација, неговата првобитна душа (јуеншен) отишла во Рајот на врховното блаженство и видела некои појави, се задржала таму еден ден потоа се вратила повторно во човечкиот свет во кој веќе поминале шест години. Дали овој монах го видел тоа или не? Да, го видел, но тоа што го видел не била вистинската состојба. Зошто? Затоа што неговото ниво не било доволно високо така што му е покажана само манифестацијата на Буда Фа на неговото ниво. Тој свет е всушност слика и манифестација на Фа, и затоа тој не можел да ја види вистинската состојба. Ова е тоа што значи кога викам „Ниедна дарма не е дефинитивна”.

## Џен, Шан, Рен е единствен критериум за разликување на добри и лоши луѓе

Во будизмот, луѓето секогаш дискутирале за тоа што е Буда Фа. Некои мислат дека дармата која е подучувана во будизмот е целокупниот Буда Фа. Меѓутоа, не е така. Дармата која Шакјамуни ја подучувал служела само за подучување на обичните луѓе пред 2.500 години, на оние кои биле на многу ниско ниво, значи на луѓето кои штотуку излегле од примитивното општество и чии мисли биле релативно едноставни. Периодот на крајот на дармата за кое зборувал Шакјамуни е сега. Сега луѓето веќе не можат да се култивираат со помош на таа дарма. Во периодот на крајот на дармата свештениците тешко можат да се спасат самите себе а камоли да спасуваат други. Шакјамуни ја предавал својата дарма во согласност со тогашните околности, а освен тоа не објаснил се за Буда Фа за кој знаел на своето ниво. Освен тоа невозможно е да се одржи секогаш непроменет.

Како се развивало општеството, така и мислите на луѓето станувале се покомплицирани па на луѓето веќе не им е така едноставно да продолжат да се култивираат на овој начин. Дармата во будизмот не може да го опфати целокупниот Буда Фа, тоа е само многу мал дел на Буда Фа. Постојат уште многу големи патишта на Буда школата кои се подучувани во народот или се пренесувани на еден единствен наследник. Различните нивоа имаат различен Фа, различните димензии имаат различен Фа и се тоа се различни

манифестации на Буда Фа во различните димензии и на различните нивоа. Шакјамуни исто така рекол дека постојат 84.000 школи за култивација до Буда. Будизмот меѓутоа вклучува само десеттина дисциплини како Зен–будизам, Чиста земја, Тјантаи школа, Хвајан школа, Тантризам и слично, а тие никако не можат да го претставуваат целокупниот Буда Фа. Дури и самиот Шакјамуни не ја пренесол целата своја дарма, го пренесол само оној дел што одговарал на способноста за разбирање на луѓето од тоа време.

Што е тогаш Буда Фа? Најосновната природа на универзумот, Џен, Шан, Рен, е највисоката форма на Буда Фа. Тоа е најосновниот Буда Фа. Буда Фа се манифестира во различни форми на различните нивоа, превземајќи различни водечки улоги на различните нивоа и на пониско ниво станува покомплициран. Оваа природа Џен, Шан, Рен постои во микроскопските честички на воздухот, каменот, дрвото, земјата, железото, челикот, во човечкото тело и целата останата материја. Во старо време се зборувало дека сите работи и целата материја во универзумот се составени од петте елементи, и сите ја носат оваа природа Џен, Шан, Рен. Еден практикант може да ја разбере само специфичната форма на Буда Фа на нивото до кое се култивирал, што претставува негов статус на постигнување и ниво. Широко гледано Фа е нависина огромен. Од перспектива на највисоко ниво многу е едноставен, бидејќи по облик потсетува на пирамида. На највисоко ниво може да се сумира во три збора: Џен, Шан, Рен, но кога се манифестира на различни нивоа станува исклучително комплициран. Да го земеме човекот за пример: Човечкото тело таоистите го гледаат како мал универзум. Една личност има физичко тело, но само физичкото тело не го прави човекот целосна личност. За да се создаде комплетен независен човек со личност, недостасуваат човечки темперамент, личност, карактер и првобитната душа. Исто важи и за овој универзум, кој го има Млечниот пат, други галаксии, како и живот и вода. Се во овој универзум припаѓа на материјалната егзистенција. Меѓутоа, сите тие ја содржат природата на Џен, Шан, Рен. Сите микроскопски честички на материјата ја содржат таа природа, па дури и оние екстремно микроскопски честички ја имаат оваа природа.

Оваа природа Џен, Шан, Рен, е стандард по кој се одредува што е добро а што е лошо во универзумот. Што е добро, а што лошо? По ова се проценува. Исто важи и за де за кое спомнавме порано. Секако, нивото на морал во денешното општество е променето, изопачен е дури и моралниот стандард. Оној кој во денешно време би го следел примерот на Леи Фенг би бил прогласен за ментално пореметен. Но во 50-те и 60-те години, некој таков, кој би го прогласил за ментално пореметен? Моралниот стандард на луѓето брзо паѓа

надолу, човечките морални вредности се влошуваат со секој изминат ден, луѓето само мислат на сопствениот интерес и спремни се да ги повредат другите заради најмала добивка. Тие се натпреваруваат и борат едни против други, не бирајќи средства. Добро размислете, може ли да се дозволи да продолжи вака? Кога некои луѓе постапуваат лошо и ако им кажеш дека постапуваат лошо - тие нема да ти веруваат – тие навистина нема да веруваат дека прават нешто лошо. Некои луѓе ги проценуваат своите постапки со паднатиот морален стандард. Поради тоа што стандардот за проценка е променет, тие мислат дека се подобри од другите. Но колку и да се менува човечкиот морал, оваа природа на универзумот останува непроменета и е единствен критериум за разликување на добри и лоши луѓе. Практикантот е обврзан да се однесува во согласност со оваа природа на универзумот а не по стандардите на обичните луѓе. Ако сакаш да се вратиш кон своето првобитно вистинско јас и напредуваш во култивацијата, мораш да се однесуваш по овој критериум. Само ако ја следиш оваа природа на универзумот Џен, Шан, Рен, си добар човек. Оној кој ќе се одметне од оваа природа е навистина лош човек. На работното место или во општеството, ако некои кажат дека си лош, не значи дека си навистина лош човек, ако пак кажат дека си добар, не мора да значи дека си навистина добар. Како култиватор, кога ќе успееш да се изедначиш со овие карактеристики, тогаш си човек кој постигнал Тао. Ова правило е толку едноставно.

При култивацијата на Џен, Шан, Рен, во Тао школата, тежиштето е на Џен. Поради тоа, во Тао школата се зборува за култивирање вистина, усовршување на вродената природа, зборување на вистина, правење на вистински нешта, да се биде вистински човек и враќање кон првобитното вистинско јас и на крај, со култивација, да се искултивира вистински човек. Иако имаат и Шан и Рен, тежиштето на нивната култивација е на Џен. Во Буда школата, тежиштето на култивацијата Џен, Шан, Рен, е на Шан. Негувањето на Шан, поттикнува во срцето голема блага добродушност, а кога ќе се развие добродушност, човекот осознава дека страдаат сите живи суштества, па поради тоа, будизмот се стреми кон спасување на сите живи суштества. Тие исто така имаат и Џен и Рен, но тежиштето на нивната култивација е на Шан. Нашата Фалун Дафа е базирана на највисоките стандарди на универзумот, Џен, Шан, Рен, така што ние одеднаш ги негуваме сите три работи. Системот кој ние го култивираме е огромен.

# Чигонгот е предисториска култура

Што е чигонг? Многу чигонг мајстори зборуваат за тоа, но она што јас имам да го кажам е сосема различно. Многу чигонг мајстори го објаснуваат ова од сопствените нивоа, додека јас зборувам за разбирање на чигонгот на повисоко ниво, а тоа е потполно различно од нивното разбирање. Некои чигонг мајстори зборуваат дека чигонгот има историја од 2.000 години во нашата земја. Некои зборуваат дека има 3.000 години историја. Некои спомнуваат дека чигонгот има 5.000 години историја, што е староста на кинеската цивилизација. Тогаш некои ќе кажат дека судејќи по археолошките артефакти чигонгот има старост од 7.000 години што далеку ја надминува староста на кинеската цивилизација. Но како и да го разбереме, чигонгот не би требало да постои многу пред историјата на нашата човечка цивилизација. Според Дарвиновата теорија на еволуцијата, водените билки најпрво еволуирале во водени животни, потоа исползеле на копно, па се качиле на дрвјата, па повторно се вратиле на земјата и станале мајмуни и конечно се развиле во модерни луѓе со култура и мисли. Сметајќи према оваа теорија, вистинската цивилизација на човештвото не е постара од 10.000 години. Уште порано не постоело дури ни врзување на јазли на конец за одбележување, луѓето се облекувале во лисја и јаделе сурово месо. Уште порано луѓето можеби не знаеле ни оган да користат и биле потполно диви и примитивни.

Но, нешто тука не се вклопува. Многу културни реликвии на многу места во светот датираат далеку пред историјата на нашата човечка цивилизација. Од гледна точка на технологијата, овие остатоци имаат многу напредно ниво на изработка, а што се однесува до уметничките вредности, толку се напредни што би се рекло дека денешните луѓе само ја имитираат уметноста на древните луѓе. Таа уметност восхитува, иако потекнува од пред сто илјади, повеќе стотина илјади, повеќе милиони па дури и повеќе стотина милиони години. Размислете сите, не се поигруваат ли тие со нашата денешна историја? Но овде всушност не се работи за шега, бидејќи човештвото постојано се усовршувало и постојано одново се откривало себеси. Овој е начинот на развој на општеството. Првичното разбирање можеби не е сосема исправно.

Голем дел од вас можеби сте чуле за поимот „предисториска култура” или „предисториска цивилизација”. Ајде да зборуваме за предисториската цивилизација. На земјата постојат континенти: Азија, Европа, Јужна Америка, Северна Америка, Океанија, Африка и Антартик, кои геолозите ги нарекуваат континентални плочи. Од формирањето на континенталните плочи до денес

има поминато неколку десетици милиони години. Значи, многу континенти се издигнале од дното на океанот, а многу потонале до дното на океанот. Поминале десетици милиони години откако се стабилизирале во денешната состојба. Меѓутоа, под водата на океаните пронајдени се високи, масивни, древни градби. Овие градби се изработени многу убаво и не претставуваат културни остатоци на модерното човештво. Тие морале да бидат изградени пред да потонат на морското дно. Кој ги создал тие цивилизации десетици милиони години наназад? Во тоа време нашата човечка раса не била ни на ниво на мајмуните, како сме можеле да направиме нешто така паметно? Археолозите во светот пронашле организам по име трилобит, кој постоел од пред 600 милиони до пред 260 милиони години. Овој вид на организам исчезнал пред 260 милиони години. Сепак, еден американски научник пронашол фосил на трилобит со трага на човечко стапало. Јасно се гледа дека човек со чевел на нога ја втиснал трагата. Не е ли ова исмејување на историчарите? Според Дарвиновата теорија на еволуцијата, како можело да постојат луѓе пред 260 милиони години.

Во музејот на Националниот универзитет во Перу се наоѓа стена со угравирана човечка фигура. Со испитување е откриено дека оваа фигура е направена пред 30.000 години. Меѓутоа, таа фигура носи облека, шешир и чевли, а во рацете има телескоп со кој ги гледа небесните тела. Како е можно пред 30.000 години луѓето да произведат ткаенина и да носат облека? Уште помалку може да се замисли дека таквиот човек во рацете држи телескоп со кој ги гледа небесните тела и дека има знаење од астрономија. Секогаш мислевме дека телескопот е пронајден од европеецот Галилео пред нешто повеќе од 300 години. А кој тогаш го пронашол телескопот пред 30.000 години? Се уште има многу нерешени мистерии. На пример, на ѕидовите на многу пештери во Франција, Јужноафриканската република и на Алпите најдени се многу живописни и реални мурали. Втиснатите фигури изгледаат особено префинето и боени се со минерална боја. Покрај тоа, облечени се во облека во модерен стил слична на облеката што се носи на запад, со тесни панталони. Некои од нив во рацете држат нешто како луле, други носат стапови и шешири на главите. Како мајмуните пред неколку стотини илјади години можеле да достигнат така напредно уметничко ниво?

Да се вратиме уште наназад. Републиката Габон во Африка е богата со руда ураниум. Таа земја е релативно неразвиена па не може сама да произведе ураниум, и затоа го извезува во развиените земји. Една фабрика во Франција во 1972. година ја увезла рудата и при лабораториска анализа откриено е дека

рудата е веќе преработена и искористена. Бидејќи тоа им се причинило многу необично, испратиле научници на лице место да ја испитаат работата. Учествувале научници од многу земји. На крај потврдиле дека рудникот со ураниум претставува голем нуклеарен реактор со многу рационален распоред, и дури ни модерните луѓе не би можеле да го произведат. Па, кога е изграден? Пред две милијарди години, додека во производство бил 500.000 години. Овие бројки се астрономски и нема начин да се објаснат со помош на Дарвиновата теорија на еволуцијата. А вакви примери има многу. Она што е откриено во научните и технолошките кругови е доволно за да се преработат денешните учебници. Кога конвенционалниот начин на размислување ќе оформи систем на работа и мислење, новите идеи стануваат тешко прифатливи. Кога ќе исплива вистината луѓето не се осмелуваат да ја прифатат, но инстинктивно ја отфрлаат. Поради влијанието на традиционалните конвенции, денес нема никој кој овие откритија систематски ги собира. Поради тоа човечките концепти постојано заостануваат зад новиот развој. Иако овие работи не се широко публикувани, тие се навистина откриени. А кога ќе се споменат, некои луѓе ги прогласуваат за празноверие и не можат да ги прифатат.

Многу храбри научници од странство веќе јавно објавија дека овие откритија потекнуваат од предисториската култура, од цивилизации кои постоеле пред оваа нашата. Со други зборови пред нашата цивилизација постоел повеќе од еден циклус на цивилизација. Археолошките наоѓалишта откриваат производи кои не припаѓаат на истиот циклус на цивилизација. Затоа се верува дека секој пат кога човечката цивилизација била уништена, останувале само мал број на луѓе кои би продолжиле да живеат на примитивен начин. Потоа постепено им растел бројот за да започнат нова човечка раса, нова цивилизација. Потоа одново биле уништувани, па уште еднаш одново започнувала човечката раса. Така цивилизацијата минувала низ циклични промени. Движењето на материјата, према физичарите следи одредена законитост. Промените во целиот наш универзум исто така следат законитост.

Движењето на нашата планета Земја во овој огромен универзум и Млечен пат, не може да биде секогаш глатко. Постои веројатност за судир со некоја друга планета, или да се случат други проблеми кој би довеле до големи катастрофи. Од перспектива на нашите натприродни способности всушност вака и е планирано. Еднаш внимателно го испитував ова и открив дека човечката цивилизација осумдесет и еден пат била потполно разорена. Секој пат останувал само мал дел од цивилизацијата и само мал број на луѓе ќе преживеел и влегувал во следен циклус каде повторно живеел со примитивен

живот. Како растела човечката популација, цивилизацијата повторно се издигнувала. Човештвото осумдесет и еден пат поминало ваков циклус, а јас сепак не ја испитав работата до крај. Кинезите зборуваат за поволни космички прилики, поволни земјини услови и човечка хармонија. Различните космички промени и различните космички прилики, можат да доведат до различни услови во човечкото општество. Според физиката, движењето на материјата следи одредена законитост – истото важи и за движењето на универзумот.

Претходната приказна за предисториските култури ни зборува дека чигонгот не е нешто што го измислиле денешните луѓе, тој потекнува од многу старо време и претставува една врста предисториска култура. Нешто за тоа може да најдеме и во будистичкото свето писмо. Во свое време, Шакјамуни рекол дека успеал во култивацијата пред повеќе од сто милиони ѕие. Колку години е еден ѕие (калпа)? Еден ѕие означува повеќе стотини милиони години, ваква огромна бројка едноставно не може да се замисли. Ако е тоа точно не се совпаѓа ли со приказната за историјата на човештвото и промените низ кои минува целата земја? Шакјамуни исто така рекол дека пред него имало шест прабуди и дека тој имал свои учители кои успеале во култивацијата пред многу стотини милиони калпи. Ако е тоа вистина, постојат ли денес такви методи на култивација меѓу оние во општеството предавани, вистински, традиционални патишта на култивација и вистински учења? Ако одговорам на тоа, сигурно ќе речам да, но тие ретко може да се најдат. Во денешно време, бројот на лажни чигонг практики, псеудо чигонг практики и бројот на луѓе опседнати со духови кои измислуваат работи за да ги излажат луѓето, повеќекратно ги надминува вистинските чигонг практики. Тешко е да се разликува вистинското од лажното. Вистинскиот чигонг не може лесно да се препознае, а исто така не може лесно да се најде.

Всушност, не е само чигонгот оставен во наследство од старите времиња. Таичи, Хету, Луоши, Ји-ѕинг, Осум триграми и тн. се исто така наследство од предисторијата. Затоа, ако ги изучуваме и пробаме да ги разбереме од позиција на обични луѓе, нема да успееме, без разлика на тоа колку ги изучуваме. На нивото на обичниот човек, од неговата перспектива и умствена рамка, нема начин да бидат разбрани вистинските работи.

# Чигонгот е пракса на култивација

Бидејќи чигонгот има толку долга историја, за што служи? Ќе ви кажам на сите, кај нас е тоа голем пат на култивација во Буда школата, што значи дека служи за култивирање на Буда. Во Тао школата, нормално се култивира Тао, за да се достигне Тао. Морам да ви кажам дека зборот Буда никако не е суеверие. Зборот Буда потекнува од санскрит – древен индиски јазик. Кога е пренесен во Кина содржел два збора кои се изговарале како Фо Туо. Некои потоа го превеле како Фу Ту. Додека тој збор се пренесувал понатаму, ние Кинезите сме испуштиле еден знак и така се добило името Фо. Што значи тоа преведено на кинески? Тоа значи просветлен, низ култивација просветлен човек. Каде е тука суеверието?

Размислете, со култивација може да се појават натприродни способости. Моментално има шест видови натприродни способности, јавно признати во светот, но тоа не е се. Ви кажувам дека постојат над десет илјади вистински натприродни способности. Да претпоставиме дека некој кој седи овде, може без да ги помрдне рацете и нозете да направи нешто што другите луѓе не можат ни со помош на рацете и нозете, способен е да ја види правата вистина на сите димензии во универзумот. Тој човек може да ја види вистината на универзумот, и работи кои обичните луѓе не можат да ги видат. Не е ли тоа некој кој со култивација постигнал Тао? Не е ли тој големо просветлено битие? Може ли некој таков да се смета за обичен човек? Не е ли тоа некој кој се просветлил со култивација? Не е ли најисправно да го викаме просветлено битие? На древниот индиски јазик тоа се вика Буда. И тоа е суштината на работите – тоа е она за што служи чигонгот.

Но штом се зборува за чигонг некои ќе речат: „Кој воопшто вежба чигонг ако не е болен?” Тоа звучи како чигонгот да служи само за лекување на болести. Ваквото размислување е многу, многу површно, навистина многу површно. Но тоа не е ваша вина, бидејќи многу чигонг мајстори навистина се занимаваат со лекување на болести и одржување на здравјето, тие сите зборуваат за лекување на болести и одржување на здравјето – никој не пренесол знаење од повисоко ниво. Ова не значи дека нивната пракса не е добра, нивната мисија е всушност да подучуваат работи кои се на ниво на лекување и одржување на здравјето, на тој начин правејќи го чигонгот популарен. Меѓутоа многу луѓе сакаат да се култивираат на повисоко ниво. Тие ја имаат таа мисла, желба, но бидејќи не ги добиле вистинските методи за култивација, наидуваат на многу тешкотии и различни проблеми. Се разбира, вистинското подучување на високо ниво

подразбира и многу суштински прашања. Затоа, ние сме одговорни кон луѓето и општеството, и целиот резултат од подучувањето е добар. Некои работи се навистина многу високи и кога се зборува за тоа звучи како суеверие. Сепак, ние ќе се потрудиме да го објасниме тоа со помош на современата наука.

Кога зборуваме за некои работи, некој ќе рече дека тоа е суеверие. Зошто? Критериумот на една таква личност е дека се што науката не признала, што лично не испробала, и што мисли дека не може да постои, претставува суеверие и нешто „идеалистично” – оваа личност размислува на тој начин. Дали тој начин на размислување е во ред? Можеме ли етикетата на суеверието и идеализмот да ја ставиме на се што науката не признала и не е во состојба да го објасни бидејќи не напредувала доволно. Не се ли тие луѓе сами суеверни и идеалисти? Кога сите би размислувале на овој начин, дали науката би можела да продолжи да се развива и да напредува? Општеството не би можело да оди напред. Се што научниците и техничарите измислиле, порано не постоело. Ако сите такви работи биле сметани за суеверие, немаше да има потреба за напредување. Чигонгот не е нешто идеалистичко, но многу луѓе не го разбираат чигонгот и затоа мислат дека чигонгот е нешто идеалистично. При мерење со научни инструменти, на телата на чигонг мајсторите откриени се инфразвучни бранови, ултразвучни бранови, електромагнетни бранови, инфрацрвени, ултравиолетови и гама зраци, неутрони, атоми и траги од метални и други елементи. Не се ли тоа материјални работи? И тие се материјални. Не е ли се составено од материја? Не се ли другите време простори составени од материја? Како чигонгот може да се нарече суеверие? Бидејќи чигонгот служи да се култивира Буда, нормално дека се вклучени многу сложени и длабокоумни прашања, па ние ќе зборуваме за сето тоа.

Ако е ова целта на чигонгот, зошто го викаме чигонг? Всушност, не се вика чигонг. Се вика пракса на култивација, и претставува всушност пракса на култивација. Секако дека има и други имиња но се тоа заедно се вика култивација. Зошто, тогаш, луѓето го викаат чигонг? Познато е дека чигонгот е популаризиран во општеството повеќе од дваесет години, се појавил во време на Културната револуција, така што до нејзиниот крај го постигнал врвот на популарноста. Размислете: во тоа време доминирала левичарската идеологија. Нема да навлеземе во тоа кои имиња чигонгот ги имал во предисториските цивилизации, но додека се развивала оваа нашата, го поминала периодот на феудализмот, и затоа обично имал средновековни имиња. Кога го поврзале со религиите обично имал религиозни имиња. На пример: Големиот пат на култивација до Тао, Дијана на ваџра, Патот на архатот, Големиот пат на

култивација на дармата на Буда, Деветтократна интерна алхемија и тн. Тоа се такви имиња. Ако овие имиња биле користени во тек на Културната револуција, зар немало да бидат критикувани и обвинувани? Иако намерата на тогашните чигонг мајстори да го промовираат чигонгот била позитивна, со намера да им помогнат на народните маси да се излекуваат и да го одржуваат своето здравје – тоа би било одлично, зар не? – тоа не било дозволено. Луѓето едноставно не се осмелувале да ги користат овие имиња. За да го промовираат чигонгот, многу чигонг мајстори земале два збора од „Дан Џинг" и „Тао Цанг", и тоа надвор од контекстот добивајќи име чигонг. Некои дури ги концентрираат нивните истражувања на терминологијата на чигонгот, но тука нема што да се пронајде. Во минатото, едноставно се викал култивација. Чигонг е само нов израз кој е измислен за да одговара на размислувањето на модерните луѓе.

## Зошто гонгот не расте и покрај практикувањето

Зошто гонгот не расте и покрај практикувањето? Многу луѓе размислуваат на овој начин: Не ми се пренесени вистинските учења. Кога учителот би ме научил некои посебни вештини и неколку напредни техники, мојот гонг би пораснал. Во денешно време 95% од луѓето размислуваат на тој начин – што јас наоѓам дека е прилично смешно. Зошто е смешно? Бидејќи чигонгот не е техника на обичните луѓе – тој е нешто сосема натприродно и може да се разбере само преку принципите од повисоките нивоа. Морам да ви кажам, основната причина што на луѓето не им расте гонгот е оваа: од двата збора вежби и култивација, луѓето обраќаат внимание исклучиво на вежбите, игнорирајќи ја култивацијата. Ако надвор од себе барате нешто, тоа никако нема да го пронајдете. Со тело на обичен човек, раце на обичен човек и мисли на обичен човек, мислите ли дека сте способни да ја претворите високо енергетската материја во гонг. Може ли гонгот тогаш да расте? Тоа не е така едноставно. За мене е тоа шега. Тоа е исто како да гледате надвор од себе, барајќи нешто надвор од себе – никогаш нема да можете да го пронајдете.

Тоа не е како вештините на обичните луѓе кои можеш да ги добиеш ако потрошиш малку пари и научиш некои техники. Не е така, бидејќи претставува нешто надвор од нивото на обичните луѓе. Од тебе се очекува да ги следиш натприродните принципи. Што се бара од тебе тогаш? Треба да се култивираш навнатре и не може да бараш надвор од себе. Колку луѓе во денешно време бараат решение надвор од себе? Тие денес бараат едно, утре друго. Згора на тоа

тие опсесивно бараат да добијат натприродни способности и негуваат секакви намери. Меѓу нив има дури и такви кои би сакале да станат чигонг мајстори за да се збогатат лекувајќи! Ако навистина сакаш да се култивираш, треба да го култивираш сопствениот ум. Тоа се вика култивирање на шиншингот. На пример, кога имаме конфликт со некого, треба помалку да се грижиме за личните чувства и желби. Додека се натпреваруваш со другите заради лична добивка, сакаш да го подобриш својот гонг, како тоа може да биде можно? Не си ли тогаш еднаков со обичните луѓе? Како може да ти порасне гонгот? Значи твојот гонг ќе може да расте и твоето ниво може да се повиши само ако се посветиш на култивацијата на сопствениот шиншинг.

Што е шиншингот? Тој вклучува де (што е вид материја), трпеливост, способност за разбирање, жртвување, откажување од разни желби и приврзаности на обичниот човек, способност да се поднесат тешкотии и тн. Опфаќа многу работи. Секој аспект на шиншингот мора да се унапреди, за да може вистински да се напредува. Ова е решавачки фактор за зголемувањето на гонг потенцијата (гонг ли).

Некои луѓе можеби мислат: „Прашањето за шиншингот кој го спомнувате е сепак нешто идеолошко, нешто од човечкото духовно подрачје и нема ништо со гонгот кој ние го култивираме". Како тоа нема врска? Низ историјата се провлекува прашањето дали материјата го определува умот или обратно – во светот на филозофијата за ова постојано се разговарало и дебатирало. Всушност, јас ќе ви кажам дека умот и материјата се едно исто. Испитувајќи го човечкото тело, денешните научници дошле до сознание дека мислата која се формира во човечкиот мозок е материја. Ако има материјална природа, и ако истовремено постои во човечкиот ум, не се ли тогаш едно исто? Тоа е исто како она што го реков за универзумот: има своја материјална страна и истовремено има своја природа. Обичниот човек не може да го почувствува постоењето на природата Џен, Шан, Рен во универзумот бидејќи обичните луѓе се на ова едно ниво. Кога ќе се издигнете над нивото на обичните луѓе, ќе можете да ја почувствувате оваа природа. Како се чувствува таа? Целата материја во универзумот, вклучувајќи ги сите супстанци кои го исполнуваат универзумот се живи суштества, сите имаат мисли, и сите претставуваат облик на законот на универзумот на различните нивоа. Тие не ти даваат да се подигнеш. Иако сакаш да се подигнеш – не можеш. Тие едноставно не ти даваат да се подигнеш. А зошто не ти даваат? Бидејќи не се поправил твојот шиншинг. Секое ниво има различни стандарди, и ако сакаш да се подигнеш на повисоко ниво, мораш да ги отстраниш своите лоши мисли и

да ја исфрлиш надвор својата нечистотија за да се изедначиш со стандардите на тоа ниво. Ова е единствен начин да се подигнеш.

Кога ќе се подигне твојот шиншинг, твоето тело ќе доживее голема промена. По подобрувањето на шиншингот, материјата што се наоѓа внатре во твоето тело загарантирано ќе се трансформира. Какви промени ќе се случат? Ќе се ослободиш од сите лоши работи за кои си бил приврзан. Да илустрирам: ако едно шише се наполни со нечистотија, се затвори и се фрли во вода, тогаш тоа ќе пропадне на дното. Ако исфрлиш нешто од неговата нечиста содржина, што повеќе го испразниш шишето тоа ќе биде поблиску до површината. Ако се испразни до крај, шишето ќе остане да плива на површината. Во текот на нашата култивација мораме да се ослободиме од сите лоши работи кои постојат на човечкото тело, дури тогаш можеме да се движиме нагоре, природата на универзумот ја игра оваа улога. Ако не го култивираш својот карактер, ако доволно не го унапредиш својот морален стандард, ако не се ослободиш од лошите мисли и лошата материја, таа нема да ти даде да се подигнеш. Како тогаш можеш да кажеш дека не се иста работа? Ќе ви раскажам една шега. Замислете, кога некому со сите негови желби и приврзаности би му било дозволено да се подигне и да стане Буда, размислете, дали е можно тоа? Кога горе би здогледал преубава голема бодисатва – можеби ќе го обземат непристојни мисли. Бидејќи се нема ослободено од љубомората, можеби ќе започне конфликт со Будите. Како може да се дозволи такво нешто? Што да се прави тогаш? Треба да ги елиминирате сите лоши мисли меѓу обичните луѓе, само тогаш ќе можете да напредувате.

Со други зборови, треба да обрнете внимание на култивирањето на шиншингот и да се култивирате во согласност со природата на универзумот, Џен, Шан, Рен. Треба целосно да се ослободите од сите желби на обичните луѓе, неморалните мисли и намерите да се прават лоши работи. Со секој напредок на ментално ниво, некои лоши работи ќе ти бидат отстранети од телото. Истовремено, потребно е малку да се мачиш и истрпиш некои тешкотии за да можеш да ја намалиш својата карма. Тогаш ќе можеш малку да се подигнеш, т.е. природата на универзумот нема да те ограничува толку многу. Култивацијата зависи од твоите сопствени напори, додека гонгот го трансформира учителот. Учителот ти дава гонг механизам кој ќе го развива твојот гонг и тој гонг механизам ќе функционира. Тој е во состојба, супстанцата де која се наоѓа околу твоето тело да ја трансформира во гонг. Додека континуирано се подобруваш и напредуваш нагоре во култивацијата, и твојата гонг колона (гонгџу) непрекинато ќе се пробива кон повисоките нивоа. Како практикант, мораш постојано да се

култивираш и да се челичиш во средината на обичните луѓе, ослободувајќи се постепено од приврзаностите и различните желби. Она што луѓето го сметаат за добро, обично е лошо кога ќе се погледне од перспектива на високи нивоа. Затоа луѓето мислат дека е добро кога некој ги задоволува сопствените интереси меѓу обичните луѓе што е можно повеќе, на тој начин подобро ќе живее. Во очите на големите просветлени битија, тој човек е полош. Што е тука лошо? Што повеќе добива, човекот толку повеќе им штети на другите. Тој добива она што не го заслужил. Таквиот човек ќе биде приврзан за слава и профит, и на тој начин ќе губи де. Ако сакаш да го зголемиш својот гонг, без нагласување на култивацијата на шиншингот, твојот гонг воопшто нема да расте.

Во култивациските кругови се вели дека првобитната душа не умира. Порано оние кои ја спомнувале првобитната душа биле сметани за суеверни. Од истражувањата во физиката ни е познато дека човечкото тело содржи молекули, протони и електрони, потоа кваркови, неутрини и т.н., понатаму не можат да се детектираат ни со микроскоп. Сепак, ова и понатаму е далеку од потеклото на животот и потеклото на материјата. Знаете дека при делење на атомското јадро, потребен е огромен енергетски удар и огромна количина на топлина за да дојде до фузија или да се расцепи јадрото на атомот. Кога умира човекот, како може да изумрат атомските јадра во човечкото тело? Откривме дека кога умира човекот, се распаѓаат само најголемите молекуларни елементи во оваа наша димензија, додека телата во другите димензии не се распаѓаат. Размислете сите: Како изгледа човечкото тело под микроскоп? Целото човечко тело е во движење, додека седиш без да се помрднеш целото тело сепак е во движење, твоите молекули се во движење – целото тело е лабаво како да е составено од песок. Човечкото тело изгледа токму така под микроскоп, што е сосема поинаку од она што го гледаме со голо око. Тоа е затоа што овој пар човечки очи формираат лажна слика, спречувајќи не да ги видиме овие работи. Кога небесното око е отворено, тоа може да гледа со зголемување, тоа е всушност вродена способност на човекот, иако сега се вика натприродна способност. Ако сакаш да развиеш натприродни способности, мораш да се вратиш кон својата првобитна вистинска природа, да се вратиш култивирајќи се.

Ајде да зборуваме за ова де – каква специфична врска постои? Ова детално ќе го објасниме. Како човечки суштества, ние имаме тело во секоја од многубројните димензии. Најголеми елементи на човечкото тело што можеме сега да ги видиме се клетките и тие го формираат физичкото тело на човекот. Кога би можеле да влезете во просторот помеѓу клетките и молекулите, или во просторот помеѓу молекулите, ќе се најдете веќе во друга димензија. Кој облик

на постоење го има телото таму? Секако, ова не можете да го разберете со помош на концептите на оваа наша димензија, бидејќи вашето тело мора да ги задоволува барањата за облиците на постоење во таа димензија. Телото во друга димензија може да стане поголемо или помало, и тогаш ќе откриете дека таа димензија е неограничено голема. Ова се однесува на едноставниот облик на другите димензии кои постојат во исто време и на исто место. Во многу димензии човекот има посебно тело, а во една специфична димензија, тоа тело е опкружено со поле. Какво е тоа поле? Тоа поле е де, за кое овде зборуваме. Де е бела материја, и не е нешто духовно или идеолошко како што се мислело во минатото – тоа апсолутно има еден вид на материјална егзистенција. Постарите порано зборувале за собирање и губење на де и биле потполно во право. Ова де формира поле кое го опкружува човечкото тело. Во минатото, во Тао школата се зборувало дека учителот го одбира ученикот, а не ученикот – учителот. Што значи тоа? Учителот би испитал дали ученикот носи големо количество на де на телото: ако тој ученик има многу де ќе се култивира лесно, ако нема тогаш нема да му биде лесно да успее и ќе му биде навистина тешко да развие гонг кој води кон повисоките нивоа.

Истовремено постои и црна материја. Ние ја викаме карма, додека во будизмот се вика лоша карма. Белата и црната материја постојат истовремено. Каков е нивниот меѓусебен однос? Де стекнуваме кога се мачиме, наидуваме на тешкотии и правиме добри дела, додека црна материја добиваме правејќи лоши дела, постапувајќи погрешно или ако малтретираме други луѓе. Сега некои луѓе не само што мислат исклучиво на корист, но и не се двоумат да направат било какво зло. За пари би направиле разни лоши работи, ќе извршат убиство, ќе нарачаат убиство, ќе стапат во хомосексуални односи, ќе злоупотребуваат дрога, тие прават се. Кога се постапува лошо, се губи де. Како се губи де? Кога човек ќе навреди некого, мисли дека е надмоќен над другите и се чувствува добро. Меѓутоа, во овој универзум постои принцип кој вели: без загуба нема добивка. Ако добиеш нешто, мораш нешто да изгубиш. Ако не сакаш да изгубиш, ќе бидеш принуден да изгубиш. Кој го спроведува овој принцип? Тоа е токму природата на универзумот, таа го спроведува овој принцип. Затоа не може да сакаш исклучиво добивка. Што се случува тогаш? Кога некој некого навредува, или го малтретира, тој го фрла своето де кон него. Бидејки тој другиот бил навреден, изгубил нешто и претрпел страдања, нему штетата ќе му биде надоместена. Тој таму го навредува; додека го навредува, дел од де го напушта неговото димензионално поле и оди кај другиот. Колку повеќе тој го навредува, толку повеќе де му дава на другиот. Исто е и со удирањето и малтретирањето на луѓето. Кога некој некого го удри со тупаница или го клоцне

со нога, онолку колку е ударот силен, толку од своето де ќе му даде на тој што е удрен. Еден обичен човек не може да го види овој принцип на ова ниво. Чувствувајќи понижување, тој тоа не може да го истрпи и мисли: „Ти ме удри, морам да ти вратам со иста мерка". „Трас!" Тој го враќа ударот враќајќи го назад добиеното де. Никој не добил, никој не изгубил. Може да помисли: „Ме удри еднаш, затоа јас ќе те удрам два пати, инаку не сум се осветил". Тој го удира повторно, и повторно еден дел од неговото де оди кај оној другиот.

Зошто овој де толку се цени? Всушност, за што се работи при трансформацијата на де? Во религиите се верува дека оној со де, ако не во овој, ќе биде на добивка во идниот живот. Тогаш, што добива? Со многу де може да стане човек на висока позиција, или да стекне големо богатство. Ќе може да добие се што ќе посака и се тоа во замена за де. Религиите исто така спомнуваат дека на оној што нема ни малку де ќе му бидат уништени душата и телото. Неговата првобитна душа ќе биде искоренета и кога ќе му заврши животот, тој ќе биде уништен целосно, ништо не оставајќи зад себе. Ние во круговите на култиватори велиме дека де може директно да се трансформира во гонг.

Сега ќе објасниме како де се трансформира во гонг. Во култивациските кругови постои изрека: „Култивацијата зависи од сопствениот труд, додека твојот учител го трансформира гонгот". Сепак, некои луѓе зборуваат за поставување лонец на оган за да се направи дан (еликсир на бесмртноста) од собраните лековити треви, и за мисловните активности, тие тоа го мислат за многу важно. Јас ви кажувам дека воопшто не е важно, и ако многу мислиш на тоа, тоа е приврзаност. Ако премногу размислуваш за тоа, не си ли врзан за намерата да го имаш? Култивацијата зависи од тебе, додека гонгот е трансформиран од учителот. За тебе е доволно да имаш желба. Учителот го прави тоа за тебе, бидејќи ти си неспособен да го направиш. Со тело на обичен човек како твоето, како би можел да го трансформираш во тело на повисока форма на живот, изградена од високоенергетска материја? Тоа е апсолутно невозможно, звучи како шега. Процесот на трансформација на човечкото тело во другите димензии е доста сложен и комплициран. Нема начин сам да го направиш тоа.

Што ти дава твојот учител? Тој ти дава гонг механизам кој ќе го развива твојот гонг. Бидејќи де постои надвор од твоето тело, вистинскиот гонг се формира од де. И висината на нивото, и силата на гонг потенцијата зависат од ова де. Твоето де учителот го претвора во гонг, кој во спирална форма расте нагоре. Гонгот кој навистина го одредува нивото на некој човек расте надвор од телото и кога ќе ја надмине главата растејки во спирална форма, формира гонг

во вид на столб. Само со еден поглед на висината на гонг столбот може да се процени висината на гонгот на тој човек. Тоа го претставува неговото ниво и статус на постигнување кое се споменува во будизмот. За време на седењето во медитација, првобитната душа на некои луѓе може да го напушти телото и да се искачи на одредено ниво. Но дури и да проба да се искачи понатаму не би успеала, па затоа и не се осмелува. Седејќи на сопствениот гонг столб се подига нагоре и може да се искачи само до таа височина. Бидејќи столбот на неговиот гонг е само толку висок, не може да оди понатаму, тоа е всушност статусот на постигнување за кој се зборува во будизмот.

За одредување на висината на шиншингот исто така постои мерка. Таа мерка и гонг столбот не се наоѓаат во иста димензија иако постојат истовремено. Може да се рече дека култивацијата на шиншингот е веќе напредната ако на пример меѓу обичните луѓе некој те навреди, а ти не му вратиш и останеш мирен, или ако некој те удри, а ти повторно не кажеш ни збор, преминувајќи преку тоа со насмевка на лицето. Твојот шиншинг е многу висок. Тогаш, како практикант што ќе добиеш? Нема ли да добиеш гонг? Кога ќе се подобри твојот шиншинг ќе порасне и твојот гонг. Нивото на гонгот е пропорционално на нивото на шиншингот – ова е апсолутна вистина. Порано, додека луѓето вежбале чигонг, без разлика дали во парк или дома, вежбале напорно и посветено и добро им одело. Меѓутоа, кога ќе излезеле надвор се однесувале поинаку и си терале по старо натпреварувајќи се и борејки се меѓу обичните луѓе за слава и пари. Како таквите луѓе можат да го зголемат својот гонг? Воопшто не можат, а тоа е исто така и причината што нивните болести не можат да им бидат излекувани. Зошто на некои луѓе и после долг период на вежбање чигонг не им се враќа здравјето? Чигонгот е култивација и е нешто натприродно за разлика од физичките вежби на обичните луѓе. За да ги излекува болестите и да го зголеми својот гонг, човекот треба да се фокусира на шиншингот.

Некои луѓе веруваат во поставување лонец на оган за да се направи дан од собраните лековити треви, и мислат дека тој дан е гонг, но не е така. Тој дан акумулира само дел од енергијата, а не целата енергија. Што е дан? Како што знаете имаме и некои други работи за култивирање на животот, нашите тела ќе развијат натприродни способности и многу други моќи. Повеќето ќе бидат заклучени и не ви е дозволено да ги применувате. Постојат многу натприродни способности, преку десет илјади. Штом некоја се развие веднаш се заклучува. Зошто не им е дозволено да се манифестираат? Целта е да не ви се дозволи да ги употребувате по волја во обичното човечко општество. Не ти е дозволено да го вознемируваш човечкото општество по волја, и своите способности не смееш

да ги покажуваш по волја во обичното човечко општество, бидејќи тоа ќе ја наруши состојбата на обичното човечко општество. Многу луѓе се култивираат со просветлување. Ако им покажеш се, ќе видат дека тоа е вистина и сите ќе дојдат да се култивираат. Ќе дојдат дури и луѓето кои направиле огромно зло, а тоа не е дозволено. Поради тоа, не е дозволено да се истакнувате на тој начин. Освен тоа, може лесно да направите нешто лошо бидејќи не можете да ја видите судбинската врска и вистинската природа на работите. Мислиш дека правиш добро, но можеби сепак правиш нешто лошо, и затоа не е дозволено да ги употребуваш натприродните способности. Кога еднаш ќе направиш нешто лошо, нивото ќе ти падне и си се култивирал напразно. Така, многу натприродни способности ќе бидат заклучени. Што се случува тогаш? Во моментот на отварањето на гонгот и просветлувањето, овој дан дејствува како бомба која со експлозија ги отвара сите натприродни способности, се што е заклучено во телото и стотина енергетски канали. Бум! – се одеднаш е отворено. Овој дан служи за тоа. Кога свештениците се кремираат, тоа што останува после нив е сарира. Некои тврдат дека тоа се коските или забите – но, како тоа обичните луѓе да немаат сарира. Бидејќи тоа е експлодираниот дан (еликсир), неговата енергија е ослободена и тој содржи голема количина супстанци од другите димензии. Конечно, тоа е исто така нешто што материјално постои, но е бескорисно. Денешните луѓе мислат дека е многу вредно. Има енергија и сјај и многу е тврдо. Ете што е тоа.

Постои уште една причина зошто гонгот не расте, а тоа е следното: Без познавање на Фа од повисоко ниво, не може да напредувате во култивацијата. Што значи ова? Како што ви реков порано, има луѓе кои вежбале разни чигонг вежби. Дозволете да ви кажам дека колку вежби и да научите, бескорисно е – останувате ученици од основно училиште, останувате основци во култивацијата, бидејќи ги учите вистините на пониско ниво. Овие принципи на ниско ниво не можат да ја водат вашата култивација кон повисоко ниво. Ако на факултет учиш со книги од основно училиште, остануваш основец. Колку и да учиш – бескорисно е. Само ќе биде уште полошо. Секое различно ниво има различен Фа, и Фа превзема различни водечки улоги на различни нивоа. Затоа принципите на ниско ниво не можат да ја водат вашата култивација кон повисоко ниво. Се за што ќе зборуваме понатаму, се само принципи на култивацијата на повисоко ниво. Јас во своите предавања ги поврзувам различните нивоа. Поради тоа тие секогаш ќе можат да ја водат вашата култивација. Постојат неколку мои книги, постојат и аудио и видео касети. Ќе откриете дека штом еднаш ги прочитате т.е. прегледате или преслушате, па по некое време ова го повторите, тие и понатаму ќе ве водат. Вие постојано

напредувате, а тие постојано ве водат напред – тоа е тој Фа. Погоре се изнесени две причини зошто не може да расте гонгот: без познавање на Фа на високите нивоа не можете да се култивирате; без работа на себе и култивација на сопствениот шиншинг не можете да го зголемите гонгот. Тоа се тие две причини.

## Карактеристиките на Фалун Дафа

Нашата Фалун Дафа е еден од 84.000 методи на култивација во Буда школата. Во текот на историјата на оваа цивилизација никогаш не бил јавно објавен. Меѓутоа, во предисторискиот период нашироко бил користен за спасување на човештвото. Сега во финалниот период на последниот џие јас повторно го ширам во јавност, затоа е тој непроценливо вреден. Ви зборував за начинот на директната трансформација на де во гонг. Гонгот меѓутоа не се стекнува со вежби – тој се добива со култивација. Многу луѓе сакајќи да го зголемат својот гонг само се фокусираат на вежбите, занемарувајќи ја култивацијата. Всушност гонгот се добива исклучиво со култивација на шиншингот. Зошто тогаш овде ги учиме и вежбите? Најпрво да ви објаснам зошто еден монах не вежба. Тој всушност само седи во медитација, ги рецитира сутрите, го култивира шиншингот, и неговиот гонг тогаш расте. Тој го зголемува гонгот кој му го унапредува нивото. Бидејќи Шакјамуни поучувал на одрекување од се што е од овој свет, па со самото тоа и од сопственото тело – физичките вежби станале непотребни. Тао школата не зборува за спасување на сите живи суштества. Пред него не стојат сите типови на луѓе со разни менталитети и на различно ниво, од кои се некои повеќе а некои помалку себични. Таму се избираат кандидатите. Ако се изберат тројца кандидати, само еден го прима вистинското знаење. Тој ученик мора да биде полн со доблести, многу добар, и некој кој нема да застрани од вистинскиот пат. Затоа Тао школата посветува внимание на учење на рачни техники за да се култивира телото. Тие практикуваат нешто како божествени способности и техники, а за тоа се потребни одредени движења.

Фалун Дафа е исто така пракса на култивација на умот и телото, па затоа се потребни вежби. Од една страна вежбите служат за зајакнување на натприродните способности. Што значи зајакнување? Со својот силен гонг ги зголемуваш натприродните способности и тие стануваат се посилни. Од друга страна, во вашето тело се развиваат многу живи суштества. При култивацијата на високо ниво, Тао школата зборува за раѓање на бесмртно дете, а Буда школата за нераспадливо ваџра тело. Освен тоа се развиваат и многу натприродни способности. Овие работи се развиваат со вежбање и движење на рацете. При

една целосна пракса на култивација на телото и духот, човекот треба да се култивира и да ги прави вежбите. Мислам дека разбравте од каде доаѓа гонгот. Гонгот кој вистински ја одредува висината на твоето ниво, воопшто не се формира при практикувањето на вежбите, но се формира со култивација. Во текот на култивацијата меѓу обичните луѓе си го зголемил твојот шиншинг и си се изедначил со карактеристиките на универзумот. Карактеристиките на универзумот повеќе нема да те ограничуват па можеш да се повисуваш. Тогаш твојот де почнува да се трансформира во гонг. Додека стандардот на твојот шиншинг се подобрува, расте и твојот гонг. Таков е нивниот меѓусебен однос.

Нашата култивациска пракса навистина ги култивира умот и телото. Гонгот кој ние го култивираме се сместува во секоја клетка во телото. Гонгот од високоенергетската материја се сместува дури и во микрочестичките на праматеријата која постои на екстремно микроскопско ниво. Со зголемување на гонг потенцијата, густината и силата на гонгот исто така растат. Оваа високоенергетска материја има интелигенција. Бидејќи е сместена во секоја клетка на човечкото тело, се до зачетокот на животот, таа постепено го превзема обликот на клетките во твоето тело, има ист распоред на молекулите и иста форма на сите атомски јадра. Меѓутоа, суштината се променила, тоа веќе не е тело составено од првобитните физички клетки. Не сте излегле ли тогаш надвор од петте елементи? Секако, вашата култивација сеуште не е завршена. И натаму ќе треба да се култивирате меѓу обичните луѓе, и затоа однадвор изгледате исто како обичните луѓе. Единствена разлика е тоа што во однос на своите врсници изгледате помлади. Секако, најпрво од вашите тела мора да се отстранат лошите работи, вклучувајќи ги тука и болестите. Меѓутоа, ние овде не лекуваме болести, ние го чистиме телото. Тоа не се вика лекување, кај нас тоа се вика чистење на телото. Ние го чистиме телото за оние кои вистински се култивираат. Некои дошле овде само за да ги излекуваат своите болести. На оние кои се сериозно болни не им дозволуваме да доаѓаат на предавањата бидејќи тие не можат да се ослободат од желбата за лекување и не можат да престанат да мислат дека се болни. Ако некој е сериозно болен и многу лошо се чувствува може ли тоа да го отпушти? Некој таков не може да се култивира. Од време на време ние нагласуваме дека не можеме да прифатиме сериозно болни. Ние сме тука поради култивација што е далеку од она што тие луѓе мислат. За тие работи нека побараат други чигонг мајстори. Секако, многу практиканти носат во себе болести, но затоа што се вистински практиканти, ние ќе се погрижиме за нивните болести.

После одредено време на култивација, на нашите Фалун Дафа практиканти им се менува изгледот. Кожата им станува нежна, румено-бела. На постарите им се намалуваат брчките или ги имаат искучително малку. Ова е вообичаена појава. Не зборувам за нешто што не може да се замисли. Многу ветерани меѓу нашите практиканти знаат за што зборувам. Покрај тоа, на постарите жени ќе им се врати менструалниот циклус, бидејќи во оваа пракса на двојно култивирање на телото и умот циклусот е потребен за да се култивира телото. Ќе се врати циклусот, но менструацијата нема да биде обилна, во сегашната фаза тоа малку ќе биде доволно. Ова е исто така стандардна појава, инаку како ќе можете да го култивирате своето тело? Исто важи и за мажите – и младите и старите ќе откријат дека целото тело им е лесно. Сите вистински практиканти ќе ја доживеат оваа трансформација.

Оваа наша школа култивира нешто огромно за разлика од многу други практики каде што се имитираат движења на животни. Оваа практика култивира нешто неизмерно големо. Принципите кои во свое време ги објасниле Шакјамуни и Лао Це биле ограничени на принципите во рамките на нашиот Млечен Пат. Што култивира нашата Фалун Дафа? Нашата метода на култивација се базира врз принципите на еволуцијата на универзумот, и ние сме водени со стандардот на највисоките принципи на универзумот: Џен, Шан, Рен, т.е. Вистина, Добродушност, Трпение. Ние култивираме нешто толку огромно, тоа е како да го култивираме универзумот.

Нашата Фалун Дафа има уште една многу посебна карактеристика поради која се разликува од сите останати практики. Сите чигонг практики кои во моментов се шират во општеството припаѓаат на оние кои оплеменуваат дан. Кај такви видови на чигонг е многу тешко меѓу обичните луѓе да се дојде до Отварање на гонгот и просветлување. Нашата Фалун Дафа не оди по алхемиски пат, кај нашиот пат на култивација се култивира фалун во долниот стомак, за време на предавањата јас лично ќе го поставам кај учениците. Додека предавам Фалун Дафа на сите по ред ќе ви поставам фалун, некои тоа ќе го почувствуваат а некои не. Повеќето ученици ќе го почувствуваат, бидејќи телесната состојба на секој човек е различна. Ние оплеменуваме фалун, а не дан. Фалунот е минијатура на универзумот, со сите способности на универзумот, и тој работи автоматски вртејќи се. Тој засекогаш ќе се врти во подрачјето на твојот долен стомак. Откако еднаш ќе ти се постави, тој ќе се врти засекогаш и никогаш нема да застане. Додека се врти во правец на стрелките на часовникот, тој автоматски апсорбира енергија од универзумот, а може и сам да трансформира енергија снабдувајќи ги сите делови на твоето тело со енергијата потребна за

трансформација. Истовремено испраќа енергија према надвор, додека се врти во правец спротивен од стрелките на часовникот. Откако ќе ги исфрли искористените супстанци, тие се раствораат околу телото. Кога испраќа енергија, таа стигнува многу далеку, а потоа повторно внесува нова енергија. Емитираната енергија може да им користи на сите луѓе кои се наоѓаат во твојата близина. Буда школата учи за самоспасување и спасување на сите живи суштества. Човек не само што се култивира себеси, туку нуди и спасение на сите живи суштества. Поради тоа, и другите може да имаат корист, бидејќи спонтано може да им ги чисти телата, да им ги лекува болестите и т.н. Секако, на овој начин не се губи енергија. Бидејќи фалунот се врти постојано, кога се врти во правец на стрелките на часовникот, тој повторно собира енергија.

Некои луѓе можеби ќе прашаат: Зошто фалунот се врти постојано? Често ме прашуваат и ова: Како може да се врти? По кој принцип се врти? Лесно може да се разбере дека дан се формира од акумулираната енергија, но тешко е да се разбере како фалунот може да се врти? Ќе ви дадам еден пример. Универзумот се врти, сите галаксии, сите ѕвездени состави во универзумот се вртат, деветте планети се вртат околу Сонцето, Земјата се врти исто така. Размислете кој ги турка? Кој им дал сила да се движат? Ова не може да се разбере од позиција на обичен човек, тоа едноставно е еден вид на ротирачки механизам. Таков е и нашиот фалун, тој едноставно се врти. Тој го решава проблемот на човекот да практикува во нормалните животни околности, така што му го продолжува времето на практикување. Како е продолжено тоа? Бидејќи постојано се врти, постојано апсорбира и трансформира енергија од универзумот. Ако одиш на работа тој те култивира. Секако, освен фалунот, во телото ќе ти поставиме и многу други енергетски системи и механизми, кои ќе се вртат заедно со фалунот и автоматски ќе те развиваат. Така овој метод на култивација потполно автоматски го трансфомира човекот, па излегува дека: „гонгот ги оплеменува практикантите” или „Фа ги оплеменува практикантите”. Гонгот те оплеменува кога не ги правиш вежбите, а исто така те оплеменува додека ги правиш вежбите. Гонгот исто така те рафинира додека јадеш, спиеш или работиш – гонгот постојано те трансформира. Зошто тогаш ги правиш вежбите? Ги правиш вежбите за да го зајакнеш фалунот и сите овие енергетски механизми и системи кои ги поставувам во тебе. Оној кој се култивира на високо ниво, мора потполно да биде во состојба на вувеи, а движењата во вежбите ќе ги следат овие механизми. Нема никаква ментална намера, ниту се користат техники на дишење и слично.

За вежбите не ни е важно времето а ни местото. Некои луѓе прашуваат: Кое е најдобро време за вежбање? Полноќ, утро или пладне? Немаме никакви барања во однос на времето. Кога не вежбаш на полноќ, гонгот те оплеменува, кога не вежбаш наутро, гонгот исто така те оплеменува. Додека спиеш гонгот те оплеменува. Кога одиш, гонгот се уште те оплеменува. Гонгот те оплеменува и додека си на работа. Зарем ова не го намалува многу времето потребно за практицирање? Многу од вас имаат желба во срцето вистински да достигнат Тао, што е секако цел на култивацијата – крајната цел на култивацијата е да се достигне Тао и да се заврши култивацијата. Сепак, на некои луѓе им останува ограничено време на живот. Нивните години на живот се ограничени и можеби нема да бидат доволни за култивација. Нашата Фалун Дафа може да го реши овој проблем со скратување на времето потребно за култивација. Покрај тоа, тоа е практика за култивирање на умот и телото, кога постојано се култивираш постојано си го продолжуваш животот. Со постојано култивирање, животот постојано ти се продолжува. Постарите луѓе со добар вроден квалитет ќе имаат доволно време за практикување. Меѓутоа, постои критериум по кој животот, што е продолжен над времето кое е предодредено, е сосема резервиран за култивација. Ако малку застраниш од патот, животот ќе ти биде во опасност, бидејќи твојот животен век веќе одамна поминал. Меѓутоа, кога ќе излезеш од култивацијата на Фа во тројниот свет ова ограничување повеќе не постои, тоа е сосема друга ситуација.

Кога вежбаме, не е важно кон која страна од светот сме поставени, ниту на кој начин ги завршуваме вежбите, фалунот постојано ротира и не може да се запре. Ако заѕвони телефонот или некој ѕвони на вратата, нема проблем ако веднаш одговорите без да ја завршите вежбата. Во тој момент, фалунот ќе се заврти во правец на стрелките на часовникот и со едно движење ќе ја собере емитираната енергија која се наоѓа околу твоето тело. Оние кои со намера држат чи и го налеваат себе си во главата, тие сепак ќе го изгубат колку и да се трудат да го задржат. Фалунот има интелигенција па сам знае да ги направи овие работи. Што се однесува до насоката, нам не ни е потребна, бидејќи целиот универзум е во движење, Млечниот пат е во движење, деветте планети кружат околу Сонцето, а Земјата се врти околу својата оска. Ние вежбаме во согласност со големите принципи на универзумот. Каде се исток, запад, север и југ? Ги нема. Заврти се на било која страна и вежбај, и ќе вежбаш во сите насоки. Заврти се во било која насока и вежбај и ќе биде како во исто време да вежбаш во насока на исток, запад, север и југ. Нашата Фалун Дафа ќе ги заштити учениците од застранување. Како те штити? Ако си вистински култиватор, нашиот фалун ќе те чува. Моите корени се посадени длабоко во универзумот, па

ако некој може да ти наштети тебе, би можел да ми наштети и мене. Едноставно речено, тој би можел да му наштети на целиот универзум. Ова што сега го реков би можело да ви звучи прилично неразбирливо, но со време ќе разберете, додека студирате понатаму. Има и други работи кои се многу високи за да ги разоткријам. Ние овде систематски ќе ви откриваме Фа на високо ниво – од едноставни до длабоки работи. Но нема да вреди ако вашиот шишинг не е исправен. Ако доаѓате со било каква намера, би можеле да имате проблеми. Наоѓам дека фалуните на многу ветерани меѓу учениците се деформирани. Зошто? Сте помешале други работи во вашата практика, сте прифатиле работи од други луѓе. Зошто фалунот не ве заштити? Фалунот ви е даден, тој ви припаѓа вам, вашиот ум го контролира. Принцип на овој универзум е дека никој нема да се меша ако самиот сакаш нешто да имаш. Ако повеќе не сакаш да се култивираш, никој не може да те присили на тоа – тоа не би било во ред. Кој може да те натера да го промениш своето срце. Самиот мораш да се дисциплинираш себеси. Земајќи го најдоброто од сите школи значи прифаќање на работи од сите. Ако, за да ја излекуваш болеста, денес следиш една чигонг практика а утре друга, дали ќе оздравиш? Не, само можеш да ја поместиш болеста за подоцна. Култивацијата на високо ниво бара да се посветиме на една школа и да останеме во неа. Ако усвоиш некоја школа ќе мораш целосно да и се посветиш се до целосното просветлување во таа школа и дури тогаш ќе можеш да ја продолжиш култивацијата во друга школа, што ќе биде поинаков систем, бидејќи системот на вистинското учење се пренесува од многу далечни времиња и поминал доста комплициран процес на трансформација. На некои луѓе им е важно што чувствуваат додека вежбаат. Каква врска има што чувствуваш? Тоа е потполно неважно. Конкретниот процес на трансформација се врши во другите димензии и особено е сложен. Ни најмала грешка не треба да има. Тоа е како прецизен инструмент кој ќе престане да работи ако му се вгради погрешен дел. Твоето тело се менува во секоја димензија што е посебно комплициран процес и се мора да помине во совршен ред. Веќе ви реков дека култивацијата зависи од вас, а трансформацијата на гонгот ја прави учителот. Ако доброволно земаш туѓи работи и ги додаваш на својата практика, странски пораки ќе се мешаат со работите кои припаѓаат на нашата школа, па ќе доспееш на погрешен пат. Освен тоа, може да влијае во обичното човечко општество и да донесе со себе тешкотии на обичните луѓе. Ако сам го сакаш тоа никој не може да се меша. Тоа е прашање на квалитетот на просветлување. Истовремено, тоа што го додаваш ќе го упропасти твојот гонг, па веќе нема да можеш да се култивираш, тој проблем ќе се појави. Јас не викам дека секој треба да учи Фалун Дафа. Ако не учиш Фалун Дафа и ако си примил вистинско учење од некоја друга чигонг практика, немам ништо против. Но мое е да ти кажам дека,

ако вистински сакаш да се култивираш на високи нивоа, мора да следиш една дисциплина. И ова морам да го нагласам: Моментално никој освен мене не пренесува практика која води кон повисоки духовни височини. Во иднина ќе разберете што всушност сум направил за вас. Поради тоа се надевам дека немате особено слаб квалитет на просветлување. Многу луѓе сакаат да се култивираат на повисоки нивоа, таа можност сега е пред вас, а вие можеби и натаму не разбирате. Насекаде сте барале учител и можеби сте потрошиле цело богатство но сепак ништо не сте пронашле. Денес тоа ти е донесено пред куќниот праг, но можеби ти сеуште не можеш да го препознаеш! Тоа е прашање дали можете да се просветлите во тоа и дали можете да бидете спасени.

# Втора лекција

## За небесното око

За небесното око имаат зборувано многу чигонг мајстори. Сепак, на различни нивоа Фа има различни манифестации. Практикантот кој достигнал одредено ниво во култивацијата, може да види манифестации само на тоа ниво. Тој не е во состојба да ја види вистината над тоа ниво, ниту ќе верува во неа. Затоа, тој ќе го смета за точно само тоа што го гледа на своето ниво. Се додека неговата култивација не достигне повисоко ниво, мисли дека тие работи не постојат и не се за верување; ова е одредено од неговото ниво и неговиот ум не може да се воздигне. Со други зборови, кога е во прашање небесното око, некои луѓе зборуваат за него на еден начин, додека други зборуваат за него на друг начин. Како резултатот на тоа прават збрка, и на крајот никој не може јасно да го објасни. Небесното око всушност, и не е нешто што може јасно да се објасни на ниско ниво. Во минатото, структурата на небесното око беше тајна над тајните, а на обичните луѓе им беше забрането да ја знаат. Затоа, низ историјата, никој не зборувал за него. Но ние овде за него нема да зборуваме врз основа на теориите од минатото. Ние ја користиме модерната наука и наједноставниот современ јазик за да го објасниме и ние го објаснуваме неговото суштинско прашање.

Небесното око за кое зборуваме се наоѓа малку над веѓите и меѓу нив, и поврзано е со епифизата. Ова е главниот канал. Човечкото тело има многу дополнителни очи. Во Тао школата се вели дека секој отвор е едно око. Тао школата сите акупунктурни точки во телото ги нарекува отвори, додека кинеската медицина ги нарекува акупунктурни точки. Буда школата смета дека секоја пора е едно око. Затоа некои луѓе може да читаат со ушите, а некои можат да гледаат со рацете или со задниот дел на главата, додека други можат да гледаат со стапалата или со стомакот. Се ова е можно.

Кога зборуваме за небесното око, да кажеме прво некој збор за овој пар физички човечки очи. Во денешно време некои луѓе мислат дека со овој пар очи може да се гледа целата материја и сите предмети од овој свет. Затоа, некои луѓе имаат развиено тврдоглаво верување дека само она што може да се види

со очите е реално и вистинско. Тие не веруваат во она што не можат да го видат. Во минатото се мислеше дека таквите луѓе имаат слаб квалитет на просветлување, иако некои луѓе не можеа јасно да објаснат зошто квалитетот на просветлување на овие луѓе беше слаб. Не се гледа, не се верува. Можеби тоа звучи доста разумно. Сепак, од гледна точка на малку повисоко ниво, тоа не е разумно. Секој временски простор се состои од материја. Се разбира, различните временски простори имаат различни физички структури, како и различни форми на манифестација на различни живи суштества.

Ќе ви дадам еден пример: Во будизмот се вели дека сите појави во човечкото општество се илузија и не се вистински. Зошто се тие илузии? Вистинските и реални физички предмети се поставени токму тука, па кој би можел да тврди дека се лажни? Иако формата на постоење на предметот изгледа така, начинот на кој што таа се манифестира, всушност, не е таков. Нашите очи, сепак, имаат способност да ги фокусираат физичките објекти во нашата физичка димензија во состојбата во која сега ги гледаме. Објектите не се вистински во оваа состојба, и тие не се во оваа состојба дури ни во нашата димензија. На пример, како изгледа човекот под микроскоп? Целото тело е составено од лабави, ситни молекули кои личат на зрна песок во движење. Електроните кружат околу јадрата, а целото тело се извива и се движи. Површината на телото не е ниту мазна, ниту правилна. Истото важи за било која материја во универзумот, без разлика дали е челик, железо, камен или нешто друго, и во внатрешноста, сите нивни молекуларни елементи се во движење. Не можеш да ја видиш нивната целосна форма, всушност тие не се стабилни. Оваа маса тука, исто така се извива, но твоите очи не можат да ја видат вистината. Овој пар очи можат да формираат таков лажен впечаток.

Тоа не значи дека ние не можеме да ги видиме работите на микроскопско ниво или дека луѓето ја немаат таа способност. Луѓето се родени со оваа способност, и тие можат да ги видат работите до одредено микроскопско ниво. Токму затоа што во оваа физичка димензија го имаме овој пар очи, луѓето добиваат лажен впечаток и не им е дозволено да ги видат работите. Затоа, во минатото се велеше дека ако луѓето не веруваат во она што не можат да го видат, таквите луѓе, во заедницата на култиватори ќе ги сметаат дека се со слаб квалитет на просветлување, измамени се со лажните впечатоци на обичните луѓе и изгубени се меѓу обичните луѓе. Оваа изјава ја имаат дадено религиите низ историјата. Всушност, и ние мислиме дека тоа има смисла.

Овој пар очи може да ги стабилизира работите во оваа наша физичка димензија во таква состојба. Освен тоа, тие немаат некоја друга значајна

способност. Кога некој гледа во нешто, сликата не се формира директно во неговите очи. Очите се како леќата на фотоапаратот и тие служат само како алатка. Кога гледате во далечина леќата се издолжува, исто така и нашите очи ја превземаат оваа функција. Кога гледате во темница, зениците се зголемуваат. Кога фотоапаратот фотографира во темница, неговата бленда исто така се зголемува. Инаку целата слика е темна поради недоволното изложување на светлина. Кога некој влегува на многу светло и отворено место, зениците веднаш се смалуваат. Инаку неговите очи ќе бидат заслепени од светлината и тој ќе биде непособен јасно да ги гледа работите. Камерата работи на истиот принцип и нејзиниот отвор мора да биде намален. Таа може само да ја сними сликата на објектот и е само алатка. Всушност, кога гледаме нешто, некого или ја гледаме формата на постоење на некој предмет, сликите се формираат во мозокот. Односно, она што го гледаме со помош на очите, преку очните нерви се пренесува до епифизата во задниот дел на мозокот а потоа таму се отсликува. Тоа значи дека вистинските рефлектирани слики се гледаат во епифизата на мозокот. Тоа го признава исто така и современата медицина.

Отварањето на небесното око за кое ние зборуваме избегнува употреба на очниот нерв и отвара премин меѓу веѓите за да и се овозможи на епифизата директно да ја гледа надворешноста. Ова се нарекува отварање на небесното око. Некои луѓе можеби размислуваат: „Ова не е реално. После се, овој пар очи се уште може да послужи како алатка, со нив можат да се гледаат сликите на предметите, без очите тоа не е можно.“ Анатомијата на современата медицина веќе има откриено дека предниот дел од епифизата е опремен со целосна структура на човечко око. Бидејќи се наоѓа во черепот, се мисли дека тоа е атрофирано око. Без разлика на тоа дали се работи за атрофирано око или не, ние во култивациските кругови се уште се воздржуваме да го кажеме своето мислење. Сепак, современата медицина веќе признава дека во средина на човечкиот мозок постои око. Преминот кој што го отвараме води директно до тоа место, и ова целосно е во согласност со разбирањето на современата медицина. Ова око не создава лажни слики како нашите физички очи, бидејќи тоа ја гледа и природата на материјата и нејзината суштина. Затоа, еден човек со небесно око на високо ниво може да гледа надвор од нашата димензија во другите временски простори, и може да види сцени кои обичните луѓе не можат да ги видат. Човекот со небесно око на ниско ниво може да има продорна визија и да ги гледа работите од другата страна на ѕидот или да гледа низ човечкото тело. Тоа ја има токму оваа натприродна способност.

Буда школата зборува за пет нивоа на вид: физички вид, небесен вид, вид на мудроста, Фа вид и Буда вид. Ова се петте главни нивоа на небесното око и секое од нив се дели на горно, средно и долно подниво. Во Тао школата се зборува за 9 пати по 9 или 81 ниво на Фа вид. Ние го отвараме небесното око на сите што се овде присутни, но не го отвараме на или под нивото на небесниот вид. Зошто? Иако седиш овде и си почнал да се култивираш, сепак, само што си започнал од нивото на обичен човек и се уште не си се откажал од многу привrзаности на обичните луѓе. Ако твоето небесно око е отворено под нивото на небесниот вид, ќе го имаш она што секојдневните луѓе го сметаат за натприродни способности, ќе можеш да ги гледаш работите од другата страна на ѕидот и ќе можеш да гледаш низ човечкото тело. Ако во голема мерка ги прошириме тие натприродни способности и секому го отвориме небесното око на ова ниво, тоа сериозно би го пореметило обичното човечко општество, и би ја нарушило состојбата на обичното човечко општество: државните тајни би биле загрозени, би било сеедно дали луѓето носат облека или не, и би можел однадвор да ги гледаш луѓето внатре во куќите; би можело да се случи додека шеташ по улица да налеташ на лотарија и да ги добиеш сите први награди. Тоа не би било дозволено! Размислете сите за тоа: ако небесното око на секој човек биде отворено на ниво на небесниот вид, дали ова и понатаму би било човечко општество? Апсолутно е забрането сериозно нарушување на состојбата на човечкото општество. Ако навистина го отворев твоето небесно око на тоа ниво, можеби веднаш ќе станеше чигонг мајстор. Некои луѓе отсекогаш сонувале да бидат чигонг мајстори. Ако нивното небесно око одеднаш беше отворено, тие би можеле да лекуваат пациенти. Зарем во тој случај не би ве водел по лош пат?

Тогаш, на кое ниво ќе го отворам твоето небесно око? Јас ќе го отворам твоето небесно око директно на нивото на видот на мудроста. Ако ти го отворам на повисоко ниво, нивото на твојот шиншинг нема да биде соодветно. Доколку се отвори на пониско ниво, тоа сериозно ќе ја наруши состојбата на обичното човечко општество. Со видот на мудроста нема да бидеш во можност да ги гледаш работите од другата страна на ѕидот, или да гледаш низ човечкото тело, но ќе можеш да гледаш случки во другите димензии. Која е користа од ова? Тоа може да ја зајакне твојата доверба во култивацијата. Кога навистина ќе видиш нешто што обичните луѓе не можат да го видат, ќе забележиш дека тоа навистина постои. Без разлика на тоа дали во моментот ќе можеш јасно да видиш нешто, твоето небесно око ќе се отвори на ова ниво, и ова е добро за твојата култивација. Вистинскиот практикант на Дафа може да го добие истиот резултат со читање на оваа книга, под услов да е строг со себе кога се работи за подобрувањето на шиншингот.

Што го одредува нивото на небесното око? Не значи дека кога ќе се отвори твоето небесното око, ти ќе бидеш во можност да видиш се - не е така. Се уште постои класификација на нивоата. Значи, што ги одредува нивоата? Постојат три фактори. Првиот фактор е тоа што небесното око мора да има поле што оди од внатре кон надвор, ние ова го нарекуваме есенцијален чи. Која е користа од ова? Тоа е како екранот на телевизорот: Ако нема фосфор, кога ќе се вклучи телевизорот, тој ќе биде само како сијалица. Ќе има само светлина, но нема слики. Токму поради фосфорот се прикажуваат сликите. Секако, овој пример не е најсоодветен затоа што ние директно ги гледаме работите, додека телевизорот прикажува слики преку екранот. Отприлика, тоа е идејата. Ова парче есенцијален чи е исклучително скапоцено, и се состои од фина материја рафинирана од де. Нормално, есенцијалниот чи се разликува од човек до човек. Можеби само двајца од десет илјади се наоѓаат на исто ниво.

Нивото на небесното око е директна манифестација на Фа во нашиот универзум. Тоа е нешто натприродно и тесно е поврзано со шиншингот на човекот. Ако нивото на шиншингот на еден човек е ниско, ниско е и неговото ниво. Поради ниското ниво на шиншинг, голем дел од есенцијалниот чи на овој човек ќе биде изгубен. Ако нивото на шиншингот на некој човек е високо, а во обичното човечко општество од детството до зрелоста низ животот поминува без многу грижа за сопствениот углед, заработувачка, проблеми со другите, сопствена корист и разни други човечки чувства и желби, неговиот есенцијален чи може да се зачува релативно подобро. Затоа, откако ќе се отвори неговото небесно око, тој може појасно да ги гледа работите. Кога на дете од шест години му се отвори небесното око, тоа може многу јасно да ги гледа работите. Исто така е лесно да се отвори неговото небесно око. Ако кажам само еден збор, тоа ќе се отвори.

Поради загаденоста и влијанието на моќната струја на обичното човечко општество, работите кои луѓето ги сметаат за исправни, всушност, обично се погрешни. Зар секој човек не сака добро да живее? Желбата за добар живот може да ги повреди интересите на другите луѓе, тоа би можело да го поттикне егоизмот кај некого, можеби тој ќе добие на сметка на другите, или ќе малтретира и повредува други луѓе. Тој ќе се натпреварува и ќе се бори за лична добивка помеѓу обичните луѓе. Зарем тоа не е спротивно од својствата на универзумот? Затоа, тоа што луѓето го сметаат за исправно, не мора обавезно да биде исправно. Воспитувајќи ги своите деца, возрасните обично уште од мали ги учат: „Научи да се снаоѓаш” за да можат подоцна да застанат на свои нозе во обичното човечко општество. Но таа „снаодливост”, од гледна точка на овој наш

универзум, е погрешна, бидејќи ние зборуваме за тоа дека треба да го следиме природниот тек, не водејќи многу грижа за сопствената корист. Снаодливиот човек се стреми кон сопствениот интерес. „Ако некој те малтретира, жали се кај учителот или кај неговите родители.” „Ако најдеш пари на улица, земи ги.” Децата се воспитуваат на тој начин. Од детството до зрелоста, како прима се повеќе вакви работи во себе, човекот станува се посебичен во обичното човечко општество. Тој ги искористува другите и губи де.

Оваа материја, де, не исчезнува кога човекот ќе ја изгуби, таа се префрла на други луѓе, но есенцијалниот чи може да исчезне. Ако некој од мали нозе е лукав, со силна желба за лична корист, и единствено бара профит, тогаш неговото небесно око нема да работи или да гледа јасно кога ќе му се отвори. Но тоа, сепак, не значи дека ни во иднина нема да може јасно да гледа. Зошто? Затоа што во процесот на култивација се обидуваме да се вратиме кон своето првобитно јас, и со упорно практикување ќе можеме постојано да го надополнуваме и обновуваме. Затоа мора да се посвети внимание на шиншингот. Ние го нагласуваме неговото целосно подобрување и целосно напредување. Кога ќе се поправи шиншингот, се поправа и се друго заедно со него. Ако шиншингот не е поправен, ни тој мал дел есенцијален чи нема да биде обновен. Тоа е овој принцип.

Вториот фактор е следниот: ако некој има добар вроден квалитет, неговото небесно око може да се отвори и кога самостојно вежба чигонг. Често пати, некои луѓе се исплашени во моментот кога ќе им се отвори небесното око. Зошто се исплашени? Затоа што луѓето обично практикуваат чигонг околу полноќ, додека владее ноќен мир. Додека некој човек вежба, одеднаш може да види големо око пред своите очи, кое ќе го преплаши. Толку се преплашува што потоа повеќе нема да се осмели да вежба чигонг. Навистина страшно! Толку големо око што трепка и те гледа сосема јасно. Некои луѓе го нарекуваат демонско око, други го нарекуваат Буда око и т.н. Всушност, тоа е твое сопствено око. Секако, култивацијата зависи од сопствените напори, додека трансформацијата на гонгот ја прави учителот. Целиот процес на трансформација на гонгот е многу сложен и се одвива во други димензии. Телото не се менува само во една димензија туку и во сите различни димензии. Можеш ли сам да го постигнеш тоа? Не можеш. Овие работи се припремени од учителот, учителот е тој што го прави тоа. Затоа се вели дека култивацијата зависи од сопствените напори, додека транформирањето на гонгот го прави неговиот учител. Ти само можеш да имаш таква желба и да размислуваш за тоа, но учителот е тој кој навистина ги прави овие работи.

Некои луѓе го отвориле своето небесно око преку нивната сопствена пракса. Ние велиме дека тоа е ваше око, но вие сте неспособни сами да го развиете. Некои луѓе имаат учители кои, откако ќе дознаат дека нивното небесно око е отворено, ќе формираат око за нив. Тоа се нарекува „вистинско око". Се разбира, некои луѓе немаат учител но можеби некој учител ќе помине покрај нив. Во Буда школата се вели: „Будите се насекаде присутни". Тие се многубројни, така што ги има насекаде. Некои луѓе исто така велат: „Постојат божества и интелигентни суштества само еден метар над твојата глава", што значи дека тие се едноставно безбројни. Ако некој учител кој поминува гледа дека си практикувал многу добро, дека твоето небесно око е отворено и дека ти треба око, тој ќе оформи око за тебе, што исто така може да се смета како резултат на твоето сопствено култивирање. Кога се спасуваат луѓето, нема услови или размислување за цена, награда или слава. Тие се многу поблагородни од хероите на обичните луѓе. Тие го прават тоа само поради нивното добронамерно сочувство.

Штом ти се отвори небесното око, се случува следната ситуација: очите ќе бидат силно заслепени од светлината и ќе се чувствуваат иритирано. Всушност, не се иритирани твоите очи, наместо тоа иритирана е твојата епифиза, иако ти имаш чувство како да ти се иритирани очите. Тоа е затоа што ти се уште го немаш стекнато ова око. Откако ќе се снабдиш со ова око, твоите физички очи повеќе нема да се иритираат. Некои од нашите практичари ќе можат да го почувствуваат или видат ова око. Бидејќи ја отелотворува истата природа како и универзумот, тоа е многу невино и љубопитно. Гледа кон внатре за да испита дали твоето небесно око е веќе отворено и дали може да ги гледа работите. Гледа внатре кон тебе. Во овој момент твоето небесно око е отворено. Додека те гледа, ќе се исплашиш ако одеднаш го видиш. Всушност, ова е твое сопствено око. Од сега па натаму, кога ќе погледнеш во нешто, ќе ги гледаш работите преку ова око. Но дури и ако е отворено твоето небесно око, нема воопшто да бидеш во состојба да ги гледаш работите без ова око.

Третиот фактор е дека се манифестираат разликите во различните димензии откако ќе се напредува во нивоата. Ова е прашањето кое навистина го одредува нивото на некого. Покрај главниот канал за гледање на работите, луѓето имаат и многу споредни канали. Во Буда школата се вели дека секоја пора е едно око, додека Тао школата тврди дека секој отвор на телото е око. Тоа значи дека сите акупунктурни точки се очи. Се разбира, она што тие го дискутираат е се уште само една форма на трансформација на Фа во телото, човекот може да ги гледа работите со било кој дел од телото.

Нивото за кое зборуваме се разликува од тоа. Покрај главниот канал постојат уште неколку поголеми споредни канали на неколку места, т.е. над двете веѓи, над и под очните капаци, како и во шангенг точката. Тие го одредуваат пробивањето низ нивоата. Се разбира, ако просечен култиватор може да ги гледа работите со овие неколку места, тогаш тој веќе достигнал многу високо ниво. Некои луѓе може да гледаат и со своите физички очи. Тие успешно ги култивирале и своите очи со култивација, и тие се опремени со различни форми на натприродни способности. Но ако ова око не се користи добро, сепак, секогаш кога ќе се погледне во еден предмет, нема да се види другиот. И тоа исто така не иде. Затоа некои луѓе често со едното око гледаат во друга димензија, а со другото во оваа нашата. Сепак, под ова око (десното око) нема спореден канал, затоа што тоа е директно поврзано со Фа. Луѓето имаат тенденција да го користат десното око за да направат лошо дело, затоа под десното око нема спореден канал. Ова се некои од важните споредни канали кои се развиваат во култивацијата на Фа во тројниот свет.

По достигнувањето на екстремно високо ниво и на култивацијата на Фа надвор од тројниот свет, се формира едно сложено око. Поточно, на горниот дел од лицето ќе се појави големо око со многубројни мали очи во него. Некои големи просветлени луѓе на многу високи нивоа имаат искултивирано толку многу очи така што нив ги има насекаде по лицето. Сите тие очи ги гледаат работите преку ова големо око и можат да видат се што сакаат. Со еден поглед, тие можат да ги видат сите нивоа. Во денешно време зоолозите и ентомолозите ги проучуваат мувите. Окото на мувата е многу големо, гледано со микроскоп се гледа дека има многубројни ситни очи во себе, и тоа се нарекува сложено око. Откако практичарите ќе достигнат исклучително високо ниво, може да се појави оваа ситуација. Треба да се биде на многу повисоко ниво од нивото на татагата, за да може да се овозможи ова. Сепак, обичниот човек не може да го види. Луѓето на просечно ниво исто така не можат да го видат неговото постоење, и затоа што тоа постои во друга димензија, тој ќе изгледа исто како и нормална личност. Ова го објаснува пробивањето низ нивоата, имено прашањето дали некој може да достигне различни димензии.

Јас во основа ја опишав структурата на небесното око за секого. Ние ви го отвараме небесното око со надворешна сила, што е релативно побрзо и полесно. Кога зборував за небесното око, секој од вас можеше да почувтсвува како му се затега кожата на челото, а мускулите му се групираат заедно, и дупчат навнатре. Така беше нели? Така беше. Се додека се трудите вистински да се посветите на учењето на Фалун Дафа, сите ќе го чувствуваат тоа, надворешната

сила е многу јака и притиска навнатре. Јас ослободив специјална енергија наменета за отварање на небесното око, за да ти го отвори. Во исто време испратив и фалун за да го поправи твоето небесното око. Додека зборував за небесното око, го отворив небесното око за сите, под услов тие да се култивираат во Фалун Дафа. Сепак, тоа не значи дека секој ќе може јасно да ги гледа работите, и дека секој ќе може да гледа. Тоа директно зависи од вас самите. Но не грижете се, затоа што не е важно ако не можете да гледате. Продолжете да се култивирате. Со постојано надградување на вашето ниво, постепено ќе можете да гледате, а вашиот замаглен вид ќе станува се појасен. Се додека се култивирате и сте одлучни во култивирањето, ќе го добиете назад се она што сте го изгубиле.

Релативно е тешко самостојно да се отвори небесното око. Дозволете ми да зборувам за неколку форми на самостојно отварање на небесното око. На пример: кога за време на седечката медитација гледате во челото и во небесното око, некои од вас имаат чувство дека е темно во челото, и дека таму нема ништо. Како минува времето ќе откриете дека во челото постепено станува бело. После одреден период на култивација, ќе откриете дека внатрешноста на челото станува светла, а потоа црвенкаста. Во тоа време ќе процвета како еден цвет, како на телевизија или во филм во кој цвеќињата цветаат за секунда. Ќе се појават баш такви сцени. На почетокот црвенкастата боја е рамна, а потоа одеднаш пупката во средина почнува да процветува лист по лист. Ако сакаш самостојно целосно да се отвори до крај, можеби ни осум до десет години нема да бидат доволни, бидејќи целото небесно око е блокирано.

Небесното око на некои луѓе не е блокирано и опремено е со премин. Но таму нема никаква енергија бидејќи тие не практикувале чигонг. Поради тоа, додека вежбаат чигонг, една топка од црна материја одеднаш ќе им се појави пред нивните очи. Откако ќе вежбаат некое време, постепено ќе станува бела, а потоа светла. На крајот ќе станува се посветла и посветла, и ќе почне да ги заслепува очите. Затоа некои луѓе велат: „Го видов сонцето" или „Ја видов месечината". Всушност, тие не го виделе ниту сонцето ниту месечината. Тогаш, што виделе? Тоа бил нивниот премин. Некои луѓе брзо се пробиваат во нивните нивоа. Кога ќе им се постави око, тие веднаш можат да ги гледаат работите. За други, тоа е многу тешко. Кога вежбаат чигонг, тие чувствуваат како да трчаат кон надвор низ овој премин, кој изгледа како тунел или бунар. Дури и во сон, тие чувствуваат како да трчаат кон надвор. Некои имаат чувство како да јаваат на коњ, некои чувствуваат како да летаат, некои како да трчаат, некои како да јурат напред со автомобил. Бидејќи многу е тешко самостојно да се отвори

небесното око, тие секогаш имаат чувство дека не можат да стигнат до крајот. Во Тао школата, човечкото тело се смета за мал универзум. Размислете за тоа, ако телото е мал универзум, тогаш од челото до епифизата ќе има повеќе од 108 илјади лии. Затоа, некој постојано има чувство како да брза кон надвор и никако не може да стигне до крајот.

Сосема е разумно тоа што Тао школата го смета човечкото тело за мал универзум. Тоа не значи дека неговиот состав и структура се слични на оние на универзумот, ниту ова се однесува на постоечката форма на телото во нашата физичка димензија. Ние прашуваме: Каква е состојбата на физичкото тело направено од клетки на помикроскопско ниво според сознанијата на современата наука? Постојат различни молекуларни составни делови. Помали од молекулите се атомите, протоните, атомските јадра, електроните и кварковите. Најмикроскопските честички што сега се изучуваат се неутрините. Тогаш, која е најмикроскопската честичка? Тоа е навистина многу тешко да се проучи. Шакјамуни ја даде следната изјава во неговите подоцнежни години: „Толку е огромно што нема надворешност, и толку е ситно што нема внатрешност”. Што значи тоа? На ниво на татагата, универзумот е толку огромен така што неговата граница е незабележлива, но сепак е толку мал за да можат да се забележат неговите најмикроскопски материјални честички. Затоа, тој изјавил: „Толку е огромно што нема надворешност, и толку е ситно што нема внатрешност”.

Шакјамуни исто така зборувал за учењето за три илјади светови. Тој изјавил дека во нашиот универзум и во нашиот Млечен пат има три илјади планети со живи суштества кои имаат физички тела како нашата човечка раса. Исто така, тој изјавил дека во зрното песок има три илјади такви светови. Зрното песок е исто како еден универзум, со луѓе кои имаат мудрост како нашата, со планети, планини и реки. Ова звучи прилично незамисливо! Ако е така, размислете сите за тоа: Дали има песок во тие три илјади светови? И, дали има уште три илјади светови во секое од тие зрна песок. Тогаш, има ли песок во тие три илјади светови? Тогаш, дали има уште три илјади светови во секое од тие зрна песок? Затоа, на нивото на татагата не може да се види неговиот крај.

Истото важи и за молекуларните клетки на човекот. Луѓето прашуваат колку е голем универзумот. Дозволете ми да ви кажам дека овој универзум има свои граници. Сепак, дури и на нивото на татагата некој ќе го смета за безграничен и бесконечно огромен. Сепак, внатрешноста на човечкото тело од молекулите до микроскопските честички на микроскопско ниво е голема колку и овој универзум. Ова може да звучи многу мистично. При создавањето на еден човек

или еден живот, неговите уникатни животни елементи и неговата суштина се веќе составени на крајно микроскопско ниво. Така, при проучувањето на оваа тема, нашата современа наука и понатаму многу заостанува. Во споредба со живите суштества со поголема мудрост на планетите низ целиот универзум, научното ниво на нашата човечка раса е многу ниско. Ние дури не можеме да ги достигнеме ни другите димензии што постојат во исто време и на исто место, додека летечките чинии од други планети можат да патуваат директно во други димензии. Концептот за тоа време и простор е сосема поинаков. Така, тие можат да доаѓаат и да си одат по своја волја и со толку голема брзина, што човечкиот ум не може да го прифати тоа.

Додека зборував за небесното око, го покренав прашањето за тоа кога чувствувате како да брзате кон надвор низ еден премин, и чувствувате дека е безграничен и бесконечен. Некои луѓе може да видат друга ситуација, тие не чувствуваат како да брзаат низ еден канал, но брзаат напред по безграничен и бескраен пат. Додека трчаат кон надвор, од двете страни се наоѓаат планини, реки и градови. Тоа може да звучи уште понезамисливо. Се сеќавам дека еден чигонг мајстор рекол: „Во секоја пора на човечкото тело постои град и во него возат возови и автомобили". Кога другите тоа го слушнаа, беа зачудени и мислеа дека е незамисливо. Вие знаете дека микроскопските честички на материјата вклучуваат молекули, атоми и протони. Кога истражувате понатаму, ако наместо една точка можете да ја видите рамнината на секое ниво, и ако можете да ја видите рамнината на молекулите, рамнината на атомите, рамнината на протоните и рамнината на јадрата, тогаш ќе можете да ги видите формите на постоење во различните димензии. Целата материја, вклучувајќи го и човечкото тело, постои истовремено со нивоата на димензиите на универзумот и поврзана е со нив. Кога нашата модерна физика ги проучува микроскопските честички на материјата, таа проучува само една честичка при што таа се разделува и анализира. По нуклеарната фисија се проучуваат нејзините составни делови. Кога би постоел таков инструмент со кој би можеле да го видиме нивото на кое што сите атомски елементи или молекуларни елементи се манифестираат во целост, кога би се видела таа појава, тогаш ќе ја пробиете оваа димензија и ќе ги видите реалните сцени што постојат во другите димензии. Човечкото тело одговара на надворешните димензии и тоа ги има сите тие форми на постоење.

Има и некои други различни ситуации кога некој сам го отвара небесното око. Разговаравме главно за некои многу вообичаени појави. Некои луѓе откриваат исто така дека нивното небесно око се врти. Оние кои практикуваат во Тао школата често гледаат како нешто се врти во нивното небесно око. Откако

таичи плочата ќе се распукне со тресок, ќе се видат слики. Сепак, тоа не значи дека има таичи во твојата глава. Учителот бил тој кој за тебе поставил збир на работи на самиот почеток, а една од нив е таичи. Тој го запечатил твоето небесно око. Кога твоето небесно око се отвора, тоа ќе се распукне. Учителот намерно го припремил на тој начин и на почеток тоа не беше во твојата глава.

Сепак, некои луѓе се трудат сами да го отварат небесното око. Колку повеќе практикуваат заради ова, толку помалку веројатно е дека ќе се отвори. Која е причината? Тие и самите не знаат. Главната причина е тоа што не смее да се стреми кон небесното око, колку повеќе го посакуваш, толку помалку ќе го добиеш. Кога некој човек очајно го посакува, не само што нема да се отвори, но наместо тоа, од неговото небесно око ќе почне нешто да истекува, нешто што не е ни црно ни бело. Тоа ќе го покрие неговото небесно око. Како одминува времето, тука ќе се формира многу големо поле. Колку повеќе истекува, толку повеќе се акумулира. Колку е помалку веројатно да се отвори небесното око, толку повеќе тој ќе го посакува и затоа се повеќе ќе истекува оваа супстанца. Како резултат на тоа, таа ќе го покрие целото тело до тој степен што таа материја ќе стане многу густа и ќе има многу големо поле. Дури и ако небесното око на овој човек навистина е отворено, тој се уште нема да може ништо да види затоа што тоа е запечатено од неговата сопствена приврзаност. Само ако тој повеќе не размислува за тоа во иднина и целосно се откаже од оваа приврзаност, оваа материја постепено ќе исчезнува. За да се отстрани, ќе треба многу болен и долг процес на култивација. Ова навистина не е потребно. Некои луѓе не го знаат тоа. Иако учителот им вели да не го бараат и посакуваат небесното око, тие не веруваат во тоа. Тие продолжуваат да го посакуваат, и на крајот, сепак постигнуваат сосема спротивни резултати.

## Натприродна способност на јасновидство

Една натприродна способност која е директно поврзана со небесното око се нарекува јасновидство. Некои луѓе тврдат: „Додека седам овде, може да видам сцени во Пекинг и во Америка, како и на другата страна на земјата.“ Некои луѓе не можат да го разберат тоа, и ова не може да се објасни ни со помош на науката. Како е можно тоа? Некои луѓе го објаснуваат тоа на овој или на оној начин, и не можат разумно да го објаснат. Тие се прашуваат како можат луѓето да имаат таква способност. Тоа не е така. Практичарот кој се култивира на ниво на Фа во тројниот свет ја нема оваа способност. Тоа што тој гледа, вклучувајќи го и неговото јасновидство и многу други натприродни способности, сите тие

функционираат во една одредена димензија. Најчесто, тие не ја надминуваат оваа физичка димензија во која живее нашата човечка раса. Тие обично не одат подалеку од димензионалното поле на човекот.

Во рамките на одредена димензија, човечкото тело има едно поле, тоа поле е различно од полето на де. Тие не се наоѓаат во иста димензија, но се со иста големина. Ова поле има одредена врска со универзумот. Се што постои во универзумот, на одреден начин се пресликува и овде. Се може да биде рефлектирано. Тоа е вид на слика, но не е вистинска. На пример, на земјата постојат Америка и Вашингтон. Во рамките на полето на човекот исто така се рефлектираат Америка и Вашингтон, но тие се рефлектирани слики. Сепак, рефлектираните слики се исто така еден вид материјално постоење, тие се резултат на соодветна рефлексија и се менуваат според промените таму. Така, натприродната способност на јасновидство на која се повикуваат некои луѓе претставува гледање на работите во рамките на сопственото димензионално поле. Кога некој човек практикува култивација во Фа надвор од тројниот свет, тој повеќе нема да гледа на овој начин. Тој ќе гледа директно, и тоа се нарекува божествена моќ на Буда Фа. Тоа е нешто што има огромна моќ.

Како функционира натприродната способност на јасновидство во култивацијата на Фа во тројниот свет? Тоа ќе ви го објаснам на сите. Во рамките на ова поле, на челото постои огледало. Огледалото на непрактикантот е свртено кон него, но огледалото на еден практикант се врти. Кога кај еден човек ќе се појави натприродната способност за јасновидство, тоа ќе ротира напред и назад. Познато е дека кај филмовите се прикажуваат 24 слики во секунда со цел да се создаде континуирано движење. Ако се прикажуваат помалку од 24 слики во секунда, сликите ќе прескокнуваат. Огледалото се врти побрзо од 24 пати во секунда, го рефлектира тоа што го прима, и се врти за да ти овозможи да видиш. После тоа повторно се врти, а сликите ќе бидат избришани. Рефлектира и се врти, а потоа ги брише сликите. Вртењето продолжува постојано, така да тоа што го гледаш е во движење. Значи ти овозможува да го видиш тоа што се рефлектира во твоето димензионално поле и тоа одговара на она што се наоѓа во големиот универзум.

Тогаш, како може да се види што има зад некого? Огледалото е толку мало, како може да рефлектира се што се наоѓа околу нечие тело? Знаете дека кога нечие небесно око ќе се отвори над нивото на небесниот вид и наскоро ќе го достигне нивото на видот на мудроста, тогаш тоа наскоро ќе ја надмине нашата димензија. Во овој момент кога пробивот уште не е сосема направен, но наскоро ќе се деси, тогаш ќе се случи една промена на небесното око. Кога ќе

погледне во физичките предмети, сите тие се ичезнати. Луѓето и ѕидовите се исчезнати – се исчезнува. Веќе нема да има никакво материјално постоење. Значи, со подетално разгледување ќе откриеш дека во оваа одредена димензија луѓето исчезнале и дека во подрачјето на твоето димензионално поле постои уште само едно огледало. Но тоа огледало во твоето димензионално поле е големо колку целото твое димензионално поле. Затоа, кога се врти напред и назад, може да ги рефлектира сите работи од секаде. Во рамките на твоето димензионално поле тоа може да ти покаже се, под услов тоа да одговара на она што е во универзумот. Тоа е она што ние го нарекуваме натприродна способност на јасновидство.

Кога научниците, кои го проучуваат човечкото тело ја тестираат оваа натприродна способност, често се случува тие да ја негираат. Причината за негирање е следна. На пример, кога некој човек е прашан за неговиот роднина во Пекинг: „Што прави роднината дома?" и откако ќе се дадат името и општите информации за роднината, човекот ќе може да ја види. Тој ќе опише како изгледа зградата, како да се влезе во куќата и како е опремена просторијата. Тоа што го вели се е точно. Што прави роднината? Тој вели дека роднината пишува нешто. Со цел да го потврдат тоа, тие ќе го повикаат роднината на телефон и ќе го прашаат: „Што правиш сега?" „Сега јадам." Не е ли ова поинаку од она што го видел? Во минатото, ова беше причина да не се признава оваа натприродна способност. Опкружувањето што го видел, сепак не беше воопшто погрешно. Бидејќи нашиот простор и време, кои ние ги нарекуваме „време-простор" има временска разлика од време-просторот на димензијата каде што постои натприродната способност, концептот за време се разликува на двете страни. Таа порано нешто пишуваше, но сега јаде, постои таква временска разлика. Како резултат на тоа, ако оние што го проучуваат човечкото тело извлекуваат дедуктивни хипотези и вршат испитувања врз основа на конвенционалните теории и современата наука, дури и по десет илјади години нивните напори се уште ќе бидат без плод, бидејќи тоа е нешто што ги надминува обичните луѓе. Соодветно на тоа, човештвото треба да го смени својот начин на размислување и повеќе не треба да ги разбира работите на овој начин.

## Натприродна способност на предвидување на судбината

Друга натприродна способност која е директно поврзана со небесното око, се нарекува предвидување на судбината. Во денешно време постојат шест

натприродни способности кои се јавно признати во светот, вклучувајќи ги тука небесното око, јасновидството и предвидувањето на судбината. Што значи предвидување на судбината? Тоа значи дека некој е во состојба да ја раскаже иднината и минатото на друг човек. Со силна способност, некој може да го раскаже подемот и падот на едно општество. Со уште поголема способност, некој може да го види законот за сите космички промени. Ова е натприродна способност на предвидување на судбината. Бидејќи материјата е во движење и следи одреден закон, во посебна димензија, целата материја има своја форма на постоење во многу други димензии. На пример, кога телото на човекот се движи, ќе се движат и клетките во телото, а на микроскопско ниво, исто така ќе се движат сите елементи како што се молекули, протони, електрони и најситните честички. Сепак, тие имаат свои независни форми на постоење, а и формите на телото во другите димензии ќе претрпат промени.

Зарем не зборувавме дека материјата не исчезнува? Во рамките на одредена димензија, она што некој човек го сторил или она што човекот го прави кога ќе замавне со раката, се тоа материјално постои и што и да биде направено, ќе остави слика и порака. Тоа ќе остане засекогаш во друга димензија и никогаш не исчезнува. Кога човекот со натприродни способости ќе види разни слики од минатото кои таму постојат, тој ќе знае што се случило. Откако во иднина ќе имаш натприродна способност на предвидување на судбината, формата на моето денешно предавање се уште ќе постои таму и ќе можеш да ја видиш. Таа веќе постои таму истовремено. Штом човекот се роди, целиот негов живот веќе постои во една специјална димензија, каде што не постои концепт за време, за некои луѓе таму постои дури повеќе од еден живот.

Некои луѓе можеби мислат: „Не значи ли тоа дека нашите сопствени напори да се промениме себеси се непотребни?" Не можат да го прифатат тоа.

Всушност, сопствените напори можат да променат само незначителни работи во животот на човекот. Некои помали работи можат да се сменат малку со сопствени напори, но токму поради вашите напори за промена, може да добиете карма. Во спротивно, прашањето за производство на карма нема да постои, ниту ќе постои прашањето за правење на добри или лоши дела. Кога некој упорно настојува да ги прави работите на овој начин, тој ќе ги искористува другите и ќе направи лоши работи. Поради тоа, во култивацијата постојано се зборува за тоа да се следи текот на природата, бидејќи поради своите напори можеш да им наштетиш на другите. Ако во твојот живот првобитно немало некои работи, а ти си ги добил иако требало да припаднат на некој друг во општеството, тогаш ти му остануваш должен на тој човек.

Што се однесува до поголемите работи, обичниот човек не може воопшто да ги смени. Постои само еден начин за да се направи тоа. Ако овој човек прави само лоши работи, тогаш тој може да го промени својот живот. Сепак, она со што ќе се соочи ќе биде целосно уништување. Од високо ниво, откриваме дека кога некој човек умира, неговата првобитна душа не исчезнува. Зошто првобитната душа не исчезнува? Всушност, ние видовме дека кога еден човек е мртов, неговиот труп во мртовечницата не е ништо друго освен тело изградено од човечки клетки во нашата димензија. Во оваа димензија, различните клеточни ткива на внатрешните органи и сите клетки во целото човечко тело се распаѓаат, додека во другите димензии телата составени од микрочестички помали од молекулите, т.е. атомите, протоните и слично, воопшто не се мртви. Тие постојат во другите димензији и продолжуваат да живеат во тие микроскопски димензии. Оној што направил секаков вид на лоши работи се соочува со тотално распаѓање на сите негови клетки, во будизмот тоа се вика уништување на телото и душата.

Постои уште еден начин за да се смени нечиј живот, што е и единствен начин: тоа значи дека овој човек од сега тргнува по патот на култивацијата. Зошто може да се смени животот кога ќе се тргне по патот на култивацијата? Кој може лесно да смени такво нешто? Откако овој човек ќе помисли да тргне по патот на култивацијата, штом се појави оваа мисла, таа ќе сјае како злато, тресејќи го Светот на десет насоки. Според нејзиното гледање на работите, Буда школата има теорија на десетнасочен свет. Во очите на повисоко битие, животот на човекот не е наменет само за да се биде човек. Ова битие мисли дека нечиј живот е роден во просторот на универзумот и го има истиот квалитет како и универзумот, животот е добронамерен, и составен е од материјата Џен-Шан-Рен. Сепак, во животот исто така се воспоставуваат и социјални односи. За време на социјалните контакти во општеството, некои животи стануваат корумпирани и со тоа паѓаат на пониско ниво. Кога не можат да опстанат на тоа ниво, и пак стануваат уште полоши, тие ќе паднат на уште пониско ниво. Тие постојано паѓаат и паѓаат се додека на крајот не го достигнат ова ниво на секојдневни луѓе.

На ова ниво, овие луѓе би требало да бидат уништени и отстранети. Сепак, големите просветлени битија, поради нивната голема добродушност, создадоа специјален простор, како што е просторот на ова наше човечко општество. Во оваа димензија му се дава ова дополнително човечко, физичко тело и овој дополнителен пар очи кои можат да ги гледаат нештата само во оваа физичка димензија. Тоа значи дека човекот е изгубен во илузија и не му е дозволено да ја види вистината на универзумот, нешто што може да се види во сите други

димензии. Во оваа илузија и во овие услови, на човекот му се дава ваква можност. Бидејќи се наоѓа во илузија, тоа е најболно. Ова тело му е дадено за да страда. Ако човекот сака да се врати од оваа димензија кон своето оригинално потекло, во Тао школата се вели дека тој мора да практикува култивација за да се врати кон своето оригинално, вистинско јас. Ако тој има срце за практикување култивација, тогаш тоа значи дека се појавила неговата Буда природа. Ова срце се смета за најскапоцено, и тогаш нему ќе му се помогне. Под такви тешки околности, овој човек се уште не е изгубен и сака да се врати. Како резултат на тоа, ќе му се помогне, и безусловно ќе му биде подадена рака - нему ќе му се помогне со се. Зошто ова можеме да го направиме за практичар, но не и за обичниот човек? Ова е причината.

Што се однесува до обичниот човек кој сака да лекува болести, ние никако не можеме да му помогнеме. Обичниот човек е само обичен човек. Секојдневните луѓе треба да бидат во согласност со состојбата на обичното човечко општество. Многу луѓе велат дека Буда нуди спасение за сите живи суштества и дека во Буда школата се учи за спасение на сите живи суштества.

Дозволете ми да ви кажам дека можете да ги прегледате сите будистички списи и во ниеден од нив нема да најдете дека лекувањето болести на обичните луѓе е нудење спасение на сите живи суштества. Последниве години, токму тие лажни чигонг мајстори ја направија оваа збрка. Оние вистински чигонг мајстори кои го трасираа патот, воопшто не ти рекле да лекуваш болести на други луѓе. Тие те учеле само како сам да практикуваш, да ги лекуваш своите болести и да бидеш во добра форма. Ти си обичен човек, како мислиш да ги лекуваш другите после само два дена учење? Зарем тоа не е мамење на другите? Зарем тоа не ја поттикнува твојата приврзаност? Тоа е потрага по слава, лична добивка и нешто натприродно, за да можеш да се истакнеш меѓу обичните луѓе! Тоа е апсолутно забрането. Затоа, колку повеќе луѓето се обидуваат да добијат нешто, толку потешко ќе го добијат. Не ви е дозволено да го правите тоа, ниту пак е дозволено на овој начин туку така да ја пореметите состојбата на обичното човечко општество.

Во овој универзум постои таков принцип по кој кога ќе посакаш да се вратиш кон своето оригинално вистинско јас, другите ќе ти помогнат. Тие мислат дека човечкиот живот треба да се врати таму од каде што доаѓа, а не да остане меѓу обичните луѓе. Ако на некој човек му биде дозволено да нема болест и удобно да живее, тој нема да биде заинтересиран да стане бесмртен - дури и ако го бараат тоа од него. Колку би било прекрасно кога некој нема никакви болести или тешкотии и има се што сака! Тоа навистина би бил свет на бесмртници. Но

паднавте на ова ниво затоа што сте станале расипани, така што нема да ви биде пријатно. Во заблуда, човекот лесно може да направи лошо дело, а будизмот тоа го нарекува кармичка одмазда. Затоа, кога некои луѓе имаат неволји или несреќи, тие ја отплатуваат својата карма во согласност со кармичката одмазда. Во будизмот исто така се вели дека Будите се насекаде присутни. Ако Буда замавне со раката, сите болести на целото човештво би биле збришани, тоа е сосема возможно. Со толку многу Буди околу нас, зошто никој не го сторил тоа? Човекот ги трпи овие тешкотии затоа што погрешил нешто во минатото. Ако му ја излечиш болеста, тоа ќе значи дека го нарушуваш принципот на универзумот, и ќе значи дека некој може да прави погрешни работи и да должи нешто на некого, без да мора да плати за тоа. Тоа не е дозволено. Затоа, сите ја чуваат состојбата на обичното човечко општество и никој не сака да ја наруши. Практикување култивација е единствениот начин вистински да се ослободите од болестите и да ја постигнете целта да бидете вистински слободни! Само кога луѓето практикуваат исправен Фа, тоа може да им донесе вистинско спасение на сите суштества.

Зошто многу чигонг мајстори можат да лекуваат болести? Зошто зборуваат за лекување на болести? Некои луѓе можеби размислувале за овие прашања. Поголемиот дел од овие чигонг мајстори не се од исправните практики. Дозволено е додека вистинскиот чигонг мајстор се култивира и открие дека сите живи суштества страдаат, да може да помогне некому поради сочувство и емпатија. Но тој сепак не може целосно да ги излекува болестите, тој може само привремено да ги потисне или одложи. Сега немаш болест, но подоцна ќе ја добиеш, бидејќи тој само ја одложил твојата болест за подоцна. Тој може да ја префрли на друго место или на телата на членовите на твојата фамилија. Но тој не може целосно да ја отстрани твојата карма. Не е дозволено тоа туку така да се направи за еден обичен човек, тоа може да се направи само за култиваторите. Ова е тој принцип.

Во Буда школата под „спасување на сите живи суштества" се подразбира да ве избавиме од најтешката состојба на обичните луѓе и да ве однесеме на повисоки нивоа. Повеќе нема да страдате и ќе бидете ослободени - тоа е значењето на овие зборови. Зарем Шакјамуни не зборуваше за заминувањето во задгробниот живот преку нирваната? Тоа е вистинското значење на спасението на сите суштества. Ако живееш удобно меѓу секојдневните луѓе, со многу пари, и ако твојот кревет е преполн со банкноти, и немаш никакви страдања, тогаш нема да сакаш да станеш бесмртен дури и кога би те молеле.

Затоа што си култиватор, твојот животен пат може да биде сменет. Само со култивација, може да се промени твојот живот.

Начинот на кој функционира натприродната способност на предвидување на судбината е сличен на тоа како да се има мал телевизиски екран на челото. Некои луѓе го имаат на челото, некои луѓе го имаат близу до челото. Некои го имаат внатре во челото. Некои луѓе можат да ги гледаат работите со затворени очи. Ако способноста е силна, работите може да се гледаат и со отворени очи. Сепак, другите не можат да ги видат, бидејќи тоа е нешто што се наоѓа во рамките на нечие димензионално поле. Со други зборови, откако ќе се развие оваа натприродна способност, мора да постои друга што служи како носач за да ги рефлектира сцените од другите димензии. Поради тоа, може да се гледа со ова небесно око. Иднината и минатото на човекот може да се видат многу точно. Без разлика на тоа колку добро функционира прорекувањето, сепак со него не може ништо да се каже за помалите настани и нивните детали. Сепак, овој човек може многу јасно да ги гледа работите, вклучувајќи го тука и времето кога се случува тоа. Деталите за промените се видливи бидејќи тоа што некој го гледа е вистински одраз на луѓето и предметите од различните димензии.

Небесното око ќе им биде отворено на сите што практикуваат Фалун Дафа. Но натприродните способности за кои зборувавме подоцна, нема да ви бидат дадени. Со постојаното надградување на вашето ниво, натприродната способност за предвидување на судбината природно ќе се појави. Ова сценарио ќе се појави во вашата идна култивациска практика и вие ќе знаете што се случува кога оваа способност ќе се развие. Затоа ви ги објаснивме овие Фа принципи.

## Надминување на петте елементи и трите сфери

Што значи „надминување на петте елементи и трите сфери”? Тоа е многу осетливо прашање. Порано многу чигонг мајстори зборуваа за ова прашање и наидоа на остри критики од оние кои не веруваат во чигонгот: „Кој од вас чигонг практиканти ги надминал петте елементи и не е во рамките на трите сфери?” Некои луѓе не се чигонг мајстори, сепак се етикетираат како чигонг мајстори. Ако тоа не им е јасно, тогаш треба да молчат. Сепак тие се уште се осмелуваат да зборуваат за тоа, и затоа другите луѓе потоа им ја затвориле устата. Ова направи голема штета во заедницата на култиватори предизвикувајќи огромен хаос. Некои луѓе ја користат можноста да го нападнат чигонгот. Надминување на петте

елементи и трите сфери е поговорка во заедницата на култиватори. Таа има корени во религијата и потекнува од религијата. Затоа не можеме да го објасниме ова прашање без да ја земеме во предвид историската позадина и околностите во тоа време.

Што значи „надминување на петте елементи”? И старата кинеска физика и модерната физика ја сметаат кинеската теорија за петте елементи како точна. Вистина е дека петте елементи, метал, дрво, вода, оган и земја, се елементи кои формираат се во нашиот универзум. Затоа ние зборуваме за теоријата на петте елементи. Ако за некој човек се вели дека ги надминал петте елементи, на современиот јазик тоа значи дека тој излегол од овој наш физички свет. Тоа навистина звучи неверојатно. Размислете сите за ова прашање: чигонг мајсторот има гонг. Јас учествував во експеримент во кој учествуваа и многу други чигонг мајстори за да им се измери енергијата. Материјалните елементи во гонгот можат да бидат откриени со многу денешни апарати. Затоа може да се каже дека ако постои соодветен апарат, може да се откријат елементите што ги емитира чигонг мајсторот како и постоењето на неговиот гонг. Современите апарати можат да откријат инфрацрвени зраци, ултравиолетови зраци, ултразвучни бранови, инфразвучни бранови, електрична енергија, магнетна сила, гама зраци, атоми и неутрони. Чигонг мајсторот ги поседува сите овие супстанци, а постојат и некои други супстанци кои ги емитираат чигонг мајсторите, а кои не можат да се детектираат бидејќи не постои соодветен апарат. Но со постоење на таков апарат, се може да биде откриено. Откриено е дека материјата која ја емитираат чигонг мајсторите е исклучително обилна.

Под специјалното дејство на магнетното поле, чигонг мајсторот може да емитува моќна и многу убава аура. Колку е поголема моќта на гонгот, толку е поголемо генерираното енергетско поле. И обичниот човек има аура, но таа е многу мала и слаба. При испитувањето од областа на високоенергетската физика, луѓето веруваат дека енергијата е формирана од честички како што се неутроните и атомите. Многу чигонг мајстори, вклучувајќи ги и добро познатите, беа тестирани. И јас сум тестиран, и откриеното зрачење на генерираните гама зраци и термалните неутрони беше 80 до 170 пати поголемо од нормалната материја. Во тој момент, индикаторот на апаратот за тестирање ја достигна границата, бидејќи неговата игла застана на крајната точка. На крајот, апаратот не можеше да каже точно уште колку повеќе енергија имав. Едноставно е незамисливо дека некој човек може да има толку моќни неутрони! Како некој може да генерира толку моќни неутрони? Ова исто така докажува дека ние

чигонг мајсторите имаме гонг, значи дека имаме енергија. Ова е потврдено и од научната и од технолошката заедница.

За да се надминат петте елементи, потребно е практикување на култивација на умот и на телото. Ако некоја практика не го култивира умот и телото на еден човек, и го подобрува само гонгот што го одредува нивото, без да го култивира телото, тогаш таа не се занимава со ова прашање и не бара надминување на петте елементи. Култивациската практика на умот и телото складира енергија во сите клетки на телото. Просечните практичари, или оние кои само што почнале да развиваат гонг, генерираат многу груби зрна на енергија со празнини меѓу нив и со мала густина. Затоа, тие имаат мала моќ. Кога нечие ниво станува повисоко, можно е густината на неговата енергија да стане сто пати, илјада пати, или сто милиони пати поголема од онаа на обичните молекули на водата. Колку е повисоко нивото, и енергијата ќе биде погуста, со поситни зрна и помоќна. Под овие околности, енергијата се складира во секоја клетка на телото. Таквата енергија не се складира само во секоја клетка на телото во оваа материјална димензија, но исто така, таа ги исполнува молекулите, атомите, протоните и електроните на сите тела во другите димензии, се додека не достигне до најмикроскопските клетки. Како минува времето, целото тело на човекот ќе биде исполнето со ваква високоенергетска материја.

Оваа високоенергетска материја има интелигенција и многу е способна. Штом се зголеми и стане погуста, ќе ги исполни сите клетки во човечкото тело, и ќе ги блокира човечките физички клетки, кои се најнеспособни. Штом ќе се блокираат клетките, тие повеќе нема да имаат метаболизам. На крајот, човечките физички клетки ќе бидат целосно замененети. Се разбира, лесно е да го кажам тоа. Но за да се дојде до оваа точка во култивацијата ќе биде потребен постепен и бавен процес. Кога твојата култивација ќе ја достигне оваа точка, високо енергетската материја ќе ги замени сите клетки во твоето тело. Размисли за тоа: дали твоето тело и понатаму е составено од петте елементи? Дали тоа е се уште материја од оваа наша димензија? Тоа веќе се состои од високоенергетска материја донесена од другите димензии. Елементот де е исто така материја што постои во друга димензија. Тој не е ограничен со ова временско поле во нашата димензија.

Современата наука тврди дека времето има поле. Ако нешто не е во подрачјето на временското поле, тогаш тоа не е ограничено од времето. Во другите димензии концептите за време – простор се различни од нашите концепти овде. Како може времето тука да ја регулира материјата од другите димензии? Тоа нема да направи такво нешто. Размислете сите за тоа: Дали

дотогаш нема да ги надминеш петте елементи? Дали твоето тело и понатаму е тело на обичен човек? Тоа воопшто не е така, но обичните луѓе не можат да ја забележат разликата. Иако нечие тело се променило до овој степен, тоа се уште не е крај на неговата култивација. Тој мора да продолжи да се пробива на уште повисоки нивоа во култивацијата. Затоа, тој мора да продолжи со култивирање меѓу обичните луѓе и нема да функционира ако луѓето не можат да го видат овој човек.

Што ќе се случи подоцна? Иако за време на култивацијата сите клетки на овој човек на молекуларно ниво се заменети со високоенергетска материја, атомите се уште имаат одреден редослед во својот распоред, а не се променил ни редоследот на молекуларните комбинации и атомските конфигурации. Молекуларните комбинации на клетките се во таква состојба, така што се чувствуваат меки на допир. Молекуларните комбинации на коските имаат голема густина и затоа коските се тврди на допир. Густината на молекулите на крвта е многу мала, па затоа крвта е течна. Обичниот човек не може да ги забележи промените кај тебе по твојот надворешен изглед бидејќи молекулите на твоите клетки се уште ја задржуваат својата оригинална структура и комбинација, нивната структура не се менува. Сепак, внатрешната енергија се променила. Затоа, од овој момент овој човек нема да старее на природен начин, и неговите клетки нема да умираат. Поради тоа, тој ќе остане млад и понатаму. За време на култивацијата ќе добие младешки изглед и на крај ќе остане таков.

Се разбира дека е можно неговите коски да се скршат ако во него удри автомобил. Кога ќе се пресече со нож, човекот се уште ќе крвари бидејќи не се променети молекуларните комбинации. Но клетките нема да изумираат или да стареат на природен начин. Повеќе нема метаболизам. Ова е тоа што ние го нарекуваме „надминување на петте елементи". За какво суеверие може да станува збор? Тоа може дури и да се објасни со помош на науката. Некои луѓе не можат да го објаснат тоа, па затоа прават невнимателни забелешки. Други пак ќе речат дека тие промовираат суеверие. Оваа изјава доаѓа од религијата и не е израз од нашиот модерен чигонг.

Што значи „надминување на Трите сфери?" Пред некој ден спомнав дека клучот за зголемување на гонгот лежи во нашето култивирање на шиншингот и изедначувањето со карактеристиката на универзумот. Тогаш, карактеристиката на универзумот повеќе нема да те ограничува. Откако ќе го надградиш шиншингот, елементот де ќе се трансформира во гонг кој постојано ќе расте нагоре и кога ќе дојде на високо ниво ќе се формира гонг колона. Колку и да е

висока таа колона, толку е високо и нивото на твојата енергија. Постои оваа изрека: „Големиот Фа е безграничен”. Култивацијата зависи целосно од твоето срце. До кое ниво ќе достигнеш во култивацијата зависи целосно од твојата издржливост и твојата способност да поднесуваш тешкотии. Кога ќе ја потрошиш твојата бела материја, твојата црна материја низ поднесување на тешкотии може да се претвори во бела материја. Ако тоа се уште не е доволно, можеш да ги поднесеш гревовите на твоите пријатели или роднини кои не се култивираат, и на тој начин, сепак, можеш да го зголемиш гонгот. За ова треба да се достигне многу високо ниво во култивациската практика, просечен култиватор не треба ни да размислува за тоа да ги поднесува гревовите на роднините. Со толку голема количина на карма, просечниот човек не може да успее во култивацијата. Овде ги објаснувам принципите на различните нивоа.

Трите сфери кои се спомнуваат во религиите се однесуваат на деветте небесни нивоа или на триесет и трите небесни нивоа, со други зборови, се однесуваат на небото, земјата и подземниот свет, вклучувајќи ги сите суштества кои живеат во трите сфери. Постои верување дека сите суштества во рамките на триесет и трите небесни нивоа минуваат низ циклус на реинкарнација – самсара. „Самсара” значи дека некој е човек во овој живот, но во следниот живот можеби ќе биде животно. Во будизмот се вели: „Треба добро да се искористи ограниченото време во овој живот. Ако не се култивираш сега, кога ќе се култивираш?” Ова е затоа што на животните не им е дозволено да се култивираат и не смеат да слушаат Фа. Дури и ако се култивираат, тие не можат да достигнат вистинско постигнување во култивацијата. Ако гонгот им достигне високо ниво, ќе бидат убиени од небото. Можеби нема да добиеш човечко тело ни за неколку стотици години, можеби ќе го добиеш дури за илјада години. Иако си добил човечко тело, ти не знаеш ни како да го цениш. Ако се реинкарнираш како камен, нема да можеш да излезеш од него ни за десет илјади години. Ако тоа парче камен не биде разбиено или искршено, никогаш нема да можеш да излезеш. Да се добие човечко тело е толку тешко! Ако некој човек навистина може да добие Дафа, тогаш овој човек е најсреќен. Тешко е да се добие човечко тело – тоа е значењето на ова.

Во култивациската практика ние се занимаваме со прашањето на нивоата, и тоа целосно зависи од твоето сопствено култивирање. Ако сакаш да ги надминеш трите сфери и ако твојата гонг колона е култивирана на многу високо ниво, зар тогаш не си над трите сфери? Кога нечија првобитна душа го напушта телото за време на седечката медитација, таа може веднаш да достигне многу високо ниво. Еден практикант напишал во својот извештај за искуството:

„Учителе, јас достигнав толку и толку нивоа на небото и видов некои сцени”. Му реков да се качува понатаму. Тој рече: „Не можам да го сторам тоа. Не се осмелувам да се качувам повеќе, и не можам да се искачам понатаму.” Зошто? Затоа што неговата гонг колона е само на таа височина и тој стигнал до таму седејќи на својата гонг колона. Тоа е статусот на постигнување на култивацијата што се спомнува во будизмот, и неговата култивација го достигнала тој статус. Сепак, за еден практикант, тоа се уште не значи дека го достигнал врвот на статусот на постигнување. Тој постојано се подига нагоре, и постојано се надградува. Ако твојата гонг колона достигне над границата на трите сфери, зарем тогаш не си над трите сфери. Истражувавме и откривме дека трите сфери кои се спомнуваат во религиите се наоѓаат само во подрачјето на деветте главни планети. Некои луѓе зборуваат за десет главни планети. Јас би рекол дека тоа воопшто не е точно. Открив дека некои од тие чигонг мајстори во минатото имале многу висока гонг колона што достигнала подалеку од Млечниот пат, што значи дека тие надминале далеку над трите сфери. Штотуку зборував за надминувањето на трите сфери. Тоа е всушност прашањето за нивоата.

## Прашање за стремење

Многу луѓе на нашите места за практикување доаѓаат со приврзаност кон стремење. Некои луѓе сакаат да добијат натприродни способности, некои сакаат да слушаат некои теории, некои сакаат да бидат излекувани, некои дури имаат намера да добијат фалун. Постојат секакви менталитети. Сепак, други велат: „Еден член на моето семејство не може да присуствува на предавањето. Јас ќе платам школарина, ве молам, дајте му фалун.” Нас ни требаа многу генерации, исклучително долг временски период, и огромен број на години за да го формираме овој фалун. Како можеш да купиш фалун со неколку десетици јуани? Зошто можеме на сите да ви го дадеме безусловно? Тоа е затоа што сакате да бидете практиканти. Такво срце не може да се купи со никакви пари. Само кога ќе се појави твојата Буда природа, можеме да го направиме тоа на овој начин.

Ти се држиш за приврзаноста кон стремење. Дали дојде овде само поради тоа? Мојот фашен во друга димензија знае точно се што ти паѓа на памет. Бидејќи концептите на двата временски простори се разликуваат, во друга димензија, формирањето на твоите мисли е многу бавен процес. Тој ќе знае се дури и пред да помислиш на тоа. Затоа треба да се откажеш од сите твои неисправни мисли. Буда школата верува во предодредена врска. Секој што дошол овде, дошол поради предодредена врска. Ако го добиеш, можеби

требало да го добиеш. Затоа треба да го цениш, и да не бидеш приврзан за никакви стремежи.

Во религиозните култивациски практики во минатото, во Буда школата се зборувало за празнината. Да не се размислува за ништо и да се влезе во празнината. Во Тао школата се зборувало за ништожност, бидејќи ништо не постои. Ништо да не се посакува, кон ништо да не се стреми. Практичарот верува дека треба да се фокусира само на практикувањето, без да мисли за добивање на гонг. Во текот на култивацијата и практикувањето треба да бидете без намери. Се додека се фокусирате на култивирање на вашиот шиншинг, ќе постигнувате значајни достигнувања во вашето ниво, и со сигурност ќе го добиете она што го заслужувате. Кога не можете да се откажете од нешто, зарем тоа не е приврзаност? Ние одеднаш ве учиме Фа на толку високо ниво, така што и условот за вашиот шиншинг, се разбира, мора да има висок стандард. Затоа не треба да доаѓате да учите Фа со цел да добиете нешто.

За да бидеме одговорни кон сите, ние ве водиме по вистинскиот пат и мораме темелно да ви го објасниме овој Фа. Ако некој се стреми кон небесното око, тоа само од себе ќе се блокира и ќе се запечати. Покрај тоа, на сите им кажувам дека сите натприродни способности кои се развиваат за време на култивациската практика на „Фа во тројниот свет" се оригинални, вродени способности на ова физичкото тело. Во денешно време ги нарекуваме натприродни способности. Тие можат да функционираат само во оваа наша димензија и можат да влијаат само на обичните луѓе. За што ти требаат овие ситни трикови? Ти се стремиш кон ова и она, но, откако ќе го надминеш „Фа во тројниот свет", тие нема да функционираат во другите димензии. Кога ќе стигнеш до култивацијата на „Фа надвор од тројниот свет", сите овие натприродни способности мораат да бидат отфрлени и притиснати во една многу длабока димензија и таму ќе бидат зачувани. Во иднина, ќе служат само како запис за твојата култивациска практика, и ќе можат да ја имаат само оваа мала употреба.

По достигнувањето на култивацијата на „Фа надвор од тројниот свет", култивацијата ќе мора одново да се започне. Тоа тело е тело што ги надминало петте елементи, како што спомнав пред малку. Тоа е Буда тело. Зарем тој вид на тело не треба да се нарекува Буда тело? Ова Буда тело мора да се култивира одново од самиот почеток и исто така повторно да ги развива натприродните способности. Но тие повеќе не се нарекуваат „натприродни способности", тие сега се викаат „божествени моќи на Буда Фа". Тие се безгранично моќни и можат да дејствуваат во различни димензии, и многу се ефикасни. Која е користа од

твоето стремење кон натприродни способности? Што се однесува до сите оние кои бараат натприродни способности, зарем не планирате да ги користите и да ги покажувате меѓу обичните луѓе? Инаку, за што би ви требале? Тие се невидливи и нематеријални. Дури и ако ти требаат како украс, зошто не најдеш нешто што изгледа убаво? Гарантирано е дека потсвесно имаш намера да ги користиш. Тие не можат да се посакуваат како обични човечки вештини. Тие се нешто сосема несекојдневно и забрането е да ги покажуваш меѓу обичните луѓе. Покажувањето само по себе е многу силна приврзаност и многу лоша приврзаност од која практичарот мора да се откаже. Ако сакаш да заработиш пари и богатство со нивна помош или ако сакаш да ги постигнеш своите лични цели меѓу обичните луѓе, тогаш тоа е забрането. На тој начин работите од повисоко ниво би се користеле да се наруши и поткопа обичното човечко општество. Таа мисла е уште полоша. Затоа, не ви е дозволено да ги користите по своја волја.

Обично, натприродните способности почесто се развиваат кај две групи на луѓе: кај децата и кај постарите луѓе. Особено кај повозрасните жени, бидејќи тие обично можат добро да го контролираат својот шиншинг и немаат многу приврзаности меѓу обичните луѓе. Откако ќе се развијат нивните натприродни способности, тие можат лесно да се контролираат без да имаат желба да ги покажуваат. Зошто е тешко за младите да развијат натприродни способности? Особено, еден млад човек се уште се стреми да постигне некои цели во обичното човечко општество! Штом има натприродни способности тој ќе ги искористи за да ги постигне своите цели. Нивно користење како средство за реализација на сопствените цели е апсолутно забрането, затоа тој не може да развие натприродни способности.

Култивацијата не е детска игра, ниту е техника на обичните луѓе – но е многу сериозна работа. Дали сакаш да се култивираш и дали си способен да практикуваш култивација, целосно зависи од тоа како го поправаш својот шиншинг. Навистина би било страшно кога некој би можел да добие натприродни способности со стремење кон нив. Тогаш ќе откриете дека тој повеќе не се грижи за култивацијата и воопшто не размислува за ова прашање. Бидејќи неговиот шиншинг е на ниво на обичните луѓе и неговите натприродни способности се добиени со стремење, тој може да направи секакви лоши работи. Во банките има многу пари и би можел да земе дел од нив. На улица се продаваат многу лозови за лотарија и тој би ја добил првата награда. Зошто не се случуваат овие работи? Некои чигонг мајстори велат: Ако се нема доблест, лесно може да се прават лоши работи откако ќе се добијат натприродни

способности. Јас ви велам дека оваа изјава е погрешна – тоа воопшто не е така. Ако не ги цениш доблестите или не го култивираш својот шиншинг, воопшто нема да развиеш натприродни способности. Има луѓе кои имаат добар шиншинг и на своето ниво развиле натприродни способности. Подоцна тие не можеле добро да се однесуваат и направиле работи што не смееле да ги направат. Постои исто така и оваа ситуација. Сепак, штом некој направи нешто лошо, неговите натприродни способности ќе бидат ослабени или ќе се изгубат. А штом ги снема, тие се засекогаш изгубени. Што е најлошо, тие придонесуваат да се развие приврзаност.

Еден чигонг мајстор тврди дека ако некој човек ја учи неговата практика три или пет дена, тогаш овој човек ќе може да лекува болести. Тоа е како реклама и тој треба да се нарече чигонг трговец. Размислете сите за тоа: како обичен човек, дали би можел да ги лекуваш болестите на другите луѓе само со тоа што ќе емитираш малку чи? Обичните луѓе имаат чи во своето тело исто како и ти. Ти штотуку си почнал да вежбаш и тоа е само така дека твојата лаогонг точка е отворена, за да можеш да примаш и да испраќаш чи. Кога ги лекуваш болестите на другите луѓе, тие исто така имаат чи во своите тела. Можеби нивниот чи ќе ги излекува твоите болести! Како еден чи може да доминира над друг чи? Чи воопшто не може да лекува болест. Покрај тоа, кога лекуваш пациент, ти и твојот пациент формирате едно поле преку кое целиот патогениот чи на пациентот ќе се префрли на твоето тело. Ќе ја имаш истата количина како и пациентот, иако коренот е во телото на пациентот. Преголема количина на патоген чи може да предизвика заболување и кај тебе. Откако ќе помислиш дека можеш да лекуваш болести, ќе започнеш да примаш пациенти. Кој и да дојде нема да го одбиеш и ќе развиеш приврзаност. Колку си среќен кога можеш да ги лекуваш туѓите болести! Зошто можеш да ги лекуваш? Дали си размислувал за тоа? Сите лажни чигонг мајстори имаат опседнатости со духови или животни на нивните тела. За да те натераат да им веруваш ќе ти дадат некои пораки кои ќе се потрошат откако ќе излекуваш три, пет, осум или десет пациенти. Тоа е еден вид потрошувачка на енергија, и потоа повеќе нема да постои таа мала количина на енергија. Ти самиот немаш гонг, па од каде би можел да го добиеш? Ние, чигонг мајсторите практикувавме култивација неколку десетици години. Во минатото беше многу тешко да се практикува култивација. Практикувањето култивација е многу тешко ако некој тргне по погрешна патека или по мал пат, наместо да го следи исправниот пат.

Иако можеш да откриеш дека некои чигонг мајстори се добро познати, тие со децении се култивирале за да развијат малку гонг. Ти никогаш не си

практикувал култивација. Како можеш да добиеш гонг откако си присуствувал на еден чигонг курс? Како е можно тоа! Од тој момент кај тебе ќе се развие приврзаност. Штом се развие приврзаност, ќе се вознемириш кога нема да можеш да лекуваш некоја болест. Што мисли некој за да го сочува својот углед, додека лекува некоја болест? „Дај јас да ја добијам болеста, за да може пациентот да биде излекуван". Тоа не е од сочувство, бидејќи тој воопшто не се откажал од приврзаноста кон слава и личен интерес. Овој човек ни малку не е во состојба да развие сочувство. Тој се плаши да не ја изгуби својата репутација. Тој дури би сакал и самиот да се разболи, само за да ја задржи својата репутација. Колку е силна неговата приврзаност кон славата! Штом ја испратил оваа желба, тогаш добро, болеста одеднаш се префрла на неговото тело – навистина ќе се случи тоа. Додека пациентот е излекуван, тој оди дома со болест. Откако излекувал некого, тој сам дома ќе страда. Тој смета дека излечил некоја болест. Кога другите го нарекуваат чигонг мајстор, тој ќе стане воодушевен и задоволен. Зарем тоа не е приврзаност? Кога не може да ја излечи болеста, тој ја спушта главата и очаен е. Зарем тоа не е предизвикано од неговата приврзаност кон слава и лична добивка? Покрај тоа, целиот патоген чи од неговите пациенти преминува на неговото тело. Иако лажните чигонг мајстори го учеле како да го отстрани од своето тело, јас ти велам дека тој воопшто не може да го отстрани, дури ни малку, бидејќи тој самиот нема способност да разликува лош чи од добар чи. Како минува времето, неговото тело ќе биде темно од внатре а тоа е карма.

Кога навистина сакаш да практикуваш култивација, тоа ќе биде многу тешко искушение. Што ќе направиш во врска со тоа? Колку треба да страдаш за да ја трансформираш кармата во бела материја? Многу е тешко. Особено, колку е подобар вродениот квалитет, толку полесно е да се соочиш со ова прашање. Некои луѓе постојано сакаат да лекуваат болести. Ако имаш таква желба, некое животно ќе го види тоа и ќе дојде да завладее со тебе. Ова е опседнатост со животни или духови. Не сакаше ли да лекуваш? Тоа ќе ти помогне да го направиш ова. Но, тоа нема да ти помогне да третираш некоја болест туку така. Без загуба нема добивка. Тоа е многу опасно, и на крајот ќе го поканиш. Како можеш да продолжиш со практикување култивација? Се ќе биде завршено.

Некои луѓе со добар вроден квалитет го разменуваат својот вроден квалитет со другите за нивната карма. Тој човек е болен и има многу карма. Ако си лекувал пациент кој има сериозно заболување, по третманот, дома ќе се чувствуваш многу непријатно. Многу луѓе кои порано лекувале пациенти се чувствувале така. Пациентот се оправува, но ти дома си многу болен. Како

минува времето ќе има се повеќе карма префрлена на тебе, а ти својот де го даваш на другите во замена за нивната карма. Без загуба нема добивка. Иако тоа што го добиваш е болест, кармата мора да се плати со де. Во овој универзум постои принцип по кој никој нема да те спречи се додека ова е она што го сакаш, и никој нема да каже дека си добар. Универзумот има специфично правило, имено, кој има повеќе карма тој е лош човек. Ти го даваш својот вроден квалитет на друг човек во замена за неговата карма. Како ќе се култивираш со многу карма? Твојот вроден квалитет ќе биде потполно уништен од тој човек. Зарем тоа не е страшно? Болеста на тој човек исчезнала, и тој сега се чувствува пријатно, а ти дома страдаш. Ако излекуваш неколку пациенти болни од рак, ќе мораш да го завземеш нивното место. Зарем ова не е опасно? Тоа е така, иако многу луѓе не ја знаат вистината.

Немојте да влијае на вас тоа колку се познати некои лажни чигонг мајстори. Тоа што некој е добро познат, не мора да значи дека тој добро ги знае работите. Што знаат обичните луѓе? Кога многу луѓе се воодушевени со нешто, тие тоа го прифаќаат. Ти гледаш дека тие во овој момент ги прават тие работи, но тие не им штетат само на другите, но и на себеси. За една или две години, ќе видите што ќе се случи со нив. Култивацијата не може да се поткопува на овој начин. Иако со култивација можат да се лекуваат болести, таа не е наменета за лекување. Таа е нешто натприродно, и не е техника на обичните луѓе. Апсолутно е забрането да ја поткопуваш по своја волја. Во денешно време, некои чигонг мајстори кои се измамници ги направија работите хаотични, и тие го користат чигонгот како средство за добивање на слава или богатство. Тие се секти кои го шират своето лошо влијание, а по бројност повеќекратно ги надминуваат вистинските чигонг мајстори. Сите обични луѓе зборуваат и прават работи на овој начин, а вие едноставно им верувате? Можеби мислите дека чигонгот е токму таков, но не е. Ова за што ви зборувам е вистински принцип.

Во различните интеракции меѓу обичните луѓе во општеството, заради сопствена корист луѓето прават лоши работи, задолжувајќи се кај другите. За да ги отплати долговите човекот мора да страда. Да речеме дека лекуваш болести по сопствена желба. Како може да ти се дозволи навистина да лекуваш болести? Будите ги има насекаде. Штом ги има толку многу, зошто тие не го прават тоа? Колку би било убаво кога еден Буда би направил да им биде удобно на сите луѓе! Зошто тогаш не го направи тоа? Секој мора да ја отплати својата сопствена карма, и никој не се осмелува да го наруши овој принцип. Во текот на култивацијата, еден практичар може понекогаш, поради сочувство да помогне на друг човек, но сепак со тоа само ќе ја одложи болеста. Ако не страдаш сега,

ќе страдаш подоцна. Исто така, некој може да ја трансформира, така што наместо да се разболиш, може да изгубиш пари, или да имаш неволја. И ова е можно. Но навистина да се елиминира кармата на еден човек одеднаш, тоа може да се направи само за практичари, а не за обичните луѓе. Овде не ве учам само за принципите на мојата практика. Јас ви зборувам за принципите на целиот универзум, расправајќи за вистинските факти во заедницата на култиватори.

Тука не ве учиме да лекувате болести. Ние ве водиме по еден голем пат, исправен пат, ние ве воздигнуваме. Затоа, во моите предавања секогаш нагласувам дека практикантите на Фалун Дафа не смеат да лекуваат болести. Ако лекуваш болести, не си практикант на Фалун Дафа. Бидејќи те водиме на исправен пат, за време на култивациската практика на „Фа во тројниот свет" постојано ќе се прочистува твоето тело се додека целосно не се трансформира од високо енергетската материја. Како можеш да се култивираш ако и понатаму ги собираш тие црни работи во своето тело? Тие работи се карма! Ти воопшто нема да можеш да се култивираш. Со толку многу карма, нема да можеш тоа да го поднесеш. Ако премногу страдаш, нема да можеш да се култивираш. Ова е причината. Јас јавно го проширив овој Дафа, а ти можеби сеуште не знаеш што јас предавав. Бидејќи овој Дафа може да биде објавен во јавноста, постојат начини и да биде заштитен. Ако лекуваш туѓи болести, мојот фашен ќе земе назад се што му беше дадено на твоето тело заради култивацијата. Не можеме да дозволиме поради слава и лична корист, по волја да уништиш нешто толку вредно. Ако не ги следиш барањата на Дафа, ти не си практикант на Фалун Дафа. Бидејќи сакаш да бидеш обичен човек, твоето тело ќе ти биде вратено на ниво на обичните луѓе, а и лошите работи ќе ти бидат вратени.

После моето вчерашно предавање, многумина од вас чувствуваа дека целото тело им е лесно. Меѓутоа, многу малку луѓе со сериозни болести веќе отидоа чекор понатаму и од вчера почнаа да се чувствуваат непријатно. Откако вчера ги отстранив лошите работи од вашите тела, повеќето од вас чувствуваа дека целото тело им е лесно и многу удобно. Но во нашиот универзум постои принцип: „без загуба нема добивка." Не можеме се да отстраниме за вас. Апсолутно е забрането сами да не претрпите никакви страдања. Тоа значи дека ние ги отстранивме основните причини за твоите болести и твоето лошо здравје. Но ти се уште имаш поле на болеста. Човекот чие небесно око е отворено на многу ниско ниво може да види гроздови од црн чи и матен патоген чи во вашето тело, што е исто така една згусната маса црн чи со голема густина. Штом се распрсне, ќе се прошири по целото тело.

Од денес па натаму, некои ќе чувствуваат студенило по целото тело, како да имаат јака настинка, а може да се јави и болка во коските. Повеќето од вас ќе чувствуваат некаква непријатност во некој дел од телото. Може да ве болат нозете, или да имате вртоглавица. Ти можеби веруваш дека местото во телото, каде што порано си имал болест, е излекувано со помош на чигонг вежби или од некој чигонг мајстор, но таму болеста повторно се повратила. Ова е затоа што тој чигонг мајстор воопшто не ја излекувал твојата болест, тој само ја одложил за подоцна. Таа се уште беше таму и секако би се појавила ако не во тој момент, тогаш подоцна. Ние мораме да ја ископаме и целосно да ја елиминираме од корен. Затоа може да почувствувате дека се повратиле вашите болести. Ова е за целосно да се отстрани вашата карма. Затоа, ќе имате реакции. Некои луѓе може да имаат физички реакции некаде по телото. Некои ќе се чувствуваат непријатно на овој или на оној начин, бидејќи ќе се манифестираат различни видови на непријатност. Се ова е нормално. На сите им велам дека колку и да се чувствувате непријатно, ќе мора да продолжите да доаѓате на часовите. Штом зачекорите во оваа просторија, сите ваши симптоми ќе исчезнат и нема да има никаква опасност. Ова мора да ви биде јасно: Колку и да страдате од „болести", се надевам дека ќе продолжите да доаѓате, бидејќи да се добие Фа е многу тешко. Кога ќе се чувствуваш многу непријатно, тоа значи дека работите ќе го сменат правецот штом се достигне крајната точка. Целото тело ќе ти биде прочистено, тоа мора да ти биде потполно прочистено. Отстранета е причината за твојата болест, а она што останува е малку црн чи кој сам од себе излегува надвор за да можеш малку да се мачиш и да трпиш малку болка. Не е дозволено воопшто да не страдаш.

Во општеството на обичните луѓе, се натпреваруваш со другите за слава и лична корист. Не можеш добро да спиеш, не јадеш добро, а твоето тело е во многу лоша состојба. Кога твоето тело се погледне од друга димензија, дури и сите твои коски се црни. Кога вакво тело се прочисти одеднаш, невозможно е да немате никакви реакции. Затоа ќе имате реакции. Некои луѓе ќе повраќаат или ќе имаат пролив. Многу практичари од разни места ме известуваа за ова претходно во извештаите за нивното искуство: „Учителу, откако присуствував на вашето предавање, во текот на целиот пат до дома барав тоалет." Тоа се случува затоа што сите твои внатрешни органи мора да бидат прочистени. Некои луѓе може да заспијат и да се разбудат веднаш штом го завршам предавањето. Зошто е така? Затоа што тие имаат болест на мозокот која мора да се лекува. Никој не може да издржи ако се работи на неговиот мозок. Затоа тој мора да се стави под анестезија или да се онесвести. Но без разлика на тоа, некои немаат проблем да ме слушнат. Иако се во длабок сон, тие слушаат се, без да пропуштат ниту еден

збор. После ова ќе бидат полни со енергија и нема да им се спие дури и ако поминат два дена без сон. Има различни состојби на кои им е потребно прилагодување. Целото твое тело ќе биде прочистено.

Ако сте вистински практиканти на Фалун Дафа и ако можете да се откажете од своите приврзаности, од сега па натаму, секој од вас ќе има реакции. Има луѓе кои не можат да се откажат од своите приврзаности, иако тврдат дека ги отпуштиле, но всушност тие не се откажале од нив. Затоа е многу тешко да се постигне тоа. Има и луѓе кои подоцна ја разбираат содржината на моите предавања. Тогаш тие почнуваат да ги отфрлаат нивните приврзаности и нивните тела се прочистуваат. Додека телата на другите чувствуваат леснотија, овие луѓе само што почнале да ги елиминираат своите болести и се чувствуваат непријатно. Во секоја група има такви луѓе кои заостануваат зад другите и имаат нешто послаб квалитет на просветлување. Па поради тоа, што и да доживеете, тоа е се нормално. Оваа ситуација секогаш се случуваше кога имав предавања на други места. На некои луѓе им беше многу лошо, и не стануваа од своите седишта, чекајќи да се симнам од говорницата за да ги лекувам. Но јас не би го сторил тоа. Ако не можеш да го поминеш дури ни овој тест, како во иднина се уште ќе се култивираш кога ќе се соочиш со многу поголеми тешкотии? Зар не можеш да надминеш ни таква ситна неволја? Секој може да го направи тоа. Затоа, никој не треба да доаѓа кај мене за да го лекувам, ниту пак јас ќе лекувам болести. Откако еднаш се спомне зборот „болест“, јас понатаму не сакам да слушам.

Човечките суштества се многу тешки за спасување. На секое предавање има околу 5 до 10 % луѓе кои не можат да одржат чекор со другите. Невозможно е секој да достигне Тао. Дури и за оние кои можат да ја продолжат својата култивациска практика, останува да се види дали можете да успеете и дали сте решени да се култивирате. Не е можно секој да стане Буда. Вистинските практичари на Дафа ќе ги доживеат истите искуства со читање на оваа книга, и тие исто така ќе добијат се што заслужуваат да добијат.

# Трета лекција

## Јас сите практиканти ги сметам за мои ученици

Знаете ли што правам јас? Сите практиканти, вклучувајќи ги и оние кои се способни вистински да се култивираат учејќи сами, ги третирам како свои ученици. Подучувањето култивација на високо ниво нема да успее ако не ве водам на овој начин. Во спротивно, тоа би било неодговорно и несериозно. Ние ви дадовме толку многу работи и ве запознавме со толку многу принципи кои секојдневните луѓе не треба да ги знаат. Освен што ти дадов многу други работи, јас ти ја пренесов и Дафа. Меѓу другите прашања кои се вклучени, прочистено е твоето тело. Соодветно на тоа, едноставно е неприфатливо ако не ве водам како ученици. Не е дозволено случајно откривање на толку многу небесни тајни на обичните луѓе. Но, постои нешто што треба да се забележи. Сега, времињата се променија. Ние не практикуваме ритуал на клечење и поклонување. Овие формалности се бескорисни и наликуваат на религија. Ние тоа не го правиме. Која е корista од твоето поклонување и обожавање на Учителот, кога штом излезеш на оваа врата, ќе продолжиш да се однесуваш како и обично, правиш што сакаш, се натпреваруваш и бориш за слава и сопствен интерес меѓу обичните луѓе? На тој начин може да го уништиш и угледот на Фалун Дафа во мое име!

Вистинската култивација зависи целосно од вашето срце. Се додека сте во состојба да се култивирате и сигурни сте и определени во култивацијата, ние ќе се однесуваме кон вас како кон ученици. За мене е неприфатливо да не се однесувам кон вас на тој начин. Но сепак, има некои луѓе кои можеби не се сметаат себеси вистински за практиканти и не ја продолжуваат култивацијата. За некои луѓе ова е едноставно невозможно. Но многу луѓе вистински ќе продолжат да се култивираат. Се додека продолжувате да се култивирате, ние ќе ве водиме како ученици.

Може ли некој да се смета за Фалун Дафа ученик ако само секојдневно ги прави овие вежби? Па, не баш. Вистинската култивација мора да ги следи поставените барања за шиншинг стандардот кои ги утврдивме и кога вистински го надградуваш својот шиншинг, тогаш тоа е вистинска култивација. Ако само вежбаш без да го надградуваш шиншингот и без моќна енергија која зајакнува се, тоа не може да се нарече култивација и не можеме да се однесуваме кон тебе како кон Фалун Дафа ученик. Ако продолжиш така, без да ги следиш барањата на Фалун Дафа однесувајќи се вообичаено меѓу обичните луѓе, без надградба на шиншингот, дури и ако вежбаш, може да наидеш и на други проблеми. Можеби и ќе речеш дека практиката на Фалун Гонг те натерала да застраниш. Се е можно. Затоа треба искрено да ги следиш нашите барања за шиншингот – само тогаш си вистински култиватор. Тоа ти го објаснив сосема јасно. Па поради тоа не треба да ми доаѓате поради формалности како што се ритуали на иницијација. Се додека вистински се култивираш, така ќе се однесувам со тебе. Моите фашени се толку бројни што веќе не можат и да се избројат. Освен за практикантите кои се овде присутни, без разлика на тоа колку ученици ќе има, јас можам да се грижам за сите нив.

## Чигонг на Буда школата и будизмот

Чигонгот на Буда школата не е будистичка религија. Ова мора да ви биде јасно на сите. Всушност, и чигонгот на Тао школата не е таоистичка религија. Некои од вас секогаш се збунети од овие работи. Некои луѓе се монаси во храмовите, а некои се будисти лаици. Тие мислат дека знаат нешто повеќе за будизмот, па со ентузијазам го проповедаат будизмот меѓу нашите практичари. Јас ви велам дека вакво нешто не треба да правите бидејќи тие се различни школи за култивација. Религијата има религиска форма. Тука ние го учиме делот од култивацијата во нашата школа. Со исклучок на монасите и калуѓерките кои се ученици на Фалун Дафа, сите други не треба да следат религиозни форми. Значи, нашата школа не е будизам од периодот на крајот на дармата.

Будистичката дарма е само мал дел од Буда Фа. Постојат уште многу видови на Фа од високите нивоа. Различните нивоа имаат и различен Фа. Шакјамуни рекол дека постојат 84.000 методи на култивација. Будистичката религија вклучува само неколку од нив. Тие се Тјантаи, Хвајан, Зен-будизам, Чиста земја, Тантризам и т.н. Ова не може да се нарече дури ни мал дел. Поради тоа будизмот не може да го претставува целокупниот Буда Фа, тоа е само мал дел од Буда Фа. Нашата Фалун Дафа е исто така еден од 84.000 методи на

култивација во Буда школата и нема ништо со изворниот будизам или со будизмот од периодот на крајот на дармата, а не е ни во врска со модерните религии.

Будизмот беше основан од Шакјамуни во древна Индија пред 2.500 години. Кога Шакјамуни достигнал состојба на Отварање на гонгот и се просветлил, тој се сетил што култивирал претходно и тоа го открил поради спасување на луѓето. Иако оваа школа произвела десетици илјади сутри, нејзините карактеристики можат да се сумираат во само три збора: Тоа се „наредби, медитација, мудрост“. Наредбите служат за откажување од сите желби на обичните луѓе, принудени сте да се откажете од потрагата за лична добивка, и отфрлање на се што е овоземско и т.н. На тој начин умот се празни од секакви мисли и можно е да се влезе во мирување. Овие две работи се надополнуваат една со друга. Откако некој ќе влезе во мирување, тој може да седи во медитација и вистински да се култивира потпирајќи се на својата способност да навлезе во транс за да напредува во култивацијата. Ова е дел од вистинската култивација во таа школа. Тука не се учат вежби и не се менува сопственото бенти. Човекот само го негува гонгот кој ја одредува висината на неговото ниво. Значи, тој само го усовршува својот шиншинг. Бидејќи тој не го култивира телото, не обрнува внимание на трансформацијата на гонгот. Истовремено, со медитација тој ја зголемува способноста да остане во транс, и ја елиминира кармата со трпење на маки предизвикани од седењето во медитација. Мудроста се однесува на тоа кога некој се просветлил и стекнал голема мудрост, ја видел вистината на универзумот и вистините во различните димензии на универзумот. Тогаш се појавуваат сите божествени моќи. Будењето во мудроста и просветлувањето исто така се нарекува и Отклучување на гонгот.

Во времето кога Шакјамуни го формирал овој култивациски метод, во Индија постоеле осум религии. Меѓу нив бил и длабоко вкоренетиот браманизам. Во текот на целиот свој живот, Шакјамуни водел идеолошка борба со другите религии. Бидејќи тоа што Шакјамуни ширел бил исправен пат, будистичката дарма што ја ширел станувала се попопуларна во тек на ширењето, додека другите религии се повеќе слабееле. Дури и длабоко вкоренетиот браманизам бил на работ на исчезнувањето. Но откако Шакјамуни постигнал нирвана, другите религии ја повратиле популарноста, а особено браманизмот. Но што се случило потоа во будизмот? Некои монаси достигнале состојба на отклучување на гонгот и станале просветлени на различни нивоа, но нивните нивоа на просветлување биле многу ниски. Шакјамуни достигнал ниво на татагата, но многу монаси не успеале да го достигнат тоа ниво.

На различните нивоа Буда Фа има различни манифестации. Но колку е повисоко нивото, толку е поблиску до вистината. Колку е пониско нивото, подалеку е од вистината. Тие монаси постигнале состојба на Отклучување на гонгот и се просветлиле на ниско ниво. За да го протолкуваат она што го кажал Шакјамуни, тие ја употребиле манифестацијата на универзумот што ја виделе на сопственото ниво, и ситуациите со кои се сретнале и принципите кои ги разбрале. Тоа значи, некои монаси ја толкувале дармата на Шакјамуни на овој или на оној начин. Наместо да ги користат оригиналните зборови на Шакјамуни, некои монаси со сопствени зборови го проповедале тоа што го разбрале како зборови на Шакјамуни и на тој начин будистичката дарма била искривена до непрепознавање и веќе не беше дармата подучувана од Шакјамуни. На крај, поради овие причини будистичката дарма престанала да постои во Индија. Ова е сериозна историска лекција. Понатаму, Индија повеќе немала будизам. Пред да исчезне, будизмот минал низ многу реформи. На крај прифатил некои работи од браманизмот и на тој начин е формирана религијата која денес постои во Индија наречена Хиндуизам. Тие повеќе не го обожуваат Буда. Тие обожуваат нешто друго и не веруваат во Шакјамуни. Таква е ситуацијата.

Во текот на развивањето на будизмот се случиле неколку релативно големи реформи. Една од нив се случила набрзо откако Шакјамуни го напушти светот. Некои луѓе го формирале Махајана будизмот врз основа на принципите од високите нивоа предавани од Шакјамуни. Тие верувале дека дармата која Шакјамуни ја предавал јавно служела за само-спасување на обичните луѓе и достигнување на ниво на архат. Таа дарма не нудела спасување на сите живи суштества и затоа ја нарекле Хинајана будизам. Монасите во југоисточна Азија продолжиле да го следат оригиналниот начин на култивација од времето на Шакјамуни. Во Кина ние го викаме будизмот на Мал пат. Секако, тие не мислат така. Тие веруваат дека ја наследиле оригиналната традиција на Шакјамуни. И така е, навистина тие го имаат наследено оригиналниот начин на култивација од времето на Шакјамуни.

Откако овој реформиран Махајана будизам е воведен во Кина, тој таму пуштил свои корени и станал будизмот кој во денешно време се подучува во Кина. Всушност, добил сосема поинаков изглед од будизмот што постоел во времето на Шакјамуни. Се се променило, од облеката па се до целосната состојба на просветлување и процесот на култивација. Во изворниот будизам бил почитуван само Шакјамуни како негов творец. Сега во будизмот има многу буди и големи бодисатви. Освен тоа, сега се верува во многу буди. Се почитуваат многу татагати, будизмот сега е религија која почитува многу буди како што се

Буда Амитаба, Буда на исцелувањето, Големиот сончев татагата и други. Исто така, има и многу големи бодисатви. На тој начин, целокупниот будизам потполно се разликува од будизмот што го оформил Шакјамуни во негово време.

Во тоа време се случила друга реформа кога бодисатва Нагарџуна подучувал тајна култивациска практика. Таа дошла од Индија и била воведена во Кина преку Авганистан, а подоцна и во Ксинџијанг. Тоа се случило за време на династијата Танг, па затоа била наречена Танг тантризам. Поради влијанието на конфучијанизмот, моралните вредности во Кина се разликувале од оние на другите националности. Таа тајна практика содржела двојна култивација на мажите и жените, и затоа општеството не можело да ја прифати во тоа време. Затоа била отфрлена кога будизмот бил потиснат за време на владеењето на Хуичанг од династијата Танг, и така Танг тантризмот исчезнал од Кина. Сега, во Јапонија постои источен тантризам кој во тоа време стигнал од Кина, но кај нив не бил применет гвандинг. Според тантризмот, ако некој го изучува тантризмот без гвандинг, се смета исто како да краде дарма, и не може да биде признат како да е лично подучуван. Уште еден култивациски пат воведен е на Тибет од Индија и Непал, тој се вика тибетански тантризам и се пренесува до денес. Во основа, тоа е ситуацијата во будизмот. Јас само накратко ви го објаснив неговиот развој и еволуција. Во текот на целиот развој на будизмот, некои практики излегуваат на површина како Зен – будизмот кој е основан од Бодидарма, Чиста земја будизам и Хвајан будизам. Сите тие беа формирани врз основа на некое разбирање што во тоа време го кажал Шакјамуни. Сите овие припаѓаат на реформираниот будизам. Има повеќе од десет такви начини на култивација во будизмот и сите тие превземале религиозна форма. Затоа сите тие припаѓаат во будизмот.

Што се однесува до религиите формирани во овој век, или не само во овој век но и многу нови религии формирани во различни делови на светот во последните неколку века, повеќето од нив се лажни. Сите големи просветлени луѓе имаат сопствени раеви за спасување на луѓето. Сите овие татагата буди како што се Шакјмуни, Буда Амитаба, Големиот сончев татагата, имаат сопствени раеви за спасување на луѓето. Во нашиот Млечен пат има над стотина такви раеви. Исто така, и нашата Фалун Дафа го има Фалун рајот.

Во смисла на спасението, каде овие лажни практики можат да ги одведат своите следбеници? Тие не можат да ги спасат луѓето бидејќи тоа што тие го проповедаат не е Фа. Се разбира, кога некои луѓе за прв пат формирале религии немале намера да станат демони кои ќе ги поткопуваат правоверните религии.

Тие достигнале состојба на Отклучување на гонгот и станале просветлени на различни нивоа. Виделе некои принципи но биле далеку од просветлените битија кои можеле да ги спасуваат луѓето. Тие биле на многу ниски нивоа и откриле некои принципи. Дознале дека некои работи меѓу обичните луѓе се погрешни па почнале да ги учат луѓето како да прават добри работи. Во почетокот не биле против останатите религии. Но луѓето почнале да им веруваат, мислејќи дека она што тие им го зборуваат звучи разумно, па тогаш луѓето почнале да им веруваат се повеќе и повеќе. Како резултат на тоа, луѓето станале поприврзани кон нив отколку кон религиите. Откако ќе развиеле приврзаност за слава и лична добивка, барале од општеството да им се доделат некакви титули. После тоа основале нови религии. Ви велам дека сите тие се лоши религии. Дури и да не им штетат на луѓето, сепак се лоши практики бидејќи ги спречуваат луѓето да веруваат во вистинските религии. Вистинските религии можат да ги спасуваат луѓето, а нивните не можат. Како минувало времето, тие во тајност правеле лоши работи. Неодамна многу такви практики се пренесени во Кина. Таканаречената Гванјин секта е една од нив. Затоа треба да бидете многу внимателни. Се зборува дека во една источноазиска земја постојат околу две илјади различни практики. Во земјите на југоисточна Азија како и на запад, има секакви верувања. Во една земја дури отворено постои практика на обожавање на ѓаволот. Сите овие работи се демони кои се појавиле во периодот на крајот на дармата. Периодот на крајот на дармата не се однесува само на будизмот – се расипале многу димензии, кои се наоѓаат испод една многу висока димензија. Под крај на дармата не се мисли само на будизмот, тоа значи дека во човечките срца повеќе нема Фа кој би го одржал моралот во човечкото општество.

## Практикувајте само еден начин на култивација

Ние учиме дека човекот треба да практикува само еден начин на култивација. Без разлика на тоа како практикувате култивација, не треба да ја нарушувате со додавање на други работи. Некои будисти лаици го култивираат и будизам и нашата Фалун Дафа. Ви кажувам дека на крај ништо нема да добиете, затоа што никој ништо нема да ви даде. Затоа што сите ние сме во Буда школата, постои прашањето за шиншингот и истовремено прашањето за специјализација во само една практика. Имаш само едно тело. Гонгот на која школа ќе го развие твоето тело? Како може да се трансформира? Каде сакаш да одиш? Ќе отидеш таму каде што ќе те одведе твојата култивациска школа. Ако во култивацијата го следиш будизмот Чиста земја ќе отидеш во Рајот на врховното блаженство на

Буда Амитаба. Ако во култивацијата го следиш Медицинскиот Буда, ќе отидеш во Стаклениот рај. Ова е кажано во религиите и тоа се нарекува „без друг пат на култивација“.

Практиката за која зборуваме тука, навистина се однесува на комплетниот процес на трансформација на енергијата, со следење на сопствената школа на култивација. Затоа, кажи каде сакаш да одиш? Ако зачекориш на два чамци во исто време, ништо нема да постигнеш. Не само што чигонг практиките не смеат да се мешаат со будистичките практики од храмовите, но дури и работите меѓу култивациските практики, чигонг практиките или религиите не можат да се мешаат. Во култивацијата, не смеат да се мешаат различни методи дури ни во рамките на иста религија. Човекот треба да избере само еден метод на култивација. Ако се култивираш во будизмот Чиста земја, треба да се култивираш само во будизмот Чиста земја, ако се култивираш во тантризмот, треба да се култивираш само во тантризмот. Ако се култивираш во зен-будизмот, треба да се култивираш само во зен-будизмот. Ако истовремено стоиш со нозете во два чамци, култивирајќи се малку вака, малку онака, ништо нема да постигнеш. Тоа значи дека дури и во будизмот од тебе се бара да не практикуваш друг начин на култивација и не ти е дозволено да ги мешаш култивациските практики. И во будизмот се вежба и се култивира. И нивниот процес на формирање на гонгот се одвива према процесот на култивација и трансформација во нивната школа. Во другите димензии исто така постои процес на трансформација на гонгот кој е исклучително комплициран и сложен процес и не може по своја волја да се меша со други работи во култивацијата.

Штом слушнат дека ние практикуваме чигонг на Буда школата, некои будисти лаици ги водат нашите практиканти во храмовите за да ги преобратат. Дозволете ми да им кажам на сите кои седат овде дека никој не треба да прави такво нешто. Така ги поткопувате и нашата Дафа и правилата во будизмот. Истовремено им пречите на практикантите правејќи ги неспособни да постигнат нешто. Ова не е дозволено. Култивацијата е сериозна работа. Неопходно е да се придржуваш само кон една практика. Иако овој дел што ние го пренесуваме меѓу обичните луѓе не претставува религија, целта на култивацијата е иста. И двете се обидуваат да достигнат состојба на отклучување на гонгот, просветлување и завршување на култивацијата.

Шакјамуни рекол дека во периодот на крајот на дармата дури и на монасите во храмовите ќе им биде тешко да се спасат самите себе, а да не ги спомнуваме будистите лаици за кои никој не се грижи. Иако имате пронајдено „учител“, тој т.н. учител е исто така практикант. Ако учителот вистински не се култивира, се е

бескорисно. Без култивирање на срцето, никој нема да успее. Примањето на вера е формалност на обичните луѓе. Ќе те направи ли примањето на будизмот, следбеник на Буда школата? Ќе сака ли тогаш Буда да се грижи за тебе? Не постои ништо слично. Дури и ако секојдневно се поклонуваш до под додека не почне да ти тече крв од главата, и палиш купишта темјан, пак е бескорисно. За да успееш, мораш навистина да го култивираш своето срце. Во периодот на крајот на дармата, универзумот поминува низ големи промени. Дури ни верските места за обожавање на боговите, повеќе не се добри. Оние со натприродни способности (вклучувајќи ги тука и монасите) исто така ја откриле оваа ситуација. Во моментов, јас сум единствената личност на светот кој јавно подучува праведен пат. Јас правам нешто што никој никогаш не направил. Освен тоа, во периодот на крајот на дармата оставив толку широко отворена врата. Всушност, оваа можност не се добива ни за илјада, или дури ни за десет илјади години. Но дали човекот може да биде спасен, со други зборови, можеш ли да се култивираш, сеуште зависи од тебе самиот. Ова што ви го објаснувам е принцип на огромниот универзум.

Јас не викам дека сите треба да ја учите мојата Фалун Дафа. Ова што ви го соопштив претставува принцип. Ако сакаш да се култивираш мора да се посветиш на еден начин на култивација. Инаку воопшто не можеш да се култивираш. Секако, ако не сакаш да се култивираш нема да се грижиме за тебе. Овој Фа се пренесува само на вистинските култиватори. Затоа мора да се посветиш само на една практика, дури и мисли од други практики не треба да се мешаат. Јас овде не зборувам за ментални активности, нашата Фалун Дафа нема ментални активности. Поради тоа никој не треба да додава никакви мисли. Не заборавајте да го имате ова на ум: Кај нас практично нема никакви ментални активности. Во Буда школата се учи за празнина, а во Тао школата за ништавност.

Во една прилика го поврзав мојот ум со четири или пет големи просветлени луѓе, големи Таои на исклучително високи нивоа. Ако зборуваме за високите нивоа, нивните нивоа беа толку многу високи, што обичните луѓе тоа не можат и да го замислат. Тие сакаа да знаат што размислувам јас. Јас се култивирав толку многу години. Апсолутно е невозможно на други луѓе да ми ги читаат мислите, и туѓите натприродни способности воопшто не можат да допрат до мене. Никој не е во состојба да ме разбере или да знае за што размислувам. Тие сакаа да разберат за што размислувам. Затоа, со моја согласност го поврзаа мојот ум со нивниот на одредено време. Откако се поврзавме, за мене тоа стана во одредена мерка неиздржливо, зашто независно од тоа колку е високо или ниско моето ниво, јас се наоѓам меѓу обичните луѓе и се уште правам нешто со намера

– тоа е спасување на луѓето – и моето срце е посветено на спасување на луѓето. Но, колку беа мирни нивните умови? Нивните умови беа толку спокојни, што е тоа застрашувачки. За еден човек е невозможно да постигне такво спокојство. Но со четворица или петмина луѓе кои седат таму во таков спокој, тоа подсетува на мирно езерце без никакво движење во него. Напразно се обидував да ги доживеам. Во тие неколку дена психички се чувствував многу непријатно и доживеав неповторлива сензација. Обичните луѓе ова никако не можат да го замислат или почувствуваат, тоа беше нешто потполно слободно од приврзаности, празно.

Во култивацијата на многу високи нивоа нема никакви мисловни активности. Ова е затоа што темелите за тоа се поставени додека сте биле на ниво за поставување темели меѓу секојдневните луѓе. Кога култивацијата ќе достигне високо ниво, таа станува потполно автоматска, што особено важи во нашата школа. Се додека го поправаш својот шиншинг, твојот гонг ќе расте. Дури и не треба да правиш вежби. Нашите вежби служат за да го зајакнат автоматскиот механизам. Зошто во медитација човекот постојано седи неподвижно? Затоа што тогаш е целосно во состојба на вувеи, односно ослободен од намери. Може ќе откриете дека во Тао школата се подучува за овие или оние вежби, таканаречени ментални активности и водење на мислите. Но јас ви кажувам, штом во Тао школата се излезе малку над нивото на чи, повеќе ништо нема да има, повеќе не се користат вакви или онакви ментални активности. Меѓутоа некои луѓе кои вежбале други чигонг практики никако не можат да се откажат од техниките на дишење, менталните активности и т.н. Јас ги учам материјал од факултет, а тие постојано ме прашуваат за работи од основно училиште како на пример како да ги усмеруваат и користат менталните активности. Тие веќе се навикнале на такви работи. Тие мислат дека чигонгот е таков, но во стварноста не е.

## Натприродни способности и гонг потенцијал

На многумина од вас не им е јасна чигонг терминологијата, па некои луѓе постојано ги мешаат поимите. Тие мислат дека натприродните способности се сила (потенцијал) на гонгот, и обратно. Гонгот, што се формира со култивацијата на нашиот шиншинг и со изедначувањето со карактеристиките на универзумот, се развил од нашето де. Тој ја одредува висината на нечие ниво, јачината на неговиот гонг потенцијал и висината на статусот на постигнување во култивацијата. Овој гонг е најважен. Каква состојба може да се јави во текот на

култивацијата на еден човек? Може да се развијат некои необични натприродни способности кои ние скратено ги викаме натприродни способности. Гонгот кој го подобрува нивото на човекот, како што веќе спомнав, се вика гонг потенцијал. Колку му е повисоко нивото на еден човек, толку поголем е неговиот гонг потенцијал, а натприродните способности му се помоќни.

Натприродните способности се само нуспроизвод во процесот на култивација, тие не претставуваат ниво, односно висина на нечие ниво или јачина на гонг потенцијалот. Некои луѓе ги развиваат повеќе, а некои помалку. Понатаму, натприродните способности не се нешто што може да биде главна цел во култивацијата. Можат да се развијат само ако човекот вистински решил да се култивира, сепак, тие не можат да се третираат како главна цел во култивацијата. Зошто сакаш да ги развиеш? Сакаш ли да ги користиш меѓу обичните луѓе? Апсолутно ти е забрането да ги користиш по волја меѓу обичните луѓе. На тој начин, колку повеќе ќе сакаш да ги добиеш, толку помалку ќе можеш да ги добиеш. Тоа е затоа што се стремиш кон нешто. Стремежот, сам по себе е приврзаност. Во култивацијата, неопходно е да се елиминираат приврзаностите.

Многу луѓе, иако немаат натприродни способности, сепак достигнале многу високи сфери во култивацијата. Учителот ги заклучил во случај да не можат добро да се однесуваат со нив и за да не направат нешто лошо. Затоа не им е дозволено да ги користат натприродните способности. Има доста такви луѓе. Натприродните способности се управуваат со свеста на човекот. Тој може да не е во состојба да се контролира додека спие. Со еден сон следното утро небото и земјата можат да бидат свртени наопаку, а тоа не е дозволено. Затоа што култивацијата се одвива меѓу обичните луѓе, на тие со големи натприродни способности обично не им е дозволено да ги користат. Повеќето од нив се заклучени, но тоа не е апсолутно. Има многу луѓе кои се култивираат многу добро и можат добро да се однесуваат. Ним им е дозволено да имаат некои натприродни способности. Што се однесува до тие луѓе, дури и ако ги замолите да ги покажат своите натприродни способности, тие воопшто нема да го направат тоа, тие се во состојба да се контролираат.

## Обратна култивација и позајмување на гонг

Некои луѓе никогаш не практикувале чигонг или можеби научиле нешто на курсот по чигонг. Но сето тоа служи само за лекување и одржување на здравјето и не претставува култивација. Со други зборови, тие луѓе никогаш не примиле

вистинско учење, но сепак одеднаш преку ноќ добиле гонг. Ќе зборувам за тоа од каде доаѓа овој вид на гонг. Има неколку видови.

Еден од нив припаѓа на обратната култивација. Што е обратна култивација? Некои луѓе се релативно стари и сакаат да практикуваат култивација. За нив е веќе касно да започнат култивација од почеток. Кога чигонгот беше на врвот на популарноста, тие исто така сакаа да се култивираат. Знаеле дека со помош на чигонг практиката можат да направат добри работи за другите луѓе, и дека истовремено можат да напредуваат. Тие ја имале оваа желба и сакале да се подобрат и да практикуваат култивација. Сепак, кога чигонгот беше популарен пред неколку години, сите тие чигонг мајстори го промовираа чигонгот, но не претставија работи од повисоки нивоа. Дури и до денешен ден, што се однесува до вистинското предавање на чигонг на високи нивоа во јавноста, јас сум единствената личност која го прави тоа. Нема никој друг кој го прави тоа. Сите луѓе кои се култивирале по обратен пат, беа над педесет години, во релативно стара возраст. Тие имаа многу добри вродени квалитети и носеа многу добри работи во своите тела. Речиси сите беа доволно добри за да можат учителите да ги земат за ученици или наследници. Сепак овие луѓе беа прилично стари. Ако сакаа да се култивираат, тоа е полесно да се каже отколку да се направи. Каде да најдат учител? Но штом ќе посакаат да се култивираат, таа мисла во срцето блеснува како злато и го затресува Светот на десет насоки. Луѓето често зборуваат за Буда природата и тоа е таа Буда природа која што се појавила.

Од перспектива на повисоко ниво, целта на човечкиот животот не е да се биде човек. Бидејќи животот на човекот е создаден во пространството на универзумот, тој е изедначен со Џен, Шан, Рен карактеристиката на универзумот. Неговата природа е љубезна и блага. Сепак, како се зголемувал бројот на животи, се формирале и социјалните односи. Како резултат на тоа некои луѓе станале себични и лоши и не можеле да останат на многу високи нивоа. Тие морале да паднат на пониско ниво, каде што одново станале лоши и морале да паднат уште подолу до следното ниво. Тоа продолжило така, се додека на крај не паднале до ова ниво на обичните луѓе. По паѓањето на ова ниво, тие требало да бидат целосно уништени. Сепак, поради добронамерност и сочувство, големите просветлени луѓе одлучиле да му дадат на човештвото уште една можност во најболната средина, и така ја создале оваа димензија.

Во другите димензии луѓето немаат вакви тела. Тие можат да лебдат во воздухот, да се зголемуваат или да се смалуваат. Но во оваа димензија на луѓето им е дадено овој вид тело, нашето физичко тело. Со ова тело човекот не може да поднесе кога му е студено, жешко, ако е изморен или гладен. Во секој случај,

тоа е страдање. Кога си болен ти страдаш. Човекот мора да помине низ раѓање, старост, болест и смрт за да ги исплати своите кармички долгови со страдање. Дадена ти е уште една можност за да се види дали можеш да се вратиш кон својата оригинална природа. Затоа човечките суштества паднале во лавиринт. Откако ќе слезеш овде долу, за тебе се создадени овој чифт очи, со кои не можеш да ги видиш другите димензии и вистината на материјата. Ако можеш да се вратиш кон својата оригинална природа, најжестокото страдање ќе биде и најдрагоцено. За да може да се вратиш кон оригиналната природа практикувајќи култивација во лавиринт и просветлувајќи се во работите, ќе има многу неволји, и на тој начин враќањето може да биде направено побрзо. Ако станеш уште полош, животот ќе ти биде уништен. Затоа во очите на другите живи битија, животот на човекот не му е даден за да биде човечко суштество. Тој е наменет за да се вратиш кон своето првобитно вистинско јас. Обичниот човек не може да го разбере тоа. Обичниот човек е едноставно обичен човек во обичното човечко општество, човек кој мисли само како да напредува и добро да живее. Колку подобро живее, станува посебичен, колку повеќе сака да има, толку повеќе се оддалечува од карактеристиката на унверзумот. На тој начин се движи кон уништување.

Гледано од високо ниво, можеби додека мислиш дека напредуваш, ти всушност се движиш наназад. Човештвото мисли дека науката се развива и напредува, но таа всушност само го следи законот на универзумот. Занг Гуолао, еден од осумте бесмртници јавал седејќи наопаку на своето магаре. Малку луѓе знаат зошто го јавал магарето наопаку. Тој открил дека одењето напред е всушност одење назад и затоа го јавал магарето наопаку. Затоа, кога луѓето сакаат да се култивираат, големите просветлени луѓе ќе го ценат многу ова срце и безусловно ќе помогнат. Исто како и за нашите практиканти кои денес седат овде. Ако сакате да се култивирате, јас можам безусловно да ви помогнам. Но тоа не може да биде направено ако сакаш да лекуваш болести, ако следиш ова или она како обичен човек, јас нема да можам да ти помогнам. Зошто? Затоа што сакаш да бидеш обичен човек, а обичните луѓе треба да минуваат низ раѓање, старост, болест и смрт – така треба да биде. Се има свој кармички однос, и тоа не може да биде променето. Твојот живот на почетокот не вклучувал култивација, но сега ти сакаш да се култивираш. Поради тоа твојот иден живот треба да биде преуреден па дозволено е да го доведам во ред твоето тело.

Штом човекот посака да се култивира и ја развие оваа желба, големите просветлени луѓе ќе го видат тоа и ќе сметаат дека е многу драгоцено. Но како

можат да му помогнат? Каде во светот тој може да пронајде учител? Покрај тоа, тој има над педесет години. Големите просветлени луѓе не можат да го учат овој човек. Тоа е така затоа што ако тие се покажат да го учат Фа и вежби, тоа би било откривање на небесните тајни, и со тоа самите би паднале надолу. Луѓето паднале во лавиринт затоа што направиле нешто лошо па затоа треба да се култивираат и просветлуваат среде лавиринт. Поради тоа големите просветлени луѓе не можат да го учат овој човек. Ако еден Буда се појави пред очите на луѓето да ги учи Фа и вежби, дури и тие што имаат непростливи гревови ќе дојдат да учат. Сите ќе поверуваат. Тогаш во што би се просветлувале луѓето? Прашањето за просветлување нема да постои. Бидејќи луѓето сами паднале во лавиринтот, би требало да бидат уништени. Дадена ти е уште една можност да се вратиш од лавиринтот до твоето оригинално потекло. Ако си во можност да се вратиш кон своето првобитно потекло, направи го тоа. Ако не успееш во тоа, ќе го продолжиш циклусот на самсарата и ќе бидеш уништен.

Секој си оди по својот пат. Што се случува кога некој сака да се култивира? Тие смислиле начин. Чигонгот бил многу популарен во тоа време, тоа беше промена во космичката клима. Со цел да соработуваат со оваа космичка клима, просветлените луѓе го снабдуваат тој човек со гонг преку една мека цевка врз основа на неговото ниво на шиншингот. Енергијата доаѓа како вода од чешма кога е отворена славината. Ако човекот сакал да емитува гонг, гонгот би дошол. Тој сам не може да емитува гонг, бидејќи нема гонг. Тоа беше токму така. Ова се нарекува „обратна култивација“ во која се култивира од она што е повисоко кон тоа што е пониско се до завршување на култивирањето.

Ние вообичаено се култивираме од она што е пониско, кон тоа што е повисоко се до отклучување на гонгот или завршување на култивацијата. Култивирањето по обратен пат било за оние постари луѓе кои немаат доволно време да се култивираат од она што е пониско до тоа што е повисоко. Затоа, побрзо е ако се култивираат од повисокото кон пониското. Ова беше феномен создаден во она време. Таквиот човек треба да има шиншинг на многу високо ниво, а енергијата што ја добива е во согласност со неговото ниво на шиншингот. Која е целта? Како прво, целта е да се дејствува според космичката клима во она време. Додека тој човек прави добри дела, во исто време може да поднесува и тешкотии. Ова е затоа што меѓу обичните луѓе можат да му пречат различни човечки привзрзаности. Кога ќе лекува болест на некој пациент, пациентот можеби нема да го цени тоа. Кога лекувал пациент, можеби отстранил многу лоши работи од телото на тој пациент. Иако го излекувал до тој степен, во тоа време можеби нема да има никакви очигледни промени. Сепак, пациентот нема

да биде среќен. Наместо да изрази благодарност, тој може да го обвини за измама. Со тие проблеми, човекот во оваа средина преживува психолошки неволји. Целта на снабдувањето со енергија е да му се дозволи да се култивира и да се подобри. Додека прави добри дела, тој може да развие сопствени натприродни способности и да изгради свој сопствен гонг, сепак, некои луѓе не го знаат овој принцип. Не спомнав ли дека никој не може да го учи Фа овој човек? Ако човекот може да разбере, ќе може да го добие тоа. Тоа е прашање на просветлувањето. Ако не може да разбере, ништо не може да се направи.

Кога некои луѓе примиле енергија, ноќе за време на спиењето одеднаш почувствувале дека им е многу топло и тешко можеле да го поднесат покривачот. Откако ќе станале следното утро, добивале струен удар од се што допирале. Тие знаеле дека добиле енергија. Ако некој имал болка некаде во телото, можеле да се погрижат за тоа со своите раце, и тоа функционирало многу добро. Од тој момент па натаму, знаеле дека имаат енергија. Станувале чигонг мајстори и прикачувале рекламни табли. Се нарекувале чигонг мајстори и формирале свои практики. На почетокот, тој човек бил многу добар. Кога ќе лекувал болести на другите луѓе, тие му давале пари или некакви подароци – сето тоа тој можел да го одбие или врати. Но сепак овој човек не можел да се спротивстави на загаденоста со големото шаренило меѓу обичните луѓе. Бидејќи луѓето кои се култивирале по обратен пат никогаш не поминале низ вистинска култивација на шиншингот, нив им било многу тешко да го одржат добар својот шиншинг. Постепено, тој човек почнувал да прима мали подароци. Подоцна започнувал да прима и големи подароци. Кон крајот тој дури и се навредувал ако подарокот бил мал. На крајот, ќе почнел да зборува: „Зошто ми носите толку многу работи? Дајте ми пари!" Не му било доволно ако му дадат малку пари. Кога слушал како луѓето го фалат дека е многу способен, тој престанувал да ги почитува и чигонг мајсторите од вистинските школи. Ако некој кажел нешто лошо за него, тој би се вознемирил. Неговите приврзаности кон слава и личен интерес се развиле. Тој себеси се сметал за подобар од другите, дури и за извонреден. Мислел дека енергијата му е дадена за да стане чигонг мајстор и да направи големо богатство, додека всушност тоа е со цел да практикува култивација. Кога ќе се развие приврзност кон слава и добивка, нивото на шиншингот на тој човек е веќе паднато.

Ви кажав дека нивото на гонгот на еден човек е високо колку и нивото на неговиот шиншинг. Кога ќе му падне нивото на шиншингот, човекот нема да биде снабдуван со толку многу гонг затоа што тој му се дава во сооднос со нивото на неговиот шиншинг. Нивото на гонгот е високо колку и нивото на

шиншингот. Колку повеќе е приврзан кон слава и личен интерес, толку пониско ќе биде нивото до кое ќе падне меѓу обичните луѓе. Исто така, како резултат на тоа ќе се намали и неговиот гонг. На крајот, кога целосно ќе падне на дното, повеќе нема да добива гонг. Тој човек нема да има гонг. Пред неколку години имаше многу такви луѓе и повеќето од нив беа жени над педесетгодишна возраст. Можеби сте виделе како некоја повозрасна жена практикува чигонг, иако никогаш не добила вистинско учење. Можеби на некој чигонг курс научила неколку движења за лекување и одржување на здравјето. Еден ден одеднаш добила гонг. Откако нејзиниот шиншинг се намалил или кога ќе развие приврзаност кон слава и личен итерес, нивото ќе и падне. На крај таа ќе биде никој и ништо и нејзиниот гонг ќе исчезне. Во денешно време има многу луѓе кои се култивирале по обратен пат и чии нивоа се намалиле. Само неколку од нив се сеуште тука. Зошто? Таа жена не знае дека тоа и е дадено за да се култивира и погрешно мисли дека тоа е за да заработи богатство, да стекне слава и да стане чигонг мајстор. Всушност, тоа е за да се култивира.

Што е позајмување на гонг? Тука нема ограничување на возраста, но има еден услов: човекот мора да има многу добар шиншинг. Тој човек знае дека чигонгот дава можност за култивација, и тој исто така сака да се култивира. Тој има срце за култивација, но каде може да најде учител? Пред неколку години навистина имаше вистински чигонг мајстори кои подучуваа чигонг. Но тоа што го подучуваа беше целосно наменето за лекување и одржување на здравјето. Никој не подучувал чигонг на повисоки нивоа и никој не би можел да го направи тоа.

Додека зборувам за позајмувањето на гонг, ќе спомнам уште нешто. Освен главната душа (џу јуеншен) или главна свест, секој има и помошна душа (фу јуеншен) или помошна свест. Некои луѓе имаат една, две, три, четири или пет помошни души. Полот на помошната душа не е секогаш ист како полот на самиот човек. Некои се од машки, а некои се од женски пол. Сите се различни. Всушност, и полот на главната душа не мора секогаш да биде ист како полот на физичкото тело, затоа што откривме дека во денешно време многу мажи имаат женска првобитна душа, додека многу жени имаат машка првобитна душа. Тоа се совпаѓа со космичката клима, како што опишува Тао школата, затоа што јин и јанг ги сменија местата, јин е во пораст, а јанг е во опаѓање.

Обично помошната душа на човекот доаѓа од повисоко ниво од неговата главна душа. Особено кај некои луѓе, нивната помошна душа доаѓа од многу високо ниво. Помошната душа не е дух што опседнува, таа е родена истовремено со тебе од мајчината утроба, има исто име како тебе и е дел од

твоето тело. Обично, кога луѓето мислат за нешто или прават нешто, главната душа е таа која донесува одлука. Помошната душа најчесто се обидува да ја спречи главната душа да направи нешто погрешно. Но кога главната душа е многу упорна, помошната душа е неспособна да помогне. Помошната душа не е измамена во обичното човечко општество, додека главната душа лесно може да биде измамена.

Некои помошни души доаѓаат од многу високи нивоа и тие веројатно се на работ да достигнат вистинско постигнување во култивацијата. Помошната душа сака да се култивира но не може да направи ништо ако главната душа не го сака тоа. Кога чигонгот бил многу популарен, еден ден и главната душа посакала да практикува чигонг. Се разбира, мислата за култивација кон високите нивоа била многу чиста и едноставна и тој човек немал желба за работи како што се слава и лична добивка. Помошната душа тогаш ќе биде восхитена: „Јас сакам да се култивирам, но јас не одлучувам. Сега ти сакаш да се култивираш и тоа е баш она што го сакам и јас." Но каде може човекот да најде учител? Помошната душа е многу способна и го напушта телото за да го пронајде големиот просветлен човек кого го познавала од предходниот живот. Бидејќи некои помошни души доаѓаат од многу високи нивоа, тие можат да го напуштат телото. Откако ќе стигне таму горе, таа ја изразува својата желба да практикува култивација и да позајми гонг. Големите просветлени луѓе ја сметаат за многу добра и сигурно ќе помогнат во нејзината култивација. Според тоа, помошната душа позајмува одредена количина гонг. Нормално, овој гонг зрачи со енергија што се испорачува преку доводни цевки. Понекогаш позајмената енергија се добива во готов облик и обично носи и натприродни способности.

Така, тој човек може истовремено да има и натприродни способности. Една ноќ, за време на спиењето, како што опишав, човекот одеднаш чувствува дека му е многу топло. Кога ќе се разбуди следното утро, има енергија. Каде и да ја стави раката, добива струен удар. Има способност да лекува болести на други луѓе и открива дека добил енергија. Од каде доаѓа таа енергија? Тоа не му е сосема јасно. Има само груба претстава дека доаѓа од просторот на универзумот. Но не знае точно како е дојдена. Помошната душа не би му кажала, затоа што помошната душа е таа која се култивира. Човекот знае само дека добил енергија.

Обично нема старосна граница за луѓето кои позајмуваат енергија, и меѓу нив имаше и релативно повеќе млади луѓе. Така, пред неколку години имаше и некои луѓе на дваесет, триесет и четириесет години кои се појавија во јавноста. Имаше и некои постари луѓе. За еден млад човек е потешко добро да се

однесува. Можеби сте мислеле дека овој човек обично е многу добар и малку се грижел за слава и личен интерес, се додека немал многу способности во обичното човечко општество. Откако станал познат, лесно ќе се замешаат славата и добивката. Тој си мисли дека се уште го чека долг животен пат и сака да вложи напор, за да постигне некои цели на обичните луѓе. Така, штом развие натприродни способности и некои посебни вештини, тој често ќе ги користи како средство за исполнување на личните цели во обичното човечко општество. Тогаш тие нема да функционираат и се забранети да бидат користени на таков начин. Колку повеќе ги користи, толку помалку енергија ќе има. На крајот нема да му остане ништо. Има уште повеќе луѓе чии нивоа паднале на овој начин. Колку што гледам сега не останал ниту еден.

Двата случаи кои ги објаснив беа за луѓе со релативно добар шиншинг кои имаа добиено енергија. Оваа енергија не е развиена со сопствена култивација. Таа е добиена од големите просветлени луѓе, и поради тоа самата енергија е добра.

## Опседнатост од дух или животно

Многумина од вас можеби сте слушнале во заедницата на култиватори нешто во врска со опседнатост од животни како што се лисици, ласици, духови и змии. За што се работи? Некои луѓе зборуваат за развивање на натприродни способности со практикување на чигонг. Всушност, натприродните способности не се развиваат, тие се вродени човекови способности. Но со напредокот на човечкото општество луѓето повеќе се фокусираат на материјалните работи во нашиот физички свет и стануваат се повеќе зависни од современите алатки. Како резултат на тоа, нашите вродени човечки способности атрофираат. На крајот дури и целосно исчезнуваат.

За да има натприродни способности, човекот мора да ги развие со култивација, и да се врати кон своето оригинално вистинско јас. Но животното го нема овој софистициран ум, и со својот исконски инстинкт се поврзува со природата на универзумот. Некои луѓе тврдат дека животните можат да се култивираат, дека лисиците знаат како да развијат дан, или дека змиите знаат како да се култивираат и т.н. Не е вистина дека овие животни знаат да се култивираат. На почетокот, тие воопшто не знаат што е култивација. Едноставно, тие го имаат тој вроден инстинкт. Тогаш, под посебни услови и околности, после

одреден временски период, тоа може да има некаков ефект. Тие можат да добијат енергија и да развијат натприродни способности.

На овој начин животното ќе има некои способности. Во минатото, би кажале дека животното станало остроумно и дека има некои способности. Во очите на обичните луѓе, животните се многу страшни затоа што лесно можат да манипулираат со луѓето. Всушност, ви кажувам дека не се страшни и тие не се ништо во споредба со еден вистински култиватор. Иако може да откриете дека некои од нив практикувале култивација речиси илјада години, еден мал прст ќе биде доволен за да ги уништи. Рековме дека животните го имаат тој вроден инстинкт и дека можат да имаат некои способности. Сепак, во универзумот постои принцип: на животните не им е дозволено да успеат во култивацијата. Затоа, сите вие можеби сте прочитале во древните книги дека еднаш на неколку стотина години животните се убивани во голема или во мала катастрофа. После одредено време, откако ќе развијат енергија мораат да бидат убиени или погодени од молња и т.н. Забрането им е да се култивираат затоа што немаат вродена човечка природа, и не можат да се култивираат како луѓе бидејќи немаат човечки квалитети. Ако успеат во култивацијата, сигурно ќе бидат демони. Затоа не им е дозволено да успеат во култивацијата. Во спротивно, ќе бидат убиени од небото. Тоа го знаат и самите. Но како што реков, сега човечкото општество е во голем пад и многу луѓе прават разни гревови. Во оваа фаза, не е ли загрозено човечкото општество?

Кога нешто оди во крајност, следи пресврт! Ние откривме дека секогаш кога човечкото општество во предисториските времиња доживеало периодични уништувања, тоа секогаш се случувало кога човештвото било морално пропаднато до крајната граница. Сега, димензијата населена со човечки суштества, а и многу други димензии се во многу опасна ситуација. Истото важи и за другите димензии на ова ниво, и затоа опседувачките духови или животни, исто така, брзаат да избегаат и сакаат да се искачат на повисоки нивоа. Тие мислат дека ако се искачат на повисоки нивоа ќе можат да избегаат. Но како може да биде толку лесно? За да се култивираш мораш да имаш човечко тело. Поради тоа, ова е една од причините некои чигонг практичари да бидат опседнати од дух или животно.

Некои луѓе се чудат: „Ако има толку многу големи просветлени луѓе или мајстори на високо ниво, зошто тие не се погрижат за ова?” Постои уште еден принцип во нашиот универзум: ако самиот бараш или сакаш нешто, другите нема да сакаат да се мешаат. Тука, сите ги учиме да го следат исправниот пат, и во исто време темелно ви го објаснуваме Фа за да можете самите да се

просветлите. Твоја работа е само дали сакаш да го учиш. Учителот те пренесува низ влезот, а од тебе зависи дали ќе практикуваш култивација. Никој нема да те присили или да те тера да практикуваш култивација. Твоја работа е дали ќе се култивираш. Со други зборови, никој нема да се меша во однос на тоа по кој пат ќе тргнеш, што сакаш или што се обидуваш да добиеш. Ние само можеме да ги посоветуваме луѓето да бидат добри.

Иако мислиш дека некои луѓе практикуваат чигонг, нивната енергија всушност ја добиваат опседувачките духови или животни. Како може човек да биде опседнат од дух или животно? Колку чигонг практиканти во целата земја имаат опседувачки духови или животни зад своите тела? Ако ви го откријам бројот, многу луѓе ќе бидат премногу преплашени за да практикуваат култивација. Бројот им е застрашувачки голем! Зошто се случува таа ситуација? Овие работи предизвикуваат проблеми за обичното човечко општество. Зошто ова се претвора во толку сериозен феномен? Тоа е предизвикано од самите луѓе, бидејќи човештвото дегенерира, а демоните се насекаде. Особено сите лажни чигонг мајстори носат опседувачки духови или животни на своите тела и тоа го предаваат во своите учења. Во текот на човечката историја на животните им било забрането да опседнуваат луѓе. Кога го правеле тоа, биле убивани. Кој и да го видел тоа, не го дозволувал. Но во нашето денешно општество, некои луѓе им се молат за помош, ги сакаат и ги обожаваат. Некои луѓе можеби мислат: „јас не го барав конкретно него!” Не сте го барале него, но сте барале натприродни способности. Ќе ви ги даде ли големиот просветлен од вистинската култивациска практика? Барањето е приврзаност на обичните луѓе и мораме да се откажеме од таа приврзаност. Кој тогаш ќе ви ги даде? Само демоните од другите димензии и различните животни можат да ви ги дадат. Не е ли исто како да молите за опседнување од дух или животно? Тогаш тие доаѓаат.

Колку луѓе практикуваат чигонг со исправни мисли? Чигонг практиката бара да се ценат доблестите, да се прават добри дела и да се биде добар. Треба да се однесуваме на овој начин во се и под секакви околности. Кога практикуваат чигонг во парк или дома, колку луѓе размислуваат на овој начин? Никој не знае каков чигонг практикуваат некои од нив. Додека вежбаат нишајќи го телото, тие мрморат: ох, мојата снаа не ме почитува. Мојата свекрва е ужасна! Некои луѓе дури коментираат за се – од работното место до државните работи. Нема нешто, за кое не би зборувале, и ќе бидат многу вознемирени ако нешто не се согласува со нивниот начин на мислење. Ќе го наречете ли тоа чигонг практика? Понатаму, таквиот човек ја практикува стоечката вежба таму, со нозете кои му се тресат од замор. Но, неговиот ум не мирува. „Во денешно време работите се

толку скапи, а цените постојано се зголемуваат. На работа не можат да ми ја исплатат платата. Зошто не можам да развијам натприродни способности со практикување на чигонг? Ако развијам натприродни способности, и јас ќе станам чигонг мајстор и ќе се збогатам. Ќе можам да примам пациенти и да заработувам пари". Штом види дека другите луѓе развиле натприродни способности, тој ќе стане уште повознемирен. Тој ќе се стреми кон натприродни способности како што се небесното око и способноста да лекува болести. Размислете за тоа сите: колку е далеку тоа од Џен, Шан, Рен карактеристиката на нашиот универзум! Тоа оди во сосема спротивна насока. Сериозно кажано, тој човек култивира лош пат! Сепак, тој не знае дека го прави тоа. Колку повеќе мисли на овој начин, толку полош станува неговиот ум. Овој човек не добил Фа и не знае да ја цени доблеста. Тогаш тој мисли дека едноставно само со вежбање може да развие енергија и дека со желба може да добие се што сака. Тоа е она што тој мисли.

Токму заради лошите намери што ги носи, си навлекува лоши работи. Животното обично може да го види тоа: „Тој човек сака да се збогати со практикување на чигонг. Другиот човек сака да биде познат и да добие натприродни способности. Па добро, неговото тело не е лошо и носи многу добри работи. Но неговиот ум е навистина лош, тој бара натприродни способности. Можеби има учител, но дури и да има учител, јас не се плашам." Животното знае дека учителот од исправна култивациска практика нема да му даде натприродни способности откако ќе види дека ги бара на таков начин. Колку повеќе ги сака, толку помала е можноста неговиот учител да му ги даде, бидејќи токму тоа е приврзаност што треба да се отфрли. Колку повеќе мисли на тој начин, толку помалку добива натприродни способости и толку помалку е веројатно да биде просветлен во тоа. Колку повеќе тоа го бара, толку полош станува неговиот ум. На крај, кога ќе види дека овој човек е безнадежен, неговиот учител го напушта со воздишка и повеќе нема да се грижи за него. Некои луѓе немаат учител, но можно е за нив да се грижи учител кој е на минување, бидејќи во различните димензии има многу големи просветлени луѓе. Еден голем просветлен човек може да го забележи овој човек, да погледне кон него и да го следи еден ден. Тој ќе го напушти, откако ќе дознае дека не е доволно добар. Следниот ден во близина може да помине друг просветлен човек, но и тој ќе го напушти откако ќе открие дека не е добар.

Животното знае, независно дали тој човек има учител, или учител на минување, дека неговиот учител нема да му го даде тоа кон што тој се стреми. Бидејќи животните се неспособни да ги видат димензиите каде што

престојуваат големите просветлени луѓе, тие не се плашат и ќе го искористат овој пропуст. Во нашиот универзум постои принцип дека обично другите луѓе не можат да се мешаат во тоа кон што човекот се стреми или што сака за себе. Животното го користи овој пропуст: „Ако тој сака нешто, јас ќе му го дадам. Не е погрешно да му помогнам, нели?" Животното ќе му го даде тоа. На почетокот, животното не се осмелува да го опседне, и прво ќе му даде малку енергија за да ја испроба. Еден ден, тој човек одеднаш ќе открие дека ја има енергијата која што ја барал, а исто така може да лекува болести. Кога ќе види дека функционира, животното ќе го искористи тоа како музичка увертира: „Бидејќи тој го сака тоа, јас ќе се закачам за неговото тело. На тој начин ќе можам да му давам уште повеќе и полесно ќе го правам тоа. Не сака ли тој небесно око? Сега ќе му дадам се". И така го опседнува.

Додека умот на тој човек се стреми кон и мисли на овие работи, неговото небесно око се отвара и може да емитира енергија со некои ситни натприродни способности. Тој станува многу возбуден и мисли дека конечно го добил она што го барал со вежбањето. Всушност, не постигнал ништо со својата практика. Тој мисли дека ќе може да гледа низ човечкото тело и да открие каде се наоѓа болеста во телото на човекот. Всушност, неговото небесно око воопшто не е отворено, животното е она што го контролира неговиот ум. Животното го одразува тоа што го гледа со своите очи во неговиот мозок, и така тој си мисли дека му се отворило небесното око. „Сакаш ли да испратиш гонг? Само напред." Кога ќе испружи рака за да ослободи енергија, животното ја истегнува својата шепа зад неговиот грб. Веднаш штом ја отпушти енергијата, раздвоениот јазик од главата на таа змија се подава за да го лизне болното место или отечениот дел од телото на пациентот. Постојат неколку такви случаи и сите тие луѓе се опседнати со дух или животно поради сопствените желби.

Бидејќи овој човек следи нешто – барајќи богатство и слава – на тој начин стекнува натприродни способности. Тој може да лекува болести и со небесното око исто така може да гледа разни работи. Тоа го прави многу среќен. Животното го гледа тоа: „Не сакаш ли да се збогатиш? Одлично, јас ќе ти овозможам да заработиш пари." Многу е лесно да се манипулира со умот на обичниот човек. Животното може да натера многу луѓе, навистина многу, да дојдат кај него на лекување. Гледајте само, додека тој овде лекува болести, животното таму ги тера новинарите да го рекламираат во весниците. Тоа манипулира со обичните луѓе за да ги прават овие работи. Ако пациентот не плати доволно пари, тоа нема да биде дозволено, животното ќе предизвика пациентот да добие главоболка. Како и да е, мора да му плати многу пари. Тој

постигнал слава и богатство, заработил многу пари и станал славен. Исто така станал и чигонг мајстор. Обично таквиот човек не го цени шиншингот и тој се осмелува да каже се и сешто. Тој ќе се смета себеси втор само после небото, се осмелува да тврди дека е реинкарнираната Кралица мајка или Големиот цар на жад. Ќе се осмели дури и да се нарече Буда. Бидејќи не поминал култивација на шиншингот, тој се стреми кон натприродни способности во неговата практика. Како последица, ќе навлече на себе опседувачки дух или животно.

Можеби некои луѓе си мислат: „Што има лошо во тоа? Тоа е добро се додека има пари и може да се направи богатство, а исто така може да се постигне и слава.“ Многу луѓе мислат на тој начин. Дозволете да ви кажам на сите, животното всушност има свои сопствени намери и нема да ви даде нешто без причина. Овој универзум има принцип: „без загуба нема добивка“. Што добива? Не зборував ли токму за тоа? Тоа сака да ја добие есенцијата на твоето тело за да може да култивира човечка форма, тоа ја собира човечката есенција од телото на човекот. Човечкото тело го има само тоа парче есенција. Ако некој сака да практикува култивација, постои само тоа едно парче. Ако дозволиш животното да ти го земе, тогаш ќе мораш да заборавиш на практикување култивација. Како ќе се култивираш? Нема да имаш ништо и воопшто нема да можеш да се култивираш. Некои луѓе можеби ќе речат: „Јас не сакам да се култивирам, јас сакам само да заработам пари. Добро е додека имам пари. Кому му е грижа!“ Дозволете ми да ви кажам дека можеби сакаш да направиш богатство, но нема да мислиш така кога ќе ти ја кажам причината. Зошто? Ако животното рано го напушти твоето тело, твоите четири екстремитети ќе се чувствуваат многу слаби. Потоа ваков ќе бидеш до крајот на животот бидејќи тоа земало премногу од твојата есенција. Ако касно го напушти твоето тело ќе бидеш растение и ќе лежиш на кревет до крајот на животот едвај дишејќи. Иако имаш пари, можеш ли да ги трошиш? Иако имаш слава, ќе можеш ли да уживаш во неа? Не е ли ова застрашувачки?

Овие случаи се особено забележани меѓу практикантите во денешно време и ги има во голем број. Животното не само што може да го опседне човекот, тоа може да ја убие неговата првобитна душа, да влезе во ниван палатата и да остане таму. Иако човекот изгледа како човечко суштество, тој повеќе не е тоа. Дури и вакви работи можат да се случат во денешно време. Тоа е така затоа што човечките морални вредности се сменети. Кога некој прави нешто погрешно, тој човек нема да поверува ако му кажеш дека прави нешто погрешно. Тој си мисли дека е во ред да заработува пари, да бара пари и да се збогатува и дека тоа е исправно. Затоа тој ќе ги повредува и ќе им нанесе штета на другите. За да

заработи пари, тој ќе направи секаков грев и ќе се осмели да направи било што. Без да изгуби нешто, животното нема да добие ништо. Како може да ти даде нешто за ништо? Тоа сака да земе нешто од твоето тело. Секако, рековме дека некој си навлекува проблеми затоа што неговите сопствени вредности или мисли не му се определени и исправни.

Ние учиме Фалун Дафа. При култивирањето во нашата школа нема да имаш никакви проблеми, се додека добро го контролираш својот шиншинг, бидејќи еден праведен ум може да потчини сто зла. Ако не можеш добро да го одржуваш својот шиншинг и следиш ова или она, сигурно ќе си навлечеш непријатности. Некои луѓе едноставно не можат да се откажат од тоа што го практикувале во минатото. Ние бараме од луѓето да практикуваат само еден начин на култивација бидејќи треба да бидеме доследни во култивирањето на вистинска практика. Иако некои чигонг мајстори напишале книги, јас ви велам дека тие книги содржат секакви работи и се исти како и она што тие го практикуваат: тоа се змии, лисици и ласици. Кога ги читате тие книги, овие работи излегуваат од зборовите. Ви реков дека лажните чигонг мајстори повеќекратно ги надминуваат вистинските, а ти не можеш да ги разликуваш. Затоа треба добро да се однесуваш. Јас не викам дека мора да практикуваш Фалун Дафа, можеш да практикуваш во било која школа. Но во минатото имаше една стара изрека: „Подобро да не добиеш исправен пат ни за илјада години, отколку еден ден да ја практикуваш практиката на дивата лисица." Затоа, мора добро да се однесуваш и навистина да практикуваш култивација во исправен Фа. Не смееш ништо да додаваш во својата култивација, дури ни во мислите. Фалунот на некои луѓе е деформиран. Зошто е деформиран? Тие тврдат дека не практикуваат друг чигонг. Сепак, секогаш кога практикуваат, тие во мислите додаваат нешто од своите поранешни практики. Не се внесуваат ли тие работи во практиката? Ова е се на што ќе се осврнеме по прашањето за опседнување од дух или животно.

## Космички јазик

Што е космичкиот јазик? Тоа значи дека некој човек одеднаш може да зборува непознат јазик. Тој мрмори нешто што не може да го разбере ни самиот. Некој со телепатска способност може да ја долови основната идеја, но не е способен да каже за што конкретно зборува тој човек. Некои луѓе исто така можат да зборуваат многу различни јазици. Некои дури мислат дека тоа е извонредно и тоа го сметаат за способност или за натприродна способност. Тоа не е

натприродна способност, ниту е способност на практикантите, а исто така не може ни да претставува нечие ниво. Тогаш, што е тоа? Тоа значи дека твојот ум е контролиран од непознат дух. Но ти сеуште можеби мислиш дека е многу добро, го сакаш и среќен си поради тоа. Колку си позадоволен, толку полесно ќе те контролира. Како вистински практикант, како можеш да му дозволиш да те контролира? Понатаму, тоа доаѓа од многу ниско ниво. Како вистински практиканти, ние не треба да ги повикуваме овие проблеми.

Човекот е душата на целата материја, човечките суштества се најскапоцени. Како можеш да бидеш контролиран од тие работи? Колку е тажно да се откажеш од сопственото тело! Некои од тие работи се прикачени на човечките тела. Некои не се, остануваат на далечина од луѓето. Но тие манипулираат со тебе и те контролираат. Кога ќе сакаш да зборуваш, тие ќе ти овозможат да зборуваш и да мрмориш. Јазикот може да биде предаден и на друг човек ако тој сака да го научи. Ако тој човек е доволно смел за да проба, и тој ќе може да зборува. Всушност, тие работи доаѓаат во групи. Ако сакаш да зборуваш, еден од нив ќе ти дојде и ќе ти овозможи да зборуваш.

Зошто може да се случи оваа ситуација? Како што кажав, тие сакаат да го надградат сопственото ниво. Но бидејќи таму нема тешкотии, тие не можат да практикуваат култивација и да се подобрат. Тогаш им дошла идејата. Тие сакале да им помогнат на луѓето со правење на добри дела, но не знаеле како. Но сепак знаеле дека енергијата што ја даваат може да ја потисне болеста на пациентот и да ги ублажи за момент страдањата на пациентот, иако не може целосно да ја излекува болеста. Така, тие знаат дека ова може да се постигне со користење на устата на човекот за да се ослободи енергијата. Ова е она што се случува. Некои луѓе го нарекуваат небесен јазик, а постојат и некои кои го нарекуваат јазикот на Буда. Тоа е клеветење на Будите. Јас ќе речам дека тоа е чиста глупост!

Познато е дека еден Буда не ја отвара устата за разговор туку така. Ако ја отвори устата и зборува во нашата димензија, би можел да предизвика земјотрес за човештвото. Со таков силен звук, како би можело тоа да биде дозволено? Некои луѓе ќе речат: Со моето небесно око го видов Буда како разговара со мене. Тој не ти зборувал тебе. Некои луѓе го виделе и мојот фашен да го прави истото. Ни тој не ти зборувал. Пораката што ти ја дал била во стерео звук. Кога си го слушнал звучело како да ти зборувал. Тој обично зборува во својата димензија. Откако ќе се пренесе тука, не можеш јасно да го слушнеш она што го кажува, бидејќи концептот за време и простор помеѓу двете димензии е

различен. Еден шичен во нашата димензија е два часа. Во таа голема димензија еден шичен е една година, а времето овде е побавно од времето таму.

Во минатото се зборувало: „На небото само еден ден, а на земјата веќе поминале илјада години". Ова се однесува на единствените раеви кои немаат концепт за време и простор. Имено, тоа се раеви каде што престојуваат големите просветлени луѓе како што се Рајот на врховното блаженство, Кристалниот рај, Фалун рајот, и Лотос рајот. Тоа се однесува на овие места. Сепак, во таа голема димензија времето тече побрзо од нашето. Ако си способен да го примиш звукот, можеш да слушнеш кога некој зборува. Некои луѓе имаат способност да слушаат на далечина и нивното небесно уво е отворено. Тие можат да слушнат кога некој зборува, но не јасно. Што и да слушнеш ќе наликува на цвркот од птица или брзо вртење на грамофонска плоча, не може да се каже што е тоа. Се разбира, некои луѓе можат да слушнат музика или говор. Но разликата во времето треба да биде надмината со помош на натприродна способност која служи како преносител. Тогаш звукот ќе може да стигне до твоите уши и ти ќе можеш јасно да го слушнеш. Тоа е едноставно така. Некои луѓе го нарекуваат јазикот на Буда, но тој воопшто не е тоа.

Кога две големи просветлени битија се сретнат, насмевката е доволна за да се разберат. Ова се должи на телепатија без звук, а она што се прима е во стерео звук. Штом се насмевнат, тие веќе си размениле идеи. Тоа не е единствениот метод што го користат, тие имаат и друг начин. Знаете дека во тантризмот тибетските лами се јасно определени во користењето на рачните знаци. Но ако прашаш еден лама што значат тие знаци, тој ќе ти каже дека тоа е највисока јога. За што точно се користат? Ни тој самиот не знае. Всушност, тоа е јазикот на големите просветлени битија. Кога има многу луѓе, тие користат големи рачни знаци, тие се многу убави и направени се од различни големи рачни знаци. Кога има малку луѓе тие користат мали рачни знаци, тие исто така се многу убави и направени се од различни мали рачни знаци. Тие се многу сложени и богати, затоа што тие се вид на јазик. Во минатото ова беше небесна тајна што ние сега ја разоткриваме. Тоа што се користи на Тибет се само неколку движења кои се користат исклучиво за практикување, а нив луѓето ги имаат класифицирано и систематизирано. Тие служат само како јазик во практиката и се само неколку форми на таа практика. Вистинските рачни знаци се многу сложени.

## Што им дава учителот на практикантите?

Кога ќе ме видат, некои луѓе ме држат за раката и не сакаат да ја пуштат. Кога другите луѓе ги видат дека се ракуваат со мене, тие исто така се ракуваат. Знам што имаат на ум. Некои луѓе се многу среќни кога се ракуваат со учителот. Некои луѓе сакаат да добијат некои пораки и не ми ја пуштаат раката. Ние велиме дека вистинската култивациска практика е ваша сопствена работа. Ние не сме тука за лекување и одржување на телото, или за да ви дадеме некои пораки и да ги лекуваме вашите болести, ниту пак се интересираме за тие работи. Вашите болести ќе бидат излекувани директно од мене. Тие кои практикуваат на местата за вежбање ќе бидат излекувани од моите фашени. Тие кои учат Дафа самостојно читајќи ја книгата, исто така ќе бидат излекувани од моите фашени. Мислите ли дека ќе го зголемите својот гонг само со допирање на мојата рака? Не е ли тоа шега?

Гонгот зависи од култивирањето на сопствениот шиншинг. Ако вистински не се култивираш, гонгот не расте; ова е затоа што постои шиншинг стандард. Кога расте твојот гонг, некој што е на високо ниво може да види кога твојата приврзаност, таа супстанца е отстранета, тогаш над твојата глава расте едно мерило. Покрај тоа, ова мерило постои во форма на гонг колона. Ова мерило е високо колку и гонг колоната. Таа го претставува гонгот кој што си го искултивирал. Исто така, таа ја претставува висината на твоето ниво на шиншингот. Без оглед на тоа колку многу другите луѓе сакаат да ти додадат, тоа воопшто нема да успее. Дури и мала честичка не може да биде додадена, таа не може да остане таму и целосно ќе падне. Јас можам да направам веднаш да ја достигнеш состојбата „три цвета собрани над главата". Но штом поминеш низ оваа врата, гонгот ќе падне затоа што не е твој и не е добиен со твојата култивација. Бидејќи твојот шиншинг стандард уште не е на тоа ниво, тој не може да остане таму. Кој и да сака да ти го додаде, ќе биде неспособен да го направи тоа, затоа што тој целосно доаѓа од твојата култивација и култивирањето на сопствениот ум. Можеш да се подигнеш нагоре само со солидно развивање на твојот гонг, постојано подобрување и асимилирање со карактеристиките на универзумот. Некои луѓе ме молат за автограм, но јас не сакам да им го дадам. Некои луѓе се фалат дека имаат автограм од учителот. Тие сакаат да се фалат со него или сакаат пораките од учителот да ги штитат. Не е ли и тоа приврзаност? Вие треба сами да се култивирате. За какви пораки зборувате? Треба ли да прашувате за тоа во култивацијата на високо ниво? Што треба да значи тоа? Тоа е само нешто за лекување и одржување на телото.

На многу микроскопско ниво, гонгот кој што си го развил, или секоја микроскопска честичка од тој гонг, изгледа исто како тебе. Откако ќе стигнеш до „Надвор од Тројниот свет", ти ќе практикуваш култивација на Буда тело. Тој гонг ќе добие облик на Буда. Тој е многу убав и седи на лотосов цвет. Секоја микроскопска честичка е таква. Гонгот на животното сепак, личи на мали лисици или змии. На многу микроскопско ниво, нивните фини честички се такви работи. Постојат и таканаречени пораки. Некои луѓе ќе ти измешаат чај и ти даваат да пиеш, тие мислат дека тоа треба да биде гонг. Обичниот човек само сака привремено да ги ублажи болките со одложување и потиснување на болеста. После се, обичниот човек е само обичен човек. Ние не сме загрижени за тоа како тој го уништува своето тело. Вие сте практиканти. Поради тоа, ви ги кажувам овие работи. Од сега па натаму, не треба да го правите тоа. Никогаш не барајте такви работи како што се таканаречените „пораки", ова или она. Еден чигонг мајстор тврди: „Јас ви давам пораки, а вие можете да ги примате во сите делови на земјата". Што да примите? Ви велам дека овие работи не се од голема корист. Дури и да претпоставиме дека се добри, тие се уште се само за лекување и одржување на телото. Сепак, како практиканти, нашиот гонг доаѓа од нашата сопствена култивација. Пораките од други луѓе не можат да го надградат нивото, туку само да ги лекуваат болестите на обичните луѓе. Човекот мора да одржува исправен ум; никој не може да практикува култивација за некој друг. Само кога вистински се култивираш, ќе можеш да го надградиш своето ниво.

Тогаш, што ви давам јас? Сите знаат, дека многу од нашите практиканти никогаш не практикувале чигонг и нивните тела носат болести. Иако многу луѓе практикувале чигонг повеќе години, тие се уште се наоѓаат на нивото на чи без да добијат било каков гонг. Се разбира, некои луѓе третирале пациенти без да знаат како го направиле тоа. Кога зборував за прашањето за запоседнување од духови или животни, јас веќе ги отстранив запоседувачките духови или животни – без разлика на тоа што се – од телата на вистинските Дафа практиканти, ги отстранив сите тие работи внатре и надвор од нивните тела. Кога тие кои вистински се култивираат самостојно го читаат овој Дафа, јас ќе ги исчистам и нивните тела. Покрај тоа, и вашата домашна средина треба исто така да биде исчистена. Колку што е можно поскоро треба да ја фрлите духовната плоча за повикување на лисицата и ласицата што претходно сте ја зачувале. Сите тие се уништени и веќе не постојат. Затоа што сакате да практикувате култивација, ние можеме да ја отвориме за вас најпогодната врата и затоа тие работи можат да бидат направени за вас. Но тоа се прави само за вистинските практиканти. Се разбира, некои луѓе не сакаат да практикуваат култивација и до овој момент не

ја разбираат. Според тоа не можеме да се грижиме за нив. Ние се грижиме само за вистинските практиканти.

Има и друг тип на луѓе. Во минатото му кажале дека е запоседнат од дух или животно. И тој самиот така се чувствувал. Сепак, откако ќе се отстрани тоа за него, неговиот ум сеуште е загрижен поради тоа. Тој секогаш мисли дека таа состојба сеуште постои. Тој мисли дека тоа се уште е тука, и ова е веќе приврзаност наречена сомнеж. Како минува времето, овој човек може повторно да го навлече тоа на себе. Тој треба да се откаже од оваа приврзаност, бидејќи овие запоседувачки духови и животни повеќе не постојат. Некои луѓе беа излечени од тие работи на нашите претходни предавања. Веќе ги направив тие работи за нив и ги отстранив сите запоседувачки духови или животни.

Тао школата бара поставување на темел во практиката на ниско ниво. Исто така, мора да се развијат небесниот круг, дантиенот, и некои други работи. Тука ќе ви обезбедиме фалун, чи механизми, сите механизми потребни за практикување култивација и така натаму – над десет илјади од нив. Сите тие ќе ви бидат дадени како семе, посадени во вашето тело. Откако ќе ги отстранам вашите болести, јас ќе направам се што е неопходно да биде направено, и ќе ви дадам се што треба да ви биде дадено. Тогаш ќе бидете способни вистински да продолжите со култивацијата во нашата школа до крај. Во спротивно, ако не ви дадам ништо, тоа ќе биде само за лекување и одржување на телото. Искрено кажано, некои луѓе не го ценат шиншингот, и за нив е подобро да прават физички вежби.

Ако вистински се култивираш, ние мора да бидеме одговорни за тебе. Практикантите кои самостојно учат ќе ги добијат истите работи, но тие треба да се вистински практиканти. Ние ги даваме сите тие работи на вистинските практиканти. Јас реков дека ќе морам вистински да се однесувам кон тебе како кон мој ученик. Освен тоа, ти мораш темелно да учиш Фа од високо ниво и да знаеш како да практикуваш култивација. Петте вежби ќе ти бидат одеднаш покажани и сите ќе ги научите. Во времето кое претстои, ќе бидеш во можност да достигнеш многу високо ниво – тоа е толку високо што е надвор од твојата имагинација. Се додека се култивираш, за тебе нема да биде проблем да достигнеш вистинско постигнување во култивацијата. Во предавањето на овој Фа, јас имам вклучено различни нивоа. Во својата идна култивациска практика на различни нивоа, овој Фа секогаш ќе ја има таа водечка улога за тебе.

Како практикант, од сега па натаму твојот животен пат ќе биде променет. Мојот фашен ќе го преуреди за тебе. Како ќе го преуреди? Уште колку години од

животот има еден човек? Ни тој самиот не го знае тоа. Некои луѓе може сериозно да се разболат после една или после половина година или може да бидат болни неколку години. Некои луѓе може да страдаат од мозочен удар или други болести и воопшто да не можат да се движат. Како можеш да практикуваш култивација до крајот на твојот живот? Ние мора да го поправиме сето тоа за тебе и да спречиме да се појават овие работи. Сепак, мора да биде јасно предвреме дека можеме да ги направиме тие работи само за вистинските практиканти. Не е дозволено да се прават по волја за обичниот човек. Во спротивно, тоа е исто како да се направи лошо дело. За обичните луѓе работите како раѓање, старост, болест и смрт сите имаат кармички односи, и тие не можат да бидат поткопани по волја.

Ние ги гледаме практиктикантите како најскапоцени луѓе. Затоа можам да ги направам тие работи само за практикантите. Како го правиме ова? Ако учителот има големи доблести – односно, ако учителот поседува многу моќна гонг снага – овој учител може да ја елиминира твојата карма. Ако нивото на енергијата на учителот е високо, тој учител може да елиминира многу од твојата карма. Ако нивото на енергијата на учителот е ниско, тој може да елиминира само малку од твојата карма. Дозволете ни да користиме пример. Ние ќе ја поставиме твојата разновидна карма на твојот животен пат во иднина и ќе елиминираме дел од неа или половината од неа. Останатата половина сеуште е повисока од планина и ти не можеш да ја надминеш. Што треба да се направи тогаш? Кога ќе достигнеш Тао, во иднина многу луѓе ќе имаат корист. На овој начин, многу луѓе ќе поднесат дел за тебе. Се разбира, за нив тоа не е ништо. Исто така, со практикувањето ќе се развијат многу битија во твоето тело. Освен главната душа и помошната душа, и многу други твои „јас" ќе понесат дел за тебе. Нема да ти остане речиси ништо за времето кога ќе поминуваш низ неволји. Иако речиси ништо не останало, тоа сеуште е многу, и сеуште не можеш да го надминеш. Што се случува тогаш? Тоа ќе биде поделено на бројни делови за различните фази на твојата култивација. Тие ќе бидат искористени за подобрување на твојот шиншинг, трансформација на твојата карма и зголемување на твојот гонг.

Згора на тоа, не е лесно кога некој сака да практикува култивација. Веќе реков, тоа е многу сериозно прашање. Тоа е нешто надвор од обичните луѓе и потешко е од било што меѓу обичните луѓе. Не е ли тоа натприродно? Затоа и барањата кон вас се повисоки од било кое друго прашање меѓу обичните луѓе. Како човечки суштества ние имаме првобитни души и таа првобитна душа не исчезнува. Ако првобитната душа не исчезнува, размислете сите: Не направила ли првобитната душа лоши работи во општествените односи во твојот

поранешен живот? Тоа е многу веројатно. Можеби си направил работи како што се убиствата, можеби должиш нешто некому, си малтретирал некого или си му нанесол штета на некој. Ако тоа е вистина, кога ти тука се култивираш, тие таму можат јасно да го видат тоа. Нив не им е грижа кога ги лекуваш своите болести или го одржуваш здравјето, зашто знаат дека само го одложуваш долгот. Ако не го платиш сега, ќе го платиш подоцна, а во иднина ќе платиш уште повеќе за него. Ете зошто не се грижат ако не платиш во тој момент.

Но ако кажеш дека сакаш да се култивираш, тие нема да ти го дозволат тоа: „Сакаш да практикуваш култивација и да си заминеш. Кога ќе развиеш гонг нема да можеме да те стигнеме и да те допреме". Тие нема да го дозволат тоа и ќе се обидат со се, за да те спречат да се култивираш. Соодветно на тоа, ќе користат секаков вид методи за да ти пречат. Дури ќе дојдат и стварно да те убијат. Се разбира, главата нема да ти биде отсечена тука, додека седиш во седечка медитација. Тоа е невозможно зашто мора да биде во согласност со состојбата во обичното човечко општество. Можеби ќе те удри автомобил по излегување надвор од дома, или можеби ќе паднеш од зграда или ќе наидеш на други опасности. Тие работи можат да се случат и ќе бидат многу опасни. Вистинското култивирање не е толку лесно како што си го замислуваш ти. Мислиш ли дека ако сакаш да се култивираш, ќе можеш да го направиш тоа? Штом посакаш вистински да се култивираш, твојот живот ќе биде веднаш во опасност и овој проблем ќе те загрижува веднаш. Многу чигонг мајстори не се осмелуваат да ги подучуваат учениците кон повисоко ниво. Зошто? Тие едноставно не можат да се погрижат за ова прашање, и не можат да те заштитат.

Во минатото имаше многу луѓе кои подучуваа Тао. Тие можеа да учат само еден ученик, и се што можеа да направат беше да се грижат за еден ученик. Сепак, да се прави тоа во толку голем обем, еден просечен човек не би се осмелил. Но ние ви кажавме дека јас можам да го направам тоа, бидејќи имам многубројни фашени кои ги поседуваат моите силни божествени способности. Тие можат да покажат огромни натприродни способности – многу божествени Фа способности. Покрај тоа, она што ние денес го правиме не е толку едноставно како што изгледа на површината. Јас не бев со вжештена глава кога се појавив во јавноста. Можам да ви кажам дека има многу големи просветлени луѓе кои го гледаат овој настан. Ова е последен пат да подучуваме исправен пат во периодот на крајот на дармата. Притоа, ние исто така нема да дозволиме да отиде во погрешна насока. Ако навистина го следиш исправниот пат во култивациската практика, никој нема да се осмели да ти направи нешто по волја.

Покрај тоа, ти имаш заштита од мојот фашен, и нема да бидеш во никаква опасност.

Тоа што се должи мора да биде платено. Затоа, можат да се појават некои опасни работи во текот на твојата култивација. Кога тоа ќе се случи, ти сепак нема да бидеш исплашен, ниту пак ќе биде дозволено да ти се случи вистинска опасност. Можам да дадам неколку примери. Кога држев предавање во Пекинг, еден практикант ја преминувал улицата на велосипед. На крајот на улицата, се појавил луксузен автомобил и го срушил овој практикант, жена над педесетгодишна возраст. Судирајќи се одеднаш со неа, тој ја удрил многу силно. Со звукот на „трескање", главата и удрила во покривот од автомобилот. Во тој момент, нозете на практикантката се уште биле на педалите од велосипедот. Иако била удрена во главата, не чувствувала никаква болка. Не само што не чувствувала никаква болка, но и не крварела ниту пак имала оток. Возачот бил исплашен до смрт и скокнал од колата. Брзо ја прашал жената дали е повредена и предложил да одат во болница. Таа одговорила дека се е во ред. Се разбира, таа практикантка имала многу високо ниво на шиншинг и не би го вовлекла возачот во непријатност. Рекла дека се е во ред, но ударот оставил голема дупка во колата.

Сите овие работи се случуваат за да ти го одземат животот. Но ти нема да бидеш изложен на опасност. Последниот пат кога одржавме предавање на универзитетот во Џилин, еден практикант минувал низ главниот влез на универзитетот во Џилин, туркајќи го својот велосипед. Веднаш штом стигнал до средината на патот, одеднаш се нашол помеѓу два автомобили. Автомобилите речиси го удриле но тој воопшто не се исплашил. Обично, воопшто не се плашиме кога ќе наидеме на такви работи. Во тој момент колите застанале и ништо не се случило.

Таков пример имаше и во Пекинг. Во зима рано се стемнува и луѓето рано одат на спиење. Улиците биле многу тивки, без жива душа на нив. Еден практикант брзал дома на својот велосипед, а пред него јурел еден џип. Одеднаш џипот закочил. Тој не бил свесен за тоа и продолжил да го вози велосипедот напред со наведната глава. Но џипот одеднаш почнал да се враќа назад со многу голема брзина. Ако двете сили се сретнеле, тоа би му го одзело животот. Точно во моментот пред да се судрат, некаква сила го повлекла назад неговиот велосипед за повеќе од половина метар и џипот одеднаш сопрел точно пред гумата на велосипедот. Можеби возачот на џипот открил дека некој е зад него. Во тој момент практикантот не бил уплашен. Сите оние кои ќе се соочат со ваква ситуација нема да бидат исплашени, иако можеби ке се

исплашат подоцна. Првото нешто што му паднало на памет било: „Леле! Кој ме повлече назад? Треба да му се заблагодарам!” Кога се свртел за да изрази благодарност, открил дека улицата е многу тивка и нема никој. Веднаш разбрал: „Учителот е тој кој што ме заштити!”

Друг случај се случил во Чангчун. Во близина на домот на еден практикант се градеше зграда. Денес се градат многу високи згради, а скелето е направено од железни цевки кои се пет сантиметри во дијаметар, а долги четири метри. Само што овој практикант излегол од дома, една железна цевка паднала од високата зграда право кон неговата глава. Луѓето на улица биле преплашени. Тој прашал: „кој ме погали?” Тој мислел дека некој го погалил по главата. Точно во тој момент ја свртел главата и видел голем фалун како се врти над неговата глава. Таа железна цевка се лизнала покрај неговата глава и се забила во земјата без да падне. Ако навистина се забиеше во телото на овој човек – размислете за тоа сите – ќе навлезеше во телото како во зашеќерено овошје, толку беше тешка. Тоа беше многу опасно!

Има толку многу такви случаи, што не може ни да бидат изброени. Но никој не беше во опасност. Нема сите да се сретнат со вакви работи, но некои поединци ќе се соочат со нив. Без оглед на тоа дали ќе ти се случат или не, можам да те уверам дека нема да бидеш во никаква опасност – ти го гарантирам тоа. Некои практиканти не го следат барањето за шиншингот, тие само вежбаат без да го култивираат својот шиншинг. Тие не можат да бидат сметани за практиканти.

Што се однесува на тоа што ти дава учителот, тоа се работите што ти ги давам. Мојот фашен ќе те заштити, се додека не бидеш во состојба самиот да се штитиш. Во тоа време ќе се култивираш во Фа надвор од Трите Света и веќе си постигнал Тао. Но треба да се однесуваш како вистински практикант и само така ќе успееш. Имаше еден човек кој што одеше со мојата книга во рацете и викаше: „Имам заштита од Учителот Ли и не се плашам дека ќе ме удри кола.“ Тоа беше поткопување на Дафа. Таквиот човек нема да биде заштитен. Всушност, еден вистински практикант не би направил такво нешто.

## Енергетско поле

Додека практикуваме, околу нас постои едно поле. Какво е тоа поле? Некои луѓе го нарекуваат чи поле, магнетно поле или електрично поле. Всушност, неправилно е како и да го наречете бидејќи материјата која што ја има во тоа

поле е извонредно богата. Речиси целата материја што ги сочинува сите димензии на нашиот универзум може да се најде во овој гонг. За нас е соодветно да го наречеме енергетско поле, затоа нормално го нарекуваме енергетско поле.

Каков ефект има ова поле? Како што знаете, сите практичари на овој исправен пат го имаат ова чувство: Кога некој се култивира на исправен пат, тој е добродушен и асимилиран со Џен, Шан, Рен, карактеристиката на универзумот. Затоа сите наши практичари можат тоа да го почувствуваат, додека седат во ова поле, и нивните умови немаат лоши мисли. Освен тоа, додека седат тука, многу практичари дури и не помислуваат на пушење. Тие чувствуваат спокојна и мирна атмосфера, која е многу пријатна. Ова е енергијата што ја носи практикантот на исправен пат, тоа е она што го прави во рамките на опсегот на ова поле. Подоцна, после овој курс, повеќето наши практичари ќе имаат гонг – навистина ќе развијат енергија. Бидејќи тоа што ве учам се работи од култивација на исправен пат, вие исто така треба да го примените овој шиншинг стандард на себеси. Се додека продолжувате да практикувате и ги следите побарувањата за шиншингот во култивациската практика, вашата енергија постепено ќе станува се посилна.

Ние учиме за спасение на себеси и на другите, а исто така и за спас на сите суштества. Така што фалунот може да те спасува тебе кога ќе се врти навнатре и ќе ги спасува другите кога ќе се врти кон надвор. Додека се врти кон надвор ја дава енергијата и може да им користи на другите. На овој начин, во опсегот на твоето енергетско поле другите ќе имаат корист и можат да се чувствуваат многу удобно. Без разлика дали си на улица, на работното место или дома, ти може да имаш таков ефект врз другите. На луѓето во твоето поле може ненамерно да им бидат излекувани болестите бидејќи ова поле може да ги поправи сите абнормални состојби. Човечкото тело не треба да има болест, да се биде болен е абнормална состојба. Тоа може да ја поправи оваа абнормална состојба. Кога еден лош човек размислува за нешто лошо, тој може да го промени мислењето заради силниот ефект на твоето поле; тогаш тој повеќе нема да сака да направи лошо дело. Можеби некој сака да навреди некого. Тој може одеднаш да го смени мислењето и нема да сака да го навреди. Само енергетското поле од култивациската практика на еден исправен пат може да го произведе тој ефект. Затоа во минатото во будизмот се велеше: „Светлината на Буда осветлува насекаде и ги исправува сите абнормалности." Ете што значи тоа.

# Како Фалун Дафа практичарите треба да ја шират практиката

По овој курс, многу од нашите практичари мислат дека таа практика е многу добра и сакаат да ја пренесат на свои роднини или пријатели. Да, секој од вас може да ја шири и да ја предава на другите. Но има нешто што морам да го откријам на сите вас. Ние на сите ви дадовме толку многу работи, кои не може да се мерат или вреднуваат со пари. Зошто ви ги давам на сите? Тоа е заради вашата култивациска практика. Само ако се култивирате, можат да ви бидат дадени тие работи. Со други зборови, кога во иднина ќе ја ширите практиката, не можете да ги користите овие работи за да барате слава и лична добивка. Затоа, не можете да организирате курсеви и да собирате надоместоци како што правам јас. Бидејќи ние треба да печатиме книги и материјали и да патуваме за да ја предаваме практиката, ние треба и да ги покриеме трошоците. Нашите надоместоци се веќе најмали во државата, а сепак работите што ги даваме се најбројни. Ние вистински ги водиме луѓето кон повисоки нивоа, сите вие го знаете тој факт. Како практичар на Фалун Дафа, кога во иднина ќе ја шириш практиката, имаме две барања кон тебе.

Првото е дека не можеш да земаш надоместок. Ние ти дадовме толку многу работи, но тие не се за да се збогатиш или да стекнеш слава. Наместо тоа, тие се за твоето спасување и за да ти овозможат да практикуваш култивација. Ако земаш надоместок, мојот фашен ќе ти одземе се што ти било дадено и ти повеќе нема да бидеш практикант во нашата Фалун Дафа. Тоа што си го ширел нема да биде нашата Фалун Дафа. Кога ќе го шириш, не треба да бараш слава и лична корист, туку треба доброволно да ги служиш другите. Сите практиканти го прават тоа на овој начин на национално ниво, а исто така и асистентите од различните региони го даваат својот пример. Ако сакаш да ја изучуваш оваа практика, се додека сакаш да учиш, можеш да дојдеш. Ние можеме да бидеме одговорни за тебе и нема да ти земеме ни пара.

Второто барање е дека не треба да додаваш лични работи кон Дафа. Со други зборови, во текот на ширењето на практиката, независно дали небесното око ти е отворено, дали си видел нешто или си развил некои натприродни способности, не можеш да го користиш тоа што си го видел за да ја објаснуваш нашата Фалун Дафа. Тоа малку што си го видел на твоето ниво не е ништо и е далеку од вистинското значење на Фа, кое што го подучуваме ние. Ете зошто кога во иднина ја шириш практиката, треба да бидеш многу внимателен по ова

прашање. Само така можеме да обезбедиме оригиналните работи во нашата Фалун Дафа да останат непроменети.

Покрај тоа, на никого не му е дозволено да ја подучува практиката на начинот на кој што го правам тоа јас, и никому не му е дозволено да подучува Фа во овој обемен формат што јас го користам. Ти не си во можност да подучуваш Фа. Ова е затоа што тоа што јас го подучувам има многу длабоки импликации и вклучува работи од високите нивоа. Вие се култивирате на различни нивоа. Во иднина, откако ќе напредуваш, ќе продолжиш да се подобруваш кога повторно ќе го слушаш ова предавање. Слушајќи го постојано, постојано ќе стекнуваш нови разбирања и нови резултати. Тоа важи уште повеќе за читањето на оваа книга. Ова мое учење вклучува многу длабоки работи од високите нивоа. Затоа, ти не можеш да го подучуваш овој Фа. Не ти е дозволено да објаснуваш, користејќи ги моите оригинални зборови како свои, инаку тоа ќе биде плагијат на Фа. Можеш само да ги користиш моите оригинални зборови за да објасниш додавајќи дека ова е начинот на кој зборува учителот, или дека така е напишано во книгата. Можеш да го кажеш тоа само на овој начин. Зошто? Затоа што кога ќе го кажеш на овој начин, ќе ја има моќта на Дафа. Не можеш да ги шириш работите што ги знаеш како Фалун Дафа. Во спротивно, она што го пренесуваш не е Фалун Дафа, и тоа што го правиш е исто што и поткопување на нашата Фалун Дафа. Ако кажеш нешто во согласност на своите идеи и сознанија, тоа не е Фа и не може да спасува луѓе, ниту ќе има некаков ефект. Затоа, никој друг не може да го подучува овој Фа.

Начинот на кој ја пренесувате оваа практика е со пуштање на аудиокасети или видеоснимки за практичарите на местата за вежбање или на местата за учење, а потоа асистентите можат да ги покажат вежбите. Можете да ја користите формата на семинар за да комуницирате едни со други, и може да разговарате и споделувате работи едни со други. Ние бараме да го правите тоа на овој начин. Во исто време не можете да нарекувате практикант (ученик) кој подучува Фалун Дафа со „учител" или „мајстор", бидејќи има само еден мајстор во Дафа. Сите практиканти се ученици без разлика на тоа кога започнале да практикуваат.

Кога ќе се шири практиката, некои луѓе можеби ќе помислат: „Учителот може да постави фалун и да го прилагоди телото, но ние не можеме." Тоа не е важно. Веќе ви кажав дека зад секој практикант има мој фашен, и тоа не само еден. Соодветно на тоа, мојот фашен ќе се погрижи за тие работи. Кога некого го учите да практикува, тој веднаш ќе добие фалун ако има предодредена врска. Ако нема добра предодредена врска, тој може постепено да го добие после

одредено време на практикување и по приспособувањето на неговото тело. Мојот фашен ќе му помогне во приспособувањето на неговото тело. Освен овие работи ви велам дека ако некое лице учи Фа и вежби читајќи ја мојата книга, гледајќи ги моите видеоснимки или слушајќи ги моите аудиоснимки, и ако навистина се смета себеси за практикант, тој исто така може да ги добие работите што ги заслужува.

Не им дозволуваме на практикантите да примаат пациенти, како практиканти на Фалун Дафа апсолутно ви е забрането да лекувате болести на други луѓе. Ние ве учиме да напредувате во култивацијата, и не сакаме да развиете некоја приврзаност или да го уништите сопственото тело. Нашите места за вежби се подобри од кои и да било други места за чигонг вежби. Се додека одите на нашите места за вежби за да практикувате, тоа е многу подобро отколку да ги лекувате своите болести. Моите фашени седат во круг и над местото за вежби има штит, на кој што има голем фалун. Голем фашен го чува местото над штитот. Тоа место не е обично место, ниту е место за обична чигонг практика: Тоа е место за култивација. Многу од нашите практичари со натприродни способности виделе дека тоа место на Фалун Дафа е заштитено со црвена светлина и целото е црвено.

Мојот фашен може директно да постави фалун на практикант, но ние не ја охрабруваме ничија приврзаност. Кога учиш некого да вежба тој може да ти каже: „О, сега имам фалун". Ти можеби ќе помислиш дека е поставен од тебе, но не е. Ти го кажувам ова за да не ја развиеш таа приврзаност. Сето тоа е направено од мојот фашен. Ете како нашите Фалун Дафа практичари би требало да ја шират практиката.

Секој кој се обидува да ги промени вежбите на Фалун Дафа, ја поткопува и Дафа и оваа школа за практикување. Некои луѓе ги испревртеле инструкциите за вежби во рими, а тоа е апсолутно недозволиво. Еден вистински метод за култивација секогаш се пренесува од предисториско време. Тој е сочуван од многу далечни времиња и успешно искултивирал многу големи просветлени луѓе. Никој не се осмелува ни малку да го промени. Такво нешто може да се случи само во овој наш период на – крајот на дармата. Такви работи никогаш не се случувале во текот на историјата. Секој треба да биде многу внимателен по ова прашање.

# Четврта лекција

## Загуба и добивка

Во заедницата на култиватори, често се расправа за односот меѓу загубата и добивката. И меѓу обичните луѓе, исто така се дискутира за тоа. Како нашите практичари треба да се однесуваат кон загубите и добивките? Тоа е различно од обичните луѓе. Тоа што го сакаат обичните луѓе е лична добивка и добар и удобен живот. Нашите практичари не се такви, но сосема спротивно од тоа. Ние не го бараме тоа што го сакаат обичните луѓе. Наместо тоа, она што го добиваме е нешто што обичните луѓе не можат да го добијат - дури и да сакаат - освен со практикување култивација.

Загубата на која мислиме не е загуба во тесен обем. Кога зборуваме за загуба ќе помислиме да донираме нешто пари, да им подадеме рака на оние на кои им е потребна, или да нахраниме просјак на улица. Сето тоа е форма на давање и форма на загуба. Но тоа се однесува само на помала заинтересираност единствено за прашањето за парите или имотот. Откажувањето од богатство секако е аспект на загуба, и тоа релативно голем аспект. Но загубата за која ние зборуваме не е ограничена само на тоа во овој тесен обем. Како практиканти, во текот на култивацијата треба да се откажеме од толку многу приврзаности како што се менталитетот на докажување, љубомората, натпреварувачкиот менталитет и фанатизмот. Многу разни приврзаности треба да бидат отфрлени, затоа загубата за која дискутираме е загуба во поширока смисла. Во текот на култивацијата треба да се ослободиме од сите приврзаности и различни желби на обичните луѓе.

Некој можеби ќе се запраша: „Ние се култивираме меѓу обичните луѓе. Ако изгубиме се, не сме ли исти како монасите и калуѓерките? Се чини дека е невозможно да се изгуби се." Во нашата школа за култивација, од тие што се култивираат меѓу обичните луѓе, се бара да се култивираат токму во обичното човечко општество и колку што е можно повеќе да се прилагодат на обичните луѓе. Не ти е побарано навистина да изгубиш нешто материјално. Не е важно на колку висока позиција се наоѓаш или колкаво богатство имаш. Клучот е во тоа дали можеш да ја оставиш таа приврзаност.

Нашата школа за култивација е директно насочена кон твојот ум. Клучно прашање е дали можеш лесно да ги поднесеш и помалку да се грижиш за прашањата за сопствената добивка и индивидуалните конфликти. Култивациските практики во храмовите и далечните планини и шуми целосно ти го пресекуваат пристапот до обичното човечко општество, и те принудуваат да ги оставиш приврзаностите на секојдневните луѓе. Те држат подалеку од каква и да било материјална корист за да можеш да се откажеш од нив. Оној што се култивира меѓу обичните луѓе не го следи тој пат. Овој човек треба да ги прифати нив со леснотија во оваа секојдневна човечка околина. Се разбира, тоа е многу тешко. Но тоа е најважно во нашата школа за култивација. Затоа, загубата за која зборуваме е загуба во поширока а не во потесна смисла. Дозволете да зборуваме за правењето добри дела или донирањето на пари или материјални добра. Во денешно време некои од просјаците кои ги гледаш на улица, се професионалци и можеби имаат повеќе пари од тебе. Ние треба да се фокусираме на големите работи, а не на малите ситници. Треба да се култивирме отворено и достоинствено во поширока смисла. Во процесот на губење, она што навистина го губиме се лошите работи.

Човечките суштества често веруваат дека се што тие следат е добро. Всушност, гледано од високите нивоа, тоа служи само за да ги задоволи личните интереси на обичните луѓе. Во религиите е речено дека независно од тоа колку пари имаш или колку е висока твојата позиција, тоа трае само неколку децении. Никој не може да донесе нешто со раѓањето или да однесе нешто со себе по смртта. Зошто гонгот е толку драгоцен? Токму затоа што расте директно на телото на твојата првобитна душа и може да биде донесен со раѓањето и земен после смртта. Покрај тоа, тој директно го определува твојот статус на постигнување во култивацијата, и затоа е тешко да се искултивира. Со други зборови, тоа што го губиш, е нешто лошо. На тој начин, можеш да се вратиш кон твоето оригинално, вистинско јас. Што добиваш тогаш? Подобрување на твоето ниво, и на крајот постигнување на вистинското постигнување и завршување на култивацијата, а со тоа решавање на основниот проблем. Секако, нема да биде лесно одеднаш да ги изгубиш сите видови на желби на обичните луѓе и да достигнеш стандард на вистински практикант, бидејќи потребно е време за да се направи тоа. Кога ќе ме слушнеш да кажам дека е потребно време, може да речеш дека учителот рече да си дадеме време, и затоа ќе си дадеш време. Тоа нема да биде дозволено! Треба да бидеш строг кон себе си, иако ние ти овозможуваме постепено да се подобруваш. Ако можеш се да постигнеш одеднаш, уште денес ќе станеш Буда. Но, тоа не е реално. Постепено ќе можеш да го постигнеш тоа.

Она што го губиме е всушност нешто лошо. Што е тоа? Тоа е карма, и тоа оди рака под рака со различните човечки приврзаности. На пример, обичните луѓе имаат секакви лоши мисли. Заради личен интерес, тие прават разни лоши работи и така ја стекнуваат оваа црна супстанца, кармата. Ова директно влијае на нашиот сопствен ум. За да ги елиминираш тие негативни работи, најпрво треба да го смениш твојот ум.

## Трансформација на кармата

Помеѓу белата и црната супстанца постои процес на трансформација. Кога ќе се појави конфликт меѓу луѓето, се појавува овој процес на трансформација. Кога некој прави добро дело, стекнува бела супстанца, де. Кога некој прави лошо дело, тој добива црна супстанца, карма. Постои и наследен процес. Некој може да праша: „Не е ли ова затоа што човекот порано направил лоши дела во својот живот?" Тоа не мора да биде во целост така, бидејќи оваа карма не се акумулира само во еден живот. Во заедницата на култиватори се верува дека првобитната душа не умира. Ако првобитната душа не умира, таа веројатно во претходните животи имала социјални односи. Така некој можел да му должи нешто на некого, малтретирал некого, или направил други лоши работи како што е убиството, и со тоа ја добил оваа карма. Овие работи се собираат во друга димензија и човекот секогаш ги носи со себе, а истото важи и за белата супстанца. Ова не е единствениот извор, бидејќи постои и друга ситуација. Предците на различните генерации во семејството, исто така можат да акумулираат карма за подоцнежните генерации. Во минатото, постарите ја имале оваа изрека: „Човекот треба да акумулира де, и предците имаат акумулирано де. Тој човек губи де и злоупотребува де". Тоа што било кажано е многу исправно. Во денешно време обичните луѓе повеќе не ја слушаат оваа изрека. Ако им кажеш на тие млади луѓе за губење на де или недостаток на де, тие воошто нема да го земат тоа при срце. Всушност, значењето е навистина многу длабоко. Тоа не е само идеолошки или материјален стандард на современите луѓе, но тоа исто така има вистинско материјално постоење. Нашите физички тела ги имаат и двата вида на супстанца.

Некој праша: „Значи ли тоа дека ако некој има премногу црна супстанца тој нема да може да практикува на повисоки нивоа?" Би можело да се каже дека е така, затоа што со многу црна супстанца, ќе биде засегнат неговиот квалитет на просветлување. Затоа што црната супстанца формира поле околу телото на човекот, и го опкружува телото, тој е отсечен од Џен, Шан, Рен карактеристиката

на универзумот. Така, квалитетот на просветлувањето на овој човек може да биде слаб. Кога луѓето зборуваат за култивациска практика и чигонг, овој човек ќе ги смета сите нив за суеверни и воопшто нема да им верува. Тој ќе ги смета за смешни. Обично е така, но тоа не е апсолутно. Значи ли тоа дека на тој човек ќе му биде многу тешко да се култивира и дека тој не може да достигне гонг на високо ниво? Не е така. Рековме дека Дафа е безграничен и дали ќе се култивираш зависи потполно од твоето срце. Учителот те пренесува преку прагот, а од тебе зависи дали ќе се култивираш. Се зависи од тоа како ти самиот се култивираш. Дали можеш да се култивираш зависи целосно од тоа дали можеш да издржиш, да се жртвуваш и да поднесеш страдање. Ако можеш да го контролираш твојот ум, нема да те спречат никакви тешкотии. Би рекол дека нема да има проблем.

Човекот со многу црна супстанца обично ќе треба да се жртвува повеќе од човекот со многу бела супстанца. Бидејќи белата супстанца е директно асимилирана со Џен, Шан, Рен, природата на универзумот, се додека човекот го подобрува својот шиншинг низ конфликтите, неговиот гонг ќе расте. Тоа е толку едноставно. Некој со многу де има добар квалитет на просветлување. Тој може да страда и да поднесе како физички така и психички тешкотии. Дури и ако тој човек страда повеќе физички а помалку психички, неговиот гонг сепак ќе расте. Ова не е случај за човек со многу црна супстанца, бидејќи тој мора прво да помине низ овој процес: Тој мора да ја трансформира црната супстанца во бела супстанца. Овој процес е исто така многу болен. Затоа, човек со слаб квалитет на просветлување, обично мора да поднесе повеќе неволји. Со многу карма и лош квалитет на просветлување, за овој човек е многу потешко да практикува култивација.

Да земеме еден конкретен случај за пример. Да видиме како се култивира овој човек. Седечката медитација бара да ги држиш двете нозе една преку друга подолго време. Нозете ќе болат и ќе бидат вкочанети во таа позиција. Како што поминува времето, тој ќе почне да се чувствува многу непријатно, а потоа ќе стане многу вознемирен. Физичкото и менталното страдање може да направат и телото и умот да се чувствуваат многу непријатно. Некои луѓе не можат да ја поднесат болката од седењето со такви нозе, и сакаат да се откажат со спуштање на нозете. Откако ќе седат малку подолго, тие повеќе не можат да го поднесат тоа. Кога нозете ќе се спуштат, практиката е залудна. Кога ќе заболат нозете, тој ќе направи некои разгибувања пред да продолжи со седечката положба. Ние откриваме дека од ова нема да има никаква корист. Ова е затоа што сме виделе дека кога нозете болат, црната супстанца се движи кон нозете. Црната супстанца

е карма која може да биде елиминирана со страдање, а потоа може да биде трансформирана во де. Штом се почувствува болката, започнува елиминирањето на кармата. Колку повеќе карма надоаѓа, толку повеќе се чувствуваат болки во нозете. Затоа, болката во нозете не се појавува без причина. Обично, нозете во седечка медитација ќе чувствуваат болка наизменично. По моментот на многу непријатна болка, таа завршува и има одредено олеснување. Наскоро болката започнува одново. Обично се случува на овој начин.

Бидејќи кармата се елиминира дел по дел, нозете ќе се чувствуваат малку подобро по отстранувањето на одреден дел. Наскоро доаѓа друг дел, и нозете повторно ќе почувствуваат болка. Откако црната супстанца се елиминира таа не се губи, бидејќи оваа супстанца не исчезнува. При нејзиното елиминирање таа директно се преобразува во бела супстанца, оваа бела супстанца е де. Зошто може да биде трансформирана на тој начин? Затоа што човекот страдал, се жртвувал и поднесувал тешкотии. Рековме дека де се добива со поднесување на тешкотии и со стадање, или со правење на добри дела. Затоа, во седечката медитација се случува оваа ситуација. Некои луѓе брзо ги спуштаат нозете откако ќе почувствуваат болка, и ќе направат некои раздвижувања пред да продолжат со седечката медитација. Со тоа нема ништо да постигнеш. Додека ги правиш стоечките вежби со подигнати раце, рацете може да се чувствуваат изморено од држење на тркалото. Кога некој не може да издржи повеќе и ги спушта рацете, нема да постигне ништо. Што значи таа мала болка? Јас би рекол дека тоа едноставно е премногу лесно ако некој може да успее во култивацијата само со држење на рацете нагоре. Оваа е тоа што се случува кога луѓето вежбаат седечка медитација.

Нашата школа за практикување првенствено не се одвива на овој начин, иако исто така има еден дел што игра одредена улога во овој поглед. Во повеќето случаи, човекот ја трансформира кармата со меѓусебните шиншинг конфликти со другите, и ова е местото каде што се манифестира. Додека човекот се наоѓа среде конфликт, меѓусебните судири можат дури и да ја надминат физичката болка. Би рекол дека физичките болки најлесно може да се издржат, бидејќи тие можат да бидат надминати со цврсто стегање на забите. Кога ќе се случи меѓусебен конфликт, најтешката работа е да се контролира умот.

На пример, кога ќе дојде на работното место, некој човек може многу да се разгневи кога ќе види две лица како го критикуваат многу лошо. Сепак, рековме дека практикантот не треба да возвраќа кога ќе биде удрен или навреден, туку треба да се придржува кон повисок стандард. Така, тој мисли на тоа што

учителот рекол дека практикантите не треба да бидат исти како другите и мораат подобро да се однесуваат. Тој нема да се кара со овие две лица. Но, нормално кога ќе се појави проблем, ако психолошки не го иритира човекот, тоа не се смета и е бескорисно и не може да направи тој да се подобри. Според тоа, неговиот ум се уште не може да го поднесе тоа и тоа му пречи. Не може да не мисли на тоа. Тогаш тој сака да се сврти и да ги погледне лицата на тие двајца. Кога ќе погледне назад, тој гледа две лица со злобни очи во загреан разговор. Не може да издржи повеќе и станува многу вознемирен. Можеби ќе избере веднаш да се пресмета со нив. Кога се случува конфликт меѓу двајца, многу е тешко да се контролира сопствениот ум. Ви кажувам дека би било лесно ако се може да се реши со седечка медитација, сепак, тоа нема секогаш да биде на овој начин.

Според тоа, во твојата идна култивациска практика ќе наидеш на секаков вид на неволји. Како можеш да практикуваш култивација без овие тешкотии? Ако сите се добри едни кон други без судир на интереси или пречки од човечкиот ум, како може да се унапреди твојот шиншинг единствено со твоето седење таму? Тоа е невозможно. Човекот мора вистински да се смири и да се надгради себеси преку вистинска практика. Некој праша: „Зошто секогаш имаме неволји во култивацијата? Овие проблеми не се разликуваат многу од тие на секојдневните луѓе.“ Тоа е така затоа што се култивираш меѓу обичните луѓе. Нема да бидеш одеднаш свртен наопаку со главата кон земјата, да висиш таму и страдаш во воздухот – нема да биде такво нешто. Се ќе добие форма на секојдневна ситуација како што е некој те иритира, некој те вознемирува, некој те малтретира, или пак некој одеднаш ти зборува без никаква почит. Тоа е за да се види како ќе реагираш на овие проблеми.

Зошто се среќаваш со овие проблеми? Сите тие се предизвикани од твојата сопствена карма. Ние веќе ти елиминиравме многубројни делови од неа, оставајќи ти само мал дел што е поделен на неволји на различни нивоа и служи за надградба на твојот шиншинг, челичење на твојот ум и отстранување на твоите различни приврзаности. Сите овие се твои сопствени неволји кои ги користиме за да го подобриме твојот шиншинг, и ти ќе бидеш во можност да ги надминеш. Се додека го надградуваш твојот шиншинг, можеш и да ги надминеш. Освен ако самиот не сакаш да го направиш тоа, но ќе можеш да ги надминеш ако сакаш да ги надминеш. Затоа, од сега кога ќе наидеш на конфликт, не треба да го сметаш за случаен. Тоа е затоа што кога ќе дојде до конфликт, тоа ќе се случи неочекувано. Но тоа не е случајно – тоа е за

подобрување на твојот шиншинг. Се додека се третираш како практикант, ќе можеш правилно да постапиш со него.

Се разбира, нема да бидеш известен за неволјите или конфликтите пред време. Како можеш да се култивираш ако се ти е кажано? Нема да има никаква корист. Тие обично се случуваат неочекувано, и со тоа го тестираат твојот шиншинг и можат да направат твојот шиншинг навистина да се подобри. Само тогаш може да се види дали некој може да го одржува својот шиншинг. Затоа, кога се појавува конфликт, не се појавува случајно. Ова прашање ќе биде присутно во текот на целиот процес на култивација и при транформацијата на кармата. За разлика од она што си го замислуваат обичните луѓе, тоа е многу потешко отколку физичкото страдање. Како може да го зголемиш својот гонг, ако само ги правиш вежбите малку подолго, додека рацете болат од тоа што ги држиш подигнати, а нозете се изморени од стоењето. Како може да го зголемиш гонгот само со уште неколку часа вежбање? Тоа служи само за да се трансформира нечие бенти, но сепак треба да се засили со енергија. Тоа не помага да се надгради нечие ниво. Менталното надминување на неволјите е клучот за вистинското подобрување на нивото. Ако некој може да напредува само со физичко страдање, би рекол дека кинеските земјоделци најмногу страдаат. Тогаш не треба ли сите тие да станат чигонг мајстори? Без разлика на тоа колку физички страдаш, не страдаш колку тие што напорно и внимателно работат во полето секој ден под сонцето кое пече. Тоа не е толку едноставно прашање. Затоа, рековме дека за навистина да се подобриме, треба вистински да го надградуваме својот ум. Само тогаш ќе можеме да се надградиме себеси.

Во текот на процесот на трансформирање на кармата, треба да се контролираш – за разлика од обичниот човек кој ќе ги расипе работите – треба секогаш да одржиш добродушно срце и љубезни мисли. Ако одеднаш се соочиш со проблем, ќе можеш и правилно да се погрижиш за него. Кога секогаш одржуваш добродушно и сочувствително срце, ќе имаш време и простор да ја ублажиш ситуацијата и да размислиш ако одеднаш се појави некој проблем. Ако секогаш мислиш за натпреварување со другите и се бориш за ова или она, би рекол, дека ќе започнеш да се караш со другите секогаш кога ќе има некој проблем – тоа е загарантирано. Значи, кога ќе наидеш на конфликт, јас би рекол дека тоа служи за да се трансформира твојата црна супстанца во бела, де.

Кога нашето човештво се развило до овој степен денес, речиси секој се раѓа со карма поставена врз карма, и сечие тело има многу карма. Затоа, во процесот на трансформација на кармата обично ќе настапи следната ситуација: Додека расте твојот гонг и се подобрува твојот шиншинг, твојата карма се елиминира и

трансформира. Кога некој се најде среде конфликт, тоа може да се манифестира како меѓусебна шиншинг неволја. Ако можеш да поднесеш, кармата ќе ти биде елиминирана, твојот шиншинг ќе се подобри, а исто така ќе се зголеми и твојот гонг. Сите овие работи одат заедно. Луѓето во минатото имале многу де и добар шиншинг. Се додека трпеле малку мака, тие можеле да го зголемат својот гонг. Во денешно време луѓето не се такви. Штом страдаат, тие не сакаат да се култивираат. Покрај тоа, тие се помалку се просветлуваат, и тоа ја отежнува нивната култивација.

Во култивацијата, може да има две сценарија кога се соочуваш со одредени конфликти или кога другите лошо се однесуваат со тебе. Една од нив е дека можеби и ти лошо си се однесувал кон овој човек во твојот претходен живот. Ти чувствуваш во своето срце дека е неправедно: „Како може овој човек вака да се однесува со мене?" Тогаш зошто ти си се однесувал кон тој човек на таков начин во минатото? Може да тврдиш, дека всушност не си го знаел тоа во тоа време и дека овој живот нема ништо заедничко со другиот живот. Но тоа така не функционира. Постои уште едно прашање. Во конфликтите е вклучено прашањето за трансформација на кармата. Затоа во справувањето со конкретните конфликти, треба да простуваме, наместо да се однесуваме како обични луѓе. Ова треба да се примени на работното место или во друга работна средина. Истото важи и за самовработените лица бидејќи и тие имаат социјална интеракција. Невозможно е да не комуницирате со општеството, ако ништо друго барем ќе имате контакт со соседите.

Во социјалните контакти ќе се среќаваме со секаков вид на конфликти. За оние кои се култивираат меѓу обичните луѓе, воопшто не е важно со каков вид на работа се занимаваат. Без разлика на тоа колку пари имаш, колку висока позиција имаш, или каков вид на приватно претпријатие или компанија управуваш, нема значење, затоа што треба чесно да тргуваш и да одржуваш праведни мисли. Во човечкото општество треба да постојат сите професии. Човечкото срце е тоа што е лошо, а не професијата. Во старите времиња имаше поговорка: „Девет од десет трговци се измамници." Тоа е поговорка на секојдневните луѓе. Би рекол дека тоа е прашање за човечкото срце. Додека твоето срце е праведно и ти тргуваш чесно, ако направиш поголем напор, заслужуваш да заработиш повеќе пари. Тоа е затоа што ти си награден за напорите што ги вложуваш меѓу секојдневните луѓе. Нема загуба, нема добивка. Ти си работел за тоа. Во било кој социјален статус се уште може да се биде добар човек. Постојат различни конфликти за луѓето од различните опшествени класи. Општествените слоеви од повисоката класа имаат конфликти за

општествените слоеви од повисоката класа и со сите може правилно да се постапува. Во секоја општествена класа може да се биде добра личност која помалку се грижи за различните желби и приврзаности. Може да се биде добар човек во различните слоеви и може да се практикува култивација на сопственото општествено ниво.

Во денешно време, во државните компании или во други претпријатија во оваа земја, меѓучовечките конфликти станаа многу посебни. Во други земји и низ историјата, овој феномен никогаш не се случил. Како резултат на тоа, конфликтите околу личниот интерес се покажаа особено интензивни. Луѓето измамуваат други и се борат заради мала лична корист, мислите што ги имаат и триковите што ги користат се многу злобни. Тешко е дури и да се биде добар човек. На пример, стигнуваш на твоето работното место и откриваш дека атмосферата таму не е добра. Подоцна, некој ти кажува дека тој и тој лошо зборувал за тебе и дури и го известил твојот шеф, ставајќи те во многу непријатна ситуација. Сите останати те гледаат со чуден поглед. Како обичниот човек може да го толерира тоа? Како може да се справи со тоа? „Ако некој ми прави проблеми, и јас ќе му вратам со истото. Ако тој има поддршка, имам и јас. Ајде да се пресметаме." Ако го направиш ова меѓу секојдневните луѓе, тие ќе речат дека си силна личност. Сепак, за еден практикант, тоа е многу лошо. Ако се расправаш и бориш како обичен човек, ти си обичен човек. Ако го надминеш него, ти си уште полош од обичниот човек.

Како треба да се однесуваме кон ова прашање? Кога ќе се најдеме сред конфликт, ние пред се треба да задржиме ладна глава, и не треба да се однесуваме исто како и тој човек. Се разбира, ние можеме добронамерно да ја разјасниме ситуацијата, и не е проблем да го разјасниме недоразбирањето. Но не треба да станеме премногу приврзани за него. Ако се соочиме со овие проблеми, не треба да се расправаме и бориме како другите. Ако постапиш исто како тој човек, не си ли обичен човек. Не само што не треба да се расправаш и бориш како него, но исто така, не треба во своето срце да се чувствуваш навреден од тој човек. Навистина, не треба да го мразиш тој човек. Ако го мразиш, зарем не се лутиш? Не си следел толеранција. Ние практикуваме Џен, Шан, Рен, и ако зборуваме за тоа, ти не си имал ни малку сочувство. Затоа не треба да бидеш како него или вистински да се лутиш на него, иако те ставил во ужасна ситуација поради која не смееш да ја подигнеш главата. Не само што не треба да се лутиш на него, но и во своето срце треба искрено да му се заблагодариш. Обичниот човек можеби мисли: „Не е ли тоа да се биде како Ах Ку?" Јас ви велам дека не е така.

Размислете сите: Вие сте практиканти. Не треба ли да исполнувате повисок стандард? Принципите на секојдневните луѓе не треба да се однесуваат на вас, нели? Како практикант, не е ли тоа што го добиваш нешто од високи нивоа? Соодветно на тоа, мора да ги следиш принципите од високото ниво. Ако го направиш тоа што го направил тој човек, не си ли и ти ист како него? Кажи дали не треба да му се заблагодариш? Размислете за тоа: Што добивате? Во овој универзум, има еден принцип кој вели: „нема загуба, нема добивка". За да се добие, мора да се изгуби. Тој човек те ставил во многу незгодна ситуација меѓу обичните луѓе, и тој е страната која добива на твоја сметка. Во колку полоша ситуација те стави и колку е поголемо влијанието, колку повеќе ти ќе издржиш, толку повеќе де тој ќе изгуби. Целото тоа де ќе го добиеш ти. Додека го поднесуваш сето тоа, можеби малку ќе се грижиш за тоа и нема да мислиш дека е нешто многу сериозно.

Во овој универзум постои уште еден принцип: Ако многу си страдал, кармата во твоето тело ќе биде трансформирана. Затоа што си страдал, колку страдање и да си претрпел, сето тоа ќе се претвори во еднаква количина на де. Зарем ова не е тоа де што го бара еден практикант? Ќе добиеш на два начина, затоа што ќе биде елиминирана и твојата карма. Ако тој човек не ја направил оваа ситуација за тебе, како може да го надградиш својот шиншинг? Ако и ти и јас сме пријатни еден со друг и седиме тука во хармонија, како е можно да се зголеми гонгот? Токму поради тоа што тој човек го создал овој конфликт за тебе, постои можност да се подобри шиншингот, и можеш тоа да го користиш за надградба на сопствениот шиншинг. Зарем твојот шиншинг не е воздигнат на овој начин? Си добил на три начини. Ти си практикант. Додека се надградува шиншингот, нема ли да се зголеми и твојот гонг? Си стекнал на четири начини со еден удар. Зошто да не му се заблагодариш на тој човек? Искрено треба да му заблагодариш со целото срце – тоа е навистина така.

Се разбира, мислите на тој човек не биле добри, инаку тој немаше да ти даде де. Но тој навистина ти овозможил да го подобриш својот шиншинг. Со други зборови, треба да обрнеме внимание на култивирањето на шиншингот. Истовремено со култивирањето на шиншингот, кармата се елиминира и преобразува во де, така ќе можеш да се подигнеш на повисоко ниво – тие работи одат рака под рака. Од гледна точка на високо ниво сите тие принципи се променети. Обичниот човек не може да го разбере тоа. Кога ги разгледуваш тие принципи од високите нивоа, се ќе биде различно. Меѓу обичните луѓе може да мислиш дека тие принципи се исправни, но всушност не се исправни. Само тоа што се гледа од високите нивоа е навистина исправно. Тоа е обично така.

Јас целосно ви ги објаснив принципите, и се надевам дека во вашата идна култивација сите ќе се однесувате како практичари и вистински ќе се култивирате, бидејќи овде веќе се изнесени принципите. Можеби некои луѓе, бидејќи живеат меѓу секојдневните луѓе, се уште мислат дека конкретните, материјални интереси, кои се пред нивните очи, се сепак практични. Во средината на обичните луѓе, тие се уште не можат да следат повисок стандард. Всушност, за да се биде добар човек меѓу секојдневните луѓе, постојат херои кои служат како модели, но тие се модели меѓу секојдневните луѓе. Ако сакаш да бидеш практикант, се зависи од култивирањето на твоето срце и од тебе самиот дали ќе се просветлиш, бидејќи не постојат модели за пример. За среќа, денес ја објавивме оваа Дафа. Во минатото, ако си сакал да се култивираш, немало кој да те учи. На овој начин, можеш да ја следиш Дафа и можеби ќе успееш подобро да се однесуваш. Дали можеш да се култивираш или дали ќе успееш и кое ниво можеш да го постигнеш, се зависи исклучиво од тебе самиот.

Се разбира, трансформацијата на кармата не се одвива целосно како што опишав, таа може да се манифестира и во други области. Може да се случи во општеството или дома. Човекот може да наиде на некаква непријатност додека оди по улица или во друга социјална средина. Ќе бидеш натеран да ги оставиш сите привразности кои не можат да ги остават обичните луѓе. Се додека ги имаш, сите тие привразности мора да се отстранат во различни средини. Ќе бидеш натеран да се сопнеш, при што ќе се просветлиш до Тао. На овој начин се минува низ култивацијата.

Се случува и друга типична ситуација. Во текот на култивацијата, многу од вас ќе откријат дека кога практикуваш чигонг, твојот брачен другар често ќе биде многу незадоволен. Штом почнеш да ги правиш вежбите, твојот брачен другар ќе се нафрли на тебе. Ако правиш нешто друго, твојот брачен другар нема да има ништо против. Независно од тоа колку време губиш во играње ма жонг, твојот сопружник може да биде несреќен, но не толку колку што ќе биде ако практикуваш чигонг. Твојата чигонг практика не му пречи на брачниот другар, и е нешто добро, бидејќи ти вежбаш за да го одржуваш телото во добра форма, и не го вознемируваш твојот сопружник. Но штом започнеш да вежбаш чигонг, твојот брачен другар ќе почне да ги фрла работите наоколу и ќе започне кавга. Некои двојки речиси се разведоа поради недоразбирањата околу практикувањето на чигонг. Многу луѓе можеби не размислувале зошто се случува оваа ситуација. Подоцна, ако го прашаш твојот брачен другар: „Зошто толку те вознемирува ако практикувам чигонг?” тој нема да може да го објасни тоа бидејќи навистина било без причина. „Навистина, зошто станав толку лут и возбуден тогаш?”

Всушност, што е проблемот? Додека човекот практикува чигонг, неговата карма мора да биде трансформирана. Без загуба нема да добиеш, а тоа што ќе го изгубиш се лоши работи. Затоа ќе мораш нешто да жртвуваш.

Можеби веднаш штом зачекориш дома, твојот сопружник ќе се нафрли на тебе. Ако го издржиш тоа, твојот денешен напор да практикуваш чигонг, нема да биде залуден. Некои луѓе исто така знаат дека во чигонг практиката треба да се цени де. Затоа, овој човек обично се справува многу добро со неговиот брачен другар. Тој мисли: „Обично, ако јас кажам едно, таа не вели две. Но денес, таа е неподнослива.” Тој не може да го контролира својот темперамент и ќе започне кавга. Со ова, денешната пракса завршува залудно. Бидејќи таму била кармата, таа му помагала да ја острани. Но тој не го прифатил тоа и почнал расправија со неа. На тој начин кармата не може да се отстрани. Постојат голем број на вакви случаи и многу од нашите практичари ги доживеале, но тие не размислиле за тоа зошто се случуваат на овој начин. Твојот сопружник не би се грижел ако правиш нешто друго. Чигонг практиката е всушност добра работа, но таа секогаш наоѓа вина во тебе. Всушност, твојата сопруга ти помага да ја елиминираш кармата, иако и самата не го знае тоа. Таа не се кара со тебе само на површината, а во срцето да е добра кон тебе – не е така. Тоа е вистински гнев од дното на душата, бидејќи оној кој се стекнал со карма се чувствува непријатно. Гарантирано е така.

## Надградба на шиншингот

Многу луѓе во минатото не можеа да одржуваат добар шиншинг, и затоа се појавија многу проблеми. Откако нивната пракса достигна одредено ниво, тие не можеа да направат понатамошен напредок. Некои луѓе имаат високо ниво на шиншинг од самиот почеток. Нивното небеско око со практикувањето се отвора одеднаш и може да достигне одредена област. Бидејќи овој човек има релативно добар вроден квалитет и високо ниво на шиншинг, неговиот гонг брзо се зголемува. Неговиот гонг се зголемува до нивото на кое се наоѓа неговиот шиншинг. Ако тој сака да продолжи да го зголемува својот гонг, конфликтите исто така ќе станат многу сериозни бидејќи од него се бара да продолжи да го надградува шиншингот. Ова е особено точно за човекот со добар вроден квалитет. Тој можеби мисли дека неговиот гонг брзо се зголемува и дека практиката многу добро му оди. Зошто одеднаш има толку многу проблеми? Се тргнало наопаку. Луѓето го малтретираат, а неговиот шеф исто така не го цени. Дури и дома има многу напната ситуација. Зошто одеднаш се појавиле толку

многу проблеми? Овој човек самиот не може да го разбере тоа. Затоа што имал добар вроден квалитет, тој достигнал одредено ниво што ја носи оваа ситуација. Сепак, како може тоа да биде финален критериум за практикантот да ја заврши култивацијата? Тоа е далеку од крајот на култивацијата! Ти мора да продолжиш да се надградуваш. Поради таа мала количина на твојот вроден квалитет си стигнал до оваа состојба. За да се подигнеш повеќе, мора да се зголеми и стандардот.

Некој може да каже: „Ќе заработам повеќе пари за да го обезбедам добро семејството, па нема да мора да се грижам за ништо. Потоа ќе практикувам култивација." Би рекол дека тоа е само пуста желба. Ти не можеш да се мешаш во животот на другите, ниту можеш да ја контролираш судбината на другите, вклучувајќи ги тука и твојата сопруга, синовите, ќерките, родителите, или браќата. Можеш ли ти да одлучуваш за тие работи? Покрај тоа, како ќе се култивираш ако немаш никакви грижи или проблеми? Како можеш смирено и удобно да ги правиш вежбите? Како може да има такво нешто? Тоа што си го мислиш ти е од перспективата на секојдневните луѓе.

Култивацијата мора да се одвива преку неволји со цел да бидеш тестиран дали може да се откажеш и помалку да се грижиш за различните видови на човечкиот чинг и желби. Ако си приврзан кон тие работи, нема да можеш да успееш во култивацијата. Се има кармичка врска. Зошто човечките суштества можат да бидат човечки? Тоа е затоа што човечките суштества имаат чинг. Тие живеат само за тој чинг. Врската меѓу членовите на семејството, љубовта меѓу мажот и жената, љубовта кон родителите, чувствата, пријателството, вршење на работите заради пријателство, и се друго, се е поврзано со овој чинг. Дали некој сака да прави нешто или не, дали е среќен или несреќен, сака или мрази нешто, се во целото човечко општество доаѓа од овој чинг. Ако не се остави овој чинг, нема да можеш да се култивираш. Ако си слободен од овој чинг, никој нема да може да влијае на тебе. Мислите на секојдневните луѓе нема да можат да те поколебаат. Нивното место го превзема добродушноста, што е нешто поблагородно. Се разбира, не е лесно одеднаш да се напуштат овие емоции. Култивацијата е долг процес и процес на постепено откажување од приврзаностите. Сепак, мора да бидеш строг кон себе си.

Како практиканти, одеднаш ќе наидете на конфликти. Што треба да биде направено? Секогаш треба да сочуваш добродушно срце и љубезност. Потоа, кога ќе наидеш на некој проблем, ќе бидеш во можност добро да постапиш бидејќи тоа ти дава простор да го ублажиш недоразбирањето. Секогаш треба да си добродушен и љубезен кон другите и да мислиш на другите кога правиш

нешто. Секогаш кога ќе наидеш на проблем, најнапред треба да процениш дали другите можат да го поднесат тоа и дали ќе повредиш некого. Ако постапуваш на овој начин, нема да имаш никакви проблеми. Затоа, во култивацијата треба да си поставуваш се повисок и повисок стандард за себе.

Некои луѓе често не ги разбираат овие прашања. Кога на еден човек му се отвори небесното око и тој види некој Буда, тој ќе отиде дома и ќе му се поклони на Буда, молејќи се во својот ум: „Зошто не ми помогнеш? Те молам реши го овој проблем за мене." Тој Буда, се разбира, нема да направи ништо за овој човек затоа што проблемот е припремен од страна на Буда со намера тој да може да го подобри и надгради својот шиншинг преку неволјата. Како може Буда да се грижи за твојот проблем? Тој воопшто нема да го реши проблемот за тебе. Како можеш да го зголемиш твојот гонг и да го подобриш својот шиншинг и ниво ако тој го реши твојот проблем? Клучот е во тоа да се зголеми твојот гонг. За големите просветлени луѓе, целта не е да се живее како човечко суштество, а животот на еден човек не е наменет да биде човек, но е наменет да се вратиш таму од каде што потекнуваш. Човечките суштества многу страдаат. Просветлените луѓе мислат дека колку повеќе човекот страда, толку подобро, бидејќи потребно е да се забрза враќањето на долговите. Тие размислуваат на овој начин. Некои луѓе не го разбираат тоа и почнуваат да се жалат на Буда ако нивната молитва нема ефект: „Зошто не ми помогнеш? Јас палам темјан и секојдневно ти се поклонувам." Поради тоа тој може да ја фрли статуата на Буда на под, а потоа да почне да го осудува Буда. Како резултат на оваа осуда, неговиот шиншинг паѓа и неговиот гонг исчезнува. Човекот знае дека се е исчезнато, па тој уште повеќе му замерува на Буда, верувајќи дека Буда го уништува. Тој го мери шиншингот на Буда со критериумите на обичниот човек. Како може да се прави таква споредба? Како може да функционира тоа кога еден човек ги мери работите од високото ниво со стандардите на секојдневните луѓе. Затоа, многу од овие случаи често се случуваат кога луѓето го сметаат своето страдање во животот за неправедно. Многу луѓе пропаѓаат на овој начин.

Во изминатите неколку години, многу големи чигонг мајстори, вклучувајќи ги и добро познатите, паднаа и сега се никој и ништо. Се разбира, вистинските чигонг мајстори веќе го напуштија овој свет откако ги завршија своите мисии низ историјата. Останати се само некои кои се изгубиле меѓу секојдневните луѓе и се уште се активни со намалено ниво на шиншинг. Тие веќе го изгубиле својот гонг. Неколку чигонг мајстори, кои беа познати во минатото, се уште се активни во општеството. Кога нивните учители откриле дека се изгубени меѓу секојдневните луѓе и не можат да се ослободат од опседнатоста за слава и

лична корист, откако станале безнадежни, нивните учители ги однеле нивните помошни души. Целиот гонг се наоѓаше на телата на помошните души. Постојат многу такви типични примери.

Во нашата школа за практикување, овие случаи се малубројни. Дури и да има такви, тие не се толку значајни. Постојат многу извонредни примери во однос на подобрување на шиншингот. Еден практикант работи во текстилна фабрика во еден град во провинцијата Шандонг. По проучувањето на Фалун Дафа, тој ги подучил и другите колеги да вежбаат. Како резултат на тоа, фабриката доби нов изглед. Тој порано од фабриката за текстил земал дома парчиња крпи, а истото го правеле и останатите вработени. Откако започнал да практикува Дафа, наместо да носи нешто дома, тој го вратил во фабриката тоа што го имал земено порано. Кога другите виделе што прави тој, повеќе никој ништо не носел дома. Некои работници исто така го вратиле во фабриката тоа што го имале земено порано. Таа ситуација се случила во целата фабрика.

Еден волонтерски раководител во градскиот Дафа училишен центар отиде во фабриката да види како практикуваат практичарите на Фалун Дафа. Менаџерот на фабриката излезе лично да го пречека: „Откако учат Фалун Дафа, овие работници доаѓаат рано на работа и доцна одат дома. Тие работат многу вредно и ќе ја извршат секоја задача која им ја дава шефот. Тие, исто така веќе не се натпреваруваат за лична добивка. Со тоа, тие направија целата фабрика да добие нов изглед, а исто така се подобри и економската состојба на фабриката. Вашата практика е толку моќна. Кога доаѓа вашиот учител? И јас би сакал да присуствувам на неговите предавања.“ Главната цел на култивирањето во нашата Фалун Дафа е да ги одведе луѓето на високо ниво. И покрај тоа што нема намера да направи такво нешто, сепак таа може да превземе голема конструктивна улога во промовирањето на духовната цивилизација во општеството. Ако сите бараат во себе си и размислуваат како добро да се однесуваат, би рекол дека општеството ќе се стабилизира и човечкиот морален стандард повторно ќе се подобри.

Кога предавав Фа во Тајјуен, имаше една практикантка на повеќе од педесет годишна возраст. Таа и нејзиниот сопруг доаѓале да присуствуваат на моите предавања. Кога дошле до средина на улицата, еден автомобил кој возел многу брзо, со ретровизорот ја зафатил постарата дама за облеката. Со облеката фатена од автомобилот, дамата беше влечена на растојание од десет метри и фрлена на земјата. Колата запрела откако се движела дваесетина метри. Возачот бил многу вознемирен кога излегол од автомобилот: „Еј, зошто не гледаш каде одиш.” Во денешно време, луѓето се однесуваат на овој начин и пред се ја

избегнуваат одговорноста кога ќе наидат на проблем, без разлика на тоа дали се виновни. Сопатникот во автомобилот повикал: „Провери колку лошо е повредена жената. Да ја однесеме во болница." Возачот дојде при себе и праша: „Како сте госпоѓо? Дали сте повредена? Да одиме до болница да ве прегледаат." Практикантката бавно станала од земјата и рекла: „Нема ништо лошо. Може да си одите." Таа само ја исчистила нечистотијата од облеката и заминала со својот сопруг.

Таа дојде на предавањето и ми го раскажа ова, и јас бев многу задоволен. Шиншингот на нашата практикантка навистина се подобрил. Таа ми рече: „Учителе, јас денес учев Фалун Дафа. Ако не учев Фалун Дафа, јас денес немаше да постапам со несреќата на овој начин." Размислете за тоа, сите: За еден пензионер, цените на производите се толку високи, а нема ни социјална помош. Лице над педесет години, влечено толку далеку со автомобил и фрлено на земјата. Каде можело да биде повредено нејзиното тело? Секаде. Можеше да остане да лежи на земјата без да може да стане. Да оди во болница? Секако. Можеше да остане во болница, без да излезе од таму. Обичниот човек може да биде таков, но таа како практикант не го направила тоа. Рековме дека доброто и злото доаѓаат од спонтаната мисла на човекот, а мислата во тој момент може да доведе до различни последици. На нејзината возраст, ако таа беше обичен човек, како можеше да не биде повредена? Сепак немаше ни гребнатинка на нејзината кожа. Доброто и злото доаѓаат од таа моментална мисла. Ако лежеше таму и викаше: „Оф, ужасно се чувствувам. Ме боли тука и таму." Тогаш, нејзините коски навистина можеа да се скршат, и таа можеше да биде парализирана. Без разлика на тоа колку многу ќе и платеа, дали ќе се чувствуваше добро, ако останеше во болница до крајот на својот живот? На тамошните минувачи им било чудно што постарата жена не го искористила тоа и не побарала пари. Во денешно време, човечките морални вредности се искривени. Возачот навистина ја возел колата многу брзо, но дали намерно би можел да удри некого? Не го направил ли тоа ненамерно? Но луѓето се такви во денешно време. Ако не се извлечат пари, дури и тамошните минувачи ќе го сметаат тоа за неправедно. Ви реков дека сегашните луѓе не можат да разликуваат добро од лошо. Ако еден човек му каже на друг човек дека прави нешто погрешно, тој во тоа нема да поверува. Бидејќи човечките морални вредности се променети, некои луѓе не бараат ништо друго освен сопствен интерес и за пари тие можат се да направат. „Ако човекот не го следи сопствениот интерес, небото и земјата ќе го убијат "– ова веќе стана мото!

Еден практикант од Пекинг го однесол своето дете до Чиенмен на прошетка после вечерата и таму виделе рекламно возило кое продавало билети за лотарија. Детето се заинтересирало и побарало да игра лотарија. Таткото му дал на детето еден јуан и детето ја добило втората награда, луксузен детски велосипед. Детето било воодушевено. Одеднаш во умот на таткото блеснала една идеја: „Јас сум практикант. Како можам да примам такво нешто. Колку де треба да дадам ако добијам нешто што не е платено." Тој му рекол на детето: „Ајде да не го земаме. Ако сакаш, можеме сами да си купиме велосипед." Детето се вознемирило: „Те молев да ми купиш велосипед, а ти не ми купи. Сега кога сам го добив, не ми даваш да го задржам." Детето плачело и врескало. На овој човек не му останало ништо друго освен да го однесе велосипедот дома. Дома, колку повеќе размислувал за тоа, толку понепријатно се чувствувал. Мислел да им ги испрати парите на тие луѓе. Тогаш се досетил: „Билетите за лотаријата се веќе продадени, и нема ли да ги поделат парите меѓу себе ако им ги испратам? Ќе ги подарам парите на мојата фирма."

За среќа, во неговата фирма имало многу Фалун Дафа практиканти и затоа неговиот шеф можел да го разбере. Ако тоа се случело во типична средина или во типична фирма, каде што ако кажеш дека си практикант кој не го сака велосипедот од лотаријата и сака да ги подари парите на својата фирма, дури и шефот ќе си помисли дека имаш некакви психички проблеми. Другите исто така ќе коментираат: „Дали овој човек застранил од практикувањето на чигонг или има култивациско лудило." Ви реков дека моралните вредности се искривени. Во текот на педесеттите и шеесеттите години, ова немаше да биде голема работа, но многу честа појава – никој немаше да мисли дека тоа е нешто чудно и особено.

Рековме дека, независно од тоа колку се промениле човечките морални вредности, карактеристиката на универзумот Џен, Шан, Рен, засекогаш ќе остане непроменета. Ако некој ти каже дека си добар, можеби не си навистина добар, ако некој каже дека си лош, ти можеби не си навистина лош. Ова е затоа што критериумите кои го оценуваат доброто и лошото се искривени. Само некој што е во согласност со карактеристиките на универзумот е добар човек. Тој е единствениот критериум што го определува добриот и лошиот човек, и тој е признат од универзумот. Бидејќи во човечкото општество настапиле големи промени, човечките морални вредности неверојатно се намалија. Човечкиот морал секојдневно паѓа надолу и добивката станала единствена мотивација. Сепак промените во универзумот не се случуваат според промените во човештвото. Како практикант, не можеш да се однесуваш според стандардите на

обичните луѓе. Не е дозволено да правите одредени работи само затоа што обичните луѓе мислат дека се исправни. Кога обичните луѓе велат дека нешто е добро, тоа можеби не е добро. Кога обичните луѓе велат дека нешто е лошо, тоа исто така можеби не е лошо. Во ова време, кога моралните вредности се искривени, ако кажеш некому дека прави лошо, тој нема да поверува! Како практикант, мораш да ги проценуваш нештата според карактеристиките на универзумот. Само така може да се разликува што е навистина добро и што е навистина лошо.

# Гвандинг

Во заедницата на култиватори, постои појава наречена гвандинг. Гвандинг е религиозен ритуал во култивацијата во тантризмот во Буда школата. Неговата цел е преку постапката на гвандинг човекот повеќе да не следи други школи на култивација и да биде прифатен во одредена школа како вистински ученик. Сега, што е толку чудно во тоа? Оваа религиозна формалност се применува и во чигонг практиките. Не само што се практикува во тантризмот, но и во Тао школата. Реков дека сите оние кои во општеството ги шират тантричките практики под знамето на тантризмот, се шарлатани. Зошто е така? Затоа што Танг тантризмот исчезнал од нашата земја пред повеќе од илјада години и повеќе не постои. Поради јазичната бариера тибетскиот тантризам никогаш не можеше да биде целосно воведен во Хан областа. Особено затоа што тој е езотерична религија, тој мора тајно да се практикува во манастирите. Тој исто така мора да биде тајно подучуван од учителот, и учителот мора да го одведе ученикот да практикува тајно. Ако тоа не може да биде направено, тој апсолутно не може да се подучува.

Многу луѓе одат на Тибет да учат чигонг со овој план: Тие сакаат да најдат учител и да учат тибетски тантризам со цел во иднина да станат чигонг мајстори и да станат богати и славни. Рамислете сите: Вистинскиот, жив будистички лама кој добил вистинско учење има многу моќни натприродни способности и може да ги чита мислите на таквиот човек. Зошто тој човек доаѓа овде? Тој веднаш ќе го знае тоа штом ги прочита мислите на овој човек: „Доаѓаш тука со желба да ја научиш практиката и да станеш чигонг мајстор за пари и слава, поткопувајќи ја оваа школа за култивирање до Буда.” За таква сериозна култивациска практика во Буда школата, како тоа може да биде случајно уништено од твојата желба да станеш чигонг мајстор за слава и пари? Која е твојата мотивација? Затоа, тој ништо нема да го научи овој човек, ниту пак овој човек ќе добие вистинско

учење. Се разбира, со толку многу манастири наоколу, тој може да научи некои површни работи. Ако неговиот ум не е исправен, додека се обидува да стане чигонг мајстор и прави лоши работи, ќе привлече опседнатост од дух или животно. Животните што опседнуваат исто така имаат енергија, но таа не е од тибетскиот тантризам. Оние што одат на Тибет искрено во потрага по дарма и можат да се населат таму штом пристигнат – тие се вистински практиканти.

Чудно е тоа што сега многу таоистички практики исто така прават гвандинг. Тао школата ги користи енергетските канали. Зошто треба да се практикува таканаречениот гвандинг? Јас сум бил на југ за да предавам. Според тоа што го знам има повеќе од десет криоверни практики кои прават гвандинг, особено во регионот на Гвандонг. Што се обидуваат да направат? Ако учителот ти направи гвандинг, ќе станеш негов ученик и нема да можеш да учиш никаква друга практика. Ако го направиш тоа, тој ќе те казни, тој прави такво нешто. Зарем тоа не е лоша практика? Она што тој подучува е нешто за лекување и одржување на здравјето. Луѓето го учат тоа едноставно затоа што сакаат да имаат здрави тела. Зошто треба да прави такви работи? Некој тврди дека, ако луѓето го практикуваат неговиот чигонг, не можат да практикуваат никаков друг чигонг. Може ли тој да ги спаси луѓето и да им овозможи да ја завршат својата култивација? Тоа е погрешно водење на учениците. Многу луѓе постапуваат на овој начин.

Тао школата никогаш не подучувала гвандинг, но сега и тие го имаат таканаречениот гвандинг. Открив дека чигонг мајсторот кој прави најмногу врева околу практикувањето гвандинг има гонг колона во висина само на двокатна или трокатна зграда. Мислам дека за толку познат чигонг мајстор, неговиот гонг жално се намалил. Стотици луѓе чекаат во ред да им направи гвандинг. Неговиот гонг е ограничен само на таа височина и наскоро целосно ќе падне. Тогаш, со што ќе прави гвандинг? Не е ли тоа измамување на луѓето? Кога ќе се погледне од друга димензија, вистинскиот гвандинг прави коските на човекот да изгледаат како бел жад од главата до петиците. Со помош на гонгот или високоенергетската материја телото на човекот се прочистува од главата до петиците. Може ли тој чигонг мајстор да го направи тоа? Не може. Што прави тој? Се разбира, тој веројатно нема да се обиде да започне религија. Негова цел е откако ќе ја учиш оваа практика да му припаѓаш нему. Мораш да присуствуваш на неговите часови за да ги учиш неговите работи. Целта му е да ти ги земе парите. Тој нема да заработи никакви пари ако никој не ја изучува неговата практика.

Како и учениците на другите култивациски практики во Буда школата, и учениците на Фалун Дафа многу пати ќе добијат гвандинг од учители на високо ниво во другите димензии, но тоа нема да ви биде кажано. Оние со натприродни способности или оние кои се осетливи, можат да го почувствуваат тоа во текот на спиењето или во некое друго време, како топла струја која одеднаш поминува од врвот на главата кон целото тело. Целта на гвандингот не е да се додаде повисок гонг на твојот, затоа што тој мора да се развие преку сопствената култивација. Гвандингот е метод за зајакнување на прочистувањето и за понатамошно чистење на твоето тело. Низ гвандинг ќе поминеш повеќе пати – твоето тело мора да биде прочистено на секое ниво. Бидејќи култивацијата зависи од сопствените напори додека трансформацијата на гонгот ја прави учителот, ние не практикуваме ритуал на гвандинг.

Има некои луѓе кои исто така практикуваат таканаречено „обожување на учителот." Зборувајќи за тоа би сакал да споменам нешто. Многу луѓе сакаат да ме обожуваат како учител. Овој наш историски период е различен од кинеското феудално општество. Дали клекнувањето и поклонувањето значат дека некого го прифаќате за учител? Ние не го практикуваме тој ритуал. Многу луѓе мислат: „Ако клечам, горам темјан, и го обожувам Буда со искрено срце, ќе расте и мојот гонг." Сметам дека ова е многу смешно. Вистинската култивација зависи целосно од самиот човек, така што бескорисно е да се молите за нешто. Нема потреба да го обожувате Буда или да горите темјан. Се додека навистина се култивираш според стандардот за еден практикант, Буда ќе биде многу задоволен да те види. Ако секогаш правиш лоши работи на други места, тој ќе се згрози да те види иако му палиш темјан и му се поклонуваш. Не е ли тоа вистината? Вистинската култивација зависи од самиот човек. Која е користа од клечењето и обожувањето на учителот ако правиш се што сакаш откако денес ќе излезеш низ оваа врата? Ние воопшто не се грижиме за оваа формалност. Така можете дури и да ја уништите мојата репутација!

На сите ви дадовме толку многу работи. Сите вие, се додека навистина практикувате култивација и постапувате строго според Дафа, јас ќе ве третирам како мои ученици. Се додека практикувате Фалун Дафа, ќе ве третираме како ученици. Ако не сакате да практикувате, ништо не можеме да направиме за вас. Ако не се култивирате, која е корисlargest од носењето на таа ознака? Не е важно дали сте од првата сесија или од втората сесија на часови. Како може да сте наши практиканти само ако ги правите вежбите? За да добиете здраво тело и да напредувате вистински кон високите нивоа, морате да се култивирате со вистинско следење на нашиот шиншинг стандард. Затоа, ние не се грижиме за

овие формалности. Се додека се култивираш, ти си практикант во нашата школа за практика. Моите фашени знаат се – тие знаат се што имаш во твојот ум и можат се да направат. Тие нема да се грижат за тебе ако не се култивираш. Ако се култивираш, тие ќе ти помагаат се до самиот крај.

Во некои чигонг практики, практичари кои никогаш не ги виделе своите учители, тврдат дека ако платат неколку стотини јуани и се поклонуваат во одреден правец, тоа ќе биде доволно добро. Зар не е тоа залажување на себе си и залажување на другите? Освен тоа, овие луѓе потоа стануваат многу посветени и почнуваат да ги бранат или заштитуваат нивните практики и учители. Тие исто така им кажуваат на другите да не учат други практики. Сметам дека тоа е прилично смешно. Исто така, некои прават нешто што се вика мо динг (допирање на темето). Никој не знае кој е ефектот од овој допир.

Не само што се лажни тие кои ги подучуваат своите практики под знамето на тантризмот, но исти такви се и сите оние кои подучуваат чигонг во името на будизмот. Размислете за тоа, сите: Неколку илјади години, култивациските методи во будизмот биле во тие форми. Како може тоа се уште да биде будизам ако некој ги измени? Култивациските методи служат за сериозно култивирање на Буда, и тие се крајно сложени. Мала промена може да предизвика хаос. Бидејќи трансформацијата на гонгот е многу сложена, она што некој чувствува не значи ништо. Не може да се практикува култивација врз основа на тоа како некој се чувствува. Религиозната форма на монасите е култивациска метода, откако ќе се смени, тоа повеќе нема да биде нешто од таа школа. Постои голема просветлена личност која е задолжена за секоја школа, и секоја школа има произведено многу големи просветлени луѓе. Никој не се осмелува само така да го промени култивацискиот метод во таа школа. За еден мал чигонг мајстор, каква силна доблест тој има штом се осмелил да го навреди учителот менувајќи ја практиката за култивација во Буда? Ќе биде ли тоа истата школа ако навистина се промени? Лажниот чигонг може да се препознае.

## Поставување на мистериозен премин

„Поставување на мистериозен премин” (шуангуан шевеи) се вика уште „Еден мистериозен отвор” (шуангуан јичиао). Таа терминологија може да се најде во книгите „Дан Џинг”, „Тао Цанг”, „Шинминг Гуичи”. Па што е сето тоа? Многу чигонг мајстори не можат јасно да го објаснат тоа. Ова е затоа што на нивото на просечен чигонг мајстор, никој не може да го види, ниту пак му е дозволено да

види. Ако практикантот сака да го види тоа, тој мора да стигне до повисокото ниво на вид на мудроста, или на уште повисоко ниво. Обичниот чигонг мајстор не може да го достигне тоа ниво, па така, не може да го види. Во текот на историјата, во заедницата на култиватори се дискутирало што претставува мистериозниот премин, каде се наоѓа единствениот отвор и како да се постави мистериозниот премин на местото. Во книгите „Дан Џинг", „Тао Цанг", „Шинминг Гуичи", може да најдете дискусии за теориите, без да ве известат за суштината. Од една до друга дискусија, тие ве збунуваат. Тие не ги објаснуваат јасно работите бидејќи суштината не може да биде позната на обичните луѓе.

Покрај тоа, ви кажувам дека, бидејќи сте ученици на Фалун Дафа, јас ќе ви ги кажам овие зборови: „Никогаш не ги читајте тие лажни чигонг книги." Со тоа не мислам на горенаведените класични текстови, но на оние лажни чигонг книги напишани од денешните луѓе. Не треба дури ни да ги отварате. Ако во умот ви блесне мисла како „Добро, оваа реченица се чини разумна", со тоа, опседувачките духови или животни од книгата ќе се закачат за твоето тело. Многу книги се напишани под контрола на запоседувачки духови или животни кои манипулираат со човечките приврзаности кон слава и богатство. Има многу - особено многу – лажни чигонг книги. Многу луѓе се неодговорни и пишуваат книги со опседувачки духови или животни и хаотични работи во нив. Вообичаено, подобро е да не ги читате ни класичните книги споменати погоре или други поврзани класични текстови, бидејќи тоа го вклучува прашањето на следење на една школа.

Еден претставник од Кинеското друштво за научно истражување на чигонгот ми кажа за една случка која навистина ме натера да се смеам. Тој ми кажа дека во Пекинг имало човек кој често одел на чигонг семинари. Откако слушал многу говори, тој сметал дека чигонгот не е ништо повеќе од тоа што било кажано таму. Бидејќи сите биле на исто ниво, сите зборувале за истите работи. Како и другите лажни чигонг мајстори, мислел дека содржината на чигонгот не е ништо повеќе од тоа! Тогаш и тој посакал да напише книга за чигонгот. Размислете за тоа, сите: Непрактикантот ќе напише книга за чигонгот. Денес, книгите за чигонг се препишуваат едни од други. Напредувал со пишувањето се додека не запрел на прашањето за мистериозниот премин. Кој разбира што е мистериозен премин? Дури и меѓу вистинските чигонг мајстори, малкумина го разбираат тоа. Тој отишол да праша лажен чигонг мајстор. Тој не знаел дека овој човек бил лажен, затоа што тој секако не го разбирал чигонгот. Но ако овој лажен чигонг мајстор не може да одговори на прашањето, немаше ли и другите да дознаат дека тој е лажен? Поради тоа, тој се осмелил да го измисли одговорот и кажал

дека мистериозниот премин се наоѓа на врвот на машкиот полов орган. Тоа звучи многу смешно. Не смејте се, зашто оваа книга е веќе објавена во општеството. Со тоа сакам да кажам дека чигонг книгите во денешно време се смешни до тој степен. Која е користа да читате такви книги? Нема никаква корист и единствено може да нанесе штета.

Што е „поставување на мистериозен премин”? Во практиката на Фа-во-тројниот-свет, кога култивацијата на човекот е над средното ниво, или е на високо ниво на Фа-во-тројниот-свет, овој човек почнува да развива бесмртно дете. Бесмртното дете и култивираното дете (јингхај) за кое што ние зборуваме се две различни работи. Култивираните деца се мали и разиграни, и радосно трчаат. Бесмртното дете не се движи. Ако првобитната душа на човекот не превземе контрола врз него, бесмртното дете ќе седи мирно на лотосов цвет со нозете прекрстени една преку друга и со споени раце. Бесмртното дете расте од полето на дантиен и може да биде видено на микроскопско ниво дури и кога е помало од врв на игла.

Дополнително, треба да се објасни друго прашање. Има само еден вистински дантиен и тоа е тиен (поле) во областа на долниот стомак. Тоа е над точката хуијин и е под стомакот, внатре во телото. Многу форми на гонг, многу натприродни способности, многу способности, фашен, бесмртното дете, култивираните деца, и многу други суштества растат од ова поле.

Во минатото, неколку практиканти зборуваа за горен дантиен, среден дантиен и долен дантиен. Јас би рекол дека тоа е погрешно. Некои луѓе исто така тврдат дека нивните учители ги учеле на овој начин со генерации, и дека и книгите го кажуваат истото. Дозволете ми да кажам на сите дека имало ѓубре и во античко време. Иако некои работи можат да се наследуваат со години, тие би можеле да бидат и неточни. Некои мали култивациски патишта во светот отсекогаш биле пренесувани меѓу обичните луѓе, но со нив не може да се култивира, и не се добри за ништо. Кога го нарекуваат горен дантиан, среден дантиен и долен дантиен, тие викаат дека дантиен е насекаде каде што може да се формира дан. Не е ли тоа шега? Кога умот на човекот се фокусира на некое место на телото долго време, ќе се развие енергетски грозд и ќе се формира дан. Ако не верувате во тоа, фокусирајте го својот ум на вашата рака на подолго време и таму ќе се формира дан. Затоа, некои луѓе ја виделе оваа ситуација и изјавиле дека дантиен е насекаде. Ова звучи уште посмешно. Тие мислат дека дантиен е насекаде каде што се формира дан. Всушност, тоа е дан но не е тиен. Може да се каже дека дан е насекаде и дека има горен дан, среден дан и долен дан. Сепак, постои само еден вистински тиен кој може да развие многубројни

Фа, и тој се наоѓа во областа на долниот стомак. Затоа, разговорот за горен дантиен, среден дантиен и долен дантиен е погрешен. Каде ќе се фокусира умот на човекот подолго време, таму ќе се формира дан.

Бесмртното дете расте полека од дантиенот во областа на долниот стомак и станува се поголемо и поголемо. Кога ќе порасне до големина на пинг понг топче, формата на целото негово тело ќе стане јасно видлива со формирани нос и очи. Во исто време кога бесмртното дете е во големина на пинг понг топче, ќе се роди и мал кружен меур покрај него. По раѓањето, меурот ќе расте заедно со бесмртното дете. Кога бесмртното дете ќе достигне височина од околу десет сантиметри, ќе се појави ливче од лотосов цвет. Кога бесмртното дете ќе порасне меѓу дванаесет и четиринаесет сантиметри, листенцата од лотосовиот цвет ќе бидат формирани, и ќе се појави слој од лотосов цвет. Сјајно, златно, бесмртно дете седи на златен лотосов цвет, и изгледа многу убаво. Тоа е неуништувачкото Ваџра тело кое во Буда школата се вика „Буда тело", а во Тао школата се вика „Бесмртно дете".

Во нашата школа се култивираат и потребни се двете форми на тела, исто така и бенти мора да се трансформира. Познато е на сите дека не е дозволено Буда телото да се покаже меѓу обичните луѓе. Со многу труд тоа може да ја покаже својата форма и неговата светлина може да биде видена со очите на обичниот човек. Сепак, по трансформацијата, физичкото тело се чини дека е исто како и телото на просечен човек меѓу обичните луѓе. Обичниот човек не може да направи разлика, иако тоа тело може да патува помеѓу димензиите. Кога бесмртното дете достигнало височина од десет до дванаесет сантиметри, и воздушниот меур исто така пораснал до таа големина, и тој е прозрачен како воздушен балон. Бесмртното дете сеуште седи таму во поза за медитација. Во тоа време воздушниот меур го напушта дантиен. Затоа што расте и созрева, ќе се движи нагоре. Процесот на неговото движење нагоре е многу бавен, но неговото движење може секојдневно да се следи. Тој постепено се движи се повисоко и повисоко. Со прецизна внимателност, ние сме во состојба да го почувствуваме неговото постоење.

Кога воздушниот меур ќе ја достигне танзонг точката, ќе остане таму некое време. Затоа што таму се наоѓаат многу од суштинските работи во човечкото тело (срцето исто така е таму), во воздушниот меур ќе се формира систем на работи. Оваа есенција ќе биде испорачана во воздушниот меур. По некое време, повторно ќе се движи нагоре. Кога ќе помине низ грлото човекот ќе се чувствува како да се дави, како да му се блокирани крвните садови, и ќе се чувствува многу непријатно отечен. Ова ќе трае само неколку дена. Тогаш

воздушниот меур ќе се помести нагоре кон врвот на главата, и ние тоа го викаме „достигнување на ниван". Се вели дека достигнал ниван, додека всушност, тој е голем колку целата твоја глава. Твојата глава ќе се почувствува отечена. Бидејќи нивaнот е многу важно место за човекот, неговата есенција исто така мора да се формира во воздушниот меур. Тогаш воздушниот меур ќе се обиде да помине низ тунелот на небесното око, и тоа ќе се почувствува многу непријатно. Небесното око ќе притиска до точка на издржливост, слепоочниците ќе се чувствуваат отечени, додека очите се чувствуваат како да копаат навнатре. Тоа чувство ќе трае додека воздушниот меур не излезе од тунелот на небесното око и виси пред челото. Тоа се нарекува поставување на мистериозен премин, и виси таму.

Во ова време, оние со отворено небесно око не можат ништо да видат. Ова е затоа што во култивациските практики во Буда школата и Тао школата неговата врата е затворена за да се забрза процесот на формирање на работите во мистериозниот премин. Има две предни и две задни врати и сите тие се затворени. Слично како портата на Тјенанмен во Пекинг, постојат две големи врати на секоја страна. За да биде таинствениот премин брзо формиран и збогатен, вратите не се отвараат, освен во многу посебни околности. Тие што можат да гледаат со небесното око во овој момент не можат да гледаат затоа што тоа не е дозволено. Која е целта што виси таму? Затоа што стотина енергетски канали во телото се среќаваат таму, во овој момент тие мора да кружат низ мистериозниот премин и потоа да излезат од него. Тие мора да поминат низ мистериозниот премин, а целта е да се постават некои дополнителни основи и да се формира систем на работи внатре во мистериозниот премин. Бидејќи човечкото тело е мал универзум, мистериозниот премин ќе формира мал свет во кој ќе бидат формирани сите есенцијални работи на човекот. Но тоа се уште е само објект кој се уште не е целосно функционален.

При култивација во Чимен школата, мистериозниот премин е отворен. Кога мистериозниот премин е исфрлен надвор тој е како цилиндар но постепено ќе стане кружен. Неговите врати на двете страни се отворени. Бидејќи Чимен школата не култивира ни Буда ни Тао, човекот мора сам да се заштити себеси. Има многу учители во Буда школата и Тао школата, и сите тие можат да те заштитат. Ти не треба да ги гледаш работите ниту ќе имаш некакви проблеми. Но не е така во Чимен школата, затоа што таму мора сам да се заштитиш себеси. Затоа, мора да се задржи способноста да се гледаат работите. Во тоа време, небесното око ги гледа работите како низ телескоп. Откако овој систем е

формиран, отприлика за околу еден месец, тој почнува да се враќа во внатрешноста. По враќањето во главата, ова се нарекува промена на положбата на мистериозниот премин.

Кога мистериозниот премин се враќа внатре, главата ќе се почувствува отечено и непријатно. Тогаш тој ќе истисне низ јуџен точката. Ова истискување исто така прави човекот да се чувствува непријатно, како главата да му се преполовува. Мистериозниот премин наеднаш ќе излезе, и тогаш човекот одма ќе се чувствува олеснето. По излегувањето, мистериозниот премин ќе виси во многу длабока димензија и тој ќе постои во телесна форма во многу длабока димензија. Затоа, нема да те притиска додека спиеш. Но има една работа: Кога мистериозниот премин се постави за прв пат, ќе се чувствува нешто пред очите. Иако тој е во друга димензија, човекот постојано ќе чувствува како да му се замаглени очите, како нешто да ги покрива, и поради тоа ќе се чувствува многу непријатно. Бидејќи јуџен точката е многу важен премин, мистериозниот премин и таму мора да формира систем на работи. Тогаш повторно се враќа во телото. Мистериозен отвор всушност не се однесува на една положба на мистериозниот премин, бидејќи тој мора да ја смени положбата неколку пати. Кога се враќа вониванот, почнува да се спушта во телото, се додека не стигне до мингмен точката. Во мингмен точката тој повторно ќе излезе надвор.

Мингмен точката во човечкото тело е исклучително важна и голема точка. Таа во Тао школата се вика „отвор”, а кај нас се вика „премин” (гуан). Таа е голем премин што навистина личи на железна порта и има многубројни слоеви на железни порти. Познато е дека човечкото тело има многу слоеви. Нашите физички клетки се еден слој, а молекулите внатре се друг слој. Поставени се порти на секој слој од атоми, протони, електрони, многу микроскопски честички, бесконечно микроскопски честички, па се до крајно бесконечно микроскопски честички. Затоа, тука постојат многубројни натприродни способности, и многу посебни способности кои се заклучени внатре во портите на различните слоеви. Другите практики култивираат дан. Кога данот треба да експлодира, мингмен точката мора да биде прва отворена со експлозија. Ако не е отворена со експлозија, не може да се ослободат натприродните способности. Откако мистериозниот премин формира систем во мингмен точката, тој одново ќе се врати во телото. Тогаш се враќа во долниот дел на абдоменот. Тоа се нарекува „Мистериозниот премин се враќа на местото”.

По неговото враќање, мистериозниот премин не се враќа на своето оригинално место. До тогаш, бесмртното дете израснало прилично големо. Воздушниот меур ќе го покрие бесмртното дете и ќе го обвитка. Додека расте

бесмртното дете, расте и мистериозниот премин. Во Тао школата, обично кога бесмртното дете ќе порасне колку шест-седум годишно дете, ќе му биде дозволено да го напушти телото, и тоа се нарекува „раѓање на бесмртното дете". Под контрола на првобитната душа, тоа може да се движи надвор од телото. Физичкото тело на човекот не се движи, а првобитната душа излегува надвор. Нормално, во Буда школата бесмртното дете нема да биде во никаква опасност кога со култивацијата ќе порасне колку и самиот човек. Во тоа време, обично му е дозволено да го напушти телото и да излезе надвор од телото. До сега бесмртното дете пораснало исто толку големо колку и човекот, а неговата обвивка е исто толку голема. Обвивката веќе се проширила надвор од телото – тоа е мистериозниот премин. Бидејќи бесмртното дете станало толку големо, мистериозниот премин сигурно ќе се прошири надвор од телото.

Можеби сте виделе статуи на Буда во храмовите и сте откриле дека Будите секогаш се наоѓаат во внатрешноста на кругот. Особено, портретот на Буда секогаш има круг во кој Будата седи. Многу Буда – портрети се такви, а такви се особено оние во старите храмови. Зошто Буда седи во кругот? Никој не може јасно да го објасни тоа. Дозволете ми да кажам дека тоа е мистериозниот премин, но сега веќе не се нарекува мистериозен премин. Се нарекува „рај", иако всушност уште не е рај, бидејќи го има само овој објект. Тоа е како објект на фабрика, но без способност за производство. Мора да има енергетски ресурси и суровини пред да може да произведува. Пред неколку години, многу практиканти зборуваа: „Нивото на мојот гонг е повисоко од нивото на една бодисатва" или „нивото на мојот гонг е повисоко од нивото на еден Буда". Кога ќе го слушнат ова, другите ќе мислат дека тоа е невозможно да се замисли. Всушност, она што тие го рекоа воопшто не беше незамисливо, бидејќи гонгот навистина мора да се култивира до многу високо ниво во човечкиот свет.

Како е можно да биде вака: Тие имаат постигнато ниво повисоко од она на Буда? Тоа не може да се сфати така површно. Гонгот на таквиот човек навистина е на многу високо ниво. Тоа е затоа што кога неговата култивација достигне многу високо ниво и во моментот на целосното просветлување, неговото ниво на гонг навистина ќе биде многу високо. Само момент пред да се заврши просветлувањето, осум десеттини од неговиот гонг ќе бидат отстранети заедно со неговиот шиншинг стандард, и таа енергија ќе биде искористена за да се поткрепи неговиот рај – неговиот сопствен рај. Како што знаете сите, покрај овој шиншинг стандард, гонгот на практикантот се култивира преку страдање од многубројни тешкотии и во тешки животни средини во текот на целиот живот. Поради тоа е исклучително драгоцен. Осум десеттини од оваа драгоцена

материја се користи за да се поткрепи неговиот рај. Затоа, кога тој во иднина ќе успее во култивацијата, ќе добие што и да посака само ако ги испружи рацете, тој ќе има се што ќе посака. Тој може да прави што сака, и во неговиот рај ќе има се. Тоа е неговата моќна доблест што ја искултивирал преку сопственото страдање.

Енергијата на овој човек може по волја да се претвори во било што. Затоа, ако Буда сака да има нешто, да јаде нешто, или да се игра со нешто, тој може да го стори тоа. Тоа доаѓа од неговото сопствено достигнување во култивацијата, што е статусот на Буда (фовеи). Без него, човекот не може да успее во култивацијата. Во тоа време тоа може да се нарече негов сопствен рај. Овој човек ќе има само две десеттини од својот преостанат гонг за да ја заврши култивацијата и да достигне Тао. Иако му останале само две десеттини од гонгот, телото не му е заклучено. Тој може или да се откаже од ова тело или да го задржи, но ова тело веќе ќе биде трансформирано од високоенергетска материја. Во тоа време тој може да ги покаже своите големи божествени способности кои имаат неспоредлива моќ. Но, кога еден човек се култивира меѓу обичните луѓе, тој е обично заклучен без големи способности. Без разлика на тоа колку е високо нивото на неговиот гонг, тој се уште е ограничен. Но сега тоа е поинаку.

# Петта лекција

## Симбол на фалунот

Симбол на нашата Фалун Дафа е фалун. Оние со натприродни способности можат да видат дека овој фалун се врти. Истото важи и за нашите мали симболи на фалунот, кои исто така се вртат. Нашата култивација е водена од Џен, Шан, Рен, карактеристиките на универзумот и од принципите на космичката еволуција. Затоа, она што ние го култивираме е неизмерно големо. Во извесна смисла овој фалун симбол е минијатура на универзумот. Буда школата го објаснува универзумот како Свет на десет насоки, со четири лица и осум страни. Можеби некои луѓе можат да видат вертикална енергетска колона над и под фалунот. Со врвот и дното, фалунот точно го формира десетнасочниот свет и го сочинува овој универзум. Тој го претставува основното разбирање на Буда школата за универзумот.

Овој универзум, се разбира, се состои од многубројни галаксии, вклучувајќи го тука и нашиот Млечен пат. Целиот универзум е во движење, и исто така се движат и сите галаксии во него. Затоа, таичи знаците и малите свастика знаци во симболот исто така се вртат. Целиот фалун се врти, и големите свастика знаци во центарот исто така се вртат. Во извесна смисла, тоа го симболизира нашиот Млечен пат. Бидејќи ние припаѓаме на Буда школата, центарот го задржува симболот на Буда школата, вака изгледа на површината. Сите различни супстанци имаат свои форми на постоење во другите димензии каде што имаат многу суштински и многу сложени процеси на еволуција и форми на постоење. Овој фалунов симбол е минијатура на универзумот. Тој исто така има своја форма на постоење и процес на еволуција во сите други димензии, па затоа јас го нарекувам еден свет.

Кога фалунот се врти во насока на стрелките на часовникот, тој автоматски може да ја апсорбира енергијата од универзумот. Кога се врти спротивно од стрелките на часовникот, може да даде енергија. Внатрешната ротација (во насока на стрелките на часовникот) нуди самоспасение, додека надворешната ротација (спротивната насока од стрелките на часовникот) нуди спасние на другите – ова е карактеристиката на нашата практика. Некои луѓе прашуваат:

„Ако сме ние Буда школа зошто има и таичи? Нели таичи припаѓа на Тао школата?” Тоа е затоа што она што ние го култивираме е огромно, што значи исто како да се култивира целиот универзум. Размислете за тоа, сите: Овој универзум се состои од две главни школи, Буда школа и Тао школа. Ако се исклучи било која од нив, тоа нема да претставува целосен универзум, ниту пак може да се нарече комплетен универзум. Затоа, ние вклучивме и работи од Тао школата. Исто така, некои луѓе ќе речат дека покрај Тао школата постојат и христијанството, конфучијанизмот, другите религии и тн. Дозволете да ви кажам дека откако неговата култивација ќе достигне многу високо ниво, конфучијанизмот припаѓа на Тао школата; кога многу западни религиозни култивациски практики достигнат високи нивоа, тие се класифицираат како припадници на истиот систем како нашиот, Буда школата. Постојат само две такви големи школи.

Тогаш зошто двата таичи знаци имаат црвено на врвот и сино на дното, а другите два таичи знаци имаат црвено на врвот и црно на дното? Она што обично го разбираме е тоа дека таичи е направен од две супстанци црна и бела, чи на јин и јанг. Таа идеја доаѓа од многу ниско ниво, зашто таичи има различни манифестации во различните димензии. На највисоко ниво, неговите бои се манифестираат на овој начин. Таото што ние обично го разбираме има црвено на врвот и црно на дното. На пример, небесното око на некои наши практиканти е отворено и тие откриле дека црвеното кое го гледаат со физичките очи е зелено во соседната димензија. Златната боја се гледа како виолетова во друга димензија, тие ја имаат оваа промена. Со други зборови, боите се менуваат од димензија до димензија. Таичи со црвено горе и сино долу, припаѓа на големата првобитна Тао школа, која ги вклучува и култивациските практики во Чимен школата. Четирите помали свастика знаци се од Буда школата. Тие се исти како оној во средината, што исто така е од Буда школата. Фалунот во овие бои е релативно светол, и ние го користиме како симбол на Фалун Дафа.

Фалунот кој што го гледаме со небесното око не е нужно во овие бои, бидејќи неговата боја на позадината може да се менува, иако неговата шема не се менува. Кога фалунот кој што го поставив во вашиот долен абдоминален дел се врти, со вашето небесно око може да се види како црвен, виолетов, зелен, или можеби безбоен. Неговата боја на позадината постојано се менува по овој редослед црвена, портокалова, жолта, зелена, небесносина, сина и виолетова. Како резултат на тоа, она што го гледате можат да бидат различни бои, но боите или шемата на свастика симболите и таичи знаковите ќе останат исти. Сметаме дека овие бои во позадината изгледаат релативно добро па затоа ги

прифативме. Оние со натприродни способности можат да видат многу работи надвор од оваа димензија.

Некои луѓе велат: „Тој свастика симбол личи на знакот на Хитлер.” Дозволете да ви кажам дека овој симбол сам по себе нема никакво класно значење. Некои луѓе велат: „Ако аголот е навален на оваа страна, тоа ќе биде хитлеровиот знак.” Тоа не е така, бидејќи тој се врти на двете страни. Во нашето човечко општество овој симбол стана познат пред две илјади и петстотини години во времето на Шакјамуни. Изминати се само неколку децении од времето на Хитлер за време на Втората Светска Војна. Тој го присвоил, но бојата која што ја искористил е различна од нашата. Тој бил црн, свртен нагоре и се користел во исправена положба. Ќе ви кажам само толку во врска со овој фалун, јас само ја спомнав неговата површинска форма.

Тогаш што симболизира овој свастика симбол во нашата Буда школа? Некои луѓе велат дека тој симболизира среќа, тоа е толкување на обичните луѓе. Дозволете да ви кажам дека овој свастика симбол симболизира ниво на Буда. Тој постои само на нивото на Буда. Бодисатвите и архатите го немаат. Но големите бодисатви, четирите големи бодисатви го имаат. Ние откривме дека тие големи бодисатви далеку го надминале нивото на обичните Буди и тие дури се повисоко и од татагата. Над нивото на татагата има многубројни Буди. Татагата има само еден свастика симбол. Оние што го надминале нивото на татагата ќе имаат повеќе свастика симболи. Буда, чие ниво е двапати повисоко од тоа на татагата има два свастика симболи. Тие кои се уште повисоко имаат три, четири, пет свастики и така натаму. Некои имаат толку многу свастика симболи така што тие се наоѓаат насекаде по нивните тела, вклучувајќи ги и нивните глави, раменици и колена. Кога има премногу од нив, тие дури и ќе се појават на дланките, прстите, стапалата, прстите на нозете итн. Со постојаното зголемување на нивното ниво, ќе има се повеќе и повеќе свастика симболи. Затоа, свастика симболот го претставува статусот на Буда. Колку повисок е статусот на еден Буда, толку повеќе свастика симболи ќе има тој.

## Чимен школа

Освен Буда школата и Тао школата, постои и Чимен школата која се нарекува Чимен култивациска практика. Што се однесува до култивациските практики, обичните луѓе го имаат ова разбирање: Од Античка Кина до денес, Буда школата и Тао школата луѓето ги сметале за правоверни култивациски патишта, и нив ги

нарекле исто така и праведни школи за култивација. Освен во литературните дела, оваа Чимен школа никогаш не била јавно објавена и многу малку луѓе слушнале за нејзиното постоење.

Постои ли Чимен школа? Да. Во текот на мојата култивациска практика, во подоцнежните години, конкретно, наидов на тројца високо остварени мајстори од Чимен школата. Тие ми ја пренесоа суштината на нивните практики, работи кои се многу посебни и многу добри. Затоа што тие работи се многу посебни, тоа што тие го култивираат е прилично необично и повеќето луѓе не можат тоа да го разберат. Покрај тоа, тие тврдат дека не припаѓаат ниту на Буда школата, ниту на Тао школата. Тие не култивираат ни Буда, ни Тао. Штом научиле дека тие не култивираат ни Буда ни Тао, луѓето ја нарекле „странична врата и неспретен начин" (пангмен зуодао). Тие се нарекуваат себеси Чимен школа. Странична врата и неспретен начин има заостанато значење, но тоа не е во негативна смисла, бидејќи не ја обвинува школата дека е лоша практика – тоа е сигурно. Книжевната дефиниција на терминот исто така не подразбира лоша практика. Во историјата, Буда школата и Тао школата биле наречени „ортодоксни школи" за култивација. Кога оваа практика не можела да биде сфатена од јавноста, луѓето ја нарекле „странична врата" или страничен начин и неортодоксна школа. Што значи „неспретен начин"? „Неспретен" значи необичен или несмасен начин. Терминот „неспретно" во античка Кина често се однесувал на нешто што е необично. Странична врата и неспретен начин го има ова значење.

Зошто таа не е лоша практика? Поради тоа што исто така има строги побарувања за шиншингот. Нејзината култивациска практика исто така ја следи карактеристиката на универзумот. Не ја нарушува карактеристиката или законот на универзумот, ниту пак прави лоши работи. Затоа, не може да се нарече лоша практика. Буда школата и Тао школата се ортодоксни школи, не затоа што карактеристиката на универзумот е во согласност со нивните практики, туку затоа што практиките на Буда школата и Тао школата ја следат карактеристиката на универзумот. Ако култивациската практика на Чимен школата е во согласност со карактеристиката на универзумот, таа не е лоша практика, но исто така е праведна школа. Ова е затоа што критериумот за разликување на добро или лошо, добронамерност или злоба, е карактеристика на унивврзумот. И во неа се култивира со следење на карактеристиката на универзумот, па затоа е исто така праведен пат, и покрај тоа што нејзините барања се разликуваат од оние во Буда школата и Тао школата. Тие не учат многу ученици, нивното учење се предава на многу мала група. Тао школата учи многу ученици, но само еден го прима

вистинското учење. Буда школата верува во спасение на сите суштества, така што секој што може да практикува култивација, може да го стори тоа.

Практиката на Чимен школата не може да биде наследена од две лица, бидејќи таа се пренесува на само едно избрано лице во текот на подолг временски период во историјата. Поради тоа, низ историјата не можела да биде видена од обичните луѓе. Се разбира, кога чигонгот беше популарен, видов дека неколку луѓе од оваа школа исто така излегоа да подучуваат. Сепак, откако подучуваа јавно некое време, тие сфатија дека тоа е невозможно бидејќи учителот им забранил некои работи да бидат предавани во јавноста. Ако сакате јавно да подучувате, не можете да бирате ученици. Оние што доаѓаат да учат ќе донесат различни нивоа на шиншинг и различни менталитети, бидејќи тие се луѓе од различен вид. Нема да можете да бирате ученици за подучување. Затоа, Чимен школата не може нашироко да се предава во јавноста. Ако така се прави, тоа може лесно да предизвика опасност бидејќи таа практика е многу уникатна.

Некои луѓе се прашуваат: Буда школата култивира Буда, Тао школата култивира Тао, но што ќе стане практикантот во Чимен школата кога ќе заврши со култивацијата? Тој човек ќе биде бог скитник без дефинирана граница во универзумот. Познато е на сите дека татагата Шакјамуни го има Саха рајот, Буда Амитаба го има Рајот на врховното блаженство, Буда на исцелувањето го има Стаклениот рај. Секој татагата или голем Буда има свој сопствен рај. Секоја голема просветлена личност гради свој сопствен рај и многу негови ученици таму живеат. Тој што е од Чимен школата нема одредена граница во универзумот и таа личност ќе живее како бог скитник или осамен бесмртник.

## Практикување на лоша култивација

Што е практикување на „лоша култивација”? Таа има неколку форми. Постојат луѓе кои се специјализирани за практикување на лоша култивација, бидејќи низ историјата имало луѓе кои ги пренесувале овие работи. Зошто тие се предавани? Затоа што тие бараат слава, лична корист и пари меѓу обичните луѓе, тоа е она што го сакаат. Секако, таквиот човек нема шиншинг на високо ниво и не може да добие гонг. Тогаш што може да добие? Карма. Ако некој има многу карма, таа исто така може да стане форма на енергија. Но тој човек нема никаков статус и не може да се споредува со еден практикант. Во споредба со обичните луѓе, сепак, тој може да ги контролира другите бидејќи кармата е исто така форма на енергија. Кога нејзината густина стане многу висока, таа исто така може да ги

зајакне натприродните способности во неговото тело и да произведе таков ефект. Затоа, низ историјата некои луѓе го предавале тоа. Таквиот човек тврди: „Со правење на лоши дела и со пцуење, јас можам да го зголемам мојот гонг.” Тој не го зголемува својот гонг. Всушност, тој ја зголемува густината на црната супстанца, бидејќи со правење лоши работи тој може да создаде црна супстанца, карма. Затоа, овие мали вродени натприродни способности на овој човек, можат да се засилат со оваа карма. Тој може да развие некои ситни натприродни способности, иако тие не се способни да направат нешто значајно. Овие луѓе мислат дека со правење на лоши работи тие исто така можат да го зголемат гонгот – тоа е она што тие го велат.

Некои луѓе велат: „Додека Таото е висок една стапка, демонот ќе биде висок десет стапки.” Тоа е лажна изјава изречена од обичните луѓе. Демонот никогаш не може да биде повисок од Таото. Постои фактот дека универзумот кој што ние човечките суштества го познаваме е само еден од многубројните универзуми, и ние кратко го нарекуваме универзум. Секој пат кога нашиот универзум поминува низ период од многу години, секогаш се соочува со голема катастрофа што уништува се она што е во универзумот, вклучувајќи ги планетите и сите живи суштества. Движењето на универзумот се одвива според законот. Во нашиот универзум во ова време, човечката раса не е единствениот вид на суштества што станал корумпиран. Многу животи веќе ја виделе оваа ситуација, дека во денешно време, голема експлозија се случила многу одамна во просторот на овој универзум. Денес, астрономите не можат да го набљудуваат тоа, бидејќи тоа што сега можеме да го видиме преку најмоќните телескопи се работи од пред 150 илјади светлосни години. За да ги видиме промените на сегашното космичко тело, мора да чекаме да поминат 150 илјади години. Тоа е многу далечно време.

Во моментов, целиот универзум веќе претрпе големи промени. Секогаш кога се случува таква промена, сите животи во целиот универзум ќе бидат целосно уништени и ќе лежат во рушевини. Секој пат кога се случува оваа ситуација, карактеристиката и целокупната материја во претходниот универзум мора да биде разнесена. Обично, сите животи ќе бидат убиени од експлозијата. Но не секој од нив е збришан од експлозијата секој пат. Откако новиот универзум е реконструиран од страна на големите просветлени битија на исклучително високо ниво, се уште има некои што ја преживеале експлозијата. Големите просветлени битија го градат универзумот во согласност со нивните карактеристики и стандарди. Затоа тој има поинаква карактеристика од таа на претходниот универзум.

Оние кои ја преживеале експлозијата ќе продолжат во овој универзум да се придржуваат до претходните карактеристики и принципи во своето делување. Новоизградениот универзум ќе ги следи карактеристиките и принципите на тој нов универзум во своето работење. Така, оние што ја избегнале експлозијата стануваат демони кои ќе пречат на принципите на универзумот. Сепак, тие не се толку лоши бидејќи тие само ги почитуваат карактеристиките на универзумот од предходниот период. Тие се она што луѓето го нарекуваат небесни демони. Сепак, тие не се закана за секојдневните луѓе, ниту пак им прават штети на луѓето. Тие само се придржуваат до своите принципи во вршењето на работите. Во минатото, ова не требаше да биде познато на обичните луѓе. Реков дека има многу Буди над нивото на татагата. Што претставуваат тие демони? Тие се многу мали во споредба со нив. Староста, болеста и смртта се исто така облици на демони, но тие се создадени за да се одржи карактеристиката на универзумот.

Будизмот верува во самсара, и таму се спомнува прашањето за асура. Всушност, тоа се однесува на живи битија во различните димензии, но тие немаат човечка, вродена природа. За една голема просветлена личност, тие се на многу ниско ниво и се многу неспособни. Но сепак, во очите на обичните луѓе тие изгледаат застрашувачки, бидејќи имаат одредена количина на енергија. Тие ги гледаат обичните луѓе како животни, така што уживаат да јадат луѓе. Во последниве години, тие исто така излегоа да подучуваат чигонг. Каков вид на суштества се тие? Можат ли да изгледаат како човечки суштества? Тие изгледаат многу страшно. Откако ќе ги учите нивните работи, ќе морате да одите со нив и да станете од нивниот вид. Во чигонг практиката, ако некои луѓе имаат лоши мисли што се во согласност со нивниот менталитет, тие ќе дојдат да ги учат овие луѓе. Еден праведен ум може да потчини сто зла. Ако ништо не бараш, никој нема да се осмели да ти пречи. Ако развиеш лоши мисли или ако сакаш нешто лошо, тие ќе дојдат да ти подадат рака и ти ќе следиш демонски пат на култивација. Може да се појави овој проблем.

Другата ситуација се нарекува „несвесно практикување на лош пат на култивација”. Што е „несвесно практикување на лош пат на култивација?” Тоа е кога некој практикува лош пат не знаејќи дека го прави тоа. Овој проблем е многу чест и едноставно премногу распространет. Како што реков пред некој ден, многу луѓе практикуваат чигонг со погрешни мисли во својот ум. Иако тие практикуваат стоечка вежба со рацете и нозете кои се тресат од замор, нивниот ум не мирува. Тие мислат: „Цените се зголемуваат. Морам да пазарувам по завршувањето на вежбите. Ако не побрзам, работите ќе бидат поскапи.” Друг човек мисли: „На работа сега се доделуваат станови. Дали ќе добијам еден?

Човекот кој е задолжен за доделување станови не е во добри односи со мене.“ Колку повеќе овој човек размислува за тоа, толку повеќе се лути: „Тој сигурно нема да ми додели стан. Ќе треба да се борам со него...” Се појавуваат секакви мисли. Како што реков порано, тие даваат коментари на се, од семејни прашања до државни работи. Кога зборуваат за непријатни теми, уште повеќе се лутат.

Чигонг практиката бара да се цени де. Кога ги правите вежбите, ако не размислувате за добри работи, тогаш барем не размислувајте за лоши работи. Најдобро е ако не мислите на ништо. Ова е затоа што за време на практикување на чигонг на ниско ниво, мора да се постави основа. Оваа основа ќе има клучна улога, бидејќи и човечките мисловни активности играат голема улога. Размислете за тоа, сите: Што додавате во својот гонг? Како може тоа што го практикувате да биде добро? Како не може да биде црно? Колку луѓе кои практикуваат чигонг немаат вакви идеи? Иако практикувате чигонг цело време, зошто вашите болести не се исчезнати? Иако некои луѓе ги немаат тие лоши мисли на местата за вежбање, тие секогаш практикуваат чигонг со приврзаност кон натприродни способности, потрага по ова или она, различни менталитети и различни силни желби. Всушност, тие веќе несвесно практикувале лоша култивација. Ако на тој човек му кажете дека практикува лоша култивација, тој ќе биде незадоволен: „Јас бев подучуван од добро познат чигонг мајстор”. Но тој добро познат чигонг мајстор бара да цениш де. Го направи ли тоа? За време на чигонг практиката, секогаш се впушташ во некои лоши мисли. Како можеш да кажеш дека ќе излезеш од практиката со добри работи? Тоа е тој проблем, и тоа е несвесно практикување на лоша култивација – тоа е многу честа појава.

## Двојна култивација на маж и жена

Во заедницата на култиватори, има култивациска практика што се вика двојна култивација на маж и на жена. Можеби сте виделе во култивациските практики на Тибетскиот тантризам скулптура или портрет на Буда, како машка фигура држи женско тело, додека практикува култивација. Машката фигура понекогаш изгледа како Буда и држи гола жена. Некои може да бидат трансформации на Буда во ликот на Ваџра со глава на крава и лице на коњ, исто така носи голо женско тело. Зошто е така? Најнапред ќе ви го објаснам ова прашање на сите. На нашата планета, Кина не беше единствена земја под влијанието на конфучијанизмот. Пред неколку века, целата наша човечка раса имаше слични морални вредности. Затоа, оваа култивациска практика всушност не е дојдена од нашата планета. Таа дошла од друга планета, но овој метод навистина може

да им овозможи на луѓето да практикуваат култивација. Кога таа култивациска практика беше воведена во Кина во тоа време, тоа беше неприфатливо за кинескиот народ токму поради двојната култивација на маж и жена и тајните практики. Затоа, во времето на Хуичанг од династијата Танг, таа беше забранета во Хан регионот од императорот. Беше забранета да се предава во Хан регионот и во тоа време беше наречена Танг тантризам. Но сепак беше предадена во една единствена средина во Тибет, во тој посебен регион. Зошто тие практикуваат култивирање на овој начин? Двојната култивација на маж и жена е собирање на јин за надополнување на јанг и обратно со взаемно дополнување за меѓусебна култивација, овозможувајќи да се постигне целта на балансирање на јин и јанг.

Познато е дека и според Буда школата и според Тао школата, а особено според таоистичката теорија за јин и јанг, човечкото тело природно има јин и јанг. Бидејќи човечкото тело природно има јин и јанг, преку култивација тоа може да развие различни натприродни способности и живи суштества како бесмртно дете, култивирани деца, фашен итн. Поради постоењето на јин и јанг, со култивација можат да се развијат многу живи суштества, кои може да растат во дантиенот, без разлика на тоа дали едно тело е машко или женско – тоа е исто. Оваа теорија навистина има смисла. Тао школата обично горниот дел на телото го смета за јанг, а долниот дел на телото за јин. Некои луѓе обично задниот дел од телото го сметаат за јанг, а предниот дел од телото за јин. Други ја сметаат левата страна на телото за јанг, а десната страна за јин. Во Кина имаме поговорка дека левата страна на телото е машка, а десната страна е женска, тоа исто така доаѓа одтаму и е многу разумна причина. Бидејќи човечкото тело природно има јин и јанг, со интеракција на јин и јанг, и самото може да постигне рамнотежа на јин и јанг; така може да створи многу живи суштества.

Понатаму ова појаснува едно прашање: Без примена на методот на двојна култивација на машко и женско, сепак може да се постигне многу високо ниво во култивацијата. При употребата на методата на машка и женска двојна култивација, ако таа се употребува несоодветно, човек ќе си предизвика демонска пречка и тоа ќе стане лоша практика. Во Тантризмот, ако двојната култивација на машко и женско треба да се примени на многу високо ниво, монахот или ламата мора да имаат достигнато многу високо ниво во култивацијата. Во тоа време, учителот може да го води овој човек во овој тип на култивациска практика. Бидејќи нивото на шиншингот на овој човек е доста високо, тој може да се однесува добро без да стане злобен. Но човек со ниско

ниво на шиншинг, апсолутно не треба да се впушта во оваа метода. Во спротивно, тој сигурно ќе следи лоша практика. Поради ограниченото ниво на шиншинг и поради тоа што не се откажал од желбите и страстите на обичните луѓе, мерката на неговиот шиншинг е само толку висока и ако тоа се користи сигурно ќе биде нешто лошо. Затоа велиме дека кога случајно се промовира на ниско ниво, тоа ќе биде подучување на лоша практика.

Во последниве години, не мал број чигонг мајстори подучуваа двојна култивација на маж и на жена. Што е толку чудно во тоа? Двојната култивација на маж и на жена се појави исто така и во практиките на Тао школата. Покрај тоа, тоа не започнало денес, туку започнало во време на династијата Танг. Како може Тао школата да има двојна култивација на машко и женско. Според таичи теоријата во Тао школата, човечкото тело е мал универзум што природно има јин и јанг. Сите вистински, големи исправни учења се пренесени од далечни времиња. Секоја случајна промена или случајно додавање ќе ја наруши таа посебна школа за практика и ќе ја направи неспособна да ја постигне целта за завршување на култивацијата. Значи ако вашата практика нема двојна култивација на машко и женско, никогаш не треба да го правите тоа во култивацијата. Инаку, ќе тргнете по погрешен пат и ќе наидете на проблеми. Посебно во нашата школа во Фалун Дафа, не постои двојна култивација на маж и жена, ниту ни е потребна. Ние така гледаме на ова прашање.

## Култивирање на умот и телото

Прашањето за култивирање на умот и телото веќе е објаснето на сите вас. Култивирањето на умот и телото се однесува на култивирање на шиншингот на човекот во исто време со култивирањето на неговото тело. Со други зборови, бенти се преобразува. Во процесот на преобразување, човечките клетки ќе бидат постепено заменети со високоенергетска материја и стареењето ќе успори. Телото ќе почне постепено да се враќа кон младоста, и ќе доживее постепена преобразба се додека, на крајот, целосно не се замени со високоенергетска материја. Дотогаш, телото на овој човек веќе ќе биде претворено во тело од друг вид материја. Тоа тело, како што реков порано, ќе ги надмине петте елементи. Бидејќи повеќе не е ограничено на петте елементи, телото на тој човек повеќе нема да дегенерира.

Култивацијата во храмовите се занимава само со култивирање на умот, таму не се учат вежби и не се култивира телото. Потребна е нирвана, затоа што

методот за кој учи Шакјамуни бара нирвана. Всушност, самиот Шакјамуни имал голема дарма на високо ниво, и тој бил во можност целосно да го трансформира своето бенти во високоенергетска материја и да го однесе со себе. За да го остави овој метод на култивирање, тој самиот го следел патот на нирваната. Зошто подучувал на овој начин? Тој го сторил тоа за да можат луѓето да се откажат што е можно повеќе од приврзаностите и се друго, вклучувајќи ги конечно дури и нивните физички тела; сите приврзаности требало да бидат напуштени. Со цел луѓето да го постигнат ова колку што е можно повеќе, тој го превземал патот на нирваната. Поради тоа, сите будистички монаси низ историјата, го превзеле патот на нирваната. Нирвана значи кога еден монах ќе умре, тој го напушта физичкото тело, а неговата сопствена првобитна душа се подига заедно со неговиот гонг.

Тао школата нагласува култивирање на телото. Бидејќи таа ги избира учениците и не нуди спасение на сите живи суштества, таа има извонредни ученици. Затоа, ги подучува техниките и објаснува како да се култивира животот. Сепак, во оваа посебна култивациска практика на Буда школата, и особено во будизмот, тие не се учат. Но тоа не важи за сите практики во Буда школата. Многу практики на високо ниво во Буда школата исто така ги подучуваат. Нашата школа за практикување ги подучува. Нашата Фалун Дафа бара да се култивира и бенти и бесмртно дете; и овие две се различни. Бесмртното дете исто така е тело направено од високоенергетска материја, но тоа не може да биде случајно покажано во оваа наша димензија. Со цел да се задржи изгледот на обичните луѓе во оваа димензија во текот на подолг временски период, мора да го имаме нашето бенти. Затоа, кога се трансформира бенти, неговите молекуларни комбинации не се менуваат иако неговите клетки се заменуваат со високоенергетска материја. Така, тоа тело нема да изгледа многу различно од телото на обичниот човек. Но сепак има разлика: имено, ова тело може да влезе во други димензии.

Тие практики што култивираат и ум и тело, прават човекот да изгледа многу млад во ликот, и многу различно од неговата вистинска возраст. Еден ден една личност ме праша: „Учителу, што мислиш колку години имам?" Всушност, таа се приближуваше кон седумдесет, но изгледаше како да е само над четириесет. Лицето и беше без брчки, блескаво, со розов тен. Не изгледаше како човек што се наближува кон седумдесеттите. Тоа ќе се случи со нашите Фалун Дафа практичари. Кажано на шега, младите дами сакаат секогаш на лицето да си ставаат шминка за да го направат својот тен посветол и поубав. Би рекол дека ако вистински ја следите практиката на култивирање на умот и телото, природно

ќе ја постигнете таа цел. Гарантирано е дека нема да има потреба да користите козметика. Нема да даваме повеќе вакви примери. Во минатото, бидејќи имаше релативно повозрасни луѓе во сите професии, јас бев третиран како млад човек. Сега работите се подобруваат, и во секоја професија има релативно повеќе млади луѓе. Всушност, и јас повеќе не сум млад. Се приближувам кон педесетте, веќе имам четириесет и три години.

## Фашен

Зошто околу статуата на Буда има поле? Многу луѓе не можат да го објаснат тоа. Некои луѓе велат: „Статуата на Буда има поле затоа што монасите таму пеат стихови." Со други зборови, полето е создадено од праксата на култивирање на монасите пред неа. Без разлика дали е од култивациската практика на монасите или од некој друг, оваа енергија треба да биде расфрлана и не е насочена. Подот, таваните и ѕидовите на целиот храм треба да го имаат истото поле. Тогаш зошто полето на статуата на Буда може да биде толку моќно? Особено на статуите на Буда во далечните планини, во пештери или на карпи обично постои поле. Зошто постои ова поле? Некои луѓе го објаснуваат тоа на овој начин, или на оној начин, но тоа се уште не може јасно да се објасни. Всушност, статуата на Буда има поле затоа што има фашен на голем просветлен човек. Бидејќи фашенот на големиот просветлен човек е таму, таа има енергија.

Дали е тоа Шакјамуни или бодисатва Гванјин, ако навистина постоеле во историјата – размислете за тоа, сите – не биле ли тие исто така практичари за време на нивната култивациска практика? Кога некој човек се култивира на многу високо ниво во Фа над светскиот Фа, тој ќе развие фашен. Фашенот се појавува во областа на дантиен и е направен од Фа и од гонг. Тој се покажува во другите димензии. Фашенот има голем дел од моќта на самиот човек, но неговиот ум и мисли се контролирани од тој човек. Сепак, самиот фашен исто така има целосен, независен и реален индивидуален живот. Затоа тој може се да прави самостојно. Тоа што го прави фашенот, е истото тоа што сака да го направи главната свест на човекот. Ако некој прави нешто на одреден начин, неговиот фашен ќе го стори истото, ова е фашенот за кој што зборуваме. Она што сакам да го направам јас, сето тоа може да го направи мојот фашен, како што е прилагодување на телата на вистинските практичари. Бидејќи фашенот нема физичко тело како обичен човек, тој се покажува во други димензии. Неговото тело не е фиксно и непроменливо, тоа може да стане големо или мало.

Понекогаш станува многу голем, толку голем што не може и да се види целата негова глава. Понекогаш станува многу мал, дури и помал од една клетка.

## Посветување

Статуата на Буда произведена во фабрика е само едно уметничко дело. „Посветувањето" е со цел да се покани фашенот на Буда на статуата на Буда која потоа ќе се почитува како опипливо тело меѓу обичните луѓе. Во култивациската практика, кога практикантот го има ова срце за почит, фашенот на статуата на Буда ќе пази на Фа за тој човек, ќе се грижи за него и ќе го заштитува. Тоа е вистинската цел на посветувањето. Ова може да се направи само со праведни мисли изразени на церемонијата за свечено посветување, со помош на голема просветлена личност на многу високо ниво, или со помош на практикант на многу високо ниво во култивацијата кој ја има оваа моќ.

Храмот бара неговата статуа на Буда да помине низ посветување, а луѓето велат дека без посветување статуата на Буда нема да служи за ништо. Денес, монасите во храмовите – оние што беа вистински големи мајстори – сите си заминаа. Од Големата културна револуција, некои од оние млади монаси, кои не добиле никакви вистински учења сега станале игумени. Многу работи не се предадени. Ако прашате некого од нив: „Која е целта на посветувањето?" Тој ќе каже: „Статуата на Буда ќе може да функционира после посветувањето." Тој не може јасно да објасни за што точно се користи, па затоа само ја одржува церемонијата. Тој ќе стави будистички текст внатре во статуата на Буда. Тогаш ќе ја запечати статуата со хартија и ќе рецитира сутра пред неа. Тој го нарекува тоа посветување, но дали целта на посветувањето може да биде постигната? Зависи од тоа како ја рецитира сутрата. Шакјамуни рекол дека сутрите треба да се рецитираат со праведен ум и неподелено внимание со цел да се затресе рајот на неговата култивациска практика. Само тогаш може да биде повикан голем просветлен човек. И само кога еден од фашените на големиот просветлен човек пристигне врз статуата на Буда, целта на посветувањето може да биде постигната.

Додека рецитираат сутра, некои монаси си мислат: „Колку пари ќе ми платат после посветувањето?" Или додека рецитира сутра, некој мисли: „Тој човек ме третира толку лошо." Тие исто така имаат лични конфликти. Сега е периодот на крајот на дармата. Не може да се негира дека овој феномен постои. Тука ние не го критикуваме будизмот. Но во периодот на крајот на дармата, во некои од

храмовите едноставно повеќе не е чисто. Ако еден ум е полн со овие работи и изразува такви лоши мисли, како тој голем просветлен човек може да дојде? Тогаш не може да се постигне целта на посветувањето. Но тоа не е апсолутно, бидејќи постојат неколку добри храмови и таоистички манастири.

Во еден град, видов монах кој имаше многу темни раце. Тој ја стави сутрата во статуата на Буда и безгрижно ја запечати. Откако промрморе неколку збора, постапката на посветување заврши. Потоа зеде уште една статуа на Буда и повторно промрморе неколку збора. Секое посветување го наплаќаше по четириесет јуани. Денес монасите го комерцијализираат посветувањето и заработуваат пари од него. Откако го погледнав, сватив дека посветувањето не е постигнато, бидејќи тој воопшто не можеше да го стори тоа. Денес монасите дури прават такви работи. Што друго сум видел? Човек кој се чинеше дека е будист – лаик, наводно извршуваше посветување на статуата на Буда во храмот. Тој држеше огледало на сонце за да ја рефлектира сончевата светлина на статуата на Буда. Потоа, тој тврдеше дека е извршено посветувањето. Тоа беше толку смешно! Денес, будизмот се разви до оваа точка, и тоа е многу честа појава.

Во Нанџинг беше направена голема бронзена статуа на Буда, и беше поставена на островот Лантау во Хонг Конг. Тоа е огромна статуа на Буда. Многу монаси од целиот свет дојдоа да извршат посветување за неа. Еден од монасите држеше огледало на сонце за да ја одрази сончевата светлина на лицето на статуата на Буда и тоа го нарече посветување. На таква голема и свечена церемонија како оваа, дури можело да се случи вакво нешто. Сметам дека тоа е навистина жално! Не е ни чудно што Шакјамуни рекол: „Во периодот на крајот на дармата, монасите ќе имаат проблем да се спасат самите себе, а камоли да им понудат спасение на другите.” Покрај тоа, многу монаси ги толкуваат будистичките сутри од нивните сопствени перспективи. Дури и светиот текст Кралицата мајка се најде во храмовите. Исто така, многу работи што не се класични будистички материјали, влегоа во храмовите, правејќи ги овие места доста хаотични и неуредни. Се разбира, постојат монаси кои се уште искрено практикуваат култивација и се сосема добри. Посветувањето е, всушност, да се повика фашенот на голем просветлен човек да се насели на статуата на Буда. Тоа е посветувањето.

Значи, ако статуата на Буда не поминала успешно посветување, не треба да се обожува. Ако ја обожуваат, ќе се појават сериозни последици. Кои се тие сериозни последици? Денес, оние кои го проучуваат човечкото тело откриле дека нашите човечки умствени активности или човечки мисли можат да

формираат материја. На многу високо ниво, откривме дека тоа е навистина материја, но оваа материја не е во форма на мозочни бранови како што е откриено во досегашните испитувања. Наместо тоа, таа е во форма на комплетен човечки мозок. Обично, кога обичниот човек мисли нешто, тоа што тој формира е нешто во облик на мозок. Но, бидејќи нема енергија, набрзо после тоа ќе се растури. Од друга страна, енергијата на практикантот може да се задржи многу подолго. Тоа не значи дека оваа статуа на Буда има ум откако ќе биде произведена во фабрика. Не, нема. Некои статуи на Буда не поминале низ процесот на посветување, а ниту целта на посветувањето била постигната откако биле однесени во храмовите. Ако посветувањето го прави лажен чигонг мајстор или човек од лоша практика, тоа ќе биде уште поопасно, зашто лисицата или ласицата ќе се прикрадат кон статуата на Буда.

Ако обожуваш статуа на Буда која не поминала посветување, тоа ќе биде премногу опасно. Колку опасно ќе биде тоа? Јас реков дека човештвото еволуирало до денешен ден, во кое се пропаѓа. Целото друштво, и се во целиот универзум едно по друго стануваат корумпирани. Се што се случува со секојдневните луѓе е предизвикано од нив самите. Многу е тешко да се најде праведен пат или да се следи праведен пат, поради мешањето од различни извори. Некој сака да се моли на Буда, но кој е Буда? Многу е тешко да се најде некој за да се помолиш. Ако не верувате во тоа, дозволете да ви го објаснам. Ќе биде страшно кога првиот човек ќе обожува статуа на Буда која нема поминато низ процедурата на посветување. Колку луѓе сега обожуваат Буда за да постигнат вистинско постигнување во култивацијата? Има многу малку такви луѓе. Која е мотивацијата на повеќето луѓе за обожавање на Буда? Тие сакаат да ги елиминираат неволјите, да ги решат проблемите и да се збогатат. Дали овие работи се од будистичките списи? Тие сигурно не ги вклучуваат овие работи.

Да претпоставиме дека обожавател на Буда, кој сака пари, клекне пред статуата на некој Буда, или на бодисатвата Гванјин или Татагата–Буда и вели: „Те молам помогни ми да заработам малку пари." Добро, тогаш ќе се формира комплетен ум. Бидејќи ова барање е направено пред статуата на Буда, веднаш е проектирано на статуата на Буда. Во друга димензија, еден ентитет може да стане голем или мал. Кога оваа мисла ќе пристигне до овој ентитет, статуата на Буда ќе има мозок и ум, но нема тело. Други луѓе исто така доаѓаат да ја обожаваат статуата на Буда. Со овој тип на обожавање, тие постепено ќе и даваат одредена количина на енергија. Ќе биде уште поопасно ако еден практикант ја обожава, бидејќи ова обожавање постепено ќе и дава енергија и ќе и овозможи да формира опипливо тело. Сепак ова опипливо тело е

формирано во друга димензија. Откако ќе се формира, тоа постои во друга димензија и исто така може да научи некои вистини на универзумот. Затоа може да направи некои работи за луѓето. На овој начин, исто така може да развие и малку гонг. Но тоа им помага на луѓето под одредени услови и по одредена цена. Тоа слободно се движи во друга димензија и лесно може да ги контролира обичните луѓе. Ова опипливо тело изгледа исто како статуата на Буда. Значи, човечкото обожавање е тоа што создава лажна бодисатва Гванјин или лажен татагата кои изгледаат исто како статуата на Буда и имаат форма на Буда. Но умот на лажниот Буда или лажната бодисатва е особено лош и сака пари. Тој е роден во друга димензија. Со својот ум, тој знае малку вистина и не се осмелува да направи големи прекршоци, но се осмелува да прави помали лоши дела. Понекогаш, им помага и на луѓето, во спротивно ќе биде целосно лош и ќе биде убиен. Како им помага на луѓето? Кога некој се моли: „Буда, те молам помогни ми, зашто дома имаме болен човек", добро, тој ќе ти подаде рака. Тој ќе те натера да донираш пари во кутијата за прилози бидејќи неговиот ум сака пари. Колку повеќе пари донираш во кутијата за прилози, толку побрзо ќе биде излекувана болеста. Бидејќи има одредена енергија, тој може, од друга димензија да манипулира со обичните луѓе. Ќе биде особено опасно ако му се моли практикант. За што се моли овој практикант? Пари. Размислете за тоа, сите: Зошто еден практикант сака пари? Молитвата да се елиминира несреќата и болестите за членовите на семејството е исто така приврзаност кон чинг за своето семејство. Дали сакаш да ја смениш судбината на другите луѓе? Секој има своја сопствена судбина! Ако му се молиш и мрмориш: „Помогни ми да заработам малку пари", па добро, тој ќе ти помогне. Тој ќе сака да побараш што повеќе пари, зашто колку повеќе бараш, толку повеќе работи може да земе од тебе. Тоа е фер трговија. Другите обожаватели ставиле многу пари во кутијата за прилози, па ќе ти дозволи да добиеш дел од нив. Како е направено тоа? Може да најдеш паричник штом излезеш надвор од вратата, или да добиеш бонус на твоето работно место. Како и да е, ќе организира да добиеш пари. Како може да ти помогне безусловно? Нема загуба, нема добивка. Ќе земе дел од твојот гонг ако му треба, или ќе ти го одземе данот што си го искултивирал. Тој ги сака овие работи.

Овие лажни Буди понекогаш се многу опасни. Многу од нашите практиканти со отворено небесно око мислат дека виделе Буда. Некој може да каже дека денес во овој храм дошла група Буди, и нив ги водел тој и тој Буда. Овој човек ќе ја опише групата што беше вчера, каква е групата што е денес, и веднаш штом ќе замине една група, ќе пристигне друга. Кои се тие? Тие само припаѓаат на оваа категорија – не се вистински Буди, но се лажни. Овие случаи се многубројни.

Поопасно е ако тоа се случи во храм. Ако монасите ја обожаваат, таа ќе ја превземе контролата над нив. „Нели ме обожавате? И тоа го правите со јасен ум! Добро, тогаш нели сакате да се култивирате? Јас ќе се погрижам за вас и ќе ви кажам како да се култивирате.” Таа за нив ќе направи аранжмани. Каде ќе отидат тие откако ќе завршат со култивацијата? Бидејќи култивацијата е припремена од неа, ниту една школа за практикување на високи нивоа нема да ве прифати. Бидејќи таа организира се за вас, во иднина ќе мора да ја следите. Нема ли култивирањето да ви биде залудно? Јас ви реков дека за човечките суштества е многу тешко да достигнат вистинско постигнување во култивацијата. Овој феномен е многу честа појава. Многу од вас ја виделе светлината на Буда на познатите планини или по течението на големите реки. Мнозинството од нив припаѓа на оваа категорија. Таа има енергија и може да се манифестира. Една вистински голема просветлена личност нема случајно да се открие себеси.

Во минатото имало релативно помалку од таканаречените земни Буди или земни Таоси. Сега, сепак, има многу. Кога вршат злосторства, повисоките животи ќе ги убијат. Пред ова да се случи, тие бегаат и ќе дојдат на статуата на Буда. Обично, една голема просветлена личност не се меша лесно во принципите на обичните луѓе. На колку повисоко ниво се наоѓа големата просветлена личност, толку помалку таа ќе се меша во принципите на обичните луѓе, таа воопшто нема да се меша. После се, ова повисоко битие нема ненадејно да ја распарчи статуата на Буда со молња, нема да направи такво нешто. Така повисокото битие ќе ги остави ако се искачат на статуата на Буда. Тие знаат, ако треба да бидат убиени, и затоа ќе се обидат да избегаат. Како резултат на тоа, дали она што го гледате е вистинската бодисатва Гванјин? Дали тоа што го гледате е вистински Буда. Тоа е тешко да се каже.

Многумина од вас можеби мислат за тоа прашање: „Што треба дома да правиме со статуите на Буда?” Можеби многу луѓе помислија на мене. За да им помогнам на практикантите во култивацијата, јас ќе ти кажам дека можеш да го направиш тоа на овој начин. Додека ја држиш статуата на Буда во рака, земи ја мојата книга (зашто во неа има моја слика) или мојата слика. Потоа направи го знакот „Голем лотосов цвет” и поднеси барање до учителот за посветување, исто како да го бараш тоа од мене. Тоа ќе биде извршено за половина минута. Дозволете ми да ви кажам на сите дека тоа може да биде направено само за нашите практиканти. Тоа посветување нема да дејствува за вашите роднини или пријатели, бидејќи ние се грижиме само за практикантите. Некои луѓе велат дека ќе ја однесат мојата слика во домовите на нивните роднини или пријатели

за да ги оддалечат лошите духови. Јас не сум тука за да ги оддалечам лошите духови за обичните луѓе – тоа е најголемото непочитување кон Учителот.

Зборувајки за земните Буди и земните Таоси, има и друго прашање. Во древна Кина имало многу луѓе кои практикувале култивација во далечните планини и непроодните шуми. Зошто ги нема денес? Всушност, тие не се исчезнати. Тие само не дозволуваат обичните луѓе да знаат за нив, и ниту еден од нив не е исчезнат. Сите тие луѓе имаат натприродни способности. Не е точно дека ги нема во последниве години – тие се уште се наоколу. Денес во светот се уште има неколку илјади од нив. Има релативно повеќе од нив во нашата земја, особено ги има во оние познати големи планини и покрај големите реки. Ги има и во некои високи планини но тие ги запечатуваат своите пештери со натприродните способности, така што нема да можете да ги видите. Нивниот напредок во култивацијата е многу бавен, а нивните методи се релативно неспретни, бидејќи тие не ја разбираат суштината на култивацијата. Ние, од друга страна, директно сме насочени кон умот на човекот, и практикуваме култивација според највисоките карактеристики на универзумот и формата на униврзумот. Природно, гонгот расте многу брзо. Ова е затоа што начините на практикување култивација се како пирамида, само централната патека е главна рута. На страничните и малите патишта, нивото на шиншингот во култивациската практика не мора да биде висок. Тој може да се просветли без да достигне високо ниво во култивацијата. Сепак, тие се многу пониски во однос на главниот пат на вистинската култивациска практика.

Некој од ваквата школа за практикување исто така зема ученици. Бидејќи во таа практика може да се достигне само толку високо ниво на култивација, и нивото на шиншингот на човекот може да израсне само толку високо, сите ученици се култивираат само до ова ниво. Колку една практика во култивацијата на страничната патека е поблиску кон периферијата, толку повеќе барања ќе има и ќе биде покомплицирана за култивација, бидејќи не може да ја сфати суштината на култивацијата. Во култивацијата, главно треба да се култивира шиншингот. Тие се уште не го разбираат ова и веруваат дека ќе можат да се култивираат само со поднесување на тешкотии. Затоа, и после долг временски период и откако се култивирале неколку стотини години или над илјада години, тие имаат добиено само малку гонг. Всушност, тие не добиле гонг со страдањето. Како го добиле? Тоа наликува на случајот на обичниот човек: Некој има многу приврзаности во младоста, но кога ќе остари, со текот на времето, неговата иднина изгледа безнадежна. Овие приврзаности природно се одстранети и истрошени. Овие практики на страничните патеки исто така го

користат овој метод. Тие сметаат дека кога некој се потпира на седечка медитација, транс и поднесување тешкотии за напредок во култивацијата, тој исто така може да го зголеми гонгот. Сепак, тие не знаат дека нивните приврзаности на обични луѓе полека се истрошени во еден долг и суров период на време, и дека преку бавното откажување од тие приврзаности зголемен е и гонгот.

Нашата практика се фокусира и навистина ги покажува нашите приврзаности. Со нивно напуштање, ќе се направи многу брз напредок во култивацијата. Бев на некои места каде честопати наидов на оние луѓе кои многу години практикуваа култивација. Тие рекоа: „Никој не знае дека сме тука. Што се однесува до она што го правиш, нема да се мешаме во тоа или да предизвикуваме проблеми.” Овие луѓе припаѓаат на оние кои се релативно добри.

Има исто така и некои лоши со кои требаше да се справиме. На пример, кога прв пат држев предавање во Гвангџоу, некој дојде да ме најде во текот на наставата и рече дека неговиот голем учител сака да ме види. Тој го опиша својот голем учител и како многу години практикувал култивација. Открив дека овој човек носи негативен чи и изгледа многу злобно со жолтеникаво лице. Реков дека немам време да се видам со него и го одбив. Како резултат на тоа, неговиот голем учител беше вознемирен и почна да создава проблеми за мене, трудејќи се секојдневно да ми предизвикува проблеми. Јас сум човек кој не сака да се бори со другите, ниту пак вредеше да се борам со него. Секогаш кога ќе донесеше некои лоши работи врз мене, јас само ќе ги расчистев. Потоа, продолжував со моето предавање.

Имаше еден таоист во династијата Минг кој за време на неговата таоистичка култивација беше опседнат од змија. Подоцна, овој таоист умре без да ја заврши својата култивација. Змијата го превземала телото на таоистот и искултивирала човечка форма. Големиот учител на овој човек беше таа змија во човечка форма. Бидејќи неговата природа не беше променета, тој се претвори во голема змија за да ми направи проблеми. Мислев дека тој отиде предалеку, па го фатив во раката. Јас користев многу моќен гонг наречен „растворувачки гонг” за да го растворам долниот дел од неговото тело и да го претворам во вода. Неговиот горен дел од телото побегна назад дома.

Еден ден директорката волонтер од нашиот асистентски центар во Гвиџоу беше контактирана од страна на ученикот на тој човек, кој рече дека неговиот голем учител сака да ја види. Директорката отиде таму и влезе во темна

пештера каде што не можеше да види ништо, освен сенка што седи таму со очи што сјаат зелено светло. Кога ќе ги отворел очите, пештерата станувала светла. Пештерата била повторно темна, кога неговите очи се затворале. Тој рекол на локален дијалект: „Ли Хонгџи ќе дојде повторно, и никој од нас нема да му предизвикува проблеми овој пат. Јас не бев во право. Ли Хонгџи е дојден да им понуди спасение на луѓето." Неговиот ученик го прашал: „Голем учителу, ве молам застанете. Што не е во ред со вашите нозе? Тој одговорил: „Не можам повеќе да стојам зашто моите нозе се повредени." На прашањето како се повредени, тој почнал да го опишува процесот на неговото правење проблеми. На „Ориенталниот саем за здравје" во Пекинг во 1993 година тој повторно почна да ми пречи. Бидејќи секогаш правеше лоши дела и се мешаше во моето учење на Дафа, целосно го отстранив. Откако го отстранив целосно, сите негови браќа и сестри сакаа да превземат акција. Тогаш јас реков неколку збора. Сите беа шокирани и станаа толку исплашени што ниту еден од нив не се осмели да направи нешто. Тие исто така дознаа што се случило. Некои од нив се уште беа сосема обични луѓе, иако долго време практикувале култивација. Ова се неколку примери кои ви ги давам во врска со прашањето за посветување.

## Џуоју ке

Што е џуоју ке? Во заедницата на култиватори, во текот на предавањето на чигонг, многу луѓе го подучуваат како категорија на култивацијата. Всушност, тоа не е нешто што спаѓа во категоријата на култивациска практика. Тоа се подучува како вид на тајни совети, магични формули и техники. Тука се користат форми на цртање симболи, горење темјан, горење хартија, рецитирање магични формули итн. Може да лекува болест, а нејзините методи на лекување се многу посебни. На пример, ако некому му излезе чир на лицето, практикантот ќе нацрта круг на земјата со четка натопена во цинобер и црта „x" во средината на кругот. Тој ќе побара човекот да застане во центарот на кругот. Потоа ќе почне да рецитира магични формули. Подоцна тој ќе ја употреби четката натопена во цинобер за да повлече кругови по неговото лице. Додека црта, ќе ги рецитира магичните формули. Ќе продолжи да црта се додека не направи точка на чирот со четката, и пеењето на магичните формули завршува. Тој ќе каже дека сега е добро. Кога ќе го допре чирот, навистина ќе открие дека е помал и повеќе не боли, зашто ова може да има ефект. Тој може да лекува мали болести, но големи болести не може. Што ќе направи ако те боли раката? Ќе почне да ги пее магичните формули додека бара од тебе да ги дигнеш рацете. Тој ќе дувне воздух на хегу точката на таа рака и ќе пушти да излезе низ хегу точката на другата рака. Ќе

почувствуваш воздух, и кога ќе ја допреш раката, нема да боли како порано. Покрај тоа, некои луѓе користат методи на горење хартија, цртање симболи, поставување на симболи итн. Тие ги прават овие работи.

Страничните патеки за практика во Тао школата не го култивираат животот. Тие се целосно посветени на гледање во иднината, фенгшуи, истерување на лоши духови и лекување болести. Повеќето од нив се користат во светските практики на страничните патеки. Тие можат да лекуваат болести, но методите кои ги користат не се добри. Ние нема да кажуваме што користат тие за да лекуваат болести, но практичарите на нашата Дафа не треба да ги користат бидејќи носат многу ниски и многу лоши пораки. Во древна Кина методите за лекување биле класифицирани по предмети, како на пример, местење на скршеници, акупунктура, масажа, киропрактика, акупресура, чигонг лекување, третмани со билки, итн. Тие биле поделени на многу делови. Секој метод за лекување е наречен предмет. Ова џуоју ке било класифицирано како тринаесетти предмет. Затоа, неговото целосно име е „тринаесетти предмет џуоју”. Џуоју ке не е нешто во рамките на нашата култивациска категорија, бидејќи не е гонг формиран преку култивациска практика. Наместо тоа, тоа е нешто како техника.

# Шеста лекција

## Култивациско лудило

Во заедницата на култиватори, постои термин наречен култивациско лудило. Тоа имаше многу големо влијание врз јавноста. Особено откако некои луѓе објавија толку многу за него така што некои луѓе се плашат да практикуваат чигонг. Кога луѓето ќе слушнат дека практикувањето чигонг може да доведе до култивациско лудило, тие ќе бидат премногу исплашени за да го пробаат. Всушност, дозволете да ви го кажам тоа дека култивациско лудило воопшто не постои.

Многу луѓе навлекле на себе опседнатост од духови или животни затоа што нивните умови не се исправни. Нивната главна свест не може да се контролира, но тие тоа го сметаат за гонг. Нивните тела се управувани од запоседувачките духови или животни, што ги прави ментално дезориентирани и ги тера да викаат и вриштат. Кога луѓето ќе видат дека чигонг практиката е таква, тие стануваат премногу исплашени за да вежбаат. Многумина од вас мислат дека тоа е чигонг, но како тоа може да биде чигонг практика? Ова е само најниска состојба за лекување и одржување на телото, но сепак е многу опасна. Ако се навикнеш на тоа и твојата главна свест не може да те контролира, тогаш твоето тело може да биде контролирано од помошната свест, туѓите пораки, запоседувачките духови или животните итн. Може да се вклучиш во некои опасни случувања и да предизвикаш голема штета на заедницата на култиватори. Ова е предизвикано од неморалниот ум и приврзаноста кон истакнувањето на себе си – ова не е култивациско лудило. Никој не знае како некои луѓе стануваат таканаречени чигонг мајстори, бидејќи тие исто така веруваат во култивациско лудило. Всушност, чигонг практиката не може да доведе до култивациско лудило. Повеќето луѓе ја научиле таа терминологија од литературните дела, романите за боречки вештини итн. Ако не верувате, можете да погледнете во старите книги или книгите за култивација, каде што нема такви работи. Како може да постои култивациско лудило? Невозможно е да се појават такви работи.

Обично се верува дека култивациското лудило има неколку форми. Тоа што штотуку го објаснив е исто така една од тие форми. Бидејќи нечиј ум не е

исправен, тој си навлекува на себе запоседнатост од дух или животно, и има различни мисли како што е посакување на некаква чигонг состојба со цел да се истакне себе си. Некои луѓе се стремат кон натприродни способности или практикувале лажен чигонг. Кога практикуваат чигонг, тие се навикнале да ја напуштаат својата главна свест. Тие не се свесни за ништо и ги оставаат своите тела на други. Стануваат ментално дезориентирани и дозволуваат нивните тела да бидат контролирани од помошната свест или од туѓи пораки. Тие покажуваат некое чудно однесување. Таквиот човек ќе скокне од зграда или ќе се нурне во вода, ако му е кажано да го стори тоа. Самиот тој дури и нема да сака да живее и ќе им го отстапи своето тело на другите. Тоа не е култивациско лудило, но застранување во чигонг праксата, и тоа е предизвикано со тоа што некој на почетокот намерно така постапува. Многу луѓе мислат дека несвесното нишање на телото е чигонг практика. Всушност, ако човекот вистински практикува чигонг во таа состојба, тоа може да доведе до сериозни последици. Тоа не е практикување на чигонг, но е последица од приврзаностите и стремежите на обичните луѓе.

Друг случај во чигонг практиката е кога некој ќе се исплаши кога чи е блокиран некаде во телото или кога чи не може да слезе од врвот на главата. Човечкото тело е мал универзум. Особено во таоистичката практика, кога чи не може да помине низ преминот, ќе се случат такви проблеми. Ако чи не може да помине низ преминот, ќе остане таму. Тоа може да се случи не само во главата, но исто така и во други делови на телото, но сепак, најчувствителното место на човекот е главата. Чи ќе се искачи до врвот на главата и потоа ќе слезе надолу. Ако чи не може да помине низ преминот, човекот ќе почувствува дека главата му е тешка и отечена како да носи дебела шапка од чи, итн. Но чи не може на ништо да влијае, ниту може да предизвика проблеми или да предизвика некоја болест. Некои луѓе не ја знаат вистината за чигонгот и даваат некои мистериозни коментари, и тоа доведе до хаотична ситуација. Според тоа, луѓето мислат дека ако чи се искачи до врвот на главата и не може да слезе, човекот ќе има култивациско лудило, ќе застрани итн. Како резултат на тоа, многу луѓе се исплашени.

Ако чи се искачи до врвот на главата и не може да слезе, тоа е само привремена состојба. За некои луѓе тоа може да трае многу долго време или половина година, и чи се уште да не може да слезе. Ако е така, може да се најде вистински чигонг мајстор кој ќе го усмери чи надолу и тој ќе може да слезе. Во чигонг практиката, ако чи не може да помине низ преминот или да слезе, причината секогаш треба да ја бараме во нашиот шиншинг, за да утврдиме дали

сме предолго време заглавени на тоа ниво и дали треба да го подобриме нашиот шиншинг! Откако вистински го подобрите вашиот шиншинг, ќе откриете дека чи слегува надолу. Не можете само да се фокусирате кон трансформацијата на вашиот гонг во физичкото тело, без нагласување на подобрувањето на вашиот шиншинг, но се чека да го подобрите својот шиншинг, само тогаш ќе направите целосна промена. Ако чи навистина е блокиран, сепак нема да имате никакви проблеми. Обично тоа се вашите сопствени психолошки фактори во игра. Освен тоа, човекот ќе се исплаши кога ќе слушне од лажниот чигонг мајстор дека кога чи се движи кон врвот на главата, ќе се случи нешто лошо. Овој страв навистина може да му донесе некои проблеми. Штом се плашиш, тоа е приврзаност кон страв. Не е ли тоа приврзаност? Штом твојата приврзаност излезе на површина, не треба ли да биде одстранета? Колку повеќе се плашиш, толку поболно ќе изгледаш. Таа твоја приврзаност треба да биде одстранета. Ќе бидеш натеран да научиш од оваа лекција за да се отстрани твојот страв и за да напредуваш.

Практикантот нема да се чувствува физички удобно во неговата идна култивација, бидејќи неговото тело ќе развие многу видови на гонг, од кои сите се многу моќни работи кои се движат низ телото, тие ќе направат да се чувствуваш непријатно на еден или на друг начин. Причината за твојата непријатност е главно таа дека секогаш се плашиш да не добиеш некоја болест. Всушност, работите што се развиваат во твоето тело се мошне моќни, и сите тие се гонг, натприродни способности и многу живи суштества. Ако се движат наоколу, ќе почувствуваш чешање, болка, неудобност, итн. Нервните завршетоци се особено чувствителни и ќе имаш секакви симптоми. Вака ќе се чувствуваш се додека твоето тело не биде целосно трансформирано од високо-енергетската материја. Во секој случај, тоа треба да се смета за добра работа. Како практикант, ако стално себеси се сметаш за обичен човек и стално мислиш дека имаш болест, како можеш да се култивираш? Кога во култивацијата ќе дојдат неволји, ако се уште се сметаш за обичен човек, би рекол, дека твојот шиншинг во тој момент е паднат до нивото на обичните луѓе. Особено што се однесува до ова одредено прашање, ти си паднал на нивото на обичните луѓе.

Како вистински практиканти, на проблемите треба да гледаме од многу високо ниво наместо од перспективата на обичните луѓе. Ако верувате дека сте болни, тоа навистина може да предизвика да се разболите. Ова е затоа што кога претпоставувате дека сте болни, нивото на вашиот шиншинг е високо колку нивото на обичните луѓе. Чигонг практиката и вистинската култивација нема да доведат до болест, особено не во оваа состојба. Познато е дека она што

всушност предизвикува да се разболат луѓето е седумдесет проценти психолошки, а триесет проценти физички. Обично, човекот прво е ментално скршен, умот не може да се справи со тоа, и човекот страда од тежок ментален товар, пред болеста драстично да се влоши. Тоа е обично вака. На пример, имаше некогаш еден човек кој беше врзан за креветот. Му ја фатија раката и тврдеа дека ќе го исечат за да искрвари. Потоа му ги заврзаа очите и му го изгребаа рачниот зглоб. (Тој воопшто не беше исечен и не крвареше.) Вентилот на чешмата беше отворен така што тој можеше да чуе како капе водата и така мислел дека неговата крв е тоа што капи. Човекот починал за кратко време после тоа. Всушност, тој воопшто не беше исечен и не крвареше – тоа што капе беше водата. Неговите психолошки фактори ја предизвикале неговата смрт. Ако секогаш веруваш дека си болен, како резултат на тоа веројатно ќе се разболиш. Затоа што твојот шиншинг паднал до нивото на обичните луѓе, а обичниот човек, се разбира, ќе има болести.

Како практикант, ако стално мислиш дека тоа е болест, ти всушност ја бараш. Ако бараш болест, болеста ќе дојде во твоето тело. Како практикант, нивото на твојот шиншинг треба да биде високо. Ти не треба секогаш да се грижиш дека тоа е болест, бидејќи овој страв од болест е приврзаност и тој исто така може да ти донесе проблеми. Во култивацијата човекот треба да ја елиминира кармата, а тоа е болно. Како може некој да го зголеми гонгот со удобност? Како поинаку човекот ќе може да ги отстрани своите приврзаности? Дозволете ми да раскажам приказна од Будизмот. Беше некогаш еден човек кој стана архат после многу напорна култивација. Само што требаше да достигне вистинско постигнување во култивацијата и да стане архат, како да не биде среќен? Тој ќе ги надмине Трите сфери! Сепак, оваа возбуда е приврзаност, приврзаност кон одушевување. Еден архат треба да биде слободен од приврзаности, со срце кое не може да биде засегнато. Но тој не успеа, и култивацијата му беше залудна. Бидејќи не успеа, тој мораше да почне одново. Ја продолжи својата култивација и, по многу макотрпни напори, повторно успеа во култивацијата. Овој пат се исплаши и се потсети себеси: „Не треба да се возбудувам. Инаку, повторно ќе паднам." Со овој страв, тој повторно не успеа. Стравот е исто така еден вид приврзаност.

Постои и друга ситуација: Кога некој ќе стане психотичен, овој човек ќе биде означен како да има култивациско лудило. Има некои луѓе кои дури ме чекаат да ги лекувам нивните психози! Јас би рекол дека психозата не е болест, а и немам време да се грижам за такви работи. Зошто? Тоа е затоа што еден пациент со психоза нема вирус, а неговото тело нема патолошки промени, ниту

инфекции, од моја гледна точка тоа не е болест. Психозата се случува кога главната свест на човекот станува премногу слаба. Колку слаба може да стане? Тоа е кога човекот не може да превземе одговорност за себе си. Главната свест на ментално болниот пациент е токму таква. Та повеќе не сака да има контрола над телото. Секогаш е замаена и не сака да стане свесна. Во тој момент на човекот му сметаат неговата споредна свест и туѓите пораки. Има толку многу нивоа во секоја димензија. Сите видови на пораки ќе му пречат. Покрај тоа, неговата главна душа можеби направила некакви лоши работи во претходните животи, и доверителите можеби ќе сакаат да му наштетат. Може да се појават секакви работи. Ние велиме дека ова е тоа што значи психоза. Како можам да ја излекувам за тебе? Јас би рекол дека ова е начинот на кој човекот ја стекнува психозата. Што може да се направи тогаш? Подучете го човекот и помогнете му да стане свесен – но тоа е многу тешко да се направи. Ќе откриете дека кога лекарот во психијатриската болница зема електрична палка во рацете, пациентите веднаш ќе бидат премногу исплашени за да кажат нешто бесмислено. Зошто? Во тој момент главната душа на овој човек станува претпазлива и таа се плаши од електричен шок.

Обично, кога некој влегува на вратата на култивацијата, тој ќе сака да продолжи. Секој има Буда природа и срце за култивација. Затоа, штом ја научат, многу практичари ќе практикуваат култивација до крајот на својот живот. Не е важно дали тој може да успее во култивацијата или да добие Фа. Сепак, овој човек има срце да следи Тао и секогаш сака да практикува. Сите знаат дека овој човек практикува чигонг. Луѓето на неговото работно место го знаат тоа, познато е низ населбата, како и на оние што живеат во соседството. Но, размислете сите за тоа: Што се однесува до вистинската култивација, кој направил такво нешто пред неколку години? Никој. Само ако некој вистински се култивира, може да се промени неговиот животен пат. Но како обичен човек, тој практикува чигонг само за лекување и одржување на телото. Кој ќе го смени неговиот животен пат? Како обичен човек, тој ќе боледува од некоја болест еден ден или ќе наиде на некои други проблеми друг ден. Еден ден може да развие психоза или да умре. Целиот живот на обичниот човек е токму таков. Иако во некој парк гледате некого како практикува чигонг, тој не се култивира вистински. Иако сака да практикува култивација кон високо ниво, тој не може да го направи тоа без да добие исправен пат. Тој има само желба да се култивира на високо ниво. Овој човек е сеуште чигонг практикант на ниско ниво за лекување и одржување на телото. Никој нема да го смени неговиот животен пат, па затоа ќе има болести. Ако некој не ја цени доблеста, ни неговите болести нема да бидат излечени. Не е вистина дека кога некој практикува чигонг, тој повеќе нема да се разболува.

Човекот треба вистински да практикува култивација и да обрне внимание на својот шиншинг. Само со вистинска култивација можат да бидат надминати неговите болести. Бидејќи чигонг практиката не е физичка вежба но е нешто над нивото на обичните луѓе, за практикантите треба да има повисоки принципи и стандард. Човекот мора да ги следи за да ја постигне целта. Сепак, многу луѓе не го направиле тоа и остануваат обични луѓе. Затоа, тие се уште ќе бидат болни кога ќе им дојде времето за тоа. Овој човек може еден ден одеднаш да страда од церебрална тромбоза, одеднаш да ја добие оваа или онаа болест, или да стане психотичен. Сите знаат дека тој практикува чигонг. Откако ќе стане психотичен, луѓето ќе речат „тој има култивациско лудило", и ќе биде ставена таа етикета. Размислете сите за тоа: Дали е разумно да се прави тоа? Лаикот не ја знае вистината. Тешко е дури и за професионалците и за многумина практичари да ја знаат вистината. Можеби ќе биде помалку проблематично ако овој човек ја добие психозата дома, иако другите сеуште ќе речат дека ја добил од практикувањето на чигонг. Ако човекот добие психоза на местото за вежби, тоа ќе биде ужасно. Ќе биде ставена голема етикета која и покрај напорите невозможно е да биде отстранета. Весниците ќе известуваат дека чигонг практиката довела до култивациско лудило. Некои луѓе на слепо се противат на чигонгот: „Гледај, тој си беше добар пред некое време, но правеше таму чигонг вежби, и сега стана ваков." Како обичен човек, што и да треба да му се случи, ќе му се случи. Можеби ќе добие и други болести или ќе наиде на други проблеми. Дали е разумно за се да се обвинува чигонг практиката? Тоа е како со лекарот во болницата: Ако некој е лекар, не значи дека никогаш не смее да биде болен во својот живот – како може да се разбере на овој начин?

Затоа, може да се каже дека многу луѓе даваат бесмислени коментари без да ја знаат правата вистина за чигонгот или принципите зад него. Откако ќе има проблем, на чигонгот се наметнуваат сите видови етикети. Чигонгот е популарен во општеството многу краток временски период. Многу луѓе имаат тврдоглави погледи и секогаш го негираат, клеветат, и го отфрлаат. Никој не знае каков начин на размислување имаат овие луѓе. Тие се толку многу вознемирени од чигонгот, како тој да има со нив некаква врска. Штом ќе се спомне зборот чигонг, тие ќе го наречат идеализам. Чигонгот е наука, и тој е повисока наука. Ова се случува бидејќи менталитетот на тие луѓе е премногу тврдоглав, а нивното знаење е многу ограничено.

Во круговите на култиватори постои уште една ситуација наречена „чигонг состојба". Таквиот човек има ментални илузии, но нема култивациско лудило. Човекот во оваа состојба е невообичаено разумен. Дозволете ми најпрвин да ви

објаснам што претставува чигонг состојбата. Познато е дека чигонг практиката го вклучува прашањето на вродениот квалитет. Има луѓе од сите земји во светот кои веруваат во религијата. Веќе неколку илјади години има луѓе во Кина кои веруваат во Будизам или Таоизам. Тие веруваат дека доброто со добро се враќа, а правењето лошо се враќа со лошо. Но некои луѓе не веруваат во тоа. Особено за време на Големата културна револуција тоа беше критикувано и означено како суеверие. Некои луѓе сметаат дека суеверие е се она што не можат да го разберат, што не се учи во учебниците, што модерната наука сеуште не го има развиено и што сеуште не е разбрано. Пред неколку години имаше многу такви луѓе, но сега има помалку од нив. Иако можеби не признавате некои феномени, всушност тие веќе се манифестираат во нашата димензија. Не се осмелувате да ги препознаете, но сега луѓето имаат храброст да зборуваат за нив. Тие исто така научиле некои факти во врска со чигонг праксата, така што слушнале за нив или сами ги виделе.

Некои луѓе се толку тврдоглави што кога ќе го спомнете чигонгот, тие ќе ви се смеат од дното на душата. Тие мислат дека сте суеверни и премногу смешни. Веднаш штом ги спомените феномените во чигонг праксата, тие ќе ве сметаат за премногу неуки. Иако таквиот човек има предрасуди, неговиот вроден квалитет можеби не е лош. Ако има добар вроден квалитет и сака да вежба чигонг, неговото небесно око може да се отвори на многу високо ниво, и тој исто така може да има натприродни способности. Тој не верува во чигонгот, но не може да гарантира дека никогаш нема да се разболи. Кога ќе се разболи, тој ќе отиде во болница. Кога лекарот од западната медицина не може да го излекува, тој ќе отиде кај лекарот од кинеската медицина. Кога лекарот од кинеската медицина исто така не може да му ја излекува болеста, и кога ни сите народни рецепти немаат ефект, тој ќе се сети за чигонгот и ќе размисли: „Ќе си ја пробам среќата да видам всушност дали чигонгот може да ја излекува мојата болест”. Тој ќе дојде со многу двоумење. Заради добриот вроден квалитет, веднаш штом почне да вежба чигонг, ќе биде многу добар во тоа. Можеби некој мајстор ќе се заинтересира за него или повисоко битие од друга димензија ќе му подаде рака. Одеднаш, неговото небесно око се отвара, или тој ќе влезе во состојба на полу-просветлување. Со отворено небесно око на многу високо ниво, тој одеднаш може да види некои вистини во универзумот. Понатаму, тој ќе има натприродни способности. Можете ли да кажете дека кога таквиот човек види ваква ситуација, неговиот мозок ќе може да го поднесе тоа? Во каква ментална состојба мислиш дека ќе биде? Она што секогаш го сметал за суеверие и за апсолутно невозможно и се смеел кога другите збореле за тоа, сега всушност се појавува пред неговите очи, и тој навистина е во контакт со тоа. Тогаш умот на

тој човек нема да може да го поднесе тоа, бидејќи менталниот притисок е премногу голем. Иако неговиот ум е рационален, тоа што го зборува, другите нема да го разберат. Но тој едноставно не може да ја балансира врската помеѓу двете страни. Тој открива дека тоа што го прави човештвото е погрешно, додека она што се прави на другата страна обично е исправно. Ако ги прави работите на начинот на кој се прават таму, луѓето ќе речат дека тоа е погрешно. Тие не можат да го разберат, затоа ќе речат дека има култивациско лудило.

Всушност тој човек нема култивациско лудило. Повеќето од вас кои практикуваат чигонг нема воопшто да станат такви. Само оние луѓе со многу предрасуди ќе ја доживеат оваа чигонг состојба. На многу луѓе тука во публиката им е отворено небесното око – на прилично голем број луѓе. Тие навистина ги набљудуваат работите во другите димензии. Тие не се изненадени, се чувствуваат многу добро, нивните умови не се шокирани, ниту пак се наоѓаат во оваа чигонг состојба. Откако еден човек е во чигонг состојба, тој е многу рационален и зборува многу разумно и логично. Само што обичните луѓе не веруваат во она што го вели тој. Тој понекогаш може да ви каже дека видел некого кој што е починат, и дека тој човек му рекол да направи нешто. Како можат обичните луѓе да веруваат во ова? Подоцна, овој човек разбира дека треба да ги чува овие работи за себе, наместо да зборува за нив. Откако тој успее правилно да се постави во односот меѓу двете страни, се ќе биде во ред. Обично, овие луѓе исто така имаат натприродни способности, но и ова не е култивациско лудило.

Има и друга ситуација наречена „вистинско лудило" и таа ретко се гледа. „Вистинското лудило" за кое што ние зборуваме не значи дека човекот е навистина луд. Наместо да го има тоа значење, тоа означува „култивирање на вистината." Што е вистинско лудило? Јас би рекол дека меѓу практикантите, таков човек ретко се среќава, можеби само еден на сто илјади луѓе. Затоа тоа не е вообичаено и нема да има никакво влијание во општеството.

Обично, постои предуслов за „вистинско лудило". Тоа значи дека овој човек мора да има врвен вроден квалитет и мора да биде прилично стар. Поради староста, би било премногу доцна за него да практикува култивација. Оние со врвен вроден квалитет обично се овде на мисија и доаѓаат од високите нивоа; сите се плашат да го посетат ова обично човечко општество, бидејќи никој нема да може да препознае никого кога меморијата ќе му биде избришана. Откако човекот ќе дојде во општественото опкружување на секојдневните луѓе, сметањето од страна на секојдневните луѓе ќе го натера да ги следи славата или богатството и на крај ќе падне на ниво на обичните луѓе. Никогаш нема да може

да избега одовде. Затоа, никој не се осмелува да дојде овде, бидејќи сите се плашат. Сепак, постојат и такви луѓе кои доаѓаат тука. По пристигнувањето, тие навистина не можат да се однесуваат добро меѓу обичните луѓе. Тие навистина ќе се сопнуваат и ќе паднат на ниски нивоа и ќе прават многу лоши работи во нивните животи. Кога некој живее заради борба за лична добивка, ќе направи многу лоши дела и многу ќе се задолжи кон другите. Неговиот учител гледа дека тој ќе падне. Сепак, тој е некој со статус на постигнување во култивацијата, па учителот нема да дозволи да падне толку лесно! Што може да се направи? Неговиот учител ќе биде многу загрижен и нема да има други начини да го мотивира да практикува култивација. Каде во тоа време некој може да најде учител? Тој ќе мора да се врати до својот извор култивирајќи се од почеток. Но, како може лесно да се направи тоа? Бидејќи е стар, за него ќе биде премногу доцна да практикува култивација. Каде би можел да најде практика за култивација на умот и телото?

Само ако има врвен вроден квалитет, и под оваа многу невообичаена околност, може за него да се примени методот на вистинско лудило. Со други зборови, кога веќе нема апсолутно никаква надеж за овој човек да се врати сам кон својата оригинална природа, може да се искористи овој метод за тој да се направи луд. Некои функции во мозокот ќе му бидат исклучени. На пример, како човечки суштества, ние се плашиме од студ и нечистотија, па така овие делови од мозокот што се плашат од студ и нечистотија ќе му бидат исклучени. Откако некои функции се оневозможени, тој ќе изгледа како да има ментални проблеми и ќе делува како оној кој е навистина ментално луд. Но тој обично не прави никакво лошо дело, ниту пак ги навредува или удира луѓето. Наместо тоа, тој често прави добри дела, но кон себе си е многу суров. Бидејќи не е свесен за студот, во зима ќе трча бос по снегот и ќе носи тенка облека. Стопалата толку ќе му се смрзнат, така што ќе почнат да му крварат. Бидејќи не е свесен за нечистотијата, тој се осмелува да јаде човечки измет и пие човечка урина. Јас порано познавав таков човек кој јадеше цврсто замрзнат коњски измет како да е нешто многу вкусно. Тој можеше да поднесе тешкотии што обичен човек не може да ги поднесе со свесен ум. Само замислете колку ова лудило го натера да страда. Се разбира, таквите луѓе обично имаат натприродни способности; повеќето од нив се постари жени. Во минатото имаше една постара жена на која стапалата и биле врзани за да се смалат, но таа се уште можеше да скокне преку ѕид висок два или повеќе метри. Кога нејзиното семејство видело дека е луда и секогаш истрчува надвор од куќата, започнале да ја заклучуваат во куќата. Откако членовите на семејството ја напуштале куќата, таа ќе ја отклучела вратата само со покажување на прстот кон бравата. Потоа ќе побегнела. Подоцна, тие ја

задржувале со железни синџири. Кога сите ќе заминеле од дома, таа со леснотија се ослободувала од синџирите. Невозможно било да ја задржат. Со ова, таа претрпела многу тешкотии. Бидејќи многу страдала и тоа било многу жестоко, таа наскоро ги отплатила долговите од нејзините лоши дела. Тоа требало да трае најмногу три години, или обично само една или две години, бидејќи нејзиното страдање било огромно. Потоа, таа веднаш разбира што се случило. Бидејќи ја завршила својата култивација, веднаш ќе се отвори нејзиниот гонг со различните божествени сили што ќе се појават. Овие случаи многу ретко се гледаат, но имало некои во текот на историјата. На луѓето со просечен вроден квалитет нема да им биде дозволено да го прават тоа на овој начин. Познато е дека во историјата навистина постоеле забележани луди монаси или луди таоисти, како што е лудиот монах кој го избркал Чин Хуи од храмот со метла, и други приказни за луди таоисти. Има многу такви класични приказни.

Што се однесува до култивациското лудило, можеме да кажеме дека тоа дефинитивно не постои. Ако некој може да произведе оган со отварање на устата или со испружување на раката, или може да запали цигара со прст, јас би го нарекол тоа натприродна способност!

## Демонски пречки во култивацијата

Што се демонските пречки во култивацијата? Тоа се пречки со кои често се соочуваме во чигонг практиката. Како чигонг практиката привлекува демонски пречки? Всушност, има многу тешкотии кога некој сака да се култивира. Едноставно не може да се успее во вистинската култивација без заштита на мојот фашен. Веднаш штом ќе излезеш низ вратата, животот може да ти биде во опасност. Првобитната душа не исчезнува. Тогаш, во твоите општествени активности во минатите животи, можеби некогаш си се задолжил кон другите, си ги малтретирал другите или си направил други лоши дела. Оние доверители ќе те бараат. Во Будизмот се вели дека човекот живее поради кармичка одмазда. Ако нешто должиш некому, тој ќе те најде за да платиш. Ако премногу платиш тој ќе мора да ти го врати вишокот следниот пат. Ако синот не ги почитува своите родители, тие ќе ги сменат местата во следниот живот. Ова е начинот на кој тоа стално циклично се повторува. Но ние навистина ги гледаме демонските пречки што ве спречуваат да практикувате чигонг. Сите тие имаат кармички врски и не се без причина. Тоа нема да биде дозволено без причина.

Најчестата форма на демонски пречки се случува на следниов начин. Пред да вежбаш чигонг, твојата средина е релативно мирна, но откако си научил чигонг, секогаш ќе сакаш да вежбаш. Сепак, штом започнеш со седечка медитација, надвор одеднаш станува бучно. Тука се звуци од автомобилски сирени, чекори во ходникот, разговор, трескање на вратата и радио од надвор. Одеднаш повеќе не е тивко. Ако не вежбаш чигонг, околината е прилично мирна, но откако ќе започнеш да вежбаш чигонг е вака. Многу од вас никогаш не размислувале за тоа понатаму. Што навистина се случува? Вие само мислите дека тоа е чудно и сте многу разочарани што не можете да практикувате чигонг. Ова „чудно" ќе ја запре вашата практика. Тоа е демон што ти пречи, бидејќи манипулира со луѓето за да те вознемируваат. Ова е наједноставната форма на пречки, и може да ја постигне целта за запирање на твојата практика на чигонг. Ако практикуваш чигонг и постигнеш Тао, што е со тие неплатени долгови кои ги должиш на другите? Тие нема да го дозволат тоа и нема да ти дозволат да вежбаш чигонг. Но, тоа е нешто што се појавува на одредено ниво. После одредено време, овој феномен повеќе нема да биде дозволено да постои. Со други зборови, откако овие долгови се исцрпени, нема да им биде дозволено да доѓаат и повторно да се мешаат. Ова е поради тоа што оние што практикуваат култивација во нашата Фалун Дафа брзо напредуваат, а исто така брзо се пробиваат низ нивоата.

Постои и друга форма на демонски пречки. Знаете дека со практикувањето чигонг може да се отвори нашето небесно око. Со отворено небесно око, некои луѓе, додека дома вежбаат чигонг, можат да видат некои застрашувачки сцени или страшни лица. Некои имаат неуредна коса, а некои сакаат да се борат со тебе или дури прават различни движења кои се многу застрашувачки. Понекогаш некој ќе ги види како висат на прозорецот од надворешната страна, и тие изгледаат многу страшно. Како може да се случи оваа ситуација? Ова е форма на демонски пречки. Меѓутоа, во нашата Фалун Дафа школа овој случај многу ретко се гледа. Можеби тоа им се случува на еден од стотина луѓе. Повеќето луѓе нема да се соочат со оваа ситуација. Поради тоа што нема никаква корист за вашата практика, не е дозволено да ви се мешаат на овој начин. Во другите конвенционални практики овој вид на пречки е најчестиот феномен, и тоа ќе трае многу долг временски период. Некои луѓе не можат да практикуваат чигонг и се исплашени само поради оваа причина. Обично се избира да се практикува чигонг во тивка средина во текот на ноќта. Ако некој види некого како стои пред неговите очи и изгледа како полу дух и полу човек, ќе биде премногу исплашен за да практикува чигонг. Обично, не постои таков

феномен во нашата Фалун Дафа. Но постојат некои особено ретки исклучоци, бидејќи некои луѓе имаат многу посебна ситуација.

Друг вид на практика е онаа на внатрешна и надворешна култивација. Таа бара практика на боречки вештини и внатрешна култивација. Ваквата практика најчесто се гледа во Тао школата. Откако еден човек ја изучува оваа практика, тој честопати ќе се соочи со демонски пречки кои не се среќаваат во обичните практики, освен во практиките на внатрешна и надворешна култивација или оние на боречките вештини. Тоа значи, ќе има луѓе кои го предизвикуваат на борба. Постојат многу таоистички практичари во светот и многу од нив учат боречки вештини, или внатрешна и надворешна култивација. Учениците на боречки вештини исто така можат да развијат гонг. Зошто? Ако некој човек ги отстрани другите приврзаности како што се приврзаностите за угледот и личната добивка, тој исто така може да го зголеми својот гонг. Сепак, за оваа приврзаност кон натпреварување со другите ќе треба одредено време за да се откаже, и тоа ќе биде направено прилично бавно. Затоа, тој лесно може да направи такво нешто и тоа може да се случи дури и на одредени нивоа. Додека седи во транс, тој ќе знае кој практикува боречки вештини. Неговата првобитна душа ќе го напушти телото за да го предизвика другиот човек на борба за да се утврди чии боречки вештини се подобри, и оваа борба потоа ќе се случи. Овие работи се случуваат и во друга димензија каде што некој може да дојде кај него да го предизвика на борба. Ако одбие, другиот човек навистина ќе го убие. Затоа ќе избие битка меѓу двајцата. Откако овој човек ќе заспие, некој ќе го бара за борба, а тоа ќе направи да има неспокојна ноќ. Всушност, ова е времето кога треба да се надмине неговата приврзаност кон натпреварувањето. Ако не се откаже од овој натпреварувачки менталитет, секогаш ќе му се случува истото. Како минува времето, тој се уште нема да може да го надмине ова ниво и по неколку години. Тој нема да може да продолжи со чигонг практиката. Со премногу потрошена енергија, и неговото физичко тело нема да може да го поднесе тоа и лесно може да биде осакатено. Значи, во практиките на внатрешна и надворешна култивација, може да се сретне оваа ситуација, и тоа е многу честа појава. Во нашата практика на внатрешна култивација не постои таква ситуација, ниту е дозволено да се појави. Овие неколку форми за кои штотуку зборував, се сретнуваат многу често.

Постои уште една форма на демонски пречки со која ќе се сретне секој, вклучувајќи го тука и секој човек во нашата школа за практика: Тоа е демонот на страстите. Ова е нешто многу сериозно. Во обичното човечко општество, постои брачен живот, и човештвото така може да ги создаде своите потомци. На овој

начин човечкиот род еволуира, а постои и чинг во човечкото општество. Значи, такво нешто е совршено оправдано за обичните луѓе. Бидејќи човечките суштества имаат чинг, вознемиреноста е чинг, исто така, среќата, љубовта, омразата, уживањето да правиш нешто, одбивноста да направиш нешто друго, наклонетоста кон еден човек повеќе одколку кон друг, да сакаш да имаш хоби, или да не сакаш да имаш. Се припаѓа на чинг, и обичните луѓе едноставно живеат за него. Тогаш, како практикант и некој кој се издигнува повисоко и пошироко, не треба да го користиш овој пристап за проценка на работите, и треба да се откажеш од нив. Затоа, што се однесува до многуте приврзаности кои доаѓаат од чингот, треба да не мислиш многу за нив и конечно да ги напуштиш. Желбите, страстите, и работите од тој вид, се сите човечки приврзаности и сите треба да бидат отфрлени.

Што се однесува до практикантите кои се култивираат меѓу обичните луѓе, нашата школа за практикување не бара од тебе да станеш монах или калуѓерка. Младите практиканти би требало сепак да имаат семејства. Па како треба да се однесуваме кон ова прашање? Реков дека нашата школа за практикување е директно насочена кон нечиј ум. Тоа не прави да изгубиш нешто во смисла на материјална корист. Наместо тоа треба да го зајакнеш твојот шиншинг среде материјалните придобивки на обичните луѓе. Она што навистина е надградено е твојот шиншинг. Ако можеш да се откажеш од приврзаноста, можеш да се откажеш од се, и кога ќе ти биде побарано да се откажеш од материјалните придобивки, сигурно ќе можеш да го направиш тоа. Ако не можеш да ја оставиш приврзаноста, нема да можеш ништо да отфрлиш. Затоа, вистинската цел на култивацијата е да го култивираш своето срце. Практиките за култивирање во храмовите те тераат да ги изгубиш овие работи за да се ослободиш од овие твои приврзаности. Со тоа што не дозволуваат да размислуваш за нив, тие те принудуваат целосно да ги отфрлиш, тие го усвоиле таквиот метод. Но ние не бараме од тебе да го направиш тоа. Ние бараме од тебе што е можно помалку да се грижиш за материјалните интереси што се наоѓаат пред тебе. Затоа, оние што се култивираат во нашата школа за практика, се најсолидни. Ние не бараме од вас да станете монаси и калуѓерки. Бидејќи нашата практика се повеќе ќе се шири во иднина, нашите практичари кои практикуваат култивација меѓу обичните луѓе, не треба сите да се понашаат како монаси. Не е дозволено секој практикант на Фалун Дафа да стане таков. Во текот на практиката, ние од секого го бараме следното: Иако ти практикуваш, а твојот брачен другар можеби не практикува, не ти е дозволено да се разведеш поради практиката. Со други зборови, ние треба да го земеме ова прашање полесно и не треба да му придаваме толку голема важност на тоа како што прават обичните луѓе. Особено

таканаречената сексуална слобода и порнографија во денешното општество им пречат на луѓето. Некои луѓе се многу заинтересирани за такви работи. Како практичари, ние треба да им придаваме мало значење на нив.

Од гледна точка на високото ниво, секојдневните луѓе си играат со кал во општеството, не знаејќи дека е валкана. Тие играат со кал на земјата. Рековме дека не треба да предизвикаш дисхармонија во твоето семејство поради ова прашање. Затоа, во сегашната фаза треба што е можно помалку да се грижиш за ова. Добро е да се задржи нормален и хармоничен брачен живот. Во иднина, кога ќе достигнеш одредено ниво, на тоа ниво ќе има друга ситуација. Во моментов, тоа треба да биде на овој начин, и ќе биде добро ако го исполнуваш ова барање. Се разбира, не треба да го следиш она што се случува во општеството. Како може тоа да се дозволи?

Постои уште еден фактор по ова прашање. Знаете дека телата на нашите практичари носат енергија. Сега, осумдесет до деведесет проценти од луѓето на ова предавање не само што ќе им бидат излекувани нивните болести, туку ќе го развијат и нивниот гонг. Значи, твоето тело носи многу моќна енергија. Твојот гонг и твоето сегашно ниво на шиншинг не се пропорционални. Твојот гонг е привремено поголем, откако беше одеднаш надграден, а сега се надградува и твојот шиншинг. Постепено и твојот шиншинг ќе се израмни со него. Гарантирано е дека во овој временски период ќе се израмни. Значи, ние го направивме ова пред време. Со други зборови, ти имаш одредена количина енергија. Бидејќи енергијата што се култивира на праведен начин е вистински праведна и добродушна, сите што седат овде чувствуваат атмосфера на ведрина и сочувство. Јас се култивирав на овој начин и ги носам овие работи со мене. Секој што седи тука е хармоничен, без лоши мисли во умот, и никој дури и не помислува да запали цигара. Исто така, и во иднина треба да ги следиш барањата на нашата Дафа, и гонгот кој што ќе го развиеш преку култивацијата ќе биде исто таков. Со постојаното зголемување на твојата гонг потенција, енергијата која зрачи од гонгот на твоето тело, исто така, ќе биде многу моќна. Дури и да не е толку моќна, ќе влијаеш на секојдневните луѓе, кои што се наоѓаат во твоето поле. Или ако си дома, исто така ќе можеш да влијаеш на другите и можеш да влијаеш на членовите од семејството. Зошто е тоа така? Ти не мораш дури ни да го користиш твојот ум за да го направиш тоа. Ова поле е поле на чиста хармонија, сочувство и вистинска вера. Затоа, луѓето веројатно нема да размислуваат за лоши работи или да прават лоши дела. Тоа може да го има овој ефект.

Пред некој ден реков дека светлото на Буда осветлува насекаде и ги исправа сите абнормалности. Со други зборови, енергијата која зрачи од нашите тела може да ги исправи сите абнормални состојби. Затоа, под дејство на ова поле ако не размислуваш за овие работи, ненамерно ќе го воздржиш и твојот сопружник. Ако ти не мислиш и не сакаш да мислиш за нив, исто така и твојот брачен другар нема да мисли за нив. Но тоа не е апсолутно бидејќи во денешното опкружување има секакви работи на телевизија, кои, ако го вклучиш телевизорот, лесно можат да ги стимулираат нечии желби. Но во нормална состојба, ти го имаш овој воздржувачки ефект. Во иднина, кога ќе достигнеш високо ниво во култивацијата, ќе знаеш што да правиш без јас да ти кажам. До тогаш ќе има друга ситуација која ќе ти обезбеди хармоничен живот. Ти, според тоа, не треба да се грижиш премногу за ова, бидејќи и преголемата грижа е исто така приврзаност. Помеѓу сопругот и сопругата не постои прашање на еротизам, но постои страст. Се додека можеш лесно да се носиш со тоа и да се чувствуваш психички избалансирано, ќе биде добро.

Па какви видови демони на страста ќе се сретнат? Ако твојата способност да влезеш во динг не е соодветна, ќе се појават во твоите соништа за време на спиењето. Ќе се појави одеднаш додека спиеш или седиш во медитација. Ако си машко ќе се појави убавица. Ако си женско ќе се појави човекот од твоите соништа. Сепак, тие ќе бидат голи. Ако помислиш на тоа, ќе ејакулираш и ќе го направиш тоа реалност. Размислете сите за тоа: Во нашата култивациска практика есенцијата на телото се користи за да се култивира животот, па не може секогаш така да ејакулираш. Во меѓувреме не си го поминал тестот на похотта. Како може тоа да биде дозволено? Затоа, јас ви велам дека сите ќе се соочат со ова прашање, тоа е загарантирано. Додека подучувам Фа, јас втиснувам многу моќна енергија во твојот ум. Нема да можеш да се сетиш конкретно што реков по излегувањето надвор од оваа врата, но кога навистина ќе наидеш на овој проблем, ќе се сетиш што реков. Се додека себеси се сметаш за практикант, веднаш ќе се сетиш и ќе можеш да се воздржиш, а со тоа ќе можеш да го поминеш овој тест. Ако паднеш на тестот првиот пат, ќе биде тешко да го поминеш по втор пат. Сепак, постои и случај кога некој ќе падне на тестот првиот пат, и многу ќе жали кога ќе се разбуди од спиење. Можеби овој начин на мислење и состојба на умот ќе ги зајакне твоите мисли за ова. Кога повторно ќе се појави овој проблем, ќе можеш сам да се контролираш и да го поминеш овој тест. Ако некој кој паднал на тестот, не се грижи за тоа, ќе биде потешко да го помине подоцна. Тоа е дефинитивно така.

Оваа форма на пречки може да дојде од демоните или од учителот кој преобразува еден објект во друг за да те тестира. Двете форми постојат бидејќи секој мора да го помине овој тест. Ние ја започнуваме култивациската практика како секојдневни луѓе. Првиот чекор е овој тест, и секој ќе наиде на него. Дозволете да ви дадам пример. Кога држев предавање во Вухан, имаше еден млад човек од триесеттина години. Веднаш откако го одржав ова предавање, отишол дома и седнал да медитира. Веднаш влегол во состојба на динг. После тоа, тој одеднаш го видел Буда Амитаба како се појавува на едната страна и Лао Це на другата страна. Ова е тоа што го кажа тој во својот извештај за искуството. По појавувањето и двајцата го погледнале без збор да кажат, а потоа исчезнале. После тоа, се појавила бодисатвата Гванјин носејќи вазна во раката, од која се појавил бел чад. Додека седел таму, и многу живописно го гледал тоа, тој станал многу задоволен. Одеднаш, чадот се претворил во неколку убавици, убавиците биле од оние летечки небесни девојки кои се многу атрактивни. Тие танцувале за него со многу убави движења. Тој помислил во себеси: „Бидејќи јас тука вежбам, бодисатвата Гванјин ме наградува со трансформирање на неколку убавици да ги гледам и ми испраќа летечки небесни девојки да танцуваат за мене." Додека се воодушевувал од оваа мисла, овие убавици одеднаш станале голи и правеле различни движења, му го милувале вратот и го галеле за половината. Шиншингот на овој практикант се подобрувал многу брзо. Во тој момент веднаш станал претпазлив. Првата мисла што му паднала на памет била: „Јас не сум обичен човек. Јас сум практикант. Не смеете да се однесувате кон мене на овој начин, јас сум практикант на Фалун Дафа." Откако оваа мисла се појавила, се одеднаш исчезнало, бидејќи тие секако биле илузија. Потоа повторно се појавиле Буда Амитаба и Лао Це. Лао Це посочил на овој практикант и му рекол на Буда Амитаба со насмевка: „Ова момче може да се подучува." Тоа значи дека овој човек е добар и може да се научи.

Низ историјата, или од гледна точка на високите димензии, проблемот на желбите и страстите е многу критичен и одлучува дали некој може да практикува култивација. Значи, ние навистина мораме да се однесуваме кон овие работи со рамнодушност. Сепак, ние практикуваме култивација меѓу секојдневните луѓе, и затоа не бараме од тебе целосно да се откажеш од нив. Барем во сегашната фаза, треба да го земаш тоа со леснотија и да не бидеш таков каков што си бил во минатото. Како практикант, тоа треба да го правиш на овој начин. Секогаш кога постојат пречки од еден или друг вид во чигонг праксата, треба причините да ги бараш во себе и да пронајдеш што е тоа што се уште не си го отпуштил.

## Демонски пречки од сопствениот ум

Што се тоа „демонски пречки од сопствениот ум”? Човечкото тело има материјално поле во димензиите на секое ниво. Во едно посебно поле, се од универзумот може да се рефлектира во твоето димензионално поле како сенка. Иако се сенки, тие имаат материјално постоење. Се што се наоѓа во твоето димензионално поле е под контрола на мислите на твојот ум. Тоа значи, ако смирено ги гледаш работите со небесното око и без да го користиш умот, она што го набљудуваш е точно. Ако само малку почнеш да размислуваш за тоа, она што го гледаш е неточно. Ова се нарекува демонски пречки од сопствениот ум, или „трансформација која ги следи намерите.” Ова се случува затоа што некои практичари не можат себеси да се третираат како практичари и не се способни правилно да се однесуваат. Тие се стремат кон натприродни способности и се приврзани за ситни проблеми, па дури и за слушање одредени работи од други димензии. Тие се стремат кон овие работи. Овие луѓе најлесно можат да развијат демонски пречки од сопствениот ум и да паднат на ниски нивоа. Без разлика на тоа колку е високо неговото ниво на култивација, кога ќе се појави овој проблем, тој ќе падне се до дното, и на крајот, ќе биде уништен – ова е исклучително сериозен проблем. За разлика од другите области каде ако некој падне на тестот на шиншингот овој пат, тој може да стане после падот и да продолжи да се култивира. Но, тоа не е случај ако се појават демонски пречки од сопствениот ум, бидејќи овој живот на човекот ќе биде уништен. Особено за оние практиканти чие небесно око е отворено на одредено ниво, овој проблем може лесно да се случи. Исто така, на некои луѓе секогаш им се мешаат туѓи пораки во нивната свест и тие веруваат во се што им го кажуваат туѓите пораки, и овој проблем може исто така да се појави. Затоа, некои од вас чие небесно око е отворено ќе бидат загрозени од разни видови на пораки.

Дозволете ми да ви дадам пример. Многу е тешко некој да го одржи својот ум без пречки на ниско ниво на култивацијата. Можеби нема да можеш да видиш јасно како изгледа твојот учител. Еден ден, може одеднаш да видиш голем, висок бесмртник. Тој ти дава неколку комплименти и нешто те учи. Ако го прифатиш тоа, твојот гонг ќе биде збркан. Откако ќе станеш воодушевен и ќе го прифатиш за свој учител, ќе отидеш со него. Но тој исто така нема постигнато вистинско постигнување. Во таа димензија, неговото тело може да се трансформира да биде големо или мало. Кога ова ти е пред очите и го гледаш тој голем бесмртник, ти ќе бидеш навистина возбуден. Со оваа возбуда, нема ли да учиш од него? Многу е тешко да се спаси практикантот ако не може правилно да се однесува. Тој може лесно да се уништи себеси. Сите небесни суштества се

бесмртници, но и тие не постигнале вистинско постигнување, и продолжуваат исто така да минуваат низ самсарата. Ако невнимателно земеш такво битие за учител и го следиш, каде може да те однесе тој? Тој дури не може да постигне вистинско постигнување. Дали твоето култивирање нема да биде залудно? Конечно, твојот сопствен гонг ќе биде збркан. Многу е тешко нечиј ум да остане без пречки. Јас на сите ви кажувам дека ова е многу сериозно прашање, и многу од вас подоцна ќе го имаат овој проблем. Јас ве научив на Фа, но од вас зависи дали можете да се однесувате правилно. Она за што зборував е само една таква ситуација. Не дозволувај умот да ти биде вознемирен кога ќе видиш просветлен човек од друга школа за практикување. Остани само со една школа за практикување. Без разлика дали тоа е Буда, Тао, бемртник или демон, тие не треба да го вознемируваат твоето срце. Ако постапуваш на овој начин, успехот сигурно ќе биде на повидок.

Демонските пречки од нечиј ум се манифестираат и во други форми. Можеби си видел како ти пречи некој роднина кој починал, и овој човек плаче и те моли да го сториш ова или она. Секакви работи можат да се случат. Дали твојот ум ќе остане непроменет? Да претпоставиме дека си многу чувствителен кон твоето дете или ги сакаш твоите родители, но твоите родители починале. Тие ти рекле да направиш некои работи… сето тоа се работи кои што не треба да ги направиш. Ако ги направиш, тоа ќе биде лошо. Толку е тешко да се биде практикант. Се вели дека во будизмот веќе е хаос. Тој дури прифатил и работи од конфучијанизмот како што се почитувањето кон родителите и љубовта кон децата. Будизмот немал таква содржина. Што значи тоа? Бидејќи нечиј вистински живот е неговата првобитна душа, твоја вистинска мајка е таа што ја родила твојата првобитна душа. Во текот на самсарата си имал мајки кои биле човечки и не-човечки, има премногу од нив за да им се знае бројот. Исто така неброено многу синови и ќерки си имал во текот на различните животи. Која е твојата мајка? Кој е твојот син или ќерка? После смртта, никој не го знае тоа. Сепак ти се уште мораш да платиш за она што го должиш на другите. Човечките суштества живеат во заблуда и едноставно не можат да се откажат од овие работи. Некои луѓе не можат да ги пуштат своите синови и ќерки и тврдат дека тие биле добри, а потоа починале. Некој може да зборува колку е добра неговата мајка, но потоа и таа умира. Овој човек тагува толку многу што сака да ги следи речиси до крајот на својот живот. Зошто не размислиш за тоа? Зар тие не се тука за да те измачуваат? Тие ја користат оваа форма за да ти оневозможат добро да живееш.

Можеби секојдневните луѓе не го разбираат тоа. Ако си приврзан за ова, воопшто нема да можеш да практикуваш култивација. Затоа будизмот нема таква содржина. Ако сакаш да практикуваш култивација, човечкиот чинг мора да биде отпуштен. Се разбира, додека практикуваме култивација во обичното човечко општество треба да ги почитуваме родителите и да ги образуваме нашите деца. Во сите околности, ние мора да бидеме добри и љубезни кон другите, а да не ги спомнувам членовите на нашето семејство. Треба да ги третираме сите на ист начин. Ние мора да бидеме добри со нашите родители и деца и да бидеме внимателни кон другите во секој поглед. Таквото срце е несебично, и тоа е срце на љубезноста и добродетелството. Чинг е нешто што го имаат обичните луѓе, и обичните луѓе живеат само за тоа.

Многу луѓе не можат добро да се однесуваат, а тоа предизвикува тешкотии во култивацијата. Некој човек може да тврди дека Буда му кажал нешто. Освен ако не ти се заканува опасност по животот и ти е кажано како да ја отстраниш, сите оние кои ти кажуваат дека денес ќе имаш некоја неволја и како да избегнеш нешто да се случи, оние кои ти го кажуваат бројот на лотаријата за првата награда и ти велат да пробаш, и оние кои сакаат да добиеш добри работи во обичното човечко општество, се демони. Ако секогаш се снаоѓаш меѓу секојдневните луѓе и не можеш да го поминеш овој тест, нема да напредуваш. Ако живееш многу добро меѓу секојдневните луѓе, како можеш да практикуваш култивација? Како може да се трансформира твојата карма? Како ќе имаш средина за надградба на твојотот шиншинг и трансформација на твојата карма? Секој треба со сигурност да го запамти ова. Демонот, исто така, може да те фали и да ти каже колку е високо твоето ниво, дека си голем Буда или голем Тао, и дека мисли дека си прекрасен – сите тие се лажни. Како некој што сака вистински да практикува култивација кон високо ниво, треба да се откажеш од сите различни приврзаности. Кога ќе наидете на такви проблеми, навистина сите треба да бидете внимателни.

Во текот на култивациската практика, ќе биде отворено твоето небесно око. Со отворено небесно око, човекот ќе има тешкотии во култивацијата. Ако небесното око е затворено, човекот исто така ќе има тешкотии во култивацијата. Во секој случај, не е лесно да се практикува култивација. Откако ќе се отвори твоето небесно око, со разните пораки што ти пречат, навистина ќе ти биде многу тешко добро да се однесуваш. Во другите димензии, се изгледа блескаво, многу убаво и пријатно, и сето тоа може да го мами твоето срце. Откако си измамен, можеби ќе имаш пречки и твојот гонг ќе биде збркан – тоа е обично на овој начин. Затоа, кога човекот со демонски пречки од сопствениот ум не може

добро да се однесува, може да се појави оваа ситуација. На пример, кога некој човек ќе развие лоша мисла, тоа е многу опасно. Еден ден, неговото небесно око се отвара и тој може да ги види работите сосема јасно. Тој мисли: „На ова место за вежбање, само моето небесно око е отворено многу добро. Можеби не сум обичен човек? Можев да научам Фалун Дафа од учителот Ли, и добро го проучив, подобро од сите други. Можеби јас исто така не сум обичен човек.“ Оваа мисла повеќе не е исправна. Тој ќе се запраша: „Можеби и јас сум Буда. Ајде да се погледнам.” Кога ќе се погледне, ќе открие дека е стварно Буда. Зошто е тоа? Тоа е затоа што се во неговото димензионално поле околу неговото тело ќе се трансформира според неговите мисли, што се нарекува „трансформацијата ја следи намерата на умот.”

Се што се рефлектира од универзумот ќе се трансформира со неговите мисли, бидејќи се во димензионалното поле на еден човек е под негова команда. Такви се и рефлектираните слики кои исто така имаат материјално постоење. Овој човек мисли: „Можеби сум Буда, а можеби и тоа што го носам е наметка на Буда.” Тогаш ќе открие дека тоа што го носи е навистина наметка на Буда. „Леле, јас сум навистина Буда.” Ќе биде многу возбуден. „Можеби не сум само мал Буда.” Кога повторно ќе се погледне, тој ќе открие дека е голем Буда. „Можеби сум дури и поголем од Ли Хонгџи.” Тој повторно ќе се погледне: „Леле, јас сум навистина поголем од Ли Хонгџи.” Некои луѓе го слушаат ова и со ушите. Демонот ќе почне да му се меша и ќе рече: „Ти си поголем од Ли Хонгџи. Ти си толку многу поголем од Ли Хонгџи.” Тој исто така ќе верува во тоа. Дали си размислил како ќе се култивираш во иднина? Дали некогаш си практикувал култивација? Кој те научил да се култивираш? Дури и кога вистински Буда доаѓа тука на мисија, тој исто така мора да се култивира од нула. Нема да му биде даден неговиот оригинален гонг, само што тој ќе напредува побрзо во култивацијата. Затоа, штом се појави овој проблем, ќе му биде тешко да се ослободи од тоа, веднаш ќе ја развие оваа приврзаност.

Откако ќе се развие оваа приврзаност, тој ќе се осмели се да каже: „Јас сум Буда. Не треба да учите од другите. Јас сум Буда, па јас ќе ви кажам што да правите.” Тој ќе почне да ги прави овие работи.

Немаме ли некој таков во Чангчун? Тој на почетокот беше многу добар. Подоцна, почна да ги прави овие работи. Тој мислеше дека е Буда. На крајот, тој се сметаше себе си поголем од сите други. Ова се случи затоа што тој не можеше добро да се однесува и од приврзаноста што ја разви. Зошто постои овој феномен? Будизмот учи дека без разлика на она што го гледаш, треба да го игнорираш тоа, бидејќи сето тоа е демонска илузија и дека треба само да го

продолжиш напредокот во култивацијата преку медитација. Зошто не ти е дозволено да ги гледаш тие работи и да бидеш приврзан кон нив? Тие предупредуваат на појавата на овој проблем. Во будистичката култивациска практика не постои засилен метод на култивација, и нема никакви упатства во неговите сутри за да се избегнат овие работи. Шакјамуни во тоа време не ја подучувал таквата дарма. Со цел да го избегне проблемот со демонските пречки од сопствениот ум или трансформацијата која ги следи намерите од умот, тој сите сцени забележани во култивацијата ги нарекол демонски илузии. Откако ќе се развие приврзаност, тоа ќе доведе до оваа демонска илузија. Многу е тешко некој да се држи подалеку од нив. Ако не се однесува правилно, човекот ќе биде уништен и ќе следи демонски пат. Бидејќи тој се нарекува себе си Буда, тој веќе се демонизирал себе си. На крајот тој може да биде опседнат од духови или да доживее други работи и да биде целосно уништен. Неговото срце исто така ќе стане неморално, и тој целосно ќе падне. Има многу такви луѓе. Дури и на овој семинар, постојат луѓе кои имаат многу високо мислење за себе и зборуваат со поинаков став. Дури и во будизмот е табу некој да открие за што стварно се работи кај некој човек. Она што јас го кажав е уште една форма на демонски пречки, што се нарекува „демонски пречки од сопствениот ум” или „трансформацијата ја следи намерата на умот.” Во Пекинг има некои такви практичари, а има некои и во други региони. Покрај тоа, тие предизвикаа многу сериозни пречки кај практикантите.

Некој ме праша: „Учителу, зошто не го елиминирате овој проблем?” Размислете за тоа, сите: Ако ги исчистиме сите пречки на вашиот култивациски пат, како ќе се култивирате? Точно под овие околности на демонски пречки може да се види дали можеш да продолжиш со култивацијата, навистина да бидеш просветлен до Тао, да не бидеш засегнат од пречките и да бидеш сигурен во таа школа за практикување. Големите бранови го разнесуваат песокот, и тоа е она за што се работи во култивацијата. Она што на крајот останува, ќе биде вистинско злато. Без оваа форма на пречки, би рекол дека е премногу лесно да се практикува култивација. Според мене, вашата култивација е веќе премногу лесна. Оние големи просветлени битија на високо ниво може да мислат дека тоа не е фер: „Што правиш? Дали вака ги спасуваш луѓето? Нема пречки на патот на култивацијата и може да се култивира директно до крајот. Дали тоа е култивација? Што понатаму некој се култивира, станува се попријатно без било какви пречки? Како може да се дозволи ова?” Ова е тоа прашање и јас исто така размислував за тоа. На самиот почеток, јас се погрижив за многу такви демони. Но ако постојано го правам тоа, и јас исто така не го гледам тоа за исправно. Ми рекоа исто така: „Ти им го направи нивното култивирање премногу лесно. Луѓето

имаат само малку сопствени маки. Имаат само малку тешкотии меѓу нив. Тие имаат многу приврзаности од кои сеуште не можат да се откажат! Останува прашањето дали можат да ја разберат твојата Дафа додека се среде конфузија и неволји." Тој проблем постои и затоа ќе има пречки и тестови. Јас само кажувам дека ова е форма на демонски пречки. Многу е тешко навистина да се спаси човекот, но сепак, многу е лесно да се уништи еден човек. Ако твојот ум не е исправен, одеднаш ќе бидеш уништен.

## Твојата главна свест треба да надвладее

Поради тоа што луѓето сториле некои лоши дела во различните животи, тоа им предизвикува катастрофи, а на практичарите им создава кармички пречки. Затоа, ќе има раѓање, старост, болест и смрт. Ова е обична карма. Постои уште една моќна карма, што во голема мера влијае врз практичарите – таа се нарекува мисловна карма. Луѓето мораат да размислуваат во текот на својот живот. Бидејќи човекот е изгубен меѓу секојдневните луѓе, често може да развие мисли за слава, добивка, страст, бес, итн. Постепено, овие мисли стануваат моќна мисловна карма. Бидејќи се во другите димензии има живот, кармата е исто жива. Кога некој почне да практикува култивација на праведен пат, неговата карма мора да биде отстранета. Отстранувањето на кармата значи дека кармата ќе биде збришана и трансформирана. Се разбира, кармата ќе се спротивстави, и затоа човекот ќе има неволји и пречки. Но мисловната карма може директно да се меша во нечиј ум. Затоа во нечиј ум може да има погрдни зборови што го осудуваат Учителот и Дафа или некој може да мисли на лоши работи или погрдни зборови. Како резултат на тоа, многу практиканти не знаат што се случува и мислат дека овие мисли доѓаат од нив самите. Некои луѓе, исто така веруваат дека тие доаѓаат од поседувачки духови или животни, но тие не се од опседнатост од духови или животни. Тие се резултат на одразот на мисловната карма во нивниот ум. Некои луѓе немаат многу силна главна свест и ќе се усогласат со мисловната карма за да прават лоши дела. Таквите луѓе ќе бидат уништени и нивото ќе им падне. Меѓутоа, повеќето луѓе можат да ги отстранат и да им се спротивстават со многу силни мисли (силна главна свест). Тоа покажува дека овој човек може да се спаси и може да разликува добро од лошо. Со други зборови, овој човек има добар квалитет на просветлување. Мојот фашен ќе му помогне во елиминирањето на најголемиот дел на таквата мисловна карма. Оваа ситуација се среќава често. Откако ќе се појави, ќе бидеш тестиран да се види дали можеш сам да ги надминеш овие лоши мисли. Ако некој е определен, кармата може да биде отстранета.

# Твојот ум мора да биде исправен

Што е неисправен ум? Тоа се однесува на човекот кој не може секогаш да се третира себеси како практикант. Практикантот ќе се соочи со неволји во култивациската практика. Кога доаѓа некоја неволја, таа може да се манифестира како меѓучовечки конфликт. Ќе има интриги и слични работи, кои директно влијаат на твојот шиншинг. Во овој поглед ќе има многу такви случаи. На што друго ќе наидете? Нашите тела можеби одеднаш ќе се почувствуваат непријатно. Ова е затоа што враќањето на кармата ќе се манифестира на разни начини. Во одреден момент ќе бидеш доведен во состојба да не можеш јасно да разбереш дали нешто е вистинито, дали постои твојот гонг, дали можеш да практикуваш култивација и дали можеш да успееш во тоа, дали постојат Буди и дали се вистински. Во иднина, овие ситуации повторно ќе излезат на површина за да ти го дадат овој лажен впечаток и да те натераат да се чувствуваш како тие да не постојат и дека сите се лажни – тоа е да се види дали си непоколеблив. Ако кажеш дека мора да бидеш цврст и сигурен, со оваа определба, ако навистина можеш да бидеш цврсто определен во овој момент, природно ќе постапуваш добро, затоа што веќе се подобрил твојот шиншинг. Но во овој момент не си толку стабилен. Ако оваа неволја одеднаш ти се даде, нема воопшто да се просветлиш во тоа, ниту ќе можеш да практикуваш култивација. Неволјите може да се случат во различни форми.

Во текот на култивациската практика, мора да се практикува култивација на овој начин за да се искачиш на повисоките нивоа. Така, откако некои од вас ќе се почувствуваат физички неудобно негде во телото, ќе помислите дека сте болни. Вие секогаш не успевате да се однесувате како практиканти, затоа што ако ви се случи тоа, ќе го сметате за болест. Зошто има толку многу проблеми? Дозволете ми да кажам дека многу од нив веќе се отстранети за тебе, а твоите страдања веќе се сосема беззначајни. Ако тоа не беше отстрането за тебе, можеби веќе ќе беше мртов ако наидеше на оваа неволја. Можеби никогаш немаше да можеш да станеш од креветот. Кога ќе се сретнеш со малку проблеми, ќе се чувствуваш неудобно. Но како тоа може да биде удобно? На пример, кога држев семинар во Чангчун, имаше еден човек со многу добар вроден квалитет, кој навистина имаше добра перспектива. Го проценив дека е многу добар и му ги зголемив малку страдањата, за да може брзо да ја отплати кармата и да стане просветлен – тоа ми беше планот. И така еден ден тој одеднаш изгледаше дека страда од мозочен удар и падна на земјата. Чувствуваше дека не може да се движи и неговите четири екстремитети како да беа надвор од контрола. Тој беше испратен во болница за итна помош. Потоа, тој повторно можеше да оди.

Размислете за тоа, сите: Со мозочен удар, како некој може да се шета наоколу и да ги движи рацете и нозете толку брзо? Сепак тој подоцна ја обвини Фалун Дафа за тоа и дека го одведе на погрешен пат. Тој не размислувал за тоа: како можел толку брзо да се опорави од мозочен удар? Да не практикувал Фалун Дафа во тоа време, навистина можел да умре кога падна. Можеби ќе останел парализиран до крајот на неговиот живот и навистина ќе имал мозочен удар.

Тоа покажува колку е тешко да се спаси човекот. Толку многу беше направено за него, но и покрај тоа тој се уште не разбрал и уште кажал такво нешто. Некои практиканти ветерани прашуваат: „Учителу, зошто се чувствувам непријатно по целото тело? Секогаш одам во болница да примам инекции, но не помага. Земањето на лекови исто така не помага.” Дури не им беше непријатно да ми го кажат тоа! Се разбира дека нема да помогнат. Тоа не се болести. Како би можеле да помогнат? Можеш да одиш на преглед. Се е во ред, само се чувствуваш непријатно. Еден од нашите практиканти отишол во болница и неколку игли се свиткале кога му давале инекција. На крајот, течниот лек се излеа, а иглата се уште не можеше да навлезе. Тој тогаш разбра: „О, јас сум практикант, не треба да примам инекции.” Тој сфати дека не треба да прима инекција. Затоа, секогаш кога ќе наидете на неволји, не заборавајте да обрнете внимание на ова прашање. Некои луѓе мислат дека јас едноставно не им дозволувам да одат во болница, па мислат: „Ако не ми дозволуваш да одам во болница, ќе одам да ме види чигонг мајстор.” Тие се уште мислат дека тоа се болести па сакаат да ги види чигонг мајстор. Каде можат да најдат вистински чигонг мајстор? Ако најдат некој лажен, ќе бидат наеднаш уништени.

Ние велиме: „Како може да се разликува лажен чигонг мајстор од вистински?” Многу чигонг мајстори се самопрогласени. Јас сум проверен и имам документи од направен експеримент во научна институција. Многу чигонг мајстори се лажни и се самопрогласени. Има многу од нив кои блефираат и ги мамат луѓето. Таквиот лажен чигонг мајстор може исто така да лекува болести. Како може да го стори тоа? Тој човек е опседнат од дух или животно без кои не може да ги измами луѓето! Тој опседувачки дух или животно може исто така да даде енегија и да лекува болести. Бидејќи е еден вид енергетско постоење, многу лесно може да ги ограничува секојдевните луѓе. Но јас велам: „Што ќе ти даде тој опседувачки дух или животно кога ќе ја третира твојата болест?“ На многу микроскопско ниво, тоа е целосна слика на тој опседувачки дух или животно. Ако ти е дадено, што ќе правиш? „Полесно е да се покани бесмртник, отколку да се испрати.” Ние не треба да се занимаваме со секојдневните луѓе, бидејќи тие само сакаат да бидат секојдневни луѓе и да најдат привремено

олеснување. Ти сепак, си практикант. Не сакаш ли постојано да го прочистуваш своето тело? Ако се прикачи на твоето тело, кога ќе можеш да се ослободиш од него? Покрај тоа, тоа исто така има одредена количина на енергија. Некои луѓе ќе се запрашаат: „Зошто фалунот им дозволува да дојдат? Зарем нас не не штити фашенот на Учителот?” Во нашиот универзум има еден принцип: Никој нема да интервенира ако ти самиот сакаш нешто. Се додека е тоа она што го сакаш, никој нема да интервенира. Мојот фашен ќе се обиде да те спречи и ќе те предупреди. Ако види дека секогаш си таков, повеќе нема да се грижи за тебе. Како може некој да биде принуден да практикува култивација? Не можеш да бидеш натеран или принуден да практикуваш култивација. Од тебе зависи дали вистински ќе напредуваш. Никој не може да направи ништо во врска со тоа ако не сакаш да се подобриш себе си. Си ги научил принципите и Фа. Кого можеш да обвиниш ако се уште не сакаш да се подобриш? Што се однесува до она што го сакаш, ниту фалунот а ни мојот фашен нема да интервенираат – ова е сигурно. Некои луѓе дури одат на предавањата на други чигонг мајстори и откако се вратија дома се почувствуваа многу непријатно. Тоа е сигурно така. Зошто мојот фашен не те заштитил? Зошто си отишол таму? Одејќи таму да слушаш, не сакаше ли нешто да добиеш? Ако не си слушал со своите уши, како можело да дојде на твоето тело. Некои луѓе го деформирале својот фалун. Дозволете да ви кажам дека овој фалун вреди повеќе од твојот живот. Тоа е повисок живот кој не може да биде уништен по волја. Сега има многу лажни чигонг мајстори, а некои од нив се добро познати. Јас им кажав на администраторите на Кинеското здружение за научно истражување на чигонгот дека во старите времиња кралскиот двор еднаш беше измачуван од Да Џи. Таа лисица направи многу злодела, но сепак не беше толку лоша како овие денешни лажни чигонг мајстори, кои едноставно донесоа штета на целата држава. Колку луѓе станале жртви?! Гледате дека на површината изгледа доста добро, но колку луѓе носат такви видови работи на нивните тела? Ако ви ги дадат, ќе ги имате – тие се едноставно премногу неконтролирачки. Поради тоа, тешко е за обичниот човек да ги разликува овие работи по тоа како изгледаат.

Некои луѓе можеби мислат: „Откако учествував на овој чигонг семинар и го слушав она што Ли Хонгџи го кажа денес, сватив колку е голем и длабок чигонгот! Ако повторно има други чигонг семинари, треба да ги посетам.” Би рекол дека дефинитивно не треба да одиш таму. Ако ги слушаш, лошите работи ќе влезат во твоите уши. Многу е тешко да се спаси човекот и да се промени неговото мислење. Исто така, многу е тешко да се прочисти телото на еден човек. Постојат многу лажни чигонг мајстори. Дури и што се однесува до вистинските чигонг мајстори од исправна практика, дали тој е навистина чист?

Некои животни се многу зли. Иако тие работи не можат да се прикачат на неговото тело, тој не може ни да ги избрка. Овој човек, а особено неговите ученици, немаат способност да им се спротивстават на овие работи во голем обем. Кога тој испраќа гонг, сите видови неуредни работи се мешаат со него. Иако тој самиот може да биде прилично пристоен, неговите ученици не се исправни и се опседнати со различни духови или животни – сите видови од нив.

Ако навистина сакаш да практикуваш култивација во Фалун Дафа, не треба да одиш и да ги слушаш. Се разбира, ако не сакаш да практикуваш култивација во Фалун Дафа и сакаш да практикуваш се, можеш да одиш, јас нема да те спречам бидејќи ти не си Фалун Дафа ученик. Ако нешто тргне наопаку, немој да тврдиш дека тоа е како резултат на Фалун Дафа практиката. Само кога ќе го следиш шиншинг стандардот и практикуваш култивација според Дафа, ти си вистински практикант на Фалун Дафа. Некој праша: „Може ли да се дружам со практикантите од другите чигонг практики?" Дозволете да ви кажам дека тие само практикуваат чигонг, додека ти се култивираш во Дафа. Откако ќе го посетиш ова предавање, ќе ги оставиш далеку зад себе во однос на нивоата. Овој фалун е формиран низ многу генерации култивациска практика и многу е моќен. Секако, кога ќе стапиш во контакт со нив, ако можеш да успееш да не примаш или да преземеш нешто од нив и само да бидеш нормален пријател, тоа нема да биде важно. Ако тие луѓе навистина носат нешто, сепак, тоа ќе биде многу лошо и подобро е да немаш никаков контакт со нив. Во однос на партнерот, мислам дека исто така нема да биде многу важно ако твојот брачен другар практикува друг вид чигонг практика. Но има нешто: Бидејќи ти практикуваш исправен начин, од твојата практика ќе имаат корист и другите. Ако твојот брачен другар вежба лоша практика, тој може да носи лоши работи на телото. За да се осигура твојата безбедност, тој исто така мора да биде исчистен. Се ќе се исчисти за тебе во другите димензии. Твојата домашна средина исто така ќе биде исчистена. Ако твојата околина не е исчистена и сите видови на пречки ти се мешаат, како можеш да практикуваш култивација?

Сепак, постои една ситуација во која мојот фашен нема да помогне да се исчистат работите. Имаме практикант кој еден ден го виде мојот фашен како доаѓа во неговиот дом. Тој беше многу возбуден. „Фашенот на учителот е тука. Учителе, те молам влези." Мојот фашен рекол: „Твојата соба е премногу неуредна и тука има премногу работи." Потоа си заминал. Всушност, кога има многу лоши духови во другите димензии, мојот фашен ќе ги исчисти за тебе. Неговата соба, сепак, беше полна со различни лоши чигонг книги. Тој го разбрал

тоа и ги расчистил книгите, така што некои ги изгорел, а некои ги продал. Мојот фашен тогаш се вратил. Ова ми го кажа овој практикант.

Исто така, има луѓе кои ја предвидуваат судбината. Некој ме праша: „Учителе, јас сега практикувам Фалун Дафа. Јас сум исто така многу заинтересиран за џоуји или работи како предвидување на судбината. Дали уште можам да ги користам?” Ќе ви го кажам тоа на овој начин: Ако имаш значителна количина на енергија, што и да кажеш ќе има влијание. Ако нешто не е така, но ти некому му речеш дека е така, можеби си сторил лошо дело. Секојдневниот човек е многу слаб. Неговите пораки се нестабилни и можат да се променат. Ако ја отвориш устата и му речеш нешто, таа неволја може да стане вистинита. Ако овој човек има многу карма што мора да ја отплати, а ти стално му кажуваш дека ќе има добра среќа, ќе биде ли дозволено да не биде во можност да ја отплати својата карма? Зар не му правиш штета? Некои луѓе едноставно не можат да се откажат од овие работи и се приврзани кон нив како да имаат некои таленти. Зарем ова не е приврзаност? Освен тоа, дури и ако навистина ја знаеш вистината, како практикант треба да го одржуваш својот шиншинг и не смееш случајно да откриеш небесна тајна на секојдневен човек. Тоа е принцип. Без оглед на тоа како се користи џоуји за предвидување, во секој случај, нешто од тоа повеќе не е точно. Предвидувањата на еден или друг начин се такви што некои од нив се вистинити, а некои од нив се лажни – ова претскажување на среќата е дозволено да постои во обичното човечко општество. Бидејќи ти си некој што има вистински гонг, би сакал да кажам дека вистинскиот практикант треба да следи повисок стандард. Сепак, некои практиканти ќе најдат други луѓе да им ја претскажуваат судбината и ќе ги прашуваат: „Дали ќе ми направиш претскажување да видиш како сум? Како ми оди култивацијата? Дали ќе имам некои неволји?” Тие наоѓаат други да им ги предвидуваат овие работи. Ако се предвиди твојата неволја, како можеш да се надградуваш себе си? Целиот живот на практикантот е преуреден. Линиите на неговите дланки, линиите на лицето, податоците за раѓањето и сите пораки во неговото тело се веќе различни и беа променети. Ако одиш кај предскажувач на судбината, ти ќе му веруваш. Зошто инаку би го правел тоа? Она што тој може да каже се некои површински работи од твоето минато. Сепак нивната суштина веќе се променила. Тогаш размислете сите: „Ако одиш кај предскажувач на судбината, дали не го слушаш и не му веруваш? Тогаш, не ти создава ли тоа психолошки товар? Зар не е приврзаност ако самиот си создадеш товар размислувајќи за тоа? Како тогаш оваа приврзаност може да се отстрани? Зар не сте си наметнале дополнителна неволја на себе си? Зарем не треба да страдаш уште повеќе за да се откажеш од оваа приврзаност? Секој тест или секоја неволја е поврзан со

прашањето за напредување или назадување во култивацијата. Веќе е тешко, а ти сепак самиот си додаваш неволја. Како можеш да го надминеш ова? Како резултат на тоа, можеш да наидеш на тешкотии или проблеми. Другите не смеат да го видат твојот променет животен пат. Ако другите го видат или ако ти е кажано кога ќе имаш неволја, како можеш да практикуваш култивација? Затоа, воопшто не е дозволено да се види. На никој од другите школи за практикување не му е дозволено да го види. Дури ни на соучениците од истата пракса не им е дозволено да го видат. Никој нема да може јасно да го претскаже тоа, бидејќи таквиот живот е преуреден и е живот за култивација.

Некој ме праша дали може да чита други религиозни книги и други чигонг книги. Ние велиме дека сите верски книги, особено будистичките, ги учат луѓето како да го култивираат својот шиншинг. Ние исто така припаѓаме на Буда школата, така што не треба да има никаков проблем. Но постои уште нешто: Многу работи во сутрите беа погрешно преведени во текот на преведувањето. Покрај тоа, многу толкувања на сутрите исто така беа направени од перспектива на различни нивоа, а дефинициите беа случајно направени. Тоа ја расипува дармата. Оние луѓе кои случајно ги толкуваа сутрите, беа премногу далеку од нивото на Будите, тие не го разбрале вистинското значење на сутрите. Затоа, тие исто така имаат различни сфаќања за овие прашања. Нема да ти биде многу лесно да ги разбереш темелно и нема да можеш сам да ги разбереш. Но ако кажеш: „Јас сум само заинтересиран за проучување на сутрите", и секогаш ги проучуваш сутрите, тогаш ти ќе практикуваш во таа школа, бидејќи сутрите исто така имаат интегриран гонг и Фа од таа школа. Откако почнеш да ги проучуваш, ќе практикуваш во таа школа. Тоа го вклучува ова прашање. Ако ги проучуваш задлабочено и ја следиш таа школа за практикување, можеби ја претпочиташ таа школа наместо нашата. Во текот на историјата, во култивациската практика потребно било да се откажеш од превземањето на две школи во исто време. Ако навистина сакаш да практикуваш во оваа школа, треба да ги читаш само текстовите од оваа школа.

Што се однесува до чигонг книгите, не треба да ги читаш ако сакаш да се култивираш. Особено тоа се однесува на чигонг книгите објавени во последно време, нив воопшто не треба да ги читаш. Истото важи и за книгите како „Хуангди Неиџинг", „Шинминг Гуичи" или „Тао Цанг". Иако тие не носат лоши пораки, тие исто така содржат пораки од различни нивоа. Тие самите се исто така начини на култивациски практики. Откако ќе ги прочиташ, тие ќе ти дадат нешто и ќе ти пречат. Ако мислиш дека некоја нивна реченица е добра, тогаш нешто ќе дојде до тебе и ќе се додаде на твојот гонг. Иако тоа не е нешто лошо,

како ќе се култивираш кога нешто друго ти се дава одеднаш? Нема ли тоа да предизвика проблеми? Ако додадеш дополнителен дел на електрониката во телевизорот, што мислиш дека ќе се случи со тој телевизор? Тој веднаш ќе се расипе. Тоа е принципот. Освен тоа, многу чигонг книги денес се лажни и носат различни пораки. Кога еден од нашите практичари вртеше страници од една чигонг книга, голема змија скокнала од неа. Се разбира, нема да навлегуваме во детали. Она за што зборував се некои проблеми што произлегуваат од неспособноста на практикантите да се однесуваат правилно, односно, тие проблеми се предизвикани од неисправниот ум. Корисно е да ги истакнеме и да им дозволиме на сите да знаат што да прават и како да ги разликуваат, така што проблемите нема да се појават во иднина. Иако не го пренагласував ова што го кажав, сите треба да бидат сигурни да обрнат внимание на тоа бидејќи проблемите вообичаено се јавуваат во врска со ова прашање, и тие обично тука излегуваат на површината. Култивацијата е особено тешка и е многу сериозна. Ако си невнимателен за момент, можеш да се сопнеш и одеднаш да бидеш уништен. Затоа, твојот ум мора да биде исправен.

## Чигонгот на боречките вештини

Покрај внатрешните култивациски практики, постои и чигонг на боречките вештини. Додека зборувам за чигонгот на боречките вештини, морам да нагласам едно прашање како што е тврдењето за постоење на многу чигонг форми во заедницата на култиватори.

Сега има таканаречен ликовен чигонг, музички чигонг, калиграфски чигонг и танцувачки чигонг – има секакви видови. Дали сите тие се чигонг? Мислам дека тоа е многу чудно. Јас би рекол дека ова е расипување на чигонгот. Тоа не е само расипување на чигонгот, туку едноставно е и уништување на чигонгот. Кое е нивното теоретско образложение за тоа? Се вели дека додека некој слика, пее, танцува или пишува треба да биде во состојба на транс или таканаречена чигонг состојба. Дали тоа е чигонг? Тоа не треба да се разбере на овој начин. Зарем тоа не го уништува чигонгот? Чигонгот е широка и длабока наука за култивирање на човечкото тело. Па, како тогаш состојбата на транс може да се нарече чигонг? Тогаш, како ќе се нарече кога во состојба на транс одиме во тоалет? Зарем тоа не го уништува чигонгот? Јас тоа би го нарекол поткопување на чигонгот. Пред две години на ориенталниот саем на здравјето, имаше таму еден таканаречен калиграфски чигонг. Што е калиграфски чигонг? Отидов таму да видам и видов еден човек како пишува. По пишувањето, тој го емитуваше својот чи на секој

збор со рацете, а емитуваниот чи беше целосно црн. Неговиот ум беше преокупиран со пари и слава. Како може тој да има гонг? И неговиот чи не може да биде добар чи. Неговите списи се продаваа таму по високи цени. Но, сите беа продадени на странци. Јас би рекол дека оние што ги купиле имале лоша среќа. Како црниот чи може да биде добар? Лицето на тој човек изгледаше темно. Тој беше опседнат со пари и мислеше само на пари – како тој би можел да има некаков гонг? Сепак, бизнис картичката на овој човек имаше еден куп титули како што е таканаречениот меѓународен калиграфски чигонг. Прашувам како нешто такво може да се нарече чигонг?

Размислете сите за тоа: Осумдесет до деведесет проценти од луѓето на ова предавање не само што ќе ги излекуваат своите болести, но ќе развијат и гонг – вистински гонг. Она што твоето тело го носи на себе веќе е прилично натприродно. Ако самостојно практикуваш култивација, дури и во текот на целиот живот, нема да го развиеш тоа преку култивацијата. Дури и ако млад човек започне сега и практикува целиот живот, нема да може да го развие она што јас ти го дадов, и пак ќе му треба да го води вистински, добар учител. Ни требаа многу генерации за да го формираме овој фалун и овие механизми. Овие работи се одеднаш поставени во твоето тело. Затоа, ти велам немој лесно да ги изгубиш, само затоа што лесно си ги добил. Тие се екстремно вредни и немаат цена. После ова предавање, она што го носиш со себе е вистински гонг, високо енергетска материја. Кога ќе одиш дома и напишеш неколку збора - без разлика на тоа каков ти е ракописот – напишаното од тебе ќе носи гонг! Тогаш, дали секој на ова предавање може да има право на името „учител", и сите можат да станат калиграфски чигонг мајстори? Јас би рекол дека тоа не може да биде разбрано на овој начин. Како човек со вистински гонг и енергија, нема потреба намерно да ја емитираш, ти ќе оставаш енегија на се она што го допираш, и потоа сето тоа ќе свети.

Исто така, во едно списание најдов вест дека треба да се одржи курс по калиграфски чигонг. Ја прочитав накратко да видам како ќе подучуваат. Беше напишано дека прво треба да се изедначи дишењето со вдишување и издишување. Понатаму, треба да се седи петнаесет до триесет минути, фокусирајќи го умот на чи во дантиен и замислувајќи го подигањето на чи од дантиен кон подлактицата. Потоа, треба да се подигне четката и да се натопи во црно мастило. Потоа, треба да се премести чи на врвот на четката. Кога намерата на умот ќе стигне таму, ќе може да почне да се пишува. Зарем тоа не е залажување на луѓето? Значи, ако некој може да го премести чи некаде, тоа ќе се смета за чигонг? Во тој случај, пред да јадеме, ние треба да седиме во

медитација некое време. Потоа ќе ги земеме стапчињата за јадење и ќе го придвижиме чи до врвовите на стапчињата за да го изедеме оброкот. Тоа би било наречено чигонг на храната, нели? А и она што го јадеме се ќе биде енергија. Само зборуваме за ова прашање. Јас го нарекувам тоа нарушување на чигонгот, бидејќи тие го разбираат чигонгот како нешто толку површно. Затоа, луѓето не треба да го разберат на овој начин.

Чигонгот на боречките вештини, сепак, може да се смета за независна чигонг практика. Зошто е така? Бидејќи има наследство од неколку илјади години, комплетен систем на теории за култивирање и комплетен систем на култивациски методи, тој може да се смета како комплетен систем. И покрај тоа, чигонгот на боречките вештини останува нешто на најниско ниво на внатрешните култивациски практики. Цврстиот чигонг е форма на акумулирана енергија – материја која служи единствено за задавање удари. Дозволете ми да ви дадам пример. Откако учествуваше на нашето предавање на Фалун Дафа, еден практикант од Пекинг не можеше ништо да притисне со рацете. Кога купувал бебешка количка, тој бил изненаден кога бебешката количка се распаднала со тресок додека тој со рацете ја проверувал нејзината цврстина. Кога отишол дома и седнал на стол, не можел да го притисне со рацете. Ако го сторел тоа, столот се кршел. Тој ме праша што се случува. Не му кажав ништо затоа што не сакав да развие приврзаност. Јас само кажав дека сето тоа е природно, да го остави и да го игнорира, бидејќи сето тоа е добро. Ако таа натприродна способност се користи како што треба, парчето камен би можело да биде разбиено во прав само со допир на неговата рака. Зар не е ова цврст чигонг? Сепак, тој никогаш не практикувал цврст чигонг. Обично, во практиките на внатрешната култивација, можат да се развијат овие натприродни способности. Но, поради тоа што е тешко шиншингот добро да се одржува, обично дури и да се развиени нема да смееш да ги користиш. Особено, на ниско ниво на култивацијата, шиншингот не е надграден. Поради тоа натприродните способности кои се развиваат на ниско ниво нема воопшто да ти бидат дадени. Како што поминува времето и твоето ниво е надградено, овие работи повеќе нема да бидат од корист и затоа нема да бидат обезбедени.

Како конкретно се практикуваат боречките чигонг вештини? Во практикувањето на боречките чигонг вештини мора да се регулира чи, но не е лесно да се регулира чи на почетокот. Иако некој можеби сака да го регулира чи, можеби нема да може да го стори тоа. Што треба да се направи тогаш? Човекот мора да ги вежба шаките, двете страни на телото, неговите стапала, нозете, рацете и главата. Како ги вежба? Некои луѓе удираат во дрво со рацете или

дланките, а некои луѓе удираат во карпа со рацете. Тоа е многу болно кога коските имаат таков контакт, бидејќи тие ќе крварат кога ќе се употреби само мала количина на сила! Чи се уште не може да се регулира. Што треба да се направи тогаш? Тој ќе почне да замавнува со рацете и ќе направи крвта да се движи назад кон рацете, на тој начин шаките и рацете ќе отечат. Тие ќе бидат навистина отечени. Потоа, кога ќе удира во камен, коските ќе бидат обложени и нема да имаат директен контакт со каменот. На тој начин тие нема да чувствуваат толку многу болка. Додека тој продолжува да вежба, учителот ќе го подучува овој човек. Како минува времето, тој ќе научи да го контролира чи. Сепак, способноста да се контролира чи сама по себе не е доволно добра, бидејќи во вистинската борба противникот нема да те чека. Се разбира, кога некој може да го контролира чи, тој може да се спротивстави на нападите и можеби нема да чувствува болка откако ќе биде погоден со дебела палка. По насочувањето на чи во рацете, рацете ќе потечат. Но на почетокот, чи е најпримитивната работа и како некој продолжува да вежба, може да се трансформира во високоенергетска материја. Кога ќе се трансформира во високоенергетска материја, постепено ќе формира енергетски грозд со голема густина, и овој енергетски грозд има интелигенција. Значи, тој исто така е грозд со натприродна способност, односно, вид на натприродна способност. Сепак, оваа натприродна способност е исклучиво за задавање и одбивање на удари. Таа нема да функционира ако се употребува за лекување на болести. Бидејќи оваа високоенергетска материја постои во друга димензија и не патува во оваа наша димензија, нејзиното време поминува побрзо од нашето. Кога ќе удриш некого, не треба да го насочуваш чи или да размислуваш за тоа, бидејки гонгот веќе ќе биде таму. Кога ќе се обидеш да се одбраниш од нечиј напад, исто така и гонгот е веќе таму. Без разлика на тоа колку брзо ќе зададеш удар, тој ќе патува побрзо од тебе бидејќи временските концепти на двете страни се различни. Преку вежбање на чигонг на боречките вештини, можат да се развијат таканаречени железна песочна дланка, цинобер дланка, нога на ваџра, и стапало на архат. Ова се вештини на секојдневните луѓе. Со вежбање, обичниот човек може да го достигне ова ниво.

Најголемата разлика меѓу чигонгот на боречките вештини и внатрешните култивациски практики е тоа што во чигонгот на боречките вештини се бара практикување во движење, чи на тој начин патува под кожата. Поради тоа што се бара практикување во движење, не може да се постигне состојба на спокојство и чи не може да влезе во дантиен. Неговиот чи ќе патува под кожата и низ мускулите. Затоа, не може да се култивира телото ниту да се развијат способности на високо ниво. Нашата внатрешна култивациска практика бара да

се практикува во состојба на спокојство. Конвенционалните практики бараат чи да влезе во дантиен во долниот абдоминален дел. Тие бараат практикување во состојба на смиреност и трансформација на бенти. Тие можат да го култивираат телото и да овозможат практикување култивација на повисоки нивоа.

Можеби од романите сте слушнале за техники на боречки вештини како што се таканаречените штит од златно ѕвоно, железна кошула, и удари во дрво од топола на далечина од стотина чекори. Со лесните боречки вештини некој може да се движи напред и назад високо во воздухот. Некои дури можат да влезат во друга димензија. Дали постојат такви боречки вештини? Да, тоа е сигурно. Сепак, тие не постојат меѓу секојдневните луѓе. Оние кои навистина култивирале такви врвни боречки вештини, не можат да ги покажат во јавноста. Бидејќи таквиот човек не практикува само боречки вештини и е сосема надвор од нивото на обичните луѓе, тој мора да се култивира со следење на внатрешна култивациска практика. Човекот мора да го цени и подобрува својот шиншинг. Тој не треба да се грижи за работи како што е материјалниот интерес. Иако може да ги култивира таквите боречки вештини, тој после тоа повеќе не може слободно да ги употребува меѓу обичните луѓе. Дозволено е да ги користи кога наоколу нема никој да го види. Во читањето на тие романи ќе откриете дека ликот ќе се бори и ќе убие за прирачник за таен меч, за богатство или за жени. Сите се прикажани како да имаат големи способности, мистериозно патуваат напред и назад. Размислете за тоа, сите: Не треба ли тие луѓе, кои вистински ги имаат тие боречки вештини, да ги култивираат со внатрешна култивација? Тие ги стекнуваат само со култивирање на нивниот шиншинг, и веќе долго време мора да се незаинтересирани за слава, добивка и разни желби. Како можат да убијат некого? Како можат толку многу да се грижат за пари и богатство? Тоа е апсолутно невозможно. Тоа се само уметнички преувеличувања. Луѓето едноставно бараат ментална стимулација и се ќе направат за таа желба. Тие автори го користат тоа па се обидуваат најдобро што можат да го напишат она што го барате или сметате дека е пријатно. Колку повеќе напишаното е незамисливо, толку повеќе ќе сакате да го прочитате. Тоа се само уметнички претерувања. Оние кои навистина ги имаат овие способности на боречките вештини нема така да се однесуваат. А особено, нема да ги покажуваат во јавноста.

# Менталитет на истакнување на себеси

Бидејќи практикуваме култивација меѓу обичните луѓе, многу наши практичари не можат да се ослободат од многу нивни приврзаности. Многу приврзаности веќе станале нивна втора природа, и овие луѓе не можат сами да ги забележат. Овој менталитет на истакнување на себеси може да се манифестира во секоја ситуација, исто така може да се појави и кога се прави добро дело. За да стекнат слава, лична добивка и малку корист, некои луѓе често се фалат самите и сакаат да се истакнат: „Јас сум многу способен и победувам." Исто така и ние имаме такви случаи каде што оние кои практикуваат малку подобро од другите, гледаат подобро со небесните очи, или чии движења при правење на вежбите изгледаат подобро, исто така сакаат да се пофалат.

Некој може да тврди: „Слушнав нешто од учителот Ли." Луѓето ќе го опкружат овој човек и ќе го слушаат тоа што го вели тој. Тој ќе ги шири гласините украсени со сопственото разбирање. Која е целта? Целта е да се истакне себе си. Исто така има и некои луѓе кои ги шират гласините меѓу себе со голем интерес, како тие да се добро информирани, и како многу наши практичари да не разбираат или знаат колку нив. Тоа веќе станало природно за нив, а можеби и самите тоа не го сфаќаат. Потсвесно, тие едноставно го имаат овој менталитет на истакнување на себеси. Инаку, која е целта од ширењето на гласините? Некои луѓе озборуваат кога учителот ќе се врати во планините? Јас не сум дошол од планините. Зошто да се вратам во планините? Има и други озборувања за нешто што сум кажал одреден ден и тоа дека тој и тој човек го третирам поинаку. Што е добро во ширењето на овие работи? Тоа воопшто не служи за ништо. Сепак, ние видовме дека ова е нивна приврзаност – тоа е менталитетот на истакнување на себеси.

Некои луѓе доаѓаат кај мене за мој автограм. Која е нивната намера? Обичните луѓе имаат обичај да чуваат нечиј автограм како сувенир. Ако не практикуваш култивација, мојот автограм нема да ти служи за ништо. Секој збор во мојата книга го носи мојот лик и фалун, и секоја реченица е изговорена од мене. За што се уште ти треба мојот автограм? Некои луѓе претпоставуваат: „Со автограмот, ќе ме заштитат пораките од учителот." Тие се уште веруваат во работи какви што се пораките. Ние не се грижиме за пораките. Оваа книга е навистина непроценлива. Што друго се уште бараш? Сите овие работи се одрази на тие приврзаности. Исто така, откако ќе го видат однесувањето на учениците кои патуваат со мене, некои луѓе ќе ги имитираат без да сфатат дали тоа е добро или лошо. Всушност, не е важно кој е човекот – постои само еден Фа. Само со следење на оваа Дафа, може да се исполни вистинскиот стандард. Луѓето кои

работат со мене не добиле никаков посебен третман и се исти како и сите други, тие само се вработени во истражувачкото здружение. Не ги развивај овие приврзаности. Честопати, по формирањето на овие приврзаности, може ненамерно да ја играш улогата на поткопување на Дафа. Сензационалните гласини што си ги измислил може дури и да доведат до конфликти или да ги поттикнат приврзаностите на практикантите да се приближат до учителот за да слушнат повеќе работи и така натаму. Зарем тоа не е истиот проблем?

До што друго може да доведе тој менталитет на истакнување на себеси? Јас веќе две години ја подучувам оваа практика. Некои од нашите поискусни Фалун Дафа практичари наскоро ќе стигнат до состојбата на отклучување на гонгот. Некои ќе влезат во фаза на постепено просветлување и одеднаш ќе го достигнат тоа. Зошто претходно не сте ги имале овие натприродни способности? Ова е затоа што ако ве подигнев одеднаш на толку високо ниво, тоа не би било дозволено затоа што вашите приврзаности на секојдневни луѓе не беа комплетно отстранети. Секако, вашиот шиншинг веќе беше забележително подобрен, но многу приврзаности не беа отпуштени. Затоа, овие натприродни способности не ви беа дадени. Откако ќе заврши оваа фаза и ќе станете стабилни, веднаш ќе бидете ставени во состојба на постепено просветлување. Во оваа состојба на постепено просветлување, небесното око ќе се отвори на многу високо ниво и ќе развиете многу натприродни способности. Всушност, дозволете ми да кажам дека кога се практикува вистинска култивација, уште на почетокот сте развиле многу натприродни способности. Веќе сте го достигнале ова високо ниво, така што имате многу натприродни способности. Оваа ситуација можеби се случила неодамна со многумина од вас. Исто така, постојат и некои луѓе кои не можат да постигнат високо ниво во култивацијата. Она што тие физички го имаат, заедно со нивната издржливост, е предодредено. Како резултат на тоа, некои луѓе ќе доживеат отклучување на гонгот или ќе станат просветлени - целосно просветлени – на многу ниско ниво. Ќе има и такви луѓе.

Ви го објаснувам ова прашање за да знаете сите дека ако се појави таков човек, мора да бидете сигурни дека не треба да го сметате за извонреден, просветлен човек. Ова е многу сериозно прашање во култивациската практика. Само со следење на оваа Дафа можете правилно да постапувате. Не треба да го следите или слушате затоа што има натприродни способности, натприродни моќи, или затоа што може да види некои работи. Ќе му наштетите затоа што ќе развие приврзаност кон воодушевување и на крајот ќе изгуби се и се ќе му биде затворено. На крајот, тој ќе падне. Оној кој достигнал состојба на отклучување на гонгот може исто така да падне. Ако некој не може добро да се однесува, ќе

падне дури и ако е просветлен. Кога не постапува правилно, дури и Буда може да падне, а да не зборам за практикант како тебе меѓу обичните луѓе. Затоа, без разлика на тоа колку многу натприродни способности си развил, колку се тие големи или колку е силна твојата божествена моќ, мораш добро да се однесуваш. Неодамна, имавме некој што седеше тука, кој можеше да исчезне во еден момент, и повторно да се појави во следниот. Тоа е токму така. Ќе се развијат уште поголеми натприродни моќи. Што ќе правиш тогаш? Како наши практичари или ученици, без разлика на тоа дали овие работи ти се случуваат тебе или на другите, во иднина, не треба да ги обожаваш тие луѓе или да ги посакуваш овие работи. Штом умот ти тргне во погрешен правец, се ќе биде готово и ќе паднеш. Можеби си на уште повисоко ниво од нив, но се уште не ти се појавиле натприродните моќи. Во најмала рака, си паднал по ова прашање. Соодветно на тоа, сите мора да бидат сигурни дека посветуваат особено внимание по ова прашање. Сметаме дека ова е многу важно прашање бидејќи такво нешто наскоро ќе се случи. Откако ќе се случи, неприфатливо е ако не можеш добро да се однесуваш.

Практикантот кој развил гонг и достигнал состојба на отклучување на гонгот, или вистински се просветлил, не треба да се смета себе си за посебен. Тоа што тој гледа се работи ограничени на неговото сопствено ниво. Неговата култивација го достигнала ова ниво, бидејќи неговата способност за просветлување, шиншинг стандардот и мудроста го достигнале ова ниво. Затоа, што се однесува до работите на повисоки нивоа, тој може да не верува во нив. Токму затоа што тој не верува во нив, мисли дека тоа што го гледа е апсолутно и дека постојат само овие работи. Но тоа се уште е далеку бидејќи нивото на овој човек е само толку високо.

На некои луѓе ќе им биде отклучен гонгот на ова ниво, затоа што тие не можат да продолжат понатаму со култивацијата. Како резултат на тоа, тие можат да доживеат отклучување на гонгот и да доживеат просветлување само на ова ниво. Меѓу оние од вас кои ќе ја завршат култивацијата во иднина, некои ќе бидат просветлени на малите светски патеки, некои ќе бидат просветлени на различни нивоа, а некои ќе бидат просветлени со вистинско постигнување. Само просветлените луѓе со вистинско постигнување ќе ги достигнат највисоките нивоа, тие ќе можат да видат работи и да се манифестираат на различни нивоа. Дури и оние што се просветлени на светските патеки на најниско ниво ќе можат да видат некои димензии и некои просветлени луѓе и ќе можат исто така да комуницираат со нив. Во тоа време, не треба да станеш самозадоволен бидејќи со просветлување на малите светски патишта на пониските нивоа не може да се

достигне вистинско постигнување – ова е сигурно. Тогаш, што може да се направи во врска со тоа? Тој може само да остане на ова ниво. Да се практикува култивација кон повисоко ниво ќе биде прашање за во иднина. Бидејќи нечија култивација може да стигне само до тука, во што е поентата да се држи заклучен неговиот гонг. Иако ти ќе продолжиш така да се култивираш, твојата култивација повеќе не може да напредува, така што ќе биде отклучен твојот гонг, затоа што си стигнал до крајот на својата култивација, ќе има многу такви луѓе. Без разлика на тоа што ќе се случи, мораш да одржуваш добар шиншинг. Само со придржување кон Дафа, може да се постапува вистински исправно. Без разлика дали станува збор за твоите натприродни способности или за твоето отклучување на гонгот, ти тоа го постигнуваш со практикување култивација во Дафа. Ако Дафа ја ставиш на второ место, а своите натприродни моќи ги ставиш на прво место, или како просветлен човек веруваш дека она што го разбираш на еден или друг начин е точно, или дури ако се замислуваш дека си поголем од Дафа, јас би рекол дека веќе си почнал да паѓаш. Ќе биде опасно и ти ќе стануваш се полош. Во тоа време, навистина ќе бидеш во неволја, а твојата култивација ќе заврши залудно. Ако не постапуваш правилно, ќе се сопнеш и ќе паднеш во култивацијата.

Дозволете ми да кажам исто така дека содржината на оваа книга го комбинира Фа што јас го подучував на неколку предавања. Се беше подучено од мене, и секоја реченица беше изговорена од мене. Секој збор беше извлечен од снимките и препишан збор по збор. Моите ученици и практиканти ми помогнаа да се препише се од снимките. Потоа јас ги проверував одново и одново. Се тоа е мојот Фа, и она што јас ве учам е само овој Фа.

# Седма лекција

## Прашање за убивањето

Прашањето за убивање е многу чувствително. За практикантите го поставивме строгиот услов да не смеат да убиваат. Без разлика на тоа дали е Буда школата, Тао школата, или Чимен школата, без разлика на тоа која школа и која практика е, се додека е исправна култивациска практика, таа ќе го разгледува ова прашање како апсолутно и ќе забранува убивање – ова е сигурно. Бидејќи последиците од убиството се многу сериозни, ние мораме тоа детално да го објасниме. Во оригиналниот будизам убиството главно се однесуваше на одземање човечки живот, и тоа беше најсериозно. Подоцна и убивањето на други големи животи, големи домашни животни или други релативно големи животни, исто така се сметаа за многу сериозни. Зошто прашањето за убивање било толку сериозно сфатено во заедницата на култиватори? Во минатото, Будизмот сметаше дека животите кои не би требало да умрат, ако бидат убиени, ќе станат осамени души и бездомни духови. Порано, биле изведувани ритуали за да се ослободат душите на овие луѓе од страдањето. Без таквите служби, овие души би страдале од глад и жед и би живееле во многу тешка ситуација. Ова е она што во минатото се зборуваше во будизмот.

Ние веруваме дека кога некој направи нешто лошо на друг човек, мора да му даде многу де како компензација. Тука, обично зборуваме за тоа кога некој ги одзема работите што им припаѓаат на други луѓе и т.н. Сепак, ако некој одеднаш одземе нечиј живот, без разлика дали тоа е животно или друго суштество, тоа ќе генерира многу карма. Во минатото, убивањето главно се однесувало на одземање човечки живот, што би предизвикало голема количина карма. Сепак, убивањето на другите обични животи не е помал грев, зашто исто така, директно предизвикува многу карма. Особено за еден практикант, во текот на култивациската практика дадени ти се некои неволји на секое различно ниво. Сите тие доаѓаат од твојата сопствена карма и се твои сопствени неволји, кои се поставени на различни нивоа за да се унапредиш себе си. Се додека го подобруваш својот шиншинг, ќе можеш да ги надминеш. Но, ако одеднаш

добиеш толку многу карма, како можеш да ги надминеш? Со нивото на твојот шиншинг, воопшто нема да можеш да го направиш тоа. Тоа може да те направи потполно неспособен да практикуваш култивација.

Ние откривме дека кога се раѓа човекот, многу негови „јас" се родени истовремено во одреден дел на овој космички простор. Сите тие изгледаат подеднакво, со исто име, и прават слични работи. Затоа, и тие можат да се наречат дел од целиот негов ентитет. Ова вклучува такво прашање зашто ако еден од нив (а истото важи и за животите на другите големи животни) одеднаш умре, а останатите делови од него во другите различни димензии допрва треба да го завршат својот предодреден животен пат и се уште имаат долги години да живеат, оваа мртва личност ќе биде во ситуација на еден бездомник и ќе остане да лебди во просторот на универзумот. Во минатото беше опишано дека осамените души и бездомните духови страдаат од глад, жед и други тешкотии. Можеби ова е точно. Но ние навистина ја набљудувавме ужасната ситуација во која страда ова лице, затоа што мора да ја чека својата последна судбина, кога секој од нив во секоја димензија ќе го комплетира својот живот. Колку тоа е подолго, толку повеќе страда. Колку повеќе страда, толку повеќе карма создадена од неговото страдање ќе биде додадена на телото на убиецот. Размислете за тоа: Колку многу карма може да биде акумулирана? Тоа е она што го забележавме со натприродните способности.

Исто така, ја набљудувавме оваа ситуација: Кога човекот се раѓа, профилот на целиот негов живот веќе постои во одредена димензија. Со други зборови, до кога ќе трае неговиот живот и што треба да прави во него, се е вклучено. Кој го припремил неговиот живот? Очигледно, тоа е направено од некое повисоко битие. На пример, во нашето обично човечко општество, откако човекот се раѓа, тој припаѓа на одредено семејство, на одредено училиште, а откако ќе порасне и на одредено работно место и преку работата човекот остварува различни контакти во општеството. Така, распоредот на целото општество е планиран на овој начин. Сепак, ако овој живот одеднаш умре, а тоа не е според оригиналниот специфичен аранжман, или ако се смениле работите, ова повисоко битие нема да му прости на тој што се вмешал. Размислете сите: Како практичари, ние сакаме да практикуваме култивација кон повисоките нивоа. Тоа повисоко битие нема да му прости на убиецот. Дали мислите дека овој човек може сеуште да практикува култивација? Нивоата на некои учители не се толку високи колку што е високо нивото на ова повисоко битие што го направило аранжманот. Затоа, и учителот на овој човек ќе биде казнет и испратен на ниско ниво. Само размисли за тоа: Дали ова е обичен проблем? Значи, кога некој

човек ќе направи такво нешто, за него ќе биде многу тешко да практикува култивација.

Меѓу практикантите на Фалун Дафа може да има некои кои се бореле за време на некоја војна. Овие воени состојби биле предизвикани од поголеми космички промени во целина, и ти си бил само еден елемент во таа околност. Без човечката акција која се случувала поради космичките промени, ваквите услови не би биле донесени во обичното човечко општество, ниту пак, тие би биле наречени космички промени. Овие настани се случиле поради поголеми промени, и не се целосно по ваша вина. Она што овде го разгледуваме е кармата која произлегува од тоа кога некој инсистира да прави лоши работи во потрага по лична корист, задоволување на личен интерес или кога е засегнат на некој начин. Се додека тоа вклучува промени во целиот огромен простор и големи промени во општеството, тоа не е ваша вина.

Убивањето може да донесе огромна карма. Некој можеби се чуди: „Ние не можеме да убиваме, но јас дома готвам. Што ќе јаде мојата фамилија ако не смеам да одземам живот?" Ова специфично прашање не ме загрижува бидејќи јас предавам Фа на практикантите, не им кажувам на обичните луѓе како да живеат. Во врска со тоа како треба да се однесуваш кон одредени прашања, треба да проценуваш во согласност со Дафа. Треба да постапиш така како што мислиш дека е правилно. Обичните луѓе ќе направат како што сакаат и тоа е нивна работа, невозможно е сите вистински да практикуваат култивација. Меѓутоа, како практикант треба да следиш повисок стандард, затоа тука ви ги претставувам барањата за практикантите.

Покрај човечките суштества и животните, и растенијата исто така се живи. Секоја материја може да се манифестира како форма на живот во други димензии. Кога твоето небесно око ќе го достигне нивото на Фа видот, ќе откриеш дека карпите, ѕидовите и сите други работи можат да разговараат со тебе и те поздравуваат. Можеби некој може да се запраша: „Зрната и зеленчукот што ги јадеме, се исто така живи. Исто така дома има муви и комарци. Што треба да правиме?" Ќе биде многу непријатно во лето да те боцне комарец и да мора да гледаш како те боцка без да реагираш на тоа. Или некој види мува врз храната како ја загадува, а да не може да ја убие. Дозволете ми да кажам дека ние не треба да одземаме живот без причина. Но не треба ни да претеруваме во тоа – да бидеме претпазливи господа, секогаш фокусирани на ситници, па дури и да скокаме додека одиме, загрижени да не згазиме на мравки. Јас ви велам дека така би живееле напорен живот. Зарем и тоа не е приврзаност? Иако твоето скокање можеби нема да ги убие мравките, сепак можеби си убил многу

микроорганизми. На микроскопско ниво има уште многу помали животи, вклучувајќи ги микробите и бактериите, и можеби исто така си згазил на нив и си убил многу од нив. Во тој случај, подобро да престанеме да живееме. Ние не сакаме да станеме такви луѓе бидејќи на таков начин не е возможно да се култивираме. Треба да се фокусираме на пошироки перспективи и да се култивираме на отворен и достоинствен начин.

Како човечки суштества, имаме право да ги одржуваме човечките животи. Затоа, нашата животна средина треба да ги задоволи потребите на луѓето. Ние не можеме намерно да нанесеме штета или да одземеме животи, но не треба ни да бидеме премногу загрижени за овие ситници. На пример зеленчукот и житата што ги одгледуваме се исто така живи. Не можеме да престанеме да јадеме или да пиеме нешто затоа што тоа е живо, инаку како можеме да се култивираме? Треба на тоа да се гледа пошироко. На пример додека одиш, некои мравки или инсекти можат да дојдат под твоите нозе и да бидат убиени. Можеби тие требало да умрат бидејќи ти не ги убиваш намерно. Во светот на организмите и микроорганизмите постои исто така прашањето за еколошка рамнотежа – премногу од било кој вид ќе биде проблем. Затоа треба да се практикува култивација на достоинствен и исправен начин. Кога мувите и комарците се дома, можеме да ги истераме надвор или да поставиме мрежа на прозорците за да се задржат надвор. Понекогаш не можат да бидат истерани, а потоа ако се убиени, нека биде така. Ако тие одат да ги боцкаат и да им наштетат на луѓето во просториите каде што живеат човечките суштества, сигурно дека треба да бидат истерани. Ако не можат да бидат истерани, не може само да ги гледаш како ги боцкаат луѓето. Како практикант, тебе не ти пречат и ти си имун на нив, но твоето семејство не практикува култивација и тие се обични луѓе и за нив постои проблемот со заразните болести. Не можеме само да гледаме и ништо да не правиме кога комарецот ќе го боцка детето по лицето.

Дозволете ми да ви дадам пример. Имаше една приказна за Шакјамуни во неговите рани години. Еден ден Шакјамуни требаше да се капе во шумата и побара од еден негов ученик да ја исчисти кадата. Неговиот ученик отишол до кадата и ја нашол насекаде полна со инсекти. Инсектите ќе бидат убиени ако тој ја исчисти кадата. Ученикот се вратил кај Шакјамуни и рекол: „Кадата е полна со инсекти.” Шакјамуни не го ни погледнал и му одговорил: „Треба да одиш да ја исчистиш кадата.” Ученикот се врати кај кадата и не знаеше како да ја чисти, бидејќи тоа би ги убило инсектите. Тој повторно се врати кај Шакјамуни и рече: „Учителе, кадата е полна со инсекти. Ако ја чистам, инсектите ќе бидат убиени.”

Шакјамуни го погледна и рече: „Она што те замолив да направиш е да ја исчистиш кадата.” Ученикот одеднаш сфати и веднаш отиде и ја исчисти кадата. Оваа приказна го покажува принципот: не треба да престанеме да се капеме, затоа што има инсекти, и не треба да најдеме друго место за живот затоа што има комарци. Ние исто така не треба да ги врземе нашите грла и да престанеме да јадеме или пиеме затоа што житото и зеленчукот се живи. Не треба да биде така. Ние треба правилно да се однесуваме во врска со тоа и да се култивираме на достоинствен начин. Се ќе биде во ред се додека намерно не му наштетиме на ниеден живот. Во меѓувреме, луѓето исто така мора да имаат човечки простор и место за живеење, и тие исто така треба и да се одржуваат. Сепак, човечките суштества треба да го задржат својот начин на живот и нормално да живеат.

Во минатото, некои лажни чигонг мајстори велеа: „Може да се одземе живот на првиот и петнаесеттиот ден во лунарниот месец.” Некои од нив дури тврдеа дека е во ред да се убиваат животни на две нозе, како тие да не се живи. Дали убивањето на први и петнаесетти не се смета за одземање на живот? Дали тоа е само копање на земјата? Некои лажни чигонг мајстори можат да се препознаат по нивниот говор и однесување, или по она што го кажуваат и следат. Сите оние чигонг мајстори кои даваат такви изјави, обично се опседнати од дух или животно. Само погледнете го начинот на кој чигонг мајсторот опседнат од лисица јаде пилешко. Кога овој човек лапа, тој дури не сака да ги исплука коските.

Убивањето не само што предизвикува многу карма, тоа исто така го вклучува и прашањето на сочувство. Зарем како практиканти, не треба да имаме сочувство? Кога ќе се појави нашето сочувство, можеби ќе откриеме дека сите живи суштества и сите луѓе стадаат. Ова ќе се случи.

## Прашањето за јадење месо

Јадењето месо е исто така многу осетливо прашање, но јадењето месо не е убивање. Иако сите сте учеле Фа толку долго, ние не бараме од сите вас да престанете да јадете месо. Многу чигонг мајстори ти кажуваат да престанеш да јадеш месо веднаш штом ќе појдеш на нивните часови. Можеби мислиш: „Јас се уште не сум подготвен одеднаш да престанам да јадам месо.” Можеби дома денес има подготвено печено пиле или пржена риба. Иако многу добро мирисаат, тебе не ти е дозволено да ги јадеш. Истото важи и за религиозните култивациски практики кои те принудуваат да не јадеш месо. Вообичаените

практики во Буда школата и некои практики во Тао школата исто така велат дека е забрането да се јаде месо. Ние не бараме од вас да го сторите тоа, но ние сме исто така загрижени за ова прашање. Тогаш, што бараме? Бидејќи нашата практика е онаа во која Фа го култивира практикантот, тоа значи дека некои ситуации ќе произлезат од гонгот и од Фа. Во текот на практиката, различните нивоа произведуваат поинаква ситуација. Еден ден или по моето предавање денес, некои луѓе може да влезат во оваа состојба: не можат да јадат месо и месото им мириса на расипано. Ако го јадат, им се повраќа. Никој не те тера, ниту пак треба сам да се присилуваш да не јадеш месо. Но, ова доаѓа од твојот сопствен ум. Откако ќе го достигнеш ова ниво, нема да можеш повеќе да јадеш месо, бидејќи тоа е под влијание на твојот гонг. Ако навистина проголташ месо, навистина ќе повратиш.

Сите наши долгогодишни практиканти знаат дека ќе се појави оваа ситуација во култивациската практика на Фалун Дафа, бидејќи различните нивоа претставуваат различни ситуации. Некои практичари имаат силна желба и силна приврзаност кон јадењето месо – тие обично јадат многу месо. Кога на другите им е лошо од месото, тие не се чувствуваат така и сеуште можат да го јадат. Што треба да биде направено, за да се отстрани оваа приврзаност? Овој човек ќе има болки во желудникот при јадењето на месо. Со воздржување од месо, тој нема да има болка. Оваа ситуација ќе се случи и тоа значи дека не треба да се јаде месо. Дали тоа значи дека нашата школа за практика повеќе нема да има ништо со месото? Не е така. Како треба да се однесуваме кон ова прашање? Неможноста да јадеш месо доаѓа од сопственото срце. Која е целта? Култивациските практики во храмовите принудуваат да не се јаде месо. И тоа и неможењето да се јаде месо во нашата практика имаат за цел да ја отстранат таа човечка желба или приврзаност кон јадење месо.

Некои луѓе едноставно нема да ги јадат своите оброци, ако во нивните чинии нема месо. Тоа е желба на обичните луѓе. Едно утро кога минував низ задниот влез на Триумфалниот парк во Чангчун, тројца луѓе излегоа од паркот гласно зборувајќи. Еден од нив рече: „Каков вид на чигонг е тој што кога се практикува не може да се јаде месо? Попрво би се откажал од десет години од животот за да јадам месо." Колку силна желба е тоа! Размислете сите за тоа: Не треба ли оваа желба да се отстрани? Дефинитивно треба. Во текот на култивацијата човекот треба да се откаже од различните желби и приврзаности. Јасно да се каже, ако желбата да се јаде месо не е отстранета, не значи ли тоа дека приврзаноста не е напуштена? Како може некој да ја заврши култивацијата? Затоа, се додека постои приврзаност, таа мора да биде

отстранета. Но, тоа не значи дека никогаш повеќе не треба да се јаде месо. Откажувањето од јадење месо само по себе не е цел. Целта е да не ти се дозволи да ја имаш таа приврзаност. Ако можеш да се откажеш од приврзаноста додека не можеш да јадеш месо, подоцна, можеби ќе можеш повторно да го јадеш. Месото тогаш нема да ти мириса лошо и нема да има одвратен вкус. Во тоа време, нема да биде важно дали јадеш месо.

Кога повторно ќе можеш да јадеш месо, и твојата приврзаност и желбата да се јаде месо веќе се отстранети. Сепак, ќе се случи голема промена, бидејќи месото веќе нема да ти биде вкусно. Ако се готви дома, ќе го јадеш со семејството. Ако не се готви дома, нема да ти недостасува. Ако го јадеш, нема да ти биде вкусно. Ова сценарио ќе се случи. Но практикувањето на култивација меѓу обичните луѓе е многу комплицирано. Ако твоето семејство секогаш готви месо, после одредено време повторно ќе ти биде многу вкусно. Такви повторувања ќе се појават во иднина, и тие ќе се случуваат многу пати во текот на целата култивација. Одненадеж можеби повторно нема да можеш да јадеш месо. Ти не треба да го јадеш ако не можеш да го јадеш. Навистина нема да можеш да го јадеш, и ако јадеш, навистина ќе повратиш. Почекај додека повторно можеш да јадеш месо и следи го природниот тек. Јадењето и нејадењето месо само по себе не е цел – клучот е да се откажеш од таа приврзаност.

Нашата Фалун Дафа школа овозможува брз напредок. Се додека го надградуваш твојот шиншинг, ќе правиш брзи пробивања на секое ниво. Некои луѓе од самиот почеток не се многу приврзани кон месото и не им е грижа дали во нивниот оброк има месо. Нив ќе им требаат неколку недели за да ја отстранат оваа приврзаност. На некои луѓе може ќе им требаат еден, два или три месеци или можеби половина година за да го направат тоа. Освен во многу невообичаени случаи, нема да треба повеќе од една година за да може повторно да се јаде месо. Ова е затоа што месото веќе стана главна храна на луѓето. Сепак, професионалните практичари во храмовите не треба да јадат месо.

Дозволете ни да зборуваме за тоа како будизмот се однесувал кон јадењето месо. Најраниот оригинален будизам не го забранил јадењето месо. Кога Шакјамуни ги земал своите ученици во шумата за да практикуваат култивација низ тешкотии, немало такво правило кое забранува јадење месо. Зошто немало? Тоа беше затоа што кога Шакјамуни ја подучуваше својата дарма пред две илјади и петстотини години, човечкото општество беше многу неразвиено. Некои региони имаа земјоделство, додека други сеуште немаа. Имаше многу

малку обработена земјоделска површина, а шумата беше насекаде. Житариците беа недоволни и исклучително ретки. Човечките суштества штотуку излегоа од примитивното општество и живееја главно од лов, и во многу региони главно се јадело месо. Со цел да ги напуштат човечките приврзаности што е можно повеќе, Шакјамуни им забрани на своите ученици да имаат пристап до било какво богатство, материјални работи и сл. Тој ги одвел учениците со себе да молат за храна. Тие јаделе што ќе им се даде бидејќи како практиканти не можеле да ја избираат својата храна, и таа можела да содржи месо.

Во оригиналниот будизам постоела забрана за хун (забранета храна). Оваа забрана за хун е од оригиналниот будизам, но сега и за јадењето месо се вели дека е хун. Всушност, во тоа време хун не се однесуваше на месото, туку на работите како кромид, ѓумбир и лук. Зошто тие се сметале за хун? Денес многу монаси исто така не можат јасно да го објаснат тоа. Бидејќи многу од нив вистински не се култивираат, не им се јасни многу работи. Она што го учел Шакјамуни било: „правила, самади, мудрост." Правилата се однесуваат на напуштање на сите приврзаности на секојдневните луѓе. Самади значи дека практикантот практикува култивација со тоа што е целосно во транс и седи во медитација – мора да биде целосно во транс. Се што влијаело на нивниот транс и култивација се сметало за сериозна пречка. Ако некој јадел кромид, ѓумбир или лук, имало силен мирис. Во тоа веме, монасите обично се сместувале во шума или во пештера. Седум или осум луѓе седеле во круг, формирајќи многу кругови за да медитираат. Ако некој ги јадел овие работи, тоа предизвикувало многу иритирачки мирис кој би влијаел на другите што седеле во транс сериозно пречејќи им во нивната практика. Така било направено ова правило, таквата храна се сметала за хун и таа била забранета. Многу од суштествата култивирани во човечкото тело се згрозени од таквите јаки миризби. Кромидот, ѓумбирот и лукот исто така можат да стимулираат нечија желба. Ако некој јаде премногу од нив, тој може да стане и зависен од нив, па затоа тие се прогласени за хун.

Во минатото, по постигнувањето на многу високи нивоа во култивацијата и влегувањето во состојба на отклучување на гонгот или полуотклучување на гонгот, и многу монаси сфатија дека тие правила не се многу важни во култивациската практика. Ако приврзаноста е отпуштена, таа материја сама по себе нема да има никакво влијание. Она што навистина му пречи на човекот, е приврзаноста. Затоа, многу монаси низ историјата, кои високо се култивирале, откриле исто така дека прашањето дали некој јаде месо воопшто не е критично прашање. Клучното прашање е дали приврзаноста може да биде отфрлена. Ако

некој нема никаква приврзаност, може да јаде било што за да го наполни стомакот. Бидејќи култивациските практики во храмовите имааат одреден начин, многу луѓе се веќе навикнати на тоа. Дополнително, тоа веќе не е едноставно една заповед, но е установено правило во храмовите дека воопшто не смее да се јаде месо. Така луѓето се навикнаа на овој начин на култивација. Ајде да разговараме за монахот Џигонг кој стана многу познат во литературата. Монасите не треба да јадат месо, но тој јадел месо и затоа станал многу познат. Всушност, бидејќи тој бил протеран од Лингјин храмот, снабдувањето со храна природно станало голем проблем за него, бидејќи во прашање бил неговиот опстанок. За да го наполни стомакот, тој јадел што и да му било достапно, и тоа не било важно се додека тој само сакал да го наполни стомакот и не бил приврзан кон некоја одредена храна. На тоа ниво на култивација, тој го разбирал овој принцип. Всушност, Џигонг јадел месо само еднаш или два пати. Откако слушнале за монахот кој јаде месо, писателите станале возбудени. Колку е пошокантна темата, толку повеќе читателите ќе бидат заинтересирани. Литературните дела се темелат на животот, а потоа одат подалеку од него, па затоа тој станал познат на овој начин. Всушност, ако приврзаноста навистина е отстранета, не е важно што се јаде за да се наполни стомакот.

Во југоисточна Азија или во јужните региони на Кина, како што се Гвандонг и Гвангкши, некои лаици будисти себеси не се нарекуваат будисти кога разговараат, како тоа да звучи премногу старомодно. Тие велат дека јадат будистичка храна или дека се вегетаријанци, и тоа сугерира дека се будисти вегетаријанци. Тие култивирањето во Буда го сметаат како нешто толку едноставно. Како може тоа што е вегетаријанец да му овозможи култивирање во будинство? Сите знаат дека јадењето месо е само една приврзаност и една желба – ова е само една приврзаност. Да се биде вегетаријанец значи да се отстрани само оваа една приврзаност. Се уште треба да се надминат зависта, натпреварувачкиот менталитет, приврзаноста кон ревноста, менталитетот кон самодокажување, и разни дуги приврзаности, постојат многубројни човечки приврзаности. Само со отстранувањето на сите приврзаности и желби некој може да ја заврши својата култивациска практика. Како може некој да искултивира будинство откажувајќи се само од таа приврзаност кон јадењето месо? Таквата изјава е некоректна.

Кога е во прашање храната, освен кон јадењето месо, не треба да се биде приврзан ниту за било која друга храна. Истото важи и за дуги работи. Некои луѓе велат дека сакаат да јадат одредена храна – тоа е исто така желба. По достигнувањето на одредено ниво во култивацијата, практикантот нема да ја

има оваа приврзаност. Се разбира, нашиот Фа се подучува на многу високо ниво, и се подучува со вклучување на различни нивоа. Невозможно е одеднаш да се постигне тоа. Ти тврдиш дека сакаш да ја јадеш таа одредена храна, но кога во твојата култивација навистина дошло време да се откажеш од таа приврзаност, нема да можеш повеќе да ја јадеш. Ако ја јадеш, нема да ти биде вкусна, и ќе има вкус на нешто друго. Кога одев на работа, кантината во фирмата постојано работеше со загуба и подоцна беше затворена. Откако се затвори, сите си носеа ручек на работа. Беше проблематично и многу напорно наутро да се припреми оброк. Понекогаш купував две пецива и парче тофу во соја сос. Теоретски тоа треба да биде многу лесна храна, но да се јаде цело време се уште не беше добро, бидејќи и оваа приврзаност требаше да биде отстранета. Ми беше лошо веднаш штом повторно ќе видев тофу. Кога повторно пробав да го јадам, не можев да јадам, за да не развијам приврзаност. Се разбира, ова се случува само кога некој веќе има достигнато одредено ниво во култивацијата. Но на почетокот нема да биде вака.

Буда школата не дозволува пиење на алкохол. Дали некогаш сте виделе Буда како носи бокал вино? Не. Јас реков дека некој можеби нема да може да јаде месо, но откако ќе се откаже од таа приврзаност за време на култивациската практика меѓу секојдневните луѓе, подоцна нема да биде проблем повторно да го јаде. Сепак, по откажување на алкохолот не смее повторно да се пие. Нема ли практикантот гонг во телото? Различни форми на гонг и некои натприродни способности се појавуваат на површината на твоето тело, и сите тие се чисти. Штом пиеш алкохол, сите тие одеднаш ќе го напуштат телото. За дел од секундата, на твоето тело нема да остане ништо, бидејќи сите тие се плашат од тој мирис. Навистина ќе биде лошо ако станеш зависник од таа навика, бидејќи пиењето алкохол може да го направи човекот неразумен. Зошто во некои големи таоистички култивациски практики се бара да се пие алкохол? Затоа што тие не ја култивираат својата главна душа, а пиењето може да направи нивната главна душа да ја изгуби свеста.

Некои луѓе го сакаат алкохолот колку и сопствените животи. Некои луѓе уживаат во пиењето алкохол. Некои луѓе веќе се отруени од пиењето алкохол и не можат да ги земат чиниите со ориз без да пијат – без алкохол едноставно ништо не оди. Како практичари, ние не треба да бидеме такви. Пиењето алкохол е дефинитивно зависност. Тоа е желба и ги стимулира нервите на зависност. Колку повеќе некој пие, толку станува се позависен од него. Да размислиме за тоа: Како практичари, не треба ли да се откажеме од оваа приврзаност? И оваа приврзаност мора да биде отстранета. Некој можеби мисли: „Тоа е невозможно

бидејќи јас сум одговорен за забава на клиентите” или „Јас сум одговорен за воспоставување на деловни контакти. Не е лесно да се направи договор без да се пие алкохол.” Јас би рекол дека тоа не е баш така. Обично, при правење на деловен договор, особено во бизнисот при работењето со странци, ти можеш да побараш сода, тој може да побара минерална вода, а некој друг може да побара пиво. Никој нема да те натера да пиеш алкохол. Ти пиеш што сакаш и колку што сакаш. Ова особено ретко се случува меѓу интелектуалците. Тоа е обично така.

Пушењето е исто така приврзаност. Некои луѓе велат дека пушењето може да ги освежи, но јас го нарекувам тоа самоизмама и залажување на другите. Кога се чувствува изморено од работата или кога пишува нешто, некој можеби ќе сака да се одмори со пушењето цигара. По пушењето на цигарата, тој се чувствува освежено. Всушност, тоа не е вистина. Тоа е затоа што се одморил. Човечкиот ум може да создаде лажен впечаток или илузија кој подоцна навистина може да стане концепт или лажен впечаток дека пушењето освежува. Пушењето воопшто не може да го направи тоа, ниту пак може да го има тој ефект. Пушењето не му прави ништо добро на човечкото тело. Ако некој пуши долг временски период, за време на аутопсијата докторот ќе открие дека неговата трахеа и белите дробови се целосно црни.

Не сакаме ли ние практикантите да ги прочистиме нашите тела? Ние треба постојано да ги прочистуваме нашите тела и постојано да напредуваме кон високите нивоа. Сепак, ако се уште го внесуваш тоа во своето тело, не одиш ли во спротивен правец од нас? Понатаму, тоа е исто така силна желба. Некои луѓе знаат дека тоа не е добро, но тие едноставно не можат да се откажат. Всушност, дозволете ми да кажам дека немаат исправни мисли за да бидат водени од нив, и за нив нема да биде лесно да се откажат на овој начин. Како практикант, зошто не го гледаш тоа како приврзаност што треба да биде напуштена и пробај да видиш дали можеш да престанеш. Ви препорачувам на сите, ако навистина сакате да се култивирате, отсега па натаму треба да престанете да пушите, и гарантирано е дека ќе можете да престанете. Во полето на овој курс, никој не мисли на пушењето цигара. Ако сакаш да престанеш, гарантирано е дека можеш да го сториш тоа. Кога повторно ќе запалиш цигара, вкусот нема да биде добар. Ако го читаш ова предавање во книгата, тоа ќе го има истиот ефект. Се разбира, ако не сакаш да практикуваш култивација, ние нема да се грижиме за тоа. Мислам дека како практикант, треба да го оставиш пушењето. Јас еднаш го користев овој пример: Дали некогаш си видел некој Буда или Тао како седи таму со цигара во устата? Како е тоа можно? Како практикант, која е твојата цел? Не треба ли да се откажеш од тоа? Затоа, јас велам дека ако сакаш да се

култивираш, треба да се откажеш од пушењето. Тоа му штети на твоето тело, а исто така е желба. Тоа е сосема спротивно од барањата за нашите практичари.

## Љубомора

Кога подучувам Фа, често го поставувам прашањето за љубомората. Зошто? Затоа што љубомората е многу силно изразена во Кина. Таа е толку силна, што веќе станала природна и луѓето дури не ја ни чувствуваат. Зошто Кинезите ја имаат оваа силна љубомора? Тоа има свои корени. Кинескиот народ во минатото беше под силно влијание на конфучијанизмот и тие имаат развиено интровертен карактер. Кога се лути или среќни, тие не го покажуваат тоа. Тие веруваат во самоконтрола и толеранција. Бидејќи веќе се навикнаа на овој начин, нашиот народ во целост има развиено многу повлечен карактер. Секако, тоа има свои предности како што е непокажување на внатрешната сила. Но, тоа исто така има и свои недостатоци и може да предизвика негативни несакани последици. Особено во овој период на крајот на дармата, негативните аспекти станаа позабележителни и може да поттикнат продлабочување на љубомората. Ако за некого е објавена некоја добра вест, другите веднаш ќе станат многу љубоморни. Некои луѓе се плашат да ги спомнат своите награди, или некои придобивки на нивните работни места, или на друго место, инаку другите ќе се чувствуваат непријатно кога ќе дознаат. Луѓето на запад тоа го викаат „ориентална љубомора” или „азиска љубомора”. Целиот азиски регион, поради влијанието на кинескиот конфучијанизам, повеќе или помалку е ваков. Особено во Кина, тоа се покажува многу силно.

Оваа љубомора е некако поврзана со апсолутниот егалитаризам што некогаш се практикувал. На крајот на краиштата, ако падне небото, сите треба да умрат заедно, ако има нешто добро, сите треба да земат еднаков дел, сите треба да добијат еднакво зголемување на платата, без разлика на процентот на покачување. Кога сите се третираат подеднакво, се чини дека тоа е фер. Во реалноста, како луѓето можат да бидат исти? Работата која ја извршуваат е различна, како и степенот до кој ги исполнуваат своите одговорности. Во овој универзум постои принцип наречен „без загуба, нема добивка“. За да се добие, мора да се изгуби. Меѓу секојдневните луѓе се смета дека не може да се добива доколку не се работи за тоа. Кој работи повеќе, добива повеќе, оние кои работат помалку, добиваат помалку. Колку повеќе напори некој направи, толку повеќе заслужува да добие. Апсолутниот егалитаризам практикуван во минатото тврдеше дека сите се родени еднакви и дека постнаталниот живот ги менува

луѓето. Сметам дека оваа изјава е премногу апсолутна. Кога нешто ќе се направи апсолутно, станува неточно. Зошто некои луѓе се раѓаат со машки пол, а други со женски пол? Зошто не си личат? Луѓето не се раѓаат исти, бидејќи некои се раѓаат болни или хендикепирани. Од високите нивоа можеме да видиме дека целиот живот на еден човек се наоѓа во една друга димензија. Како можат да бидат исти? Сите луѓе сакаат да бидат еднакви. Кога нешто не е дел од нечиј живот, како можат да бидат еднакви? Луѓето не се исти.

Луѓето во западните земји се релативно отворени. Може да се види кога се среќни или лути. Ова има свои предности, но има и свои недостатоци, и може да доведе до недостиг на воздржаност. Бидејќи двата темперамента се различни во начинот на размислување, тие предизвикуваат различни последици при вршење на работите. Ако Кинезот е пофален од својот претпоставен или добие некои добри работи, на другите тоа ќе им биде непријатно. Ако добие поголем бонус, тој скришно ќе го стави во џебот, и не смее да им дозволи на другите да дознаат за тоа. Во денешно време тешко е да се биде примерен работник. „Ти си примерен работник. Ти можеш да го направиш тоа. Треба рано наутро да дојдеш на работа и да си одиш дома доцна навечер. Ти можеш да ја направиш целата оваа работа бидејќи си добар во тоа. Ние не сме доволно добри." Луѓето ќе бидат саркастични и цинични и затоа не е лесно дури и да се биде добар човек.

Ако тоа се случи во други земји, ќе биде сосема различно. Ако шефот открие дека овој работник денес добро работи, шефот може да му даде поголем бонус. Тој радосно ќе ги брои парите пред колегите: „Супер, шефот денес ми даде толку многу пари." Тој може радосно да им каже за тоа на другите, без да има последици. Ако тоа се случи во Кина, некој да заработи дополнителен бонус, дури и шефот ќе му рече на тој човек да го скрие и да пази другите да не го видат. Во други земји, ако некое дете добие сто бодови на тестот, тоа ќе трча радосно од училиште до дома, весело викајќи: „Јас постигнав сто бодови денес! Јас имам постигнато сто бодови!" Детето ќе трча до дома по целиот пат од училиште. Соседот ќе ја отвори вратата и ќе рече: „Еј Том, добро дете." Друг сосед може да го отвори прозорецот: „Еј Џек, добро си го направил тоа. Добро момче." Ако ова се случи во Кина, тоа ќе биде катастрофа. „Постигнав сто бодови, постигнав сто бодови." Детето трча дома од училиште. Дури и пред да ја отвори вратата, соседот веќе почнува да пцуе во куќата: „Што е толку посебно да добиеш сто бодови? Фалење! Кој не постигнал сто бодови?" Двата менталитети ќе дадат различни резултати. Тоа може да предизвика љубомора, затоа што ако

некој добро му иде, наместо да се чувствуваат среќни заради него, луѓето ќе се почувствуваат непријатно. Може да доведе до овој проблем.

Пред неколку години беше практикуван апсолутен егалитаризам кој го поремети размислувањето и вредностите кај луѓето. Дозволете да ви дадам еден специфичен пример. На работното место, некој човек може да чувствува дека другите не се способни како него. Што и да прави тој, тоа го прави добро. Се чувствува навистина извонредно. Тој си мисли во себе си: „Јас сум квалификуван да бидам директор или менаџер на фабриката, па дури и да бидам на повисока позиција. Мислам дека би можел да бидам дури и премиер." Шефот исто така може да каже дека овој човек е навистина способен и може да постигне се. Соработниците можат да го кажат истото дека тој е навистина способен и талентиран. И покрај тоа може да има друг човек во истата работна група или кој ја дели со него истата канцеларија и е сосема неспособен и во ништо не е добар. Сепак, еден ден овој неспособен човек наместо него добива унапредување, па дури и станува негов претпоставен. Тој чувствува немир во своето срце, мисли дека тоа е неправедно и се жали на шефот и соработниците, чувствувајќи се многу вознемирен и прилично љубоморен.

Ви го кажувам овој принцип кој секојдневните луѓе не се во состојба да го разберат. Можеби мислиш дека си добар во се, но во твојот живот го нема тоа. Тој човек во ништо не е добар, но неговиот живот го има тоа и тој ќе стане шеф. Без оглед на тоа како размислуваат секојдневните луѓе, тоа е само од гледна точка на секојдневните луѓе. Од гледна точка на еден повисок живот, развојот на човечкото општество напредува според специфичен закон за развој. Затоа, она што некој го прави во животот не е уредено врз основа на неговите способности. Будизмот верува во принципот на кармичка одмазда. Животот на човекот е уреден според неговата карма. Без оглед на тоа колку си способен, ако немаш де, можеби ништо нема да имаш во овој живот. Ти мислиш дека другиот човек во ништо не е добар, но тој има многу де. Тој би можел да стане службеник на висока позиција или да стекне големо богатство. Обичниот човек не може да го разбере ова и секогаш верува дека треба да го прави токму она за што е способен. Затоа тој се натпреварува и бори целиот свој живот со тешко рането срце. Можеби се чувствува многу огорчен и изморен, секогаш наоѓајќи ги за неправедни овие работи. Не може добро да јаде и добро да спие и се чувствува тажен и разочаран. Кога ќе остари, ќе заврши со лошо здравје, и ќе се појават секакви болести.

Особено нашите практичари не треба да бидат вакви, затоа што практикантот треба да го следи природниот тек. Ако нешто е твое, нема да го

изгубиш. Ако нешто не е твое, нема да го имаш дури и ако се бориш за него. Секако, тоа не е апсолутно. Ако тоа беше така апсолутно, не би постоело прашањето за правење на лоши дела. Со други зборови, постојат некои нестабилни фактори. Но како практичар, ти си во принцип заштитен од фашенот на учителот. Другите не можат да го одземат она што е твое, дури и ако го сакаат тоа. Затоа ние веруваме во следење на природниот тек. Понекогаш мислиш дека нешто е твое, а другите исто така можат да ти кажат дека е твое. Всушност, не е така. Можеби веруваш дека е твое, но на крајот не е твое. Со ова може да се види дали можеш да се откажеш. Ако не можеш да го оставиш, тоа е приврзаност. Овој метод мора да се користи за да се ослободиш од приврзаноста кон личниот интерес. Ова е тој проблем. Бидејќи секојдневните луѓе не се просветлени во овој принцип, сите тие ќе се натпреваруваат и борат за добивка.

Меѓу секојдневните луѓе, љубомората се прикажува многу силно. Исто така, таа е доста забележлива и во заедницата на култиватори. Не постои почит меѓу различните практики на чигонг, како „твојата пракса е добра" или „неговата пракса е добра" – се прават и позитивни и негативни коментари. Според мене, сите тие припаѓаат на нивото на лекување и одржување на здравјето. Меѓу оние меѓусебно оспорувани практики, повеќето од нив припаѓаат на хаотични практики донесени од опседнувачки духови или животни, и тие не го ценат шиншингот. Некој човек можеби вежбал чигонг повеќе од дваесет години и не развил никакви натприродни способности, додека друг човек ги стекнал наскоро по започнувањето на праксата. Овој човек ќе мисли дека тоа е неправедно: „Вежбав повеќе од дваесет години без да развијам никакви натприродни способности, а тој ги развил. Каков вид на натприродни способности има тој?" Овој човек ќе се разлути: „Тој има опседнатост од дух или животно и доживува култивациско лудило." Кога чигонг мајсторот држи предавање, некој може да седи таму со непочитување: „О, каков чигонг мајстор е тој? Јас дури не сум заинтересиран да слушам што вели тој." Чигонг мајсторот можеби навистина не умее да зборува толку добро како овој човек. Сепак, тоа за што зборува чигонг мајсторот се само работи кои припаѓаат на неговата школа. Овој човек учи се и присуствувал на предавања на сите чигонг мајстори и има куп добиени сертификати. Навистина, овој човек знае многу повеќе од тој чигонг мајстор. Но, за што служи тоа? Сето тоа е само за лекување и одржување на здравјето. Колку повеќе се полни со тоа, толку повеќе хаотични и комплицирани пораки ќе добива и ќе му биде потешко да практикува култивација – сето тоа е збркано. Вистинската култивација учи да се следи еден пат и не треба да се оди странично. Ова се случува исто така и кај вистински практичари, со взаемно

непочитување и неелиминирање на приврзаноста кон конкуренцијата што може лесно да доведе до љубомора.

Дозволете ми да ви раскажам една приказна. Во книгата Канонизација на Боговите, Шен Гонгбао сметал дека Џианг Зија е стар и неспособен. Но, Првобитниот Бог на небото побарал од Џианг Зија да им додели титули на бесмртните. Шен Гонгбао почувствувал во своето срце дека тоа е неправедно. „Зошто тој е замолен да им додели титули на бесмртните? Гледаш ли колку сум способен. Откако ќе ми се отсече главата, јас можам повторно да ја вратам на своите рамена. Зошто јас не бев замолен да им доделувам титули на бесмртните?" Тој беше толку љубоморен што секогаш му предизвикуваше проблеми на Џианг Зија.

Во оригиналниот будизам во времето на Шакјамуни се зборувало за натприродни способности. Во денешно време во будизмот, никој повеќе не се осмелува да спомне натприродни способности. Ако ги спомнеш натприродните способности, тие ќе речат дека имаш култивациско лудило. „Какви натприродни способности?" Тие воопшто нема да ги препознаат. Зошто е така? Во моментов, дури и монасите не знаат за што се работи. Шакјамуни имаше десетина големи ученици, од кои за Мучианлиан беше речено дека е прв во натприродни способности. Шакјамуни исто така имал и женски ученици, а меѓу нив Лианхуасе беше прва во натприродни способности. Истото важеше и кога будизмот беше воведен во Кина. Низ историјата, имало многу успешни монаси. Кога Бодидарма дошол во Кина, јавал на стебленце трска за да ја премине реката. Сепак, со развојот на историјата, натприродните способности биле се повеќе отфрлани. Главната причина е таа што луѓето како што се постарите монаси, надзорниците и игумените во храмовите не се нужно со голем вроден квалитет. Иако тие се игумени или постари монаси, ова се само позиции на секојдневните луѓе. Тие се исто така практичари, само што професионално се култивираат. Вие се култивирате дома како аматери. Дали некој ќе успее во култивацијата зависи целосно од култивирање на срцето. Истото важи за сите, и не може да се отстапи ни малку. Но помладиот монах, кој ги готви оброците можеби нема слаб вроден квалитет. Колку повеќе страда овој помлад монах, толку му е полесно да постигне отклучување на гонгот. Колку поудобно живеат постарите монаси, толку потешко им е да достигнат отклучување на гонгот, бидејќи се појавува прашањето за трансформација на кармата. Помладиот монах секогаш работи напорно и неуморно. Тој може побрзо да ја врати својата карма и да стане просветлен. Можеби еден ден одеднаш ќе постигне отклучување на гонгот. Со ова отклучување на гонгот, просветлување или полу-просветлување, ќе се

појават и неговите натприродни способности. Сите монаси во храмот ќе дојдат да му поставуваат прашања, и сите ќе го почитуваат. Но, игуменот нема да може да го поднесе тоа: „Како можам се уште да бидам игумен? Кое просветлување? Тој доживува култивациско лудило. Истерајте го од овде." Така, храмот го протерува помладиот монах. Со текот на времето, никој во кинескиот будизам не се осмелувал да спомне за натприродни способности. Знаете колку беше способен Џигонг. Можеше да ги премести стеблата од планината Емеи и да ги фрли од еден бунар едно по друго. Сепак, на крајот и покрај тоа беше избркан од Лингџин храмот.

Прашањето за љубомората е многу сериозно затоа што директно се однесува на тоа дали можеш да ја завршиш култивацијата. Ако љубомората не биде отстранета, се што си култивирал ќе биде кревко. Постои ова правило: Ако во текот на култивацијата не се отстрани љубомората, нема да се постигне вистинско постигнување – апсолутно не. Можеби порано сте слушнале дека Буда Амитаба зборувал за одење во рај со карма. Но тоа нема да се случи без да се отстрани љубомората. Можеби е можно некој да не е доволно добар во некои помали аспекти и да оди во рај со кармата за да се култивира понатаму. Но тоа е апсолутно невозможно ако љубомората не биде отфрлена. Денес јас им велам на практикантите дека не треба да седите во темница без да се просветлите во тоа. Целта што сакате да ја постигнете е да се култивирате кон повисоките нивоа. Приврзноста кон љубомората мора да биде отстранета, па затоа во предавањево го издвоив ова прашање.

## Прашање за лекување на болестите

Што се однесува до лекувањето на болестите, јас не ве учам да лекувате болести. Ниту еден вистински ученик на Фалун Дафа не треба да лекува болести на другите луѓе. Штом еднаш лекуваш некоја болест, мојот фашен ќе ги земе назад сите работи во твоето тело добиени од Фалун Дафа. Зошто ова прашање се сфаќа толку сериозно? Затоа што тоа е феномен што ја поткопува Дафа. Ти ќе му наштетиш не само на сопственото здравје. Веднаш штом некои луѓе ќе излекуваат одредена болест, тие ќе сакаат повторно да го направат тоа. Тие ќе го земат секој што ќе видат за да му ги лекуваат болестите и за да се докажат. Зарем ова не е приврзаност? Тоа сериозно ја попречува нечија култивациска практика.

Многу лажни чигонг мајстори ја искористуваат желбата на секојдневните луѓе да лекуваат пациенти, откако ќе научат чигонг. Тие ќе те научат на овие работи и ќе тврдат дека со емитување на чи може да се лекуваат болестите. Зарем ова не е шега? Ти имаш чи, а другиот човек исто така има чи. Како можеш да го лекуваш со твојот чи? Можеби неговиот чи ќе го победи твојот! Не постои ограничување помеѓу овој чи и тој чи. Кога некој развива гонг во култивацијата на високо ниво, она што го создава е високоенергетска материја која навистина може да залечи, да потисне и да контролира некоја болест, но не може да ја отстрани основната причина. Затоа, за да може вистински да се лекува некоја болест и целосно да се излечи, потребни се натприродни способности. За лекување на секоја болест постои специфична натприродна способност. Што се однесува до натприродните способности за лекување на болестите, би рекол дека има над илјада видови и дека има толку многу натприродни способности колку што има и болести. Без овие натприродни способности тоа е бескорисно, без разлика на тоа каков итар третман ќе користиш.

Во последниве години, некои луѓе ја направија заедницата на култиватори многу хаотична. Меѓу оние вистински чигонг мајстори кои излегоа во јавноста за да помогнат на луѓето да се лекуваат и да го одржат здравјето, или оние што го трасирале патот уште на самиот почеток, кој од нив ги научил луѓето да лекуваат пациенти? Тие секогаш ја третираа твојата болест или ти покажуваа како да практикуваш култивација или да го одржуваш своето здравје. Тие те научиле збир на вежби, за потоа да можеш сам да ја лекуваш својата болест преку твојата сопствена практика. Подоцна, лажните чигонг мајстори излегоа во јавност и направија приличен неред. Секој што сака да лекува пациенти со чигонг, ќе привлече опседнатост од дух или животно – тоа е дефинитивно така. Под овие околности во тоа време, некои чигонг мајстори лекувале пациенти. Тоа беше во соработка со космичката клима во тоа време. Сепак, чигонгот не е вештина на секојдневните луѓе и овој феномен не можеше вечно да трае. Тоа резултираше од промените на космичката клима во тоа време, тоа беше само производ на тој временски период. Подоцна, некои луѓе се специјализирале да ги подучуваат другите во лекување на болестите, а со тоа создадоа неред. Како може еден секојдневен човек за три или пет дена да научи да третира некоја болест? Некој тврди: „Јас можам да ја излекувам оваа болест или онаа болест." Дозволете ми да кажам дека сите овие луѓе се опседнати од духови или животни. Дали тие знаат што им е закачено на грбот? Тие имаат опседнатост од дух или животно, но тие ниту го чувствуваат, ниту го знаат тоа. Сепак, тие можеби се чувствуваат многу добро и мислат дека се способни.

Вистинските чигонг мајстори мора да поминат низ многу години напорна работа во нивната култивација за да ја постигнат оваа цел. Кога лекуваш пациент, дали некогаш си размислил дали ги имаш тие моќни натприодни способности за да ја отстраниш кармата на тој човек. Дали некогаш си добил вистинско учење? Како може да научиш да лекуваш болести за три или пет дена? Како можеш да излечиш некоја болест со рацете на обичен човек? Како и да е, таквиот лажен чигонг мајстор ги користи твоите слабости и човечки приврзаности. Не бараш ли да лекуваш болести? Добро, овој човек ќе организира курс за третман каде специјално ќе те научи некои методи за лекување, како што се чи игли, метод на користење светлина, испуштање на чи, надоместок на чи, таканаречената акупресура и таканареченото фаќање со рака. Постојат најразлични методи за да ги земат твоите пари.

Да поразговараме за методот на фаќање со рака. Она што го видовме е следнава ситуција. Зошто луѓето се разболуваат? Основната причина за нечија болест и сите негови несреќи е кармата и црната супстанца во полето на кармата. Тоа е нешто негативно и лошо. Тие злобни суштества се исто така нешто негативно и сите тие се црни. Така, тие можат да дојдат затоа што оваа околина им одговара. Ова е основната причина за нечија болест, таа е најважниот извор на болести. Се разбира, постојат и две други форми. Едната е многу микроскопско суштество со голема густина, што личи на грозд од карма. Другата е како доставена преку цевовод, но тоа ретко се гледа, сето тоа е акумулирано од нечии предци. Постојат и такви случаи.

Да поразговарме за најчестите болести. Некој може негде во телото да има тумор, инфекција, израсток на коските и т.н. Ова е затоа што во друга димензија лежи битие на тоа место. Тоа битие е во многу длабока димензија. Еден обичен чигонг мајстор или некој со обична натприродна способност не е во состојба да го открие, тие можат да го видат само црното чи на нечие тело. Точно е да се каже дека каде има црно чи таму има болест. Сепак, црното чи не е основната причина за заболувањето. Причината е што постои битие во подлабока димензија кое го создава ова поле. Така некои луѓе зборуваат за празнење и отстранување на црното чи – повели да го отстраниш по желба! Набргу потоа, повторно ќе се формира, бидејќи некои суштества се многу моќни и можат да го вратат ова чи веднаш штом се отстрани, тие можат сами да го вратат. Третманите едноставно не функционираат без разлика на тоа како се спроведуваат.

Според оние што гледаат со натприродни способности, таму каде што има црн чи, се мисли дека има патоген чи. Лекарот по кинеска медицина ќе види

дека енергетските канали се блокирани на тоа место бидејќи чи и крвта не циркулираат, а во енергетските канали има застој. За лекарот по западна медицина, на тоа место има симптом на чир, тумор, израсток на коските или воспаление, и т.н. Кога се манифестира во оваа димензија, тоа е во оваа форма. Откако ќе го отстраниш тоа битие, ќе откриеш дека нема ништо лошо со телото во оваа димензија. Без разлика дали станува збор за издаденост на интервертебралниот диск или за израсток, откако ќе го отстраниш и ќе го исчистиш тоа поле, ќе видиш дека веднаш е излечено. Може да направиш друга рентген снимка и ќе откриеш дека израстокот исчезнал. Основната причина е што ова суштество го произведува тој ефект.

Некои луѓе тврдат дека со тоа што те учат за методот на фаќање со рака, за три или пет дена ќе можеш да лечиш болести. Покажи ми го твојот метод на фаќање! Човечките суштества се најслаби, додека тоа битие е прилично застрашувачко. Тоа може да го контролира твојот ум, и лесно да те манипулира по желба. Тоа дури може и лесно да го одземе твојот живот. Ти тврдиш дека можеш да го зграбиш. Како го зграпчуваш? Не можеш да го фатиш со рацете на обичен човек. Ти можеби ќе фаќаш бесцелно, а тоа ќе те игнорира и ќе ти се смее зад грб – бесцелното фаќање е толку смешно. Ако навистина можеш да го допреш, тоа веднаш ќе ги повреди твоите раце. Тоа ќе биде вистинска повреда! Видов некои луѓе на кои рацете им изгледаа нормално на било каков преглед. Нивните тела и раце не беа болни, но не можеа да ги кренат рацете кои само им висеа. Наидов на таков пациент: неговото тело во друга димензија беше повредено – во тој случај тој беше навистина парализиран. Ако тоа твое тело е повредено, зарем не си парализиран? Некои луѓе ме прашуваат: „Учителу, дали ќе можам да вежбам чигонг? Имав операција за стерилизација" или „Имав нешто отстрането од моето тело." Јас им реков: „Не е важно бидејќи твоето тело во другата димензија немаше операција, а во чигонг практиката тоа е телото врз кое се дејствува." Затоа, јас само викам дека кога ќе се обидеш да го дофатиш, тоа ќе те игнорира ако не можеш да го достигнеш. Ако го допреш, може да ти ја повреди раката.

За да поддржам еден голем државен чигонг собир, зедов со себе некои ученици за да учествуваме на Ориенталните саеми на здравјето во Пекинг. На двата саеми ние бевме најистакнатата практика. На првиот саем, нашата Фалун Дафа беше прогласена за „ѕвезда на чигонг школите." На вториот саем нашиот штанд беше толку преполн, што едноставно не можевме да излеземе на крај со тоа. На другите изложбени штандови немаше многу луѓе, но нашиот штанд беше преполн со луѓе. Имаше три реда за чекање. Првиот ред беше за оние кои се

регистрираа рано наутро за утринскиот третман, вториот ред чекаше за да се регистрираат за попладневниот третман, а во третиот ред се чекаше за мој автограм. Ние не лекуваме болести. Зошто го сторивме тоа? Бидејќи тоа беше поддршка за еден голем државен чигонг собир и да го дадеме својот придонес за оваа цел, поради тоа ние учествувавме во истиот.

Јас го поделив мојот гонг на учениците кои беа таму со мене. Секој од нив доби еден дел што претставуваше енергетски грозд составен од над сто натприродни способности. Им ги запечатив рацете со гонг, но и покрај тоа рацете на некои луѓе беа изгризени до степен на плускавици или крварење, и ова дури се случуваше многу често. Тие суштества беа многу злобни. Дали мислиш дека смееш да ги допреш со рацете на обичен човек? Покрај тоа, ти не можеш да го достигнеш. Тоа нема да успее без ваков вид натприродна способност. Ова е затоа што во другата димензија тоа ќе знае што и да сакаш да направиш – веднаш штом ќе помислиш на тоа. Кога ќе се обидеш да го дофатиш, тоа веќе е избегано. Веднаш штом пациентот излезе низ вратата, веднаш ќе се врати таму, а болеста ќе се врати. За да го направиш тоа, потребна е таква натприродна способност во која нечија рака се протега и „Бам!" - ќе го закова таму. Откако ќе го заковаме таму, имаме уште една натприродна способност која порано се нарекуваше „голем метод за фаќање на души" и таа натприродна способност е уште помоќна. Може да ја извади нечија првобитна душа и моментално човекот нема да може да се движи. Оваа натприродна способност има своја специфична цел, и ние само ја користиме за да го зграбиме него. Секој знае дека иако Сун Вуконг бил сметан за многу голем, еден татагата може да ја искористи чинијата за да го претвори Сун Вуконг во многу мал, со тоа што ќе го покрие со неа. Таа натприродна способност може да го има тој ефект. Без разлика на тоа колку е големо или мало ова суштество, штом ќе се фати во раката, веднаш ќе стане многу мало.

Освен тоа, не е дозволено да се стави нечија рака во физичкото тело на пациентот и нешто да се извади надвор. Ова би довело до нарушување во човечкиот начин на размислување во обичното човечко општество и тоа е апсолутно забрането. Дури и да е можно, не смее да биде направено на овој начин. Раката која се вовлекува е раката во друга димензија. Да претпоставиме дека некој има срцево заболување. Кога оваа рака се движи кон срцето за да го зграби тоа битие, раката во другата димензија се движи во телото и тоа ќе биде веднаш фатено. Додека вашата надворешна рака го фаќа, двете раце се затвораат одеднаш и го зграбуваат. Тоа е многу злобно и понекогаш се движи во рацете и се обидува да ги пробие, а понекогаш гризе и вреска. Иако се чини

дека е многу мало во вашите раце, тоа ќе стане многу големо ако го пуштите од рацете. Ова не е нешто што може секој да го допре. Без таква натприродна способност, никој воопшто не може да го допре. Тоа е сосема различно од она што го замислуваат обичните луѓе.

Се разбира, оваа форма на лекување со чигонг може да се дозволи да постои во иднина, бидејќи и во минатото отсекогаш постоела. Но мора да постои еден услов: Овој човек мора да биде практикант. Во текот на култивацијата на тој човек, поради неговото сочувство, дозволено е да го стори тоа за неколку добри луѓе. Но тој не може целосно да ја елиминира нивната карма бидејќи нема доволно голема доблест. Затоа неволјите се уште ќе постојат, но специфичните болести ќе бидат излечени. Обичниот чигонг мајстор не е човек кој достигнал Тао во култивацијата. Тој само може да ги одложи болестите за покасно или можеби да ги трансформира. Тој би можел да ги претвори во друга несреќа, но сепак, самиот можеби нема да знае ништо за овој процес на одложување. Ако неговата практика ја култивира споредната свест, тогаш тоа го прави неговата споредна свест. Практикантите во некои практики се чини дека се многу познати. Многу добро познати чигонг мајстори немаат гонг бидејќи нивниот гонг расте на телото на нивната споредна свест. Тоа значи дека на некои луѓе им е дозволено да прават вакви работи во тек на култивацијата затоа што и понатаму остануваат на ова ниво. Тие вежбаат повеќе од една деценија или неколку децении и се уште не можат да го надминат ова ниво. Значи, во текот на животот, тие секогаш примаат пациенти. Бидејќи остануваат на ова ниво, дозволено им е да го прават тоа. На учениците на Фалун Дафа им е апсолутно забрането да лекуваат пациенти. На пациентот можеш да му ја читаш оваа книга. Ако пациентот може да го прифати тоа, неговите болести можат да се излечат. Но резултатите ќе се разликуваат според количината на кармата на секој човек.

## Болничко лекување и чигонг лекување

Да разговараме за односот меѓу болничкото лекување и лекувањето со чигонг. Некои доктори од западната медицина не го признаваат чигонгот и тоа може да се каже за повеќето од нив. Нивното мислење е дека ако чигонгот може да лекува болести, тогаш за што ни требаат болниците? „Вие треба да ги замените нашите болници! Бидејќи вашиот чигонг може да ја излекува болеста со рака и без употреба на инјекции, лекови или болнички престој, зар не би било убаво ако можете да ги замените нашите болници?" Оваа изјава не е рационална ниту

разумна, некои луѓе не го познаваат чигонгот. Всушност, чигонг лекувањето не може да биде исто со третманите на обичните луѓе, зашто не е вештина на обичните луѓе – но е нешто натприродно. Па како нешто толку натприродно може да се дозволи да се меша во обичното човечко општество во голем обем? Буда е силен и способен и би можел да ги избрише сите болести на човештвото само со замавнување на раката. Зошто не го стори тоа? Покрај тоа, има толку многу Буди. Зошто не ја покажат својата милост и не ја излекуваат твојата болест? Затоа што обичното човечко општество постои на таков начин. Раѓањето, староста, болеста и смртта се само такви состојби. Сите тие имаат кармички причини и претставуваат кармичка одмазда. Ако имаш долг, мораш да го отплатиш.

Ако лекуваш нечии болести, тоа ќе значи дека го кршиш тој принцип, бидејќи некој би можел да прави лоши дела без да плати за нив. Како е можно тоа? Како човек кој се култивира, кога ја немаш оваа голема способност целосно да го решиш овој проблем, поради сочувство дозволено ти е да лекуваш пациент. Затоа што се појавило твоето сочувство, дозволено ти е да го сториш тоа. Но ако навистина можеш да го решиш овој вид на проблем, нема да ти биде дозволено да го правиш тоа во големи размери. Во тој случај сериозно би ја поткопал стабилноста на обичното човечко општество – а тоа не е дозволено. Затоа, заменувањето на болниците на секојдневните луѓе со чигонг нема воопшто да функционира бидејќи чигонгот е натприроден Фа.

Ако биде дозволено да се формираат чигонг болници во Кина и многу големи чигонг мајстори излезат да лекуваат, што мислиш како би изгледало тоа? Тоа нема да биде дозволено затоа што сите треба да ја одржуваат состојбата на обичното човечко општество. Доколку се отворат чигонг болници, чигонг клиники, чигонг здравствени центри и чигонг одморалишта за лекување, ефикасноста во лекувањето на чигонг мајсторите значително би се намалила, а резултатите од третманите одеднаш нема да бидат добри. Зошто? Бидејќи тие го прават ова нешто меѓу секојдневните луѓе, нивниот Фа мора да биде висок како оној на секојдневните луѓе. Тие треба да останат на исто ниво како што е состојбата на секојдневните луѓе. Нивната ефикасност во лекувањето мора да биде иста како онаа во болницата. Значи, нивните третмани нема добро да функционираат, а исто така ќе им требаат неколку таканаречени „сесии на терапија” за да излекуваат некоја болест. Обично тоа е така.

Со или без чигонг болници, никој не може да негира дека чигонгот може да лекува болести. Чигонгот е многу долго популарен во јавноста. Многу луѓе навистина ја постигнале целта за лекување на болестите и одржување на

здравјето со вежбање. Без разлика дали болеста била отстранета од чигонг мајстор или се излекувала на друг начин, болеста на крајот исчезнала. Со други зборови, никој не може да негира дека чигонгот може да лекува болести. Повеќето луѓе кои побарале помош од чигонг мајстор се оние со тешки и комплицирани болести што не можат да се лекуваат во болница. Тие одат кај чигонг мајсторите за да си ја пробаат среќата, и болестите евентуално се излекувани. Оние кои што можат да ги лекуваат своите болести во болниците, нема да бараат чигонг мајстори. Особено на почетокот, сите размислуваат на овој начин. Чигонгот може да лекува болести, но не може да се применува како другите работи во обичното човечко општество. Додека голема примена апсолутно не е дозволена, дозволено е тоа да се прави во мали размери или како неупадлива и тивка практика. Но тоа нема целосно да ја излекува болеста – ова е исто така сигурно. Најдобар начин за еден човек да ги лекува своите болести е самиот да вежба чигонг.

Има и некои чигонг мајстори кои тврдат дека болниците не можат да лекуваат болести и дека ефикасноста на болничкото лекување е само ваква или таква. Што треба да кажеме за тоа? Секако, тоа вклучува причини од многу области. Според мене, основната причина е што човечките морални вредности се паднати до многу ниско ниво, и тоа довело до многу лажни заболувања кои болниците не можаат да ги лекуваат. Исто така, земањето на лекови не е ефикасно. Постојат и многу лажни лекови. Се ова се должи на степенот до кој е пропаднато човечкото општество. Никој не треба да ги обвинува другите за тоа, бидејќи секој додавал масло на огнот. Поради тоа, сите наидуваат на неволји во култивациската практика.

Некои заболувања не можат да бидат откриени во болница, иако луѓето се навистина болни. На некои луѓе им се дијагностицирани болести кои немаат имиња бидејќи до сега не биле видени. Болниците нив ги нарекуваат „модерни заболувања”. Можат ли болниците да лекуваат болести? Секако дека можат. Ако болниците не би можеле да лекуваат болести, зошто луѓето би верувале во нив и би оделе таму на лекување? Болниците се уште можат да лекуваат болести, но нивните средства за лекување припаѓаат на нивото на обичните луѓе, додека болестите се натприродни. Некои болести се многу сериозни, па така во болниците се бара рано да се започне со лекувањето, ако некој има таква болест. Ако стане многу сериозно, болниците се беспомошни, бидејќи предозирањето со лекови може да го отруе човекот. Сегашните медицински третмани се на исто ниво како нашата наука и технологија – сите тие се на нивото на секојдневните луѓе. Затоа, тие имаат само таков ефект во лекувањето.

Едно прашање што треба да се разјасни е дека просечните чигонг третмани и болничките третмани само ги одложуваат неволјите кои се основната причина за зболувањата за преостанатата половина од животот или за подоцна. Кармата воопшто не се отстранува.

Дозволете ни да поразговараме за кинеската медицина. Кинеската медицина е многу слична на чигонг лекувањето. Во стара Кина, натприродните способности беа вообичаени за речиси сите кинески лекари, како што се оние големи медицински научници: Сун Симиао, Хуатуо, Ли Шицен и Биан Куе. Сите тие имале натприродни способности кои се забележани во медицинските текстови. Сепак, сега овие одлични работи често се критикуваат. Она што го наследила кинеската медицина се само рецептите и искуствата од испитувањата. Старата кинеска медицина беше многу напредна, а степенот на нејзиниот напредок беше над сегашната медицинска наука. Некои луѓе можеби мислат дека современата медицина е многу напредна, со своите КТ-скенирања за да се испита внатрешноста на човечкото тело, и со нејзините ултразвучни тестови, фотографски снимки и Х-зраци. Иако модерната опрема може да биде доста напредна, според мене таа е се уште инфериорна во однос на старата кинеска медицина.

Хуатуо видел тумор на мозокот на Цаоцао и сакал да го оперира. Цаоцао мислел дека Хуатуо сака да го убие, и затоа го затворил Хуатуо. Како резултат на тоа, Хуатуо умрел во затвор. Кога се повратила болеста на Цаоцао, тој се сетил на Хуатуо и го барал, но Хуатуо веќе бил мртов. Подоцна, Цаоцао навистина умрел од оваа болест. Зошто Хуатуо го знаел ова? Тој го видел тоа. Ова е наша човечка натприродна способност што ја имале сите големи лекари во минатото. Откако е отворено небесното око, од една страна, истовремено можат да се видат сите четири страни на човечкото тело. Однапред може да се видат задната, левата и десната страна. Може да се гледа слој по слој, или да се гледа над оваа димензија, и да се види основната причина за некоја болест. Дали современите медицински средства можат да го сторат тоа? Далеку од тоа дека можат. Можеби ќе требаат уште илјада години! КТ-скенерите, ултразвукот и Х-зраците можат да ја испитаат внатрешноста на човечкото тело, но опремата е прегломазна, а таквите големи работи не можат да се пренесуваат, ниту пак ќе работат без електрична енергија. Сепак, ова небесно око го имаме со себе, каде и да одиме и не му треба напојување. Како тие можат воопшто да се споредуваат?

Некои луѓе зборуваат за тоа колку е совршена модерната медицина. Јас би рекол дека не мора да е така, бидејќи старите кинески билки веднаш по

употребата можат да лекуваат болести. Постојат многу работи што не се пренесени, но и многу што не се изгубени и се уште се користат кај луѓето. Кога предавав во Чичихар, видов еден човек што имаше штанд на улица, и им вадеше заби на луѓето. Можеше лесно да се види дека овој човек потекнува од југ, бидејќи не беше облечен како да е од североисток. Тој не одбиваше никого што доаѓаше кај него. Им вадеше заб на сите што доаѓаа, и таму имаше еден куп извадени заби. Неговата цел не беше вадењето заби, туку да го продаде својот течен лек. Течниот лек испушташе многу густи жолти испарувања. Додека го влечеше забот, тој го отвараше шишенцето со лекот и го ставаше на образот на пациентот, кон пределот на болниот заб. Од пациентот беше побарано да ги вдишува испарувањата од жолтиот течен лек, кој едвај се трошеше. Потоа шишето со лекот ќе беше затворено и оставено настрана. Човекот вадеше кибрит од џебот. Додека зборуваше за неговиот лек, тој го туркаше болниот заб со кибритчето, и тој ќе излезеше. Не беше болно. На забот имаше само неколку траги од крв, но немаше крварење. Размислете за тоа, сите: Кибритчето може да се скрши ако се користи со многу сила, но тој го користеше за вадење заб со многу лесен допир.

Реков дека во Кина сеуште има некои работи што се пренесуваат меѓу луѓето, со кои прецизните инструменти на западната медицина не можат да се мерат. Да видиме чиј третман е подобар. Неговото кибритче може да извади заб. Ако лекарот по западна медицина сака да извади заб, лекарот ќе мора прво на пациентот да му даде инјекција со анестетици од едната и од другата страна. Инјекциите се доста болни, и мора да се почека додека анестетикот не почне да делува. Тогаш лекарот ќе го повлече забот со клешти. По многу време и напор, ако лекарот не е внимателен, коренот може да се скрши и да остане внатре во лежиштето на забот. Тогаш лекарот ќе употреби чекан и длето за да го ископа, што може да предизвика пациентот да трепери од страв и вознемиреност. Подоцна, ќе искористи прецизен инструмент за дупчење. Некои луѓе имаат толку голема болка од дупчењето, што дури потскокнуваат. Забот многу ќе крвари, и пациентот некое време ќе плука крв. Чиј тетман би рекле дека е подобар? Чиј е понапреден? Не треба да гледаме само на изгледот на алатката, но и на нејзината ефикасност. Старата кинеска медицина беше многу напредна, и денешната западна медицина нема да може да ја достигне уште многу години.

Старата кинеска наука е различна од нашата денешна наука што ја научивме од западот, бидејќи тргна по друг пат што може да доведе до поинаква состојба. Затоа, ние не можеме да ја разбереме старата кинеска наука и технологија

преку нашиот сегашен начин на разбирање. Бидејќи старата кинеска наука се фокусираше директно на човечкото тело, животот и универзумот, и директно ги проучуваше овие работи, таа имаше поинаков пристап. Во тоа време, кога учениците оделе на училиште, тие вежбале седење во медитација и добро држење на телото. Кога ќе ги подигнеле своите четкички за пишување, тие го регулирале дишењето и чи. Во сите професии верувале во празнење на умот и регулирање на дишењето, бидејќи таква беше состојбата на целото општество.

Некој рече: „Дали ќе имавме автомобили и возови ако ја следевме старата кинеска наука? Дали ќе ја имавме денешната модернизација?” Јас би рекол дека не можеш да разбереш друга околност од гледна точка на ова опкружување. Треба да има револуција во твоето размислување. Ако немаше телевизори, луѓето би ги имале во нивните чела и би можеле да гледаат се што сакаат. Тие исто така би имале натприродни способности. Без возови и авиони, луѓето би можеле да полетаат во воздухот од каде што седат, без да користат лифт. Тоа би донесло поинаква состојба на развојот на општеството и не би морало да биде ограничено во оваа рамка. Летечките чинии на вонземјаните можат да патуваат напред и назад со незамислива брзина и можат да се зголемат или смалат. Тие имаат преземено поинаков метод на развој, кој што претставува друга научна метода.

# Осма лекција

## Бигу

Некои луѓе го поставија прашањето за бигу. Овој феномен на бигу постои. Но тој не постои само во заедницата на култиватори, но и меѓу голем број луѓе во целото наше човечко општество. Некои луѓе не јадат и пијат неколку години или повеќе од една деценија, но сепак тие живеат многу добро. Постојат некои луѓе кои зборуваат дека бигу е показател на одредено ниво, додека други го сметаат за знак на прочистување на телото. Некои исто така тврдат дека тоа е процес на култивација на високо ниво.

Всушност, тоа не е ниту едно од горенаведените. Тогаш што е? Бигу всушност се однесува на еден посебен метод на култивација во одредено опкружување. Под која околност се користи? Во стара Кина, особено пред основањето на религиите, многу практичари користеле форма на тајна практика или осамена култивација во далечните планини или пештери, далеку од населените места. Штом решавале да го прифатат овој начин, тоа веднаш го вклучувало проблемот со снабдувањето со храна. Ако некој не го користел методот на бигу, не би можел воопшто да се култивира, и би умрел таму од глад и жед. Патував од Чонгчин за Вухан за да подучувам Фа, и изнајмив брод што се движеше источно по реката Јангце. Видов некои пештери на планинските падини од двете страни на Трите Клисури, нив ги има и на многу други добро познати планини. Во минатото, откако практичарот ќе се качеше во пештерата со помош на јаже, тој ќе го пресечеше јажето за да практикува во пештерата. Ако овој човек не можеше да успее во култивацијата, тој ќе умреше внатре. Без храна или вода, само под оваа многу посебна ситуација, тој мораше да го користи овој посебен метод.

Многу практики поминале низ овој наследен процес, и затоа тие користат бигу. Многу практики не користат бигу. Во денешно време, поголемиот дел од практиките објавени во јавноста не користат бигу. Рековме дека треба да бидеме посветени на една практика, и ти не треба да правиш се што сакаш. Ти можеби мислиш дека бигу е добар и го следиш. Зошто го сакаш? Некои луѓе мислат дека е добар и стануваат љубопитни и можеби мислат дека нивните

вештини се доволно добри за да се покажат. Постојат луѓе со секакви менталитети. Дури и ако овој метод се користи во култивациската практика, мора да се троши сопствената енергија за да се одржува ова физичко тело. Затоа, не се исплати. Вие знаете дека особено после основањето на религиите, некој снабдува со храна и чај за време на седењето во транс или осамената култивација во храмот. Овде тоа прашање не е вклучено. Особено, ние практикуваме култивација среде обичното човечко општество. Вие воопшто немате потреба да го користите овој метод. Покрај тоа, ако вашата школа не го вклучува тоа, не треба туку така да правите нешто по своја волја. Меѓутоа, ако вистински сакате да практикувате бигу, можеби и ќе напредувате. Колку што знам, обично кога учителот предава практика на високо ниво и навистина го води ученикот, и ако нечија школа за практикување содржи бигу, може да се случи тој феномен. Но како и да е, не може јавно да се промовира, обично ученикот се води да практикува тајно или сам.

Сега има многу чигонг мајстори кои подучуваат бигу. Успеале ли да постигнат бигу? Навистина не, на крајот. Кој успеал во тоа? Сум видел дека многу луѓе завршиле во болница, а животот на многу луѓе беше во опасност. Тогаш, зошто постои оваа состојба? Зарем не постои феноменот на бигу? Да, постои. Сепак, има една работа: Никому не му е дозволено туку така да ја поткопува состојбата на обичното човечко општество – не е дозволено таа да се нарушува. Да не спомнувам колку многу луѓе во целата земја не би морале да јадат и пијат, јас би рекол дека тоа многу би ги олеснало работите ако луѓето во областа на Чангчун не би морале да јадат и пијат! Не би морале да се грижиме за правењето оброци. Земјоделците толку многу се потат на нивите, а сега никој не треба да јаде. Тоа навистина многу би ги олеснало работите, бидејќи луѓето само би работеле, без да мораат да јадат. Како тоа може да се дозволи? Дали тоа би било човечко општество? Тоа дефинитивно е забрането, бидејќи нарушување на обичното човечко општество во толку големи размери не е дозволено.

Кога некои чигонг мајстори подучуваат бигу, загрозени се многу човечки животи. Некои луѓе своеглаво следат бигу, сепак таа приврзаност и многу други приврзаности на обичните луѓе не се отстранети. Устата на таквиот човек ќе се исполни со плунка кога ќе види некоја вкусна храна. Откако ќе се појави оваа желба, тој не може да се контролира и ќе биде вознемирен и ќе сака да јаде. Кога ќе се појави неговиот апетит, тој ќе сака да јаде, во спротивно ќе биде гладен. Сепак, тој ќе поврати ако јаде. Бидејќи не може да јаде, ќе стане многу нервозен и прилично исплашен. Многу луѓе се хоспитализирани, и всушност животот на многу луѓе е загрозен. Има луѓе кои ме бараат и ме молат да се

погрижам за овие неуредни случаи, а јас не сакам да го сторам тоа. Некои чигонг мајстори едноставно прават работи неодговорно. Никој не сака наместо нив да се грижи за овие проблеми.

Освен тоа, ако наидеш на проблеми додека практикуваш чигонг, зарем тоа не е поради твојата сопствена приврзаност? Рековме дека постојат овие феномени, но тие не се т.н. „состојба на високо ниво” или т.н. „специјални реакции”. Тоа е само метод за практикување што се користи под посебни околности, што значи дека не може да се промовира пошироко. Голем број луѓе следат бигу и го класифицираат како т.н. бигу и полубигу и го рангираат на различни нивоа. Некои луѓе тврдат дека треба да се пие само вода, додека други тврдат дека треба да се јаде само овошје. Сите тие се лажни бигу, и како што минува времето, сите тие се осудени да пропаднат. Вистинскиот практикант ќе остане во пештера без јадење и пиење – тоа е вистински бигу.

## Крадење на чи

Кога се зборува за крадење на чи, некои луѓе ќе пребледат како да се спомнал тигар, и ќе бидат премногу уплашени за да вежбаат чигонг. Поради озборувањата во врска со феноменот на култивациското лудило, кражбата на чи, и т.н. во заедницата на култиватори, многу луѓе се премногу исплашени за да практикуваат чигонг или да пристапат кон чигонгот. Да не беа овие мислења, можеби повеќе луѓе ќе практикуваа чигонг. Сепак, има чигонг мајстори со низок шиншинг кои специјално ги подучуваат овие работи. Ова ја прави заедницата на култиватори доста хаотична. Всушност, тоа не е толку страшно како што го опишуваат. Рековме дека чи е само чи, иако можеби го нарекувате „мешан основен чи”, или овој чи или оној чи. Се додека нечие тело има чи, тој е на нивото на лекување и одржување на телото, и се уште не е практикант. Се додека тој има чи, тоа значи дека неговото тело не е високо прочистено, и дека се уште има патоген чи – ова е сигурно. Луѓето кои крадат чи се исто така на нивото на чи. Кој од нашите практичари би го сакал тој нечист чи? Чи во телото на непрактикантот е многу нечист, иако со практикувањето на чигонг може да стане посветол. Значи, на заболеното место ќе се покаже многу голем грозд на црна супстанца со висока густина. Со продолжување на практикувањето, ако човекот навистина ја залечил болеста и закрепнал, неговиот чи постепено ќе станува жолт. Ако тој продолжи да практикува понатаму, болеста навистина ќе се излечи, а неговиот чи ќе исчезне исто така. Тој ќе влезе во состојба на млечно бело тело.

Затоа може да се каже дека ако некој има чи, тој се уште има болести. Ние сме практиканти – за што ни е потребен чи во практиката? Нашите тела треба да бидат прочистени. Што ќе ни е тој нечист чи? Дефинитивно не ни треба. Човекот што сака да има чи, се уште е на нивото на чи. Бидејќи е сеуште на ниво на чи, тој не може да разликува добар чи од лош чи, тој ја нема таа способност. Вистинскиот чи во дантиен во твоето тело тој не може да го одземе, бидејќи тој првобитен чи може да го отстрани само некој чии способности се на високо ниво. Што се однесува до нечистиот чи во твоето тело, дозволи му да ти го украде – тоа не е голема работа. За време на практикувањето, ако сакам да се наполнам со чи, само да помислам на тоа, мојот стомак наскоро ќе биде полн.

Тао школата учи на стоечката вежба тианци чуанг, додека Буда школата учи на влевање на чи во горниот дел од главата. Во универзумот има многу чи за да се полниш со него секој ден. Ако се отворени лаогонг точката и баихуи точката, можеш да се полниш со чи со рацете додека се фокусираш на дантиен. Ќе бидеш полн за некое време. Без оглед на тоа колку си исполнет со чи, која е користа од тоа? Кога некои луѓе долго вежбале чи, нивните прсти и тела се чувствуваат како да се отечени. Кога другите ќе дојдат до таквиот човек, ќе почувствуваат поле околу него: „Леле, навистина добро си вежбал." Јас би рекол дека тоа не е ништо. Каде е твојот гонг? Тоа се уште е практикување на чи, што не може да го замени гонгот, без разлика на тоа колку чи некој има. Целта на практикувањето чи е да го замениме чи во човечкото тело со добар чи однадвор и да го прочистиме телото. Зошто некој собира чи? На ова ниво, без никаква фундаментална промена, чи се уште не е гонг. Без оглед на тоа колку чи си украл, ти не си ништо друго освен една голема торба со чи. За што може тоа да ти користи? Тоа се уште не е трансфомирано во високоенергетска материја. Значи, од што би се плашел? Пушти го да краде чи ако навистина го сака тоа.

Размислете за тоа сите: Ако твоето тело има чи, тоа има болести. Тогаш, кога тој човек ти краде чи, зарем не го краде и твојот патоген чи. Тој воопшто не може да ги разликува овие работи, бидејќи оној што сака чи, е исто така на нивото на чи и нема да има никакви способности. Еден човек што има гонг не сака чи – тоа е сигурно. Ако не веруваш во тоа, можеме да направиме експеримент. Ако некој вистински сака да ти украде чи, можеш да застанеш таму и да му дозволиш да го украде. Можеш да го насочиш твојот ум да го полниш овде твоето тело со чи од универзумот, додека тој позади тебе го краде твојот чи. Ќе видиш колку добра работа е тоа, бидејќи ќе ти помогне да го забрзаш прочистувањето на твоето тело, и нема да има потреба да се полниш со чи и да го отстрануваш од телото. Бидејќи тој има лоша намера и краде нешто од

другите, иако украл нешто што не е добро, тој сторил и дело со кое се губи де. Затоа, тој ќе ти даде де. Се формира круг во кој додека тој овде ти зема чи, на другата страна ти дава де. Човекот кој краде чи не го знае тоа - да го знае, не би се осмелил да го прави тоа!

Сите оние луѓе кои крадат чи имаат модри лица, сите тие се такви. Многу луѓе кои одат во парковите да практикуваат чигонг, се стремат да ги отстранат болестите, и тие имаат секаков вид болести. Кога некој лекува болест, мора да се обиде да го испушти патогениот чи. Сепак, човекот кој краде чи нема да го испушта и ќе собере секаков вид на патоген чи секаде по телото. Дури и одвнатре телото му станува многу црно. Бидејќи секогаш губи де, и неговиот изглед е црн. Со големото кармичко поле и голема загуба на де, тој ќе стане црн и одвнатре и однадвор. Ако човекот што краде чи би знаел дека ги доживува овие промени и би сфатил дека им дава де на другите со тоа што ја прави оваа глупава работа, тој воопшто не би го правел тоа.

Некои луѓе го преувеличуваат значењето на чи: „Ако си во Америка можеш да го примиш чи што јас го испраќам". „Можеш да почекаш од другата страна на ѕидот, и ќе го добиеш чи што јас го испраќам." Некои луѓе се многу чувствителни и можат да почувствуваат кога се испраќа чи. Но, чи не патува во оваа димензија. Тој се движи во друга димензија, каде нема таков ѕид. Зошто не можеш ништо да почувствуваш кога чигонг мајсторот испраќа чи на отворено? Затоа што таму во другата димензија има преграда. Значи, чи нема толку голема продорна моќ како што опишуваат луѓето.

Она што навистина функционира е гонг. Кога практикантот може да емитира гонг, тој веќе нема чи и може да испраќа високо-енергетска материја што се гледа со небесното око во форма на светлина. Кога допира до друг човек, прави тој човек да чувствува топлина, и може да го ограничува обичниот човек. Како и да е, се уште не може да ја постигне целта целосно да лекува болести, затоа што има само потиснувачки ефект. За навистина да се излекуваат болестите, мора да се имаат натприродни способности. Постои специфична натприродна способност за секоја болест. На многу микроскопско ниво секоја микроскопска честичка гонг го има твојот лик. Бидејќи е високоенергетска материја, може да ги препознае луѓето и има интелигенција. Ако некој го краде, како може да остане таму? Нема да остане таму и не може да биде поставен таму, бидејќи не му припаѓа на тој човек. Што се однесува до сите оние вистински практичари, откако тие ќе развијат гонг, за нив се грижат нивните учители. Твојот учител гледа што правиш. Кога се обидуваш да ги земеш работите од друг човек, исто така, и учителот на тој човек нема да дозволи да се случи тоа.

# Собирање на чи

Додека подучуваме култивациска практика на повисоки нивоа, крадењето чи и собирањето чи не се проблемите за кои ќе помогнеме да се решат за секого. Ова е затоа што се уште имам намера да го вратам угледот на култивациските практики и да направам некои добри дела. Јас ќе ги обелоденам таквите лоши појави за кои во минатото никој не зборуваше. Сакам сите вие да го знаете тоа, така што некои луѓе нема да прават лоши работи цело време. Некои луѓе кои не ја знаат вистината за чигонгот, секогаш се плашат да зборуваат за тоа.

Во универзумот има многу чи. Некои луѓе зборуваат за небесниот јанг чи и земниот јин чи. Бидејќи ти си исто така елемент на универзумот, можеш слободно да собираш чи. Но некои луѓе не собираат чи од универзумот. Тие се специјализирани во учење на луѓето да собираат чи од растенијата. Тие дури го имаат и сумирано своето искуство: Како и каде да се собира ова чи, и дека чи на тополата е бел, или чи на борот е жолт. Некој исто така тврди: „Пред мојата куќа имаше едно дрво. Тоа се исуши затоа што јас го собирав неговото чи." Каква е таа способност? Зарем тоа не е лошо дело? Познато е на сите дека, кога навистина практикуваме култивација, сакаме позитивни пораки и асимилација со карактеристиката на универзумот. Не треба ли да практикуваш Шан? За да се асимилираме со карактеристиката на универзумот Џен-Шан-Рен, мора да се практикува Шан. Ако секогаш правиш лоши дела, како можеш да го зголемиш гонгот? Како може да се излечи твојата болест? Зарем ова не е спротивно од она што треба да го прават нашите практичари? Тоа е исто така одземање на живот и правење лоши дела. Некој може ќе рече: „Колку повеќе зборуваш, толку понеразбирливо станува – убивањето животни е одземање живот и убивањето растенија е исто така одземање живот." Всушност, така е. Во будизмот се зборува за самсара. Можеби за време на самсарата сте биле реинкарнирани во растение. Така се вели во будизмот. Овде не зборуваме за тоа на тој начин, но на сите ви кажуваме дека дрвјата исто така се живи. Не само што се живи, но имаат и мисловна активност на многу високо ниво.

На пример, постои во Америка еден човек кој е специјализиран во областа на електрониката и ги учи другите како да користат детектор за лаги. Еден ден, одеднаш му дошла идеја. Тој ги ставил двата краја на детекторот за лаги на една агава и нејзиниот корен го полеал со вода. Потоа открил дека детекторот за лаги одеднаш исцртал крива. Оваа крива е идентична со онаа што се исцртува кога човечкиот мозок произведува еден краток момент на возбуда или среќа. Во тој момент, тој бил шокиран. Како може растението да има чувства? Тој речиси

сакал да вика по улица: „Растенијата имаат чувства!” Просветлен од оваа појава, тој продолжил да истражува во оваа област и направил многу експерименти.

Еднаш, тој поставил две растенија заедно и го замолил својот студент да го уништи едното растение пред другото. Потоа го однел другото растение во една соба и го поврзал со детектор на лаги. Замолил петмина свои студенти еден по друг да влезат во собата. Растението немало реакција кога првите четворица студенти влегле во собата. Кога влегол петтиот студент – оној што го уништил растението – само што влегол во собата, пред и да се доближи до растението, електронското пенкало брзо исцртало крива што се појавува само кога некој е уплашен. Тој навистина бил шокиран! Оваа случка укажува на многу важно прашање: Отсекогаш сме верувале дека човечкото суштество претставува живот на високо ниво со сетилни функции кои можат да ги разликуваат работите и со мозок кој може да ги анализира работите. Како можат растенијата да ги разликуваат работите? Зарем ова не покажува дека тие исто така имаат сетилни органи? Во минатото, ако некојречеше дека растенијата имаат сетилни органи, умови што мислат, чувства и можат да ги разликуваат луѓето, оваа личност би била наречена суеверна. Покрај тоа, се чини дека растенијата во одреден поглед ги надминале и денешните луѓе.

Еден ден, тој го поврзал детекторот за лаги на растението, и се запрашал: „Каков експеримент да направам? Ајде да му ги запалам лисјата со оган, да видам како ќе реагира.” Со ова мисла, дури и пред да ги запали лисјата, електричното пенкало брзо исцртало крива како онаа што се исцртува кога некој моли за помош. Оваа надсетилна функција во минатото беше наречена читање на мисли, таа е скриена човечка функција и вродена способност. Но денес, целото човештво е расипано. Ти мораш да практикуваш култивација од почеток, и да се вратиш кон своето оригинално вистинско јас, или кон твојата оригинална природа, за да ги вратиш. Сепак, растението ги има и знае за што размислуваш. Звучи неверојатно, но тоа беше вистински научен експеримент. Тој направи разни експерименти, вклучувајќи тестирање на можноста за далечинско управување од голема далечина. По објавувањето, неговите трудови предизвикаа возбуда низ целиот свет.

Ботаничарите од различни земји, вклучувајќи ги и оние од нашата земја, ги започнаа своите испитувања на ова поле, така што тоа повеќе не се смета за нешто суеверно. Пред некој ден реков дека она што нашето човештво денес го доживеа, измисли, и го откри, е доволно за да се сменат сегашните учебници. Сепак, како резултат на влијанието на конвенционалниот менталитет, луѓето не сакаат да ги признаат. Исто така, никој систематски не ги средува овие работи.

Во еден парк на североисток, забележав неколку уништени борови дрвја. Никој не знае каков вид на чигонг некои луѓе вежбале таму. Тие се тркалале по земјата, а потоа собирале чи од дрвјата, со нозете на еден начин, а со рацете на друг. Набргу потоа, сите борови дрвја пожолтеле и се исушиле. Дали тоа што тие го направиле било добро или лошо дело? Од гледна точка на нас практичарите, тоа е одземање на животи. Ти си практикант. Значи, за да се асимилираш постепено со карактеристиките на универзумот, и да се ослободиш од твоите лоши работи, мораш да бидеш добар човек. Тоа не беше добро дело дури и од гледна точка на секојдневна личност. Тоа беше уништување на јавната сопственост и на зелената вегетација и нарушување на рамнотежата на еколошкиот систем. Тоа не е добро дело од ниедна перспектива. Во универзумот има многу чи и можеш да го собираш колку што сакаш. Некои луѓе имаат многу енергија. Кога вежбаат на одредено ниво, тие навистина можат само со едно замавнување на рацете да соберат чи од растенијата на голема територија. Сепак, тоа не е ништо друго освен чи. Без разлика на тоа колку некој собрал, за што може да служи? Кога некои луѓе одат во парк, тие не прават ништо друго. Некој тврди: „Не треба да практикувам чигонг. Доволно е да собирам чи додека шетам, и моето практикување е завршено. Доволно е само да добијам чи." Тие мислат дека чи е гонг. Кога луѓето ќе дојдат во близина на овој човек, ќе почувствуваат дека неговото тело е прилично студено. Зарем чи од растенијата нема јин природа? Практикантот мора да одржува баланс помеѓу јин и јанг. Иако телото на овој човек мириса на борова смола, тој сепак може да мисли дека добро практикува.

## Оној кој практикува култивација ќе добие гонг

Прашањето кој практикува гонг и кој добива гонг е многу важно. Кога ме прашуваат за предностите на Фалун Дафа, јас кажувам дека Фалун Дафа може да овозможи гонгот да го култивира практикантот, и така да го намали времето за практикување. Тоа го решава проблемот кога некој нема време да вежба, а сепак постојано бива култивиран. Воедно, нашата практика е вистинска практика за култивирање на умот и телото. Нашите физички тела ќе доживеат големи промени. Фалун Дафа има уште една предност, најголема, што не ја спомнав претходно. Дури денес ја откриваме. Тоа е затоа што ова вклучува големо прашање од историско значење и има големо влијание во заедницата на култиватори, никој низ историјата не се осмелил да го открие тоа, а и на никој не му било дозволено да го открие. Сепак, јас немам друг избор освен да го откријам.

Некои ученици зборуваат: „Секоја реченица што ја кажа учителот Ли Хонгџи е небесна тајна и откривање на небесните тајни.“ Сепак, ние вистински ги водиме луѓето кон повисоки нивоа, што претставува спасување на луѓето. Ние сме одговорни кон сите, и можеме да ја превземеме таа одговорност. На тој начин, тоа не е откривање на небесните тајни. Ако некој за тоа зборува неодговорно, тогаш тоа е откривање на небесните тајни. Денес ќе го објасниме и ова прашање: кој практикува гонг, тој и добива гонг. Од моја гледна точка – сите денешни практики, вклучувајќи ги и практиките на Буда школата, Тао школата и Чимен школата низ историјата – ја култивираат споредната душа, и споредната душа е таа што добива гонг. Главната душа која тука ја спомнуваме, се однесува на нашите сопствени мисли. Треба да се биде свесен за тоа што се размислува или прави – тоа е твоето вистинско јас. Но ти воопшто не знаеш што прави твојата споредна душа. Иако со тебе се раѓа во исто време, имате исто име, ист изглед, и го контролира истото тело, таа не е ти, во строгата смисла на зборот.

Во универзумот постои принцип: Кој губи добива. Кој практикува култивација добива гонг. Низ историјата, сите практики ги учеле луѓето да бидат во транс во текот на практикувањето и да не мислат на ништо. Треба да се биде во длабок транс, додека на крајот целосно не се изгуби свеста за се. Некои луѓе седат во медитација три часа, а им се чини како да поминала само една секунда. Другите можеби се восхитуваат на способноста на овој човек да биде во транс. Дали тој навистина практикувал? Тој самиот не го знае тоа. Особено, Тао школата учи дека свесната душа умира, а првобитната душа се раѓа. Она што тие го нарекуваат свесна душа ние го нарекуваме главна душа, а тоа што тие го нарекуваат првобитна душа, ние го нарекуваме помошна душа. Ако твојата свесна душа навистина умре, ти ќе бидеш вистински мртов, и навистина нема да имаш главна душа. Некој од друга практика ми рече: „Учителу, кога вежбам, никого дома не можам да го препознаам.“ Некој друг човек ми рече: „Јас нема да вежбам како другите, што го прават тоа рано наутро и доцна во ноќта. Откако ќе дојдам дома, легнувам на каучот и излегувам од себе за да вежбам. Додека лежам, се гледам себеси како таму вежбам.“ Јас мислам дека тоа е многу тажно, но тоа исто така и не беше тажно.

Зошто тие ја спасуваат помошната душа? Лу Донгбин еднаш изјавил: „Повеќе сакам да спасам животно, отколку човечко суштество.“ Навистина е тешко за луѓето да се просветлат, бидејќи секојдневните луѓе се измамени од обичното човечко општество. Со практичните придобивки пред нив, тие не можат да се откажат од привrзаностите. Ако не верувате во тоа, ќе видите дека по

завршувањето на ова предавање, некои луѓе повторно ќе излезат од оваа врата како секојдневни луѓе. Ако некој ги навреди или се судри со нив, тие воопшто нема да можат да го поднесат тоа. После одреден период, тие воопшто нема да се однесуваат како практичари. Многу Таоисти низ историјата го сфатија ова: Многу е тешко да се спасат човечките суштества, затоа што нивните главни души се премногу изгубени. Некои луѓе имаат добар квалитет на просветлување и тие одма ќе го разберат тоа само со навестување. Некои луѓе нема да ти веруваат, без разлика на тоа што им кажеш. Тие мислат дека раскажуваш приказни. Ние зборуваме толку многу за култивирање на шиншингот, но сепак овој човек, кога ќе се врати меѓу секојдневните луѓе, ќе се однесува исто како што се однесувал порано. Тој мисли дека вистинските и опипливи придобивки кои му се на дофат се практични и ќе сака да ги добие; Фа што го предава учителот исто така звучи разумно, но сепак не може да се следи. Најтешко е да се спаси човечката главна душа, додека помошната душа може да види сцени во другите димензии. Затоа, тие мислат: „Зошто да ја спасувам твојата главна душа? Твојата помошна душа е исто така ти. Зарем не е исто ако ја спасам неа? Се тоа си ти, така што, кој и да добие, сепак добиваш ти."

Дозволете ми да ги опишам конкретно методите на нивните практики. Ако некој има натприродна способност на јасновидост, веројатно ќе ја види оваа сцена: „Кога седиш во медитација, веднаш штом влезеш во транс, некој со ист изглед како твојот, одеднаш ќе го напушти твоето тело. Ако пробаш да го разликуваш, каде е твоето вистинско јас? Ти седиш овде. Откако ќе забележиш дека тој човек го напушта твоето тело, учителот ќе го одведе овој човек да практикува култивација во една друга димензија трансформирана од учителот. Може да биде во форма на едно минато општество, сегашно општество, или општество во друга димензија. Тој човек ќе биде научен да практикува и ќе поминува низ многубројни тешкотии еден или два часа на ден. Кога овој човек ќе се врати од практикувањето, и ти ќе се разбудиш од трансот. Ова е случај за луѓето што можат да видат.

Уште пожално е ако некој не може да види. Таквиот човек се буди по два часа седење во транс, не знае ништо и замаен е. Како начин на практика, некои луѓе спијат два или три часа и целосно се предаваат на другите. Ова го прават со прекини, така што секој ден седат во медитација одредено време. Друг вид практика се завршува одеднаш. Сите можеби слушнале за Бодидарма, кој седел пред ѕидот девет години. Во минатото, имаше многу монаси кои седеа со децении. Во текот на историјата, рекордот за најдолго седење е повеќе од деведесет години. Некои дури седеле и подолго. Дури и со дебела прашина

насобрана на очните капаци, и трева што растеше по нивните тела, тие ќе продолжеа да седат и понатаму. И во Тао школата некои го учат тоа. Особено некои практики во Чимен школата го учат спиењето како форма на практикување. Некој може да спие со децении без да излезе од состојбата на транс и не се буди. Но кој вежбал? Неговата помошна душа излегла да вежба. Ако може да го види тоа, тој ќе открие дека учителот ја води неговата помошна душа да вежба. Помошната душа исто така може да должи многу карма, а учителот нема способност да ја елиминира целата карма. Затоа, учителот ќе му каже: „Треба овде напорно да практикуваш. Јас ќе си одам но ќе се вратам наскоро. Чекај ме."

Учителот знае точно што ќе се случи, но сепак мора да го прави тоа на овој начин. Подоцна, ќе дојде демон за да го исплаши, или ќе се претвори во убавица за да го заведе – ќе има секакви работи. Демонот тогаш сфаќа дека тој воопшто не е засегнат. Тоа е затоа што е релативно полесно за помошната душа да практикува култивација, бидејќи таа може да ја знае вистината. Демонот ќе стане очаен и ќе проба да му се одмазди одземајќи му го животот, и тој навистина ќе го убие. Со тоа неговиот долг е вратен одеднаш. После смртта, помошната душа ќе се појави во вид на чад што лебди, и потоа тој ќе се реинкарнира во многу сиромашно семејство. Детето ќе започне да страда од најмала возраст. Кога ќе порасне, учителот ќе се врати. Се разбира, детето не може да го препознае. Користејќи натприродни способности, учителот ќе ја отклучи неговата зачувана меморија. Тоа одеднаш ќе се потсети на се. „Зарем ова не е мојот учител?" Учителот ќе му каже: „Сега е време да ја започнеме практиката." Така, по многу години учителот ќе му го предаде учењето.

По упатството, учителот ќе му каже: „Имаш уште многу приврзаности за отстранување. Треба да излезеш да талкаш." Талкањето во општеството е многу мачно. Мора да моли за храна и да запознае различни видови на луѓе кои ќе го караат, навредуваат или ќе го искористуваат. Можеби ќе наиде на секакви работи. Тој себеси ќе се третира како практикант и добро ќе ги балансира односите со другите, секогаш одржувајќи го и надградувајќи го шиншингот. Нема да биде поттикнат од искушенијата за различните придобивки меѓу секојдневните луѓе. По многу години, ќе се врати од талкањето. Учителот ќе му рече: „Ти веќе си достигнал Тао и си завршил со култивацијата. Ако немаш што да направиш, може да се спакуваш и подготви се да заминеш. Ако имаш да направиш уште нешто, можеш да одиш и да ги завршиш тие работи на обичните луѓе." После многу години, помошната душа се враќа. По враќањето на

помошната душа, главната душа исто така излегува од состојбата на транс и главната свест се буди.

Сепак, овој човек всушност не практикувал култивација. Практикувала помошната душа, така што помошната душа ќе добие гонг. Но и главната душа исто така страдала. На крајот на краиштата, човекот ја потрошил целата своја младост седејќи таму и овој негов живот како секојдневен човек завршил. Па што ќе се случи? Откако ќе се разбуди од трансот, овој човек ќе почувствува дека со својата практика развил гонг и стекнал натприродни способности. Ако сака да лекува пациенти или да направи нешто, ќе го може тоа затоа што помошната душа ќе се обиде да го задоволи. Бидејќи оваа личност е главна душа, на крајот на краиштата, главната душа го контролира телото и носи одлуки. Покрај тоа, тој поминал толку години седејќи овде, така што неговиот живот на секојдневен човек завршил. Кога овој човек ќе умре, помошната душа ќе замине. Секој ќе оди по својот пат. Според будизмот, овој човек сепак се уште ќе поминува низ самсара. Бидејќи еден голем просветлен човек успешно се култивирал во неговото тело, овој човек исто така има акумулирано многу де. Па што ќе се случи? Тој може да стане висок службеник или да направи големо богатство во неговиот следен живот. Само така може да биде. Зарем не завршила бескорисно неговата култивација?

Потребни беа многу напори за да добиеме дозвола да го објасниме ова прашање. Јас ја открив вечната мистерија – тоа беше тајна над тајните што апсолутно не смееше да биде откриена. Го открив коренот на сите различни култивациски практики низ историјата. Зарем не реков дека тоа вклучува длабоки историски размислувања? Ова се тие причини. Размислете за тоа: Која школа за практикување не практикува култивација на овој начин? Ти практикуваш и вака и така, но не добиваш гонг. Зарем не си за жалење? Кој е виновен? Човечките суштества се толку изгубени што не можат да се просветлат во тоа, без разлика на тоа какви навестувања им се даваат. Ако нешто им се објасни од висока перспектива, тие ќе го сметаат тоа за незамисливо. Ако нешто им се објасни од ниска перспектива, тие не можат да се просветлат во она што е повисоко. Дури и кога им се обраќам на овој начин, некои луѓе се уште сакаат да им ги лекувам нивните болести. Јас навистина не знам што да им кажам. Ние подучуваме култивациска практика, и можеме да се грижиме само за оние кои практикуваат култивација кон високите нивоа.

Во нашата школа за практикување, главната свест е таа што добива гонг. Тогаш, дали главната свест ќе добие гонг само ако го кажеш тоа? Кој дава дозвола? Не е така, затоа што мора да се има предуслов. Сите знаат дека нашата

школа за практикување не го избегнува обичното човечко општество во култивацијата и не ги избегнува и не бега од конфликтите. Во ова комплицирано опкружување на секојдневните луѓе, треба да бидеш со јасен ум и свесно да губиш во однос на сопствените интереси. Кога другите го земаат твојот личен интерес, нема да одиш да се натпреваруваш и да се бориш за тоа како нив. Со различните пречки на шиншингот, ти ќе претрпиш загуби. Во ова тешко опкружување, ќе ја јакнеш твојата волја и ќе го надградиш твојот шиншинг. Под влијанието на различните лоши мисли од обичните луѓе, ќе можеш да се издигнеш повисоко и подалеку.

Размислете за тоа, сите: Зарем не си ти тој што свесно страда? Зарем не е твојата главна душа таа што се жртвува? Што се однесува до тоа што го губиш меѓу секојдневните луѓе, зарем не си го изгубил свесно? Тогаш тој гонг треба да ти припадне тебе, зашто кој губи, тој добива. Затоа, ова е причината зошто нашата школа не избегнува практикување култивација во ова комплицирано опкружување на секојдневните луѓе. Зошто практикуваме култивација среде конфликтите со секојдневните луѓе? Затоа што ние самите ќе добиеме гонг. Во иднина, професионалните култиватори во храмовите ќе треба да талкаат меѓу секојдневните луѓе, во нивната култивациска практика.

Некои луѓе прашуваат: „Зарем други практики во денешно време не се практикуваат исто така меѓу секојдневните луѓе?" Но овие практики само промовираат лекување и одржување на здравјето. Никој вистински, јавно, не предавал практика кон високи нивоа, освен кога приватно водат еден ученик. Оние кои вистински учат, своите ученици веќе ги одвеле да ги учат во тајност. Со текот на годините, кој зборувал за овие работи во јавноста? Никој не го сторил тоа. Нашата школа за практикување подучува на овој начин затоа што токму тоа е начинот на кој што ние практикуваме култивација, и токму на тој начин ние добиваме гонг. Во меѓувреме, нашата школа за практикување и дава стотици и илјадници работи на твојата главна душа за вистински да ти овозможи ти самиот да добиеш гонг. Јас реков дека направив нешто невидено и ширум ја отворив вратата. Некои луѓе ги разбраа моите зборови бидејќи ова што го кажав навистина не е незамисливо. Како човек, јас имам една навика: Ако имам знаење колку еден двор, јас ти кажувам само еден сантиметар од него, а ти сепак може да тврдиш дека се фалам, но она што е речено, всушност е само мал дел. Поради големиот јаз меѓу нивоата, не можам да ти откријам ни малку од повисокиот Дафа.

Во нашата школа се практикува култивација на овој начин, овозможувајќи ти тебе, вистински да стекнеш гонг. Тоа е невидено од почетокот на небото и

земјата – можеш да испиташ низ историјата. Тоа е добро, зашто ти самиот ќе стекнеш гонг, но тоа исто така е многу тешко. Среде сложената околина на секојдневните луѓе и нивните меѓусебни шиншинг натегања, ти ќе бидеш во можност да се издигнеш повисоко и пошироко – ова се најтешките работи. Тешкотијата е во тоа што свесно го губиш својот сопствен интерес меѓу секојдневните луѓе. Среде твоите критични лични интереси, дали си засегнат? Среде меѓучовечките интриги, дали си засегнат? Кога страдаат твоите пријатели или семејството, дали си засегнат? Како ќе судиш за тоа? Толку е тешко да се биде практикант! Некој ми рече: „Учителу, доволно е да се биде добар човек меѓу секојдневните луѓе. Кој може да успее во култивацијата?" Кога го слушнав тоа, навистина се чувствував разочарано! Ни збор не му реков. Има секакви видови на шиншинг. Секој се просветлува толку високо, колку што може. Тој што се просветлува, тој добива.

Лао Це рекол: „Тао е патот кој може да се следи, но тој не е обичен пат." Тао нема да биде скапоцен ако некој може сегде да го најде и да го подигне од земјата и со тоа да успее во практикувањето. Нашата школа за практикување те учи како преку конфликтите да добиеш гонг. Затоа ние треба да бидеме во согласност со секојдневните луѓе, колку што е можно повеќе. Навистина нема да бидеш присилен да изгубиш нешто материјално. Но во ова материјално опкружување, треба да го надградиш твојот шиншинг. Заради ова е погодно. Нашата школа за практикување е најпогодна бидејќи таа може да се практикува меѓу секојдневните луѓе наместо да се стане монах или калуѓерка. Исто така, поради тоа, таа е и најтешка, затоа што се практикува култивација во оваа најсложена околина на секојдневните луѓе. Згора на тоа, најдобра е, затоа што ти овозможува ти лично да добиеш гонг. Ова е најважната работа во нашата школа за практикување, а денес тоа им го откривам на сите. Се разбира, кога главната душа добива гонг, го добива и помошната душа. Зошто е ова? Кога сите пораки, живи суштества и клетки во твоето тело ќе добијат гонг, помошната душа секако исто така го добива, меѓутоа, нејзиното ниво на гонг никогаш нема да биде високо како твоето. Ти си господарот, додека таа е чувар на Фа.

Зборувајќи за ова, исто така би сакал да додадам дека има многу луѓе во заедницата на култиватори кои секогаш се обидувале да практикуваат кон високи нивоа. Тие патувале насекаде и потрошиле многу пари. Иако поминале низ целата земја, тие не ги пронашле добро познатите мајстори. Да се биде добро познат, не мора да значи дека некој навистина добро ги знае работите. На крајот, овие луѓе патувале натаму и наваму, потрошиле многу пари и вложиле напор, а ништо не добиле. Денес ве запознавме со оваа одлична

практика. Јас веќе ја испорачав пред твојот праг. Од тебе зависи дали можеш да практикуваш култивација и дали ќе успееш во тоа. Ако можеш да го направиш тоа, можеш да продолжиш со својата култивација. Ако не можеш да го направиш тоа или ако не можеш да практикуваш култивација, од сега па натаму можеш да заборавиш на култивацијата. Освен демоните што ќе те мамат, никој друг нема да те учи, и во иднина нема да можеш да практикуваш култивација. Ако јас не можам да те спасам, никој друг не може. Всушност, наоѓањето на вистински учител од исправен Фа да те учи е потешко отколку да се искачиш на небото. Никој воопшто не води грижа за тоа. Во периодот на крајот на дармата, дури и многу високи нивоа се исто така во последниот џие. Никој не се грижи за секојдневните луѓе. Ова е најпогодната школа за практикување култивација. Покрај тоа, се практикува директно според карактеристиките на универзумот. Тоа е најбрзиот, најдиректниот пат, и насочена е точно кон нечие срце.

# Небесен круг

Во Тао школата се изучуваат големиот и малиот небесен круг. Ние ќе објасниме што е „небесниот круг". Небесниот круг на кој обично мислиме е поврзување на двата енергетски канали рен и ду. Овој небесен круг е површински небесен круг и не служи за ништо друго освен за лекување и одржување на телото. Тој се нарекува мал небесен круг. Друг небесен круг што не се нарекува ни „мал небесен круг" ниту „голем небесен круг", е форма на небесен круг за практикување култивација во медитација. Започнува од внатрешноста на телото, кружи околуниванот, се спушта внатрешно кон дантиенот, го обиколува и се издига нагоре. Тоа е внатрешна циркулација. Ова е вистинскиот небесен круг за практикување на култивација во медитација. Откако ќе се формира овој небесен круг, ќе се создаде многу силно енергетско струење кое потоа преку еден енергетски канал ќе стави во движење стотици енергетски канали со што ќе се отворат сите други енергетски канали. Тао школата подучува за небесниот круг, но будизмот не. За што се учи во будизмот? Кога Шакјамуни ја подучувал својата дарма, тој не го објаснил практикувањето на вежби ниту пак ги подучувал. Сепак, и неговата практика исто така има своја форма на трансформација во праксата на култивирање. Како се движи енергетскиот канал во будизмот? Тој започнува и минува низ баихуи точката. Потоа се развива од горниот дел на главата до долниот дел од телото во спирална форма, и на крајот, на овој начин става во движење и отвара стотици енергетски канали.

Централниот енергетски канал во тантричката религија исто така служи за оваа намена. Некој рече: „Не постои ли централен енергетски канал? Па, тогаш, зошто во тантричката религија може да се развие овој централен енергетски канал?" Всушност, ако сите енергетски канали во човечкото тело се соберат, ги има повеќе од десет илјади. Тие меѓусебно се пресекуваат вертикално и хоризонтално исто како и крвните садови, па дури и по број ги надминуваат крвните садови. Меѓу внатрешните органи нема крвни садови но има енергетски канали. Тие ќе бидат поврзани вертикално и хоризонтално од горниот дел на главата до различните делови на телото. Можеби тие во почетокот не се прави и ќе бидат отворени за да се поврзат еден со друг. Потоа тие постепено ќе се шират и полека ќе формираат прав енергетски канал. Овој енергетски канал ротира околу својата оска за да поттикне во движење неколку замислени тркала во хоризонтални ротации. Неговата цел е исто така да ги отвори сите енергетски канали во телото.

Култивациската практика во нашата Фалун Дафа избегнува користење на овој метод на еден енергетски канал што движи стотици енергетски канали. Од самиот почеток, ние бараме да се отворат стотиците енергетски канали и да се ротираат истовремено. Ние одеднаш вежбаме на многу високо ниво и ги избегнуваме работите на ниско ниво. На некои луѓе, за да ги отворат стотиците енергетски канали со еден енергетски канал, и целиот живот може да не им биде доволен. Некои луѓе мора да практикуваат култивација со децении, и тоа е многу тешко. Многу практики велат дека еден животен век не е доволен за да се успее во култивацијата, а има и многу практиканти од практики на високо ниво кои можат да го продолжат животот – зарем тие не зборуваат за култивирање на животот? Тие можат да го продолжат животот за да практикуваат култивација, и тоа ќе трае многу долго време.

Малиот небесен круг во основа служи за лекување и одржување на телото, додека големиот небесен круг се практикува заради гонгот – тоа се случува кога некој навистина практикува култивација. Големиот небесен круг за кој зборува Тао школата, не е толку силен како нашиот, кој одеднаш отвара стотици енергетски канали. Ротацијата на големиот небесен круг во Тао школата се однесува на неколку енергетски канали низ кои енергијата се движи еднаш од трите јинг и трите јанг канали на рацете до стапалата, до двете нозе, до косата и насекаде по целото тело. Тоа е движењето на големиот небесен круг. Штом големиот небесен круг почне да се движи, тоа е практикување на гонг. Затоа некои чигонг мајстори не подучуваат за големиот небесен круг, бидејќи она што тие го подучуваат се само работи за лекување и одржување на здравјето. Некои

луѓе зборувале и за големиот небесен круг, но тие немаат поставено ништо во твоето тело, а ти самиот не можеш да го отвориш. Без да се постави систем, како можат лесно да се отворат работите потпирајќи се само на умот? Тоа е како правење гимнастика – како може тоа да ги отвори? Култивацијата зависи од напорите на поединецот, додека трансформацијата на гонгот ја прави учителот. Само откако ќе ти се постави целосно внатрешниот „механизам" може да има ваков ефект.

Во текот на историјата, Тао школата го сметала човечкото тело за мал универзум: Тие веруваат дека надворешноста на универзумот е голема како и неговата внатрешност и дека неговата надворешност изгледа исто како и неговата внатрешност. Ова се чини незамисливо и не може лесно да се разбере. Овој универзум е толку голем – како може да се спореди со човечкото тело? Ние го објаснуваме овој принцип: Нашата денешна физика ги проучува елементите од кои е формирана материјата, од молекули, атоми, електрони, протони и кваркови па се до неутрини, но која е големината ако се оди уште понатаму? Микроскопот не може да го открие тоа во овој момент, па која е понатаму најмикроскопската честичка? Тоа не е познато. Всушност, она што нашата физика сега го разбира е едноставно толку далеку од најмалите микроскопски честички во универзумот. Кога некој го нема ова физичко тело, неговите очи ќе можат да ги гледаат работите со зголемен вид, и тие ќе можат да го видат микроскопското ниво. Колку е повисоко нивото, толку е поголемо микроскопското ниво што тој може да го види.

На неговото ниво, Шакјамуни ја изнесол теоријата за трите илјади светови, што значи дека во овој Млечен пат постојат луѓе кои имаат физички тела како оние на нашата човечка раса. Тој исто така спомнал дека зрното песок содржи три илјади светови, и ова се согласува со разбирањето на нашата модерна физика. Која е разликата помеѓу начинот на вртењето на електроните кои кружат околу своите јадра и оној на Земјата која кружи околу Сонцето? Затоа, Шакјамуни кажал дека на микроскопско ниво, зрното песок содржи три илјади светови. Тоа е како универзум, во кој има живот и материја. Ако ова е вистина, размислете за тоа: Има ли песок во световите во тоа зрно песок? И дали има три илјади светови во песокот во тоа зрно песок? Тогаш, дали има песок во трите илјади светови во песокот во тој песок. Ако пребарувањето продолжи понатаму, тоа ќе биде бесконечно. Затоа, дури и кога достигнал ниво на татагата, Шакјамуни ја дал оваа изјава: „Огромен е без надворешност, и мал е без внатрешност." Толку е огромно што не можел да ги види границите на

универзумот, а сепак толку ситно што не можел да ја види најмикроскопската честичка на првобитната материја.

Еден чигонг мајстор рекол: „Во една пора постои град низ кој минуваат возови и автомобили.” Тоа звучи доста незамисливо, но ние сметаме дека оваа изјава не е незамислива ако ја разбереме и проучиме од научна гледна точка. Пред некој ден кога зборував за отворањето на небесното око, многу луѓе за време на отварањето на небесното око ја открија оваа состојба: Тие трчале кон надвор низ тунелот во нивните чела, и изгледаше како да не можат да го достигнат неговиот крај. Секојдневно во текот на својата практика тие чувствуваат како да трчаат по овој голем пат, со планини и реки од двете страни. Додека трчаат, минуваат низ градови и гледаат многу луѓе, и можеби ќе помислат дека тоа е илузија. За што се работи? Она што го виделе е сосема јасно и не е илузија. Јас реков дека ако нечие тело е навистина толку огромно на микроскопско ниво, тоа не е илузија. Тоа е затоа што Тао школата отсекогаш го сметала човечкото тело за универзум. Ако навистина е универзум, растојанието од челото до епифизата ќе биде повеќе од 108 илјади лии. Може да јуриш кон надвор, но тоа е многу големо растојание.

Ако големиот небесен круг е целосно отворен за време на култивациската практика, тој на практикантот ќе му донесе натприродна способност. Каква натприродна способност? Знаете дека големиот небесен круг се нарекува и „меридијански небесен круг”, „чиенкун ротација” или „хече ротација”. На многу ниско ниво, ротацијата на небесниот круг ќе формира енергетски ток кој постепено ќе станува погуст, преобразувајќи се кон повисоки нивоа и ќе формира голем, многу густ енергетски појас. Овој енергетски појас има кружно движење. Во својата ротација, со небесното око на многу ниско ниво, можеме да видиме дека тој може да направи размена на чи во телото на човекот. Чи од срцето може да се пресели во цревата, а чи од црниот дроб може да оди до стомакот… На микроскопско ниво можеме да видиме дека тоа што тој го носи е нешто многу големо. Ако овој енергетски појас се пренесе надвор од нечие тело, тогаш тоа е способност за телепортација. Некој со многу моќен гонг може да премести многу големи работи, и ова се нарекува голема телепортација. Некој со многу слаб гонг може да премести многу мали работи, и ова се нарекува мала телепортација. Ова се видовите на телепортација и начинот на нивното формирање.

Големиот небесен круг директно вклучува практикување на гонг. На тој начин тој создава различни состојби и облици на гонг. Исто така, тој ќе ни донесе една многу посебна состојба. Која е таа состојба? Во старите книги како „Биографија

на бесмртниците", „Дан Џинг", „Тао Цанг" или „Шинминг Гуичи", можеби сте ја прочитале оваа фраза наречена „левитација среде бел ден" (баири феишенг). Тоа значи дека некој човек може да лебди среде бел ден. Всушност, дозволете ми да кажам дека човекот може да лебди откако ќе се отвори големиот небесен круг – тоа е толку едноставно. Некои ќе помислат дека има многу луѓе чии големи небесни тркала се отворени после толку многу години практикување. Дури би рекол дека не е незамисливо десетици илјади луѓе да го достигнале ова ниво, затоа што големиот небесен круг, на крајот на краиштата е само почетен чекор во култивациската практика.

Тогаш, зошто никој не видел како овие луѓе лебдат или полетуваат во воздухот? Состојбата на обичното човечко општество не смее да биде нарушена, а не е дозволено ни случајно да се наруши или менува формата на обичното човечко општество. Како може да биде дозволено на сите да летаат во воздухот? Дали тоа ќе биде обично човечко општество? Ова е главниот аспект. Од друга страна, човечките суштества не живеат меѓу секојдневните луѓе за да бидат луѓе, туку за да се вратат кон своето оригинално вистинско јас. Затоа постои проблем да се биде просветлен во тоа. Ако некој види дека многу луѓе навистина можат да лебдат, тогаш и тој ќе сака да практикува култивација и нема да постои прашањето за просветлување. Затоа, ако со култивацијата можеш да левитираш, не треба ни случајно да им го покажуваш или да им го демострираш тоа на другите, бидејќи тие исто така треба да се култивираат. Поради тоа, откако ќе се отвори твојот голем небесен круг, нема да можеш да лебдиш ако ти е заклучен врвот на прстот на раката, врвот на прстот на ногата или било кој друг дел од твоето тело.

Кога нашите големи небесни тркала се кратко пред отворање, ќе се појави ситуација кога некои луѓе се наведнуваат нанапред за време на седечката медитација. Бидејќи циркулацијата во нечиј грб е подобро отворена, грбот ќе се чувствува многу лесен додека предниот дел на телото ќе се чувствува тежок. Некои луѓе се наведнуваат наназад и чувствуваат дека грбот е тежок, додека предниот дел на нивните тела е лесен. Ако целото твое тело е добро отворено, ќе чувствуваш како да се подигаш, како да лебдиш над земјата. Откако ќе можеш вистински да лебдиш, нема да ти биде дозволено да го правиш тоа, но тоа не е апсолутно. Оние кои развиваат натприродни способности обично се на двата краја: Децата немаат приврзаности, а ниту постарите луѓе - особено постарите жени. Тие можат лесно да ја развијат и да ја зачуваат оваа способност. Мажите, особено помладите мажи, откако ќе ја добијат способноста, не можат да се воздржат од размислувањето да се пофалат. Во исто време, тие може да ја

искористат како средство за натпревар меѓу секојдневните луѓе. Затоа не е дозволено да постои, и ќе биде заклучена веднаш штом се развие во текот на практиката. Ако еден дел од телото е заклучен, овој човек нема да може да лебди. Ова не значи дека ќе ти биде апсолутно забрането да ја имаш оваа состојба. Можеби ќе ти биде дозволено да ја испробаш, а некои луѓе ќе можат и да ја задржат.

Ова се случува секаде каде што држам предавања. Кога држев предавање во Шандонг, имаше практичари од Пекинг и Јинан. Некој ме праша: „Учителе, што се случува со мене? Додека одам, се чувствувам како да лебдам над земјата. Исто така кога дома спијам, почнувам да лебдам. Дури и постелнината од креветот лебди како балон." Кога имав предавање во Гвицанг, таму беше еден постар практикант од Гвицоу, тоа беше една постара жена. Таа имала два кревети во својата соба, едниот кревет до едниот ѕид, а другиот кревет до другиот ѕид. Кога седела на креветот да медитира, почувствувала дека лебди, а кога ги отворила очите открила дека се спуштила на другиот кревет. Помислила во себе: „Треба повторно да се вратам на мојот кревет" и повторно полетала назад.

Имаше еден практикант во Чингдао кој седел да медитира на креветот за време на паузата за ручек кога никој немало во близина на неговата канцеларија. Штом седнал таму, тој се издигнал во воздух и се движел брзо горе – долу дури и до еден метар. Тој се спуштал откако ќе се кренел нагоре, и тоа се повторувало извесно време. Дури и прекривката од креветот отскокнала на подот. Тој бил малку возбуден и донекаде уплашен. Ова движење горе долу траело за време на целата пауза за ручек. Конечно, заѕвонило ѕвончето и тој си помислил: „Не треба да им дозволам на другите да го видат ова. Тие ќе прашуваат што се случува? Треба брзо да прекинам." И запрел. Ова е причината зошто старите луѓе можат добро да се однесуваат. Ако тоа се случеше на некој млад човек, кога заѕвони канцелариското ѕвонче тој ќе помислеше: „Дојдете сите да ме гледате како левитирам." Ете тоа е моментот кога човекот не може лесно да го контролира менталитетот за истакнување. „Погледнете колку добро практикував – можам да левитирам." Штом ќе ја покаже, способноста ќе ја снема, бидејќи не е дозволено да постои на овој начин. Насекаде меѓу практичарите има многу такви случаи.

Ние бараме стотици енергетски канали да бидат отворени уште од самиот почеток. До овој ден, осумдесет до деведесет проценти од нашите практичари достигнаа состојба во која нивните тела се многу лесни и без болести. Во исто време рековме дека на овој курс не само што ќе бидете доведени во состојба

каде телото ви е целосно прочистено, но исто така се поставени многу работи во вашето тело, така што на овој курс ќе можете да развиете гонг. Тоа е исто како јас да ве подигам, а потоа ве испраќам понатаму. Јас го предавав овој Фа на сите на овој курс, а и шиншингот на секого се менува постојано. Кога ќе излезете надвор од оваа сала, многумина од вас ќе се чувствуваат како различни луѓе, а вашиот поглед на светот гарантирано ќе се смени. Вие ќе знаете како да се однесувате во иднина и повеќе нема да бидете толку збунети. Тоа е сигурно така. Затоа, вашиот шиншинг веќе држи чекор со тоа.

Кога зборуваме за големиот небесен круг, иако не ти е дозволено да левитираш, ќе почувствуваш дека твоето тело е лесно, како да газиш по воздухот. Во минатото, си бил изморен ако си одел неколку чекори, но сега ти е многу лесно без разлика на тоа колку долго одиш. Чувствуваш како да те туркаат додека возиш велосипед, и не си изморен кога се качуваш по скалите – без разлика на тоа колку спратови има. Гарантирано е така. Оние кои ја читаат оваа книга и самостојно се култивираат, исто така можат да ја достигнат оваа состојба, која што треба да ја достигнат. Јас сум човек кој нема да го каже она што не сака да го каже, но тоа што ќе го кажам мора да биде вистина. Особено во оваа околност, ако не ја кажам вистината во подучувањето на Фа, ако давам незамисливи изјави, или ако зборувам бесцелно и лежерно, јас би подучувал лош Фа. За мене не е лесно да го правам ова, бидејќи целиот универзум набљудува. Не е дозволено да се застрани.

Секојдневниот човек ќе знае само за овој голем небесен круг, и тоа ќе биде тоа. Всушност, тоа не е доволно. За телото да биде заменето и целосно трансформирано од високо-енергетската материја што е можно побрзо, мора да има уште еден небесен круг што ги придвижува сите енергетски канали во вашето тело. Тој се нарекува „небесен круг маојоу”, а тоа веројатно го знаат многу малку луѓе. Овој термин повремено се споменува во книгите, но никој не го објаснил ниту ти кажал за него. Тоа се дискутира само како теорија, бидејќи тоа е тајна над тајните. Ние овде ќе го откриеме целосно на сите вас. Може да започне од баихуи точката (или исто така од хуијин точката) и излегува да се движи по должината на границата помеѓу јин и јанг. Потоа се движи од увото, надолу кон рамото одејќи по секој прст, по едната страна на телото, а потоа се спушта надолу кон стапалото на ногата. Потоа се движи нагоре од внатрешната страна на едниот бут и надоле од внатрешната страна на другиот бут, минувајќи под стапалото на другата нога, и се искачува по другата страна на твоето тело. Повторно се движи околу секој прст и го достигнува врвот на главата, правејќи целосен круг. Ова е небесниот круг маојоу. Другите можат да напишат книга за

тоа, а јас ви го објаснив само со неколку зборови. Јас мислам дека не треба да се смета за небесна тајна, но другите сметаат дека овие работи се многу скапоцени и нема да разговараат за нив, освен кога навистина ги подучуваат своите ученици. Иако ви го открив, никој од вас не треба намерно да го води или контролира во практиката. Ако така правите, вие не практикувате во нашата Фалун Дафа. Вистинската практика кон повисоките нивоа е во состојба на вувеи и без активности на умот. Се е поставено во твоето тело и веќе е подготвено за употреба. Сето тоа се формира автоматски и тие внатрешни механизми те култивираат и ќе почнат да се вртат самостојно кога ќе дојде време за тоа. Еден ден за време на вежбањето, главата може да ти се наведнува од едната кон другата страна. Ако главата се наведнува на едната страна, тоа се врти на таа страна. Ако главата се наведнува на другата страна, тоа се врти во другата насока. Се врти и во двете насоки.

Кога големиот и малиот небесен круг ќе бидат отворени, ќе климаш со главата за време на седечката медитација, а тоа покажува дека енергијата тече. Истото важи и за небесниот круг на фалунот кој што го практикуваме, ние едноставно практикуваме на овој начин. Всушност, и кога не вежбаш, тоа се ротира само од себе. Постојано и засекогаш ќе се ротира, но кога вежбаш, ти ги зајакнуваш механизмите. Зарем не зборувавме за Фа кој ги култивира практикантите? Нормално, ти ќе откриеш дека твојот небесен круг секогаш се ротира. Иако не вежбаш, овој слој на енергетски механизми поставен надвор од твоето тело, односно слојот на големи надворешни канали го движи твоето тело во практиката – се е автоматски. Исто така може да се ротира и во обратен правец, затоа што тој се ротира во двете насоки и постојано ги отвара твоите енергетски канали.

Значи, која е целта на отворањето на небесниот круг? Отворањето на небесниот круг само по себе не е цел на практиката. Дури и да се отвори твојот небесен круг, јас би рекол дека тоа се уште не е ништо. Ако култивацијата продолжи понатаму, методот на небесниот круг има за цел да се отворат стотици енергетски канали со еден енергетски канал, а со тоа може да се отворат сите енергетски канали во телото. Ние веќе почнавме да го правиме тоа. Со понатамошната практика ќе откриеш дека со ротирањето на големиот небесен круг енергетските канали ќе станат многу широки, како прст, и во внатрешноста се многу широки. Бидејќи енергијата исто така станала многу моќна, по формирањето на енергетскиот тек тие ќе станат многу широки и светли. Ова се уште не е ништо. Кога практиката ќе биде доволно добра? Стотиците енергетски канали мора постепено да стануваат пошироки, при што

енергијата станува посилна и посветла. На крајот, илјадници енергетски канали ќе се здружат во еден и ќе направат нечие тело да нема енергетски канали или акупунктурни точки, тие ќе се здружат за да направат едно цело тело. Ова е крајната цел на отварањето на енергетските канали. Неговата цел е човечкото тело целосно да се трансформира во високоенергетска материја.

Во овој момент, телото во суштина ќе се трансформира во високоенергетска материја. Со други зборови, човекот достигнал највисоко ниво во култивацијата на Фа во тројниот свет. Човечкото тело ќе биде искултивирано до крајната граница. Во тоа време, ќе се појави друга ситуација. Каква ситуација? Овој човек ќе има развиено многу богат гонг. При култивирањето на телото на секојдневниот човек или во текот на култивацијата на Фа во тројниот свет ќе се развиваат сите човечки натприродни способности (потенцијални способности), се ќе биде развиено. Сепак, додека практикуваш меѓу секојдневните луѓе, повеќето од нив ќе бидат заклучени. Покрај тоа, и гонг колоната ќе порасне многу високо. Сите форми на гонг ќе бидат засилени со моќен гонг, и тие ќе станат многу силни. Сепак, тие можат да функционираат само во оваа наша димензија, и не можат да дејствуваат на ништо во другите димензии бидејќи тие се натприродни способности култивирани во нашите обични човечки тела. Како и да е, тие веќе ќе бидат многу значителни. Во различните димензии, и што се однесува до формите на постоење на телото во различните димензии, ќе има многу промени. Работите што ова тело ги носи на секое ниво на димензиите ќе бидат многу значителни и ќе изгледаат застрашувачки. Некои луѓе имаат очи по целото тело, и сите пори во нивното тело се очи. Ќе има очи во целото димензионално поле на овој човек. Бидејќи тоа е гонг од Буда школата, некои луѓе ќе носат лик на бодисатва или Буда по целото тело. Сите форми на гонг ќе станат многу обемни. Покрај тоа, ќе се појават и многу живи суштества.

Во тоа време, ќе се појави една состојба наречена „три цвеќиња се собираат над главата". Таа е многу очигледна состојба која исто така е и многу забележителна. Тоа може да се види дури и со небесното око на ниско ниво. Човекот ќе има три цвеќиња над главата. Едното е цвет на лотос, но тоа не е цвет на лотос во нашата физичка димензија. Другите две цвеќиња се исто така од друга димензија, и се извонредно убави. Овие три цвеќиња се вртат еден по друг над главата. Тие ќе се вртат во насока на стрелките на часовникот или спротивно од стрелките на часовникот, и секој цвет може да се ротира самостојно. Секој цвет има голема колона дебела колку дијаметарот на цветот. Овие три големи колони ќе достигнат се до врвот на небото, но тие не се гонг колони – тие се само во оваа форма и се извонредно убави. Ако можеш да ги

видиш, и ти ќе бидеш шокиран. Кога култивацијата на човекот ќе достигне до оваа фаза, телото ќе му биде бело и чисто, а кожата ќе биде фина и нежна. Во овој момент ќе се достигне највисоката форма на култивацијата на Фа во тројниот свет, но сепак тоа не е крајната цел. Треба да се продолжи со култивацијата и да се оди напред.

Додека некој се движи напред, влегува во граничното ниво меѓу „Фа во тројниот свет" и „Фа надвор од тројниот свет", наречено состојба на чисто бело тело (позната и како кристално бело тело). Кога култивирањето на физичкото тело достигне највисока форма на „Фа во тројниот свет", тоа само значи дека човечкото тело е трансформирано во највисоката форма. Кога целото тело е навистина во оваа форма, тоа е целосно составено од високоенергетска материја. Зошто се нарекува чисто бело тело? Тоа е затоа што ова тело веќе достигнало апсолутна чистота од највисок степен. Кога се гледа со небесното око, целото тело е проѕирно – исто како проѕирно стакло. Кога ќе погледнете таму – нема ништо, тоа се појавува во оваа состојба. Едноставно кажано, ова тело е веќе тело на Буда. Ова е затоа што телото составено од високоенергетска материја е веќе различно од нашите физички тела. Во овој момент, сите натприродни способности и натприродни вештини одеднаш ќе бидат напуштени. Тие ќе бидат поставени во многу длабока димензија бидејќи се бескорисни и повеќе немаат никаква функција. Еден ден во иднина кога ќе успееш во култивацијата, можеш да погледнеш назад на својот пат во култивацијата и да ги извадиш за да ги разгледаш. Во тоа време ќе останат само две работи: Гонг колоната останува сеуште, а култивираното бесмртно дете ќе порасне многу големо. Сепак, тие две работи постојат во многу длабока димензија што не може да ја види човек чие небесно око е на просечно ниво. Се што може да се види е дека телото на овој човек е проѕирно.

Бидејќи состојбата на чисто бело тело е само привремено ниво, со понатамошното култивирање ќе се започне вистинската култивација во „Фа надвор од тројниот свет", познато и како култивирање на Буда тело. Целото тело ќе биде составено од гонг. Дотогаш и неговиот шиншинг ќе стане стабилен. Со култивацијата ќе се започне од почеток, и одново ќе се развиваат натприродни способности, и тие повеќе не треба да се нарекуваат „натприродни способности". Тие треба да бидат наречени „божествени моќи на Буда Фа" затоа што можат да дејствуваат во сите димензии со својата безгранична моќ. Додека продолжуваш да се култивираш во иднина, ти самиот ќе ги знаеш работите на високите нивоа, како да практикуваш култивација и кои форми на култивација постојат.

# Приврзаност кон фанатизам

Јас ќе се осврнам на проблемот што припаѓа на приврзаноста кон фанатизам. Многу луѓе практикувале чигонг долго време. Исто така, постојат луѓе кои никогаш не практикувале, но цел живот ја бараат вистината и смислата на човечкиот живот и многу размислуваат за тоа. Откако ќе ја научат нашата Фалун Дафа, тие одеднаш ќе разберат многу прашања за животот што сакале да ги разберат но на кои не можеле да најдат одговор. Можеби заедно со тоа што ќе се воздигнат нивните умови, тие ќе станат многу возбудени – ова е сигурно. Знам дека вистинскиот практикант ќе го разбере значењето на ова и ќе знае да го цени. Сепак, често се појавува овој проблем: Поради возбудата, кај човекот ќе се развие непотребен фанатизам. Тоа предизвикува некој да се однесува ненормално во начинот на извршувањето на работите, во контактите со другите во обичното човечко општество или во неговото опкружувањето. Јас велам дека тоа е неприфатливо.

Поголемиот дел од луѓето во нашата школа ќе практикуваат култивација во обичното човечко општество, така што не треба да се оддалечуваш од обичното човечко општество и мора да практикуваш култивација со јасен ум. Односите со другите треба да останат нормални. Се разбира, ти имаш многу високо ниво на шиншинг и исправни мисли. Ти ќе го надградуваш твојот сопствен шиншинг и твоето сопствено ниво, нема да правиш ништо лошо и ќе правиш само добри дела – ова се покажува само на овој начин. Некои луѓе се однесуваат како да се психички ненормални или како да им е доста од овој современ свет. Тие кажуваат работи што другите не можат да ги разберат. Другите ќе речат: „Како овој човек што учи Фалун Дафа стана ваков? Се чини дека тој има ментален проблем." Всушност, не е така. Тој едноставно е премногу возбуден и се чини дека е нерационален и нема здрав разум. Размислете за тоа сите: Ако вака постапуваш, и тоа е погрешно и си отишол во друга крајност – тоа исто така е приврзаност. Треба да се откажеш од неа и да се култивираш додека живееш нормален живот меѓу секојдневните луѓе, како и сите други луѓе. Ако меѓу секојдневните луѓе те сметаат за чуден, тие нема да сакаат да си имаат работа со тебе и ќе се оддалечат од тебе. Никој нема да ти даде можности да го подобриш шиншингот и нема да те третира како нормална личност – јас би рекол дека тоа не е во ред! Затоа, со сигурност, секој мора да обрне внимание на ова прашање и добро да се однесува.

Нашата практика не наликува на другите што го прават човекот отсутен, во транс или занесен. Нашата практика бара од тебе да се култивираш себеси со

целосна свест. Обично има некој што ќе рече: „Учителе, штом ќе ги затворам очите, моето тело ќе се заниша.” Јас би рекол дека тоа не мора да биде така. Веќе си развил навика да ја напушташ твојата главна свест. Откако ќе ги затвориш очите, ќе ја оставиш главната свест и таа ќе исчезне. Веќе си ја развил оваа навика. Додека тука седиш, зошто твоето тело не се занишува? Ако ја задржиш оваа состојба со отворени очи, дали твоето тело ќе се заниша ако малку ги затвориш очите? Апсолутно не. Ти мислиш дека чигонгот треба да се практикува на овој начин и веќе си формирал таков концепт. Откако ќе ги затвориш очите, ти исчезнуваш без да знаеш каде си. Рековме дека твојата главна свест мора да биде свесна, затоа што оваа практика го култивира твоето сопствено јас. Треба да напредуваш со свесен ум. Ние исто така имаме и медитациска вежба. Како медитираме? Без разлика на тоа колку длабоко медитирате, од сите вас бараме да знаете дека вие овде практикувате. Апсолутно е забрането да бидеш во состојба на транс во која не знаеш ништо. Значи, која специфична состојба ќе се појави? Кога седиш таму, треба да се чувствуваш прекрасно и многу пријатно, како да седиш во лушпа од јајце, ти ќе бидеш свесен дека ја практикуваш вежбата но ќе чувствуваш дека целото тело не може да ти се помрдне. Ова е тоа што мора да се случи во нашата практика. Постои и друга состојба во која некој седи одредено време и открива дека му ги нема нозете и не може да разбере каде му отишле нозете, исто така му го нема и телото, му ги нема рацете, исто така му ги нема и дланките – му останала само главата. Ако продолжи да практикува, открива дека му ја нема и главата, му останал само умот – една мала мисла дека тој овде практикува. Доволно е ако можеме да ја постигнеме оваа состојба. Зошто? Кога некој практикува во оваа состојба, телото целосно се трансформира и тоа е оптимална состојба. Затоа ние бараме да ја постигнеш оваа состојба на спокојство. Сепак, не треба да заспиеш или да ја изгубиш свеста, во спротивно добрите работи може да ги практикува некој друг.

Сите наши практичари треба особено да внимаваат да не се однесуваат ненормално меѓу секојдневните луѓе. Ако пред секојдневните луѓе се покажеш во лошо светло, тие може да речат: „Зошто сите овие луѓе што учат Фалун Дафа вака се однесуваат?” Тоа е исто како да го рушиш угледот на Фалун Дафа, затоа треба особено да внимаваш на ова прашање. И во другите работи и во текот на култивацијата треба да бидеш сигурен дека нема да развиеш приврзаност кон фанатизам – тој менталитет може многу лесно да биде искористен од демоните.

# Култивација на говорот

Во религиите, во минатото исто така беше потребна култивација на говорот. Меѓутоа, култивацијата на говорот кај религиите главно се однесувала на некои професионални практичари – монаси и таоисти, кои не би ја отвориле устата за да проговорат. Бидејќи биле професионални практичари, тие имале намера во уште поголема мерка да ги напуштат човечките приврзаности. Тие верувале дека кога некој мисли, тоа е карма. Религиите ја делеле кармата на „добра карма" и „грешна карма". Без разлика дали станува збор за добра карма или грешна карма, според празнината во Буда школата или учењето за ништожноста во Тао школата, кармата не треба да се произведува. Затоа тие тврдат дека нема ништо да прават бидејќи не можат да го видат кармичкиот однос на работите, односно дали тие работи се добри или лоши или какви кармички врски постојат. Обичен практикант, кој не достигнал многу високо ниво, не може да ги види овие работи, па затоа тој се грижи дека иако нешто се чини добро на површината, тоа би можело да биде лошо откако ќе се направи. Затоа, тој ќе даде се од себе да практикува вувеи и нема ништо да прави за да може да избегне производство на карма. Ова е затоа што, штом се произведе кармата, таа мора да се елиминира и тој ќе мора да страда заради неа. На пример, за нашите практичари веќе е предодредено во која фаза тие ќе станат просветлени. Ако без потреба вметнеш нешто на половина пат, тоа ќе предизвика тешкотии во целата твоја култивациска практика. Затоа се практикува вувеи.

Во Буда школата потребна е култивација на говорот, односно нечиј говор да биде под контрола на неговите мисли. Според тоа неговите мисли имаат намери. Ако некој сака самиот малку да размисли со својот ум, да изрази нешто или да стори нешто или да управува со сетилните органи и четирите екстремитети, тоа можеби е приврзаност меѓу секојдневните луѓе. На пример, меѓу луѓето постојат конфликти како што се „ти си добар, но тој е лош", или „твојата култивација е добра, но неговата не е". Овие се конфликти сами по себе. Ајде да поразговараме за нешто што е вообичаено, на пример, „сакам да го направам ова или она", или „оваа работа треба да се направи на овој или на оној начин." Можеби тоа ненамерно ќе повреди некого. Бидејќи меѓучовечките конфликти се многу сложени, ненамерно може да се произведе карма. Поради тоа, тие сакаа целосно да ја затворат устата и да не зборуваат ништо. Во минатото, религиите многу сериозно се однесувале кон култивацијата на говорот и тоа е она што се учело во религијата.

Поголемиот дел од нашите практичари во Фалун Дафа (т.е. освен оние кои се професионални практичари) се култивираат меѓу секојдневните луѓе. Затоа, тие не можат да избегнат да водат нормален живот во обичното човечко општество и да комуницираат во општеството. Секој има своја работа и мора добро да ја извршува. Некои луѓе мораат да ја вршат својата работа со зборување. Зарем тоа не е конфликт? Тоа не е конфликт. Зошто не станува збор за конфликт? Култивацијата на говорот за која зборуваме ние е многу поразлична од таа на другите. Поради разликите во начинот на култивирање, и барањата се исто така различни. Ние треба да зборуваме во согласност со шиншингот на практичарот, наместо да создаваме конфликти или да кажеме нешто неумесно. Како практичари, ние мораме да се мериме со стандардот за Фа за да утврдиме дали треба да кажеме одредени работи. Она што треба да се каже нема да претставува проблем ако тоа е во согласност со шиншинг стандардот за практикантите според Фа. Покрај тоа, мораме да зборуваме за Фа и да го шириме, па поради тоа невозможно е да не се зборува. Култивацијата на говорот за која учиме се однесува на: тоа што не можеме да се откажеме од угледот и личната добивка меѓу секојдневните луѓе, на тоа што нема никаква врска со работата на практичарите во општеството, на безмисленото озборување кај практичарите од иста школа за практикување, приврзаностите што предизвикуваат некој да се фали, да слуша или да шири озборувања, или возбуденото разговарање за некои општествени теми. Сметам дека сите тие се приврзаности на обичните луѓе. Мислам дека во овие области треба да внимаваме за она што го зборуваме – тоа е култивацијата на говорот на која се повикуваме. Монасите во минатото ги сфаќаа многу сериозно овие работи, затоа што штом некој почне да мисли се создава карма. Затоа, тие го култивирале „телото, говорот и умот". Култивацијата на телото за кое зборуваа значи дека нема да се прават лоши дела. Култивацијата на говорот значи дека нема да се зборува. Култивацијата на умот значи дека не треба дури ни да се мисли. Во минатото, за овие работи имало строги барања при професионалното култивирање во храмовите. Ние треба да се однесуваме според шиншинг стандардот за практикантите. Ќе биде во ред кога некој ќе сфати што треба, а што не треба да кажува.

# Деветта лекција

## Чигонгот и физичките вежби

На обично ниво, луѓето имаат тенденција да мислат дека чигонгот и физичките вежби се директно поврзани. Секако, на ниско ниво, чигонгот и физичките вежби се исти во однос на целта на постигнување на здраво тело. Сепак, неговите специфични методи на вежбање и усвоените средства многу се разликуваат од оние на физичките вежби. За да се добие здраво тело со помош на физичките вежби треба да се зголеми количината на вежбите и да се интензивира физичкиот тренинг. Чигонг практиката, сепак е токму спротивна бидејќи не бара движење. Ако има некое движење, тоа е нежно, бавно и заоблено. Дури и стоењето е неподвижно и мирно – ова во однос на формата многу се разликува од физичките вежби. Од гледна точка на повисоко ниво чигонгот не е ограничен само на лекување и одржување на телото, затоа што содржи работи од повисоките нивоа и има подлабоко значење. Чигонгот не е само мала работа на нивото на обичните луѓе. Тој е нешто натприродно, и на различните нивоа има различни манифестации. Тој е нешто што далеку ги надминува секојдневните луѓе.

Што се однесува до природата на вежбите, тие исто така многу се разликуваат. За да се подготви телото за ова модерно ниво на натпреварување и за да се исполнат критериумите за него, се бара од спортистите, особено од денешните спортисти, да ја зголемат количината на вежби. Затоа секогаш мора да се одржи телото во најдобра форма. За да се постигне оваа цел, мора да се зголеми количината на вежби за да може крвта да циркулира соодветно во телото, да го зајакне неговиот метаболизам и секогаш да го одржи телото во состојба на подобрување. Зошто треба да се зајакне метаболизмот? Бидејќи телото на спортистот мора секогаш да се подобрува и да биде во најдобра форма за натпреварување. Човечкото тело е составено од многубројни клетки. Сите тие го имаат следниот вид на процес: Животот на новоподелената клетка е многу енергичен, а клетката покажува состојба на растење. Кога ќе порасне до крајната точка, не може да расте повеќе и може само да се спушти до својата најниска точка. Тогаш ќе ја замени нова клетка. На пример, ајде да користиме за

споредба дванаесет часа од денот. Клетката се дели во 6 часот и покажува состојба на раст. Кога ќе дојде 8 часот, 9 часот или 10 часот, тоа се уште е добар период. Но кога ќе дојде пладне, веќе не може да се искачува нагоре, и може само да се спушта надолу. Во овој момент клетката се уште ја има преостанатата половина од животот, но состојбата на оваа преостаната половина е несоодветна за еден спортист кој се натпреварува.

Што треба да се направи, тогаш? Треба да се засили тренингот и да се забрза циркулацијата на крвта, а потоа новоподелените клетки можат да ги заменат старите. Се користи овој начин. Односно, пред да заврши целосното патување на клетката, или кога ќе помине само половина од нејзиниот живот, таа ќе биде заменета. На тој начин, телото секогаш ќе ја одржува силата и ќе прави подобрување. Сепак, човечките клетки не можат така да се делат бесконечно, бидејќи бројот на поделба на клетките е ограничен. Да претпоставиме дека клетката може да се подели само сто пати во животот. Всушност, може да се подели повеќе од милион пати. И да претпоставиме дека кога клетката на обичен човек ќе се подели сто пати, тој може да живее сто години. Но сега, оваа клетка живее само половина од својот живот, така што тој може да живее само педесет години. Сепак, не сме виделе дека на спортистите им се случуваат поголеми проблеми, затоа што спортистите во денешно време мораат да се пензионираат пред да наполнат триесет години. Особено сега, нивото на конкуренција е многу големо, а голем е и бројот на пензионирани спортисти. На тој начин, спортистот може да продолжи со нормален живот и нема да изгледа многу засегнат. Всушност, теоретски е вака. Физичките вежби можат да му овозможат на човекот да одржува здраво тело, но ќе го скратат неговиот живот. Според изгледот, спортистот во своите тинејџерски години изгледа како да има дваесетина години, додека некој од дваесетина години изгледа како да има триесетина години. Еден спортист, обично се чини дека рано старее. Ако има предност – од дијалектичка гледна точка – ќе има и недостаток. Всушност, тоа е на овој начин.

Чигонг практиката е сосема спротивна од физичките вежби. Таа не бара напорни движења. Ако има некакво движење, тоа е нежно, бавно и заоблено. Тоа е многу нежно и бавно, или дури и нема движење или се мирува. Знаете дека методот на култивација со седење во транс бара состојба на мирување. Сите работи, како што се чукањето на срцето и циркулацијата на крвта, ќе се успорат. Во Индија има многу мајстори по јога кои многу денови можат да седат во вода или да бидат закопани во земја. Тие можат да бидат потполно мирни, па дури можат и да го контролираат отчукувањето на срцето. Да претпоставиме

дека нечии клетки се делат еднаш дневно. Практикантот може да предизвика клетките на неговото тело да се делат еднаш на секои два дена, еднаш неделно или еднаш на половина месец, па дури и еднаш за подолг временски период. На тој начин, тој веќе го продолжил својот живот. Ова се однесува само на оние практики кои го култивираат само умот, без да го култивираат телото, бидејќи и тие можат да го постигнат тоа и да го продолжат животот. Некој можеби мисли: „Не е ли нечиј живот или време на живот веќе предодреден? Како некој може да живее подолго без да го култивира телото?" Вистина е. Ако нивото на практикантот достигне над трите света, неговиот живот може да биде продолжен, но на површината тој ќе изгледа многу стар.

Вистинската практика за култивирање на телото постојано ќе ја акумулира насобраната високоенергетска материја во клетките на телото и постојано ќе ја зголемува нејзината густина за постепено да ги потисне и полека да ги замени клетките на секојдневните луѓе. Во тоа време ќе дојде до квалитативна промена и овој човек ќе остане засекогаш млад. Се разбира, процесот на култивирање е многу спор и постепен, и мора многу да се жртвува. Не е воопшто лесно некој да се кали и физички и психички. Може ли некој да остане смирен во шиншинг-конфликтите со другите луѓе? Може ли некој да остане неподвижен кога станува збор за неговите лични интереси? Многу е тешко да се направи ова, така што тоа не значи дека се додека некој сака да ја постигне оваа цел, тој може и да ја постигне. Само кога нечиј шиншинг и де ќе се надградат, може да се постигне оваа цел.

Многу луѓе го сметаат чигонгот како да е обична физичка вежба, додека всушност, разликата е исклучително голема, тие воопшто не се една иста работа. Само кога се практикува чи на најниско ниво што служи за лекување и одржување на здраво тело, само на ова најниското ниво целта е слична на целта на физичките вежби. Сепак, на високо ниво, тие се сосема различни работи. Прочистувањето на телото во чигонгот исто така има своја цел и, покрај тоа, од практикантите се бара да ги почитуваат натприродните принципи, наместо принципите на секојдневните луѓе. Но физичките вежби се само нешто за секојдневните луѓе.

## Мисловни намери

Што се однесува до мисловните намери, овде се мисли на нашите човечки мисловни активности. Како се гледа на активностите на мозокот во заедницата

на култиватори? Како се гледа на различните форми на човечкото размислување (мисловните намери)? И како тие се манифестираат? Современата медицина се уште не може да реши многу прашања во своето изучување на човечкиот мозок, затоа што тоа не е толку лесно како што е проучувањето на површината на нашите тела. На подлабоки нивоа, во различните димензии постојат различни форми. Но тоа исто така се разликува од она што го имаат кажано некои чигонг мајстори. Некои чигонг мајстори и самите не знаат што се случува и не можат јасно да го објаснат тоа. Тие мислат дека штом го користат умот и формираат мисла, ќе можат нешто да направат. Тврдат дека тие работи ги направиле нивните мисли или нивната мисловна намера. Всушност, тие работи воопшто не се направени од нивната мисловна намера.

Како прво, ајде да разговараме за потеклото на нечие размислување. Во стара Кина постоела фразата „размислување од срцето". Зошто се вика размислување од срце? Старата кинеска наука беше многу напредна бидејќи нејзините испитувања беа директно насочени кон работите како што се човечкото тело, животот и универзумот. Некои луѓе навистина чувствуваат дека нивните срца мислат, додека други сметаат дека нивниот мозок е тој што мисли. Зошто постои оваа ситуација? Сосема е разумно кога некои луѓе зборуваат за размислување од срцето. Ова е затоа што откривме дека првобитната душа на обичниот човек е многу мала, а вистинските пораки од човечкиот мозок не потекнуваат од дејството на човековиот мозок – тие не се создадени од мозокот туку од првобитната душа. Првобитната душа не останува само во ниван палатата. Ниван палатата во Тао школата е епифизата, која модерната медицина ја има разбрано. Ако првобитната душа се наоѓа во ниван палатата, тој навистина ќе почувствува дека неговиот мозок размислува за нешто или испраќа пораки. Ако таа се наоѓа во неговото срце, навистина ќе почувствува дека размислува со срцето.

Човечкото тело е мал универзум. Многу живи суштества во телото на практикантот можат да ги менуваат местата. Кога првобитната душа го смени своето место и ако се пресели во стомакот, тој ќе почувствува дека навистина стомакот размислува за нешто. Ако првобитната душа се пресели во потколеницата или во петата, тој всушност ќе почувствува дека потколницата или петата размислуваат. Гарантирано е дека ќе биде така, иако ова можеби е невозможно и да се замисли. Кога твоето култивациско ниво не е многу високо, ќе откриеш дека постои овој феномен. Ако човечкото тело ја нема првобитната душа и работите како што се темпераментот, карактерот и личноста, тоа е само парче месо и не е целосна личност со независна индивидуалност. Па, каква

функција има човечкиот мозок? Како што гледам, во формата на оваа физичка димензија, човечкиот мозок е само фабрика за преработка. Вистинската порака е испратена од првобитната душа. Тоа што се пренесува, сепак, не е јазик туку порака од универзумот што има одредено значење. По приемот на таквата наредба, нашиот мозок ќе го преработи ова во форма на нашиот современ јазик, или во вид на други вакви форми на изразување, па ние го изразуваме преку гестикулација со рацете, контакт со очите или со целосно движење. Мозокот го има само овој ефект. Вистинските наредби и размислувања потекнуваат од првобитната душа на човекот. Луѓето обично веруваат дека тоа се директни и независни функции на мозокот. Всушност, првобитната душа понекогаш е во срцето, така што некои луѓе навистина можат да почувствуваат како размислуваат нивните срца.

Во моментов, оние луѓе кои спроведуваат испитувања на човечкото тело веруваат дека човечкиот мозок пренесува нешто како електричен бран. На почетокот нема да се осврнеме на тоа што всушност се пренесува, но тие признаваат дека станува збор за еден вид на материјално постоење. Значи, тоа не е суеверие. Какви ефекти има таа материја? Некои чигонг мајстори тврдат: „Јас можам да ја искористам својата мисловна намера да се телепортирам, да го отворам твоето небесно око, да ја излекувам твојата болест итн." Всушност, што се однесува до некои чигонг мајстори, тие дури не знаат и не им е јасно какви натприродни способности имаат. Тие знаат само дека можат да направат што сакаат, штом ќе помислат на тоа. Во реалноста, нивната мисловна намера го прави ова: Натприродните способности се насочувани од мисловната намера на неговиот мозок и тие извршуваат специфични задачи под команда на мисловната намера. Сепак, мисловната намера сама не може ништо да стори. Кога практикантот прави нешто специфично, неговите натприродни способности се тие што ја извршуваат работата.

Натприродните способности се потенцијални спообности на човечкото тело. Со развојот на нашето човечко општество човечкиот ум станал се покомплициран, и луѓето придаваат се поголема важност на „реалноста" и стануваат се повеќе зависни од таканаречените современи алатки. Како резултат на тоа, човечките вродени способности постепено атрофирале. Тао школата учи за враќање кон своето вистинско јас. Во текот на култивацијата, мораш да ја бараш вистината, и на крајот да се вратиш кон своето оригинално вистинско јас, и твојата вродена природа. Само тогаш можеш да ги откриеш овие свои натприродни способности. Ние денес ги нарекуваме натприродни способности иако сите тие се всушност вродени способности на човекот. Човечкото

општество се чини дека напредува, но всушност се враќа назад и се оддалечува од својствата на универзумот. Пред некој ден спомнав дека Џан Гуолао јавал на магарето свртен кон назад, но луѓето можеби не разбрале што значи тоа. Тој открил дека одењето напред е всушност враќање назад и дека човештвото се повеќе се оддалечува од својствата на универзумот. Во текот на еволуцијата на универзумот и особено откако се приклучија кон големиот тренд на потрошувачката економија, многу луѓе станаа морално корумпирани и се повеќе се оддалечуваат од Џен, Шан и Рен, својствата на универзумот. Оние кои се носени од течението на секојдневните луѓе не можат да сфатат колку човештвото е морално корумпирано. Затоа некои луѓе дури мислат дека работите се добри. Само оние луѓе кои го надградиле шиншингот преку култивацијата, ќе сфатат, гледајќи наназад, дека човечките морални вредности се расипале до овој ужасен степен.

Некои чигонг мајстори тврдат: „Јас можам да ги развијам твоите натприродни способности." Кои натприродни способности тие можат да ги развијат? Без енергија, човечките натприродни способности нема да функционираат. Како можеш да ги развиеш без неа? Кога нечии натприродни способности не се формирани и одржувани од сопствената енергија, како би можел да ги развиеш? Тоа е апсолутно невозможно. Она што тие го кажуваат за развивање на натприродните способности не е ништо друго освен поврзување на вашите веќе формирани натприродни способности со вашиот мозок. Тие ќе настапуваат под командата на мисловната намера на вашиот мозок. Ова е тоа што тие го прават во смисла на развивање на натприродните способности. Всушност, тие не ти имаат развиено никакви натприродни способности, тие ја направиле само оваа мала работа.

За практичарот, неговата мисловна намера им диктира на натприродните способности нешто да направат. За секојдневниот човек, мисловната намера ги насочува четирите екстремитети и сетилните органи да работат, исто како одделот за производство во фабриката: канцеларијата на директорот издава наредби на секое одделение за специфичните функции во извршувањето на должностите. Истото е и во воениот штаб: Штабот на командантот дава наредба и ја насочува целата армија во извршувањето на мисијата. Кога држев предавања надвор од градот, често пати разговарав за ова прашање со администраторите на локалните чигонг здруженија. Сите тие беа изненадени: „Ние проучувавме колку потенцијална енергија и свест има човечкиот ум." Во реалноста, не е така. Тие беа далеку од вистината уште од самиот почеток. Јас реков дека за да се проучи науката за човечкото тело, и размислувањето мора

да се револуционизира. За да ги разбереме тие натприродни работи, не може да се применува логиката на секојдневните луѓе и нивните методи на размислување во разбирањето на работите.

Кога зборуваме за мисловната намера, таа има неколку форми. На пример, некои луѓе зборуваат за нејасната свест, потсвеста, инспирацијата, соништата и тн. Ако зборуваме за соништата, ниту еден чигонг мајстор не е подготвен да ги објасни. Бидејќи уште кога си роден, ти си во исто време роден и во многу димензии на универзумот, овие твои други „јас“ сочинуваат комплетен интегриран ентитет со тебе, имаат взаемни односи, бидејќи тие сите се ментално поврзани. Покрај тоа, во телото имаш главна душа, помошна душа, и претстави од различни други суштества. Како форми на постоење во други димензии, секоја клетка и сите внатрешни органи ја носат пораката на твојата претстава. Затоа, тоа е исклучително комплицирано. Во сон, работите можат да бидат вакви во еден момент, но поинакви во следниот момент. Тогаш, од каде доаѓаат? Во медицината се вели дека површинскиот дел на мозокот доживеал промени. Тоа е реакција манифестирана во оваа физичка форма. Всушност, тоа е резултат на примањето на пораки од другите димензии. Затоа, кога сонуваш се чувствуваш збркано. Ова нема никаква врска со тебе и не треба да обрнуваш внимание на тоа. Постои еден вид сон што директно те засега. Таквиот сон не треба да го нарекуваме „сон”. Твојата главна свест или главна душа можеби видела во сон дека ти приоѓа член на семејството, дека навистина нешто си доживеал, или дека можеби си видел нешто или нешто си направил. Во овој случај, всушност твојата главна душа направила или видела нешто во друга димензија, бидејќи твојата свест била јасна и реална. Овие работи навистина постојат но се случуваат во друга физичка димензија и се одвиваат во друг време - простор. Како можеш да го наречеш сон? Не е сон. Но твоето физичко тело тука навистина спиело, па затоа само може да се нарече сон. Само ваквите соништа имаат директна врска со тебе.

Кога зборуваме за човечката инспирација, потсвеста, нејасната свест и слично, би рекол дека овие термини не се создадени од научниците. Тие изрази се создадени од писателите и се темелат на разбирањата на секојдневните луѓе – тие не се научни. Што е нејасната свест за која луѓето зборуваат? Тоа е тешко јасно да се објасни и е многу двосмислено, бидејќи различните човечки пораки се сложени и се чини дека тие се само делови од замаглени сеќавања. Што се однесува до потсвеста која ја спомнуваат луѓето, тоа можеме јасно да го објасниме. Според дефиницијата за потсвеста, ова обично се однесува на тоа кога човекот прави нешто без да знае. Другите луѓе обично ќе речат дека овој

човек го сторил тоа потсвесно, а не намерно. Оваа потсвест е точно иста како помошната свест што ја спомнавме. Кога главната свест е опуштена и не го контролира мозокот, човекот нема јасна свест, како да заспал. Во сон или во безсознание лесно ќе може да го контролира помошната свест или помошната душа. Тогаш помошната свест е во состојба да направи некои работи, што значи дека ќе правиш нешто без јасен ум. Сепак, често пати овие работи можат да се направат доста добро, бидејќи помошната свест може од друга димензија да ја види природата на материјата и нема да биде заведена од нашето обично човечко општество. Затоа, кога некој ќе открие што направил, ќе погледне назад: „Како можев да го сторам тоа толку лошо? Не би го направил тоа на овој начин со јасен ум.“ Можеби сега ќе кажеш дека не е добро, но кога ќе погледнеш назад десет дена или половина месец подоцна, ќе induced: „Леле! Тоа било направено многу добро! Како сум го направил тогаш?“ Овие работи често се случуваат. Бидејќи помошната свест не се грижи за ефектот во тој момент, сепак во иднина ќе има добар ефект. Исто така, постојат некои работи кои немаат никакви идни последици и имаат само некои ефекти во тој момент. Кога помошната свест ги прави овие работи, таа може веќе на лице место да ги направи многу добро.

Постои и друга форма: Имено, оние од вас со многу добар вроден квалитет, можат лесно да бидат контролирани од повисоки суштества во извршувањето на работите. Се разбира, ова е друго прашање и овде нема да зборуваме за него. Овде ние главно зборуваме за мислите што доаѓаат од нас самите.

Што се однесува до „инспирацијата”, тоа е исто така термин измислен од писателите. Обично се верува дека инспирацијата, како акумулација на доживотно знаење, избива во моментот како сјајна искра. Јас би рекол дека од перспектива на материјализмот, колку повеќе знаење се акумулира во животот, толку повеќе се користи умот, и тој станува многу поостар. Во времето кога некој ја користи инспирацијата, таа треба да доаѓа постојано, и не треба да има никаков проблем со неа. Целата таканаречена инспирација, кога ќе се појави, не е во оваа состојба. Обично, кога некој го користи мозокот, тој го користи се додека не открие дека неговото знаење е исцрпено и се наоѓа на крајот на своите можности. Тој нема да може да го продолжи пишувањето на книгата, нема идеи за компонирање музика, или нема да може да го заврши проектот за научното испитување. Во тој момент, обично човекот е изморен, мозокот му е исцрпен, а догорчињата од цигари се расфрлани по подот. Тој е во безизлезна состојба, има главоболка, и се уште не може да добие никакви идеи. На крајот, под какви услови се појавува инспирацијата? Ако е изморен, ќе помисли:

„Пушти го тоа. Треба да направам пауза“. Бидејќи колку повеќе неговата главна свест го контролира неговиот мозок, толку помалку другите суштества можат да интервенираат, но со оваа пауза и опуштеноста на неговиот ум, одеднаш ненамерно може да се потсети на нешто од неговиот мозок. Повеќето инспирации доаѓаат на овој начин.

Зошто инспирацијата доаѓа во тоа време? Затоа што кога нечиј мозок е контролиран од главната свест, колку повеќе тој го користи мозокот, и колку повеќе е под контрола на главната свест, толку помалку помошната свест може да интервенира. Кога некој размислува, има главоболка и страда, помошната свест исто така страда и има многу силна главоболка. Како дел од ова тело, и таа се раѓа истовремено од матката на истата мајка, и таа контролира дел од истото тело. Кога главната свест ќе се опушти, помошната свест ќе го проектира во мозокот она што таа го знае. Бидејќи таа може да ја види природата на материјата во друга димензија, па според тоа, работата ќе биде направена, текстот ќе биде напишан или музиката компонирана.

Некои луѓе ќе речат: „Во тој случај, треба да ја користиме помошната свест“. Ова е исто како прашањето што некој пред малку го постави на едно ливче хартија: „Како да стапиме во контакт со помошната свест?” Не можете да стапите во контакт со неа, затоа што вашата практика штотуку започнала и немате никакви способности. Подобро е да немате никаков контакт, бидејќи вашата намера ќе биде приврзаност. Некои луѓе можеби мислат: „Можеме ли да ја користиме помошната свест за да создадеме поголем просперитет и да го забрзаме развојот на човечкото општество?” Не! Зошто не? Затоа што она што го знае вашата помошна свест е се уште многу ограничено. Со сложеноста на димензиите и со толку многу нивоа, структурата на универзумот е многу сложена. Помошната свест може да го знае само тоа што е во нејзината димензија и нема да знае ништо над нејзината димензија. Покрај тоа, постојат многу различни вертикални нивоа и димензии. Развојот на човештвото можат да го контролираат само повисоките животи на многу високо ниво и тој напредува според законот за развојот.

Нашето обично човечко општество се развива според законот на историскиот развој. Вие можеби сакате да се развие на одреден начин и да постигне одредена цел, но тие повисоки животи не мислат така. Дали луѓето во старите времиња не мислеле за денешните авиони, возови и велосипеди? Јас би рекол дека малку е веројатно дека не го сториле тоа. Но бидејќи историјата не била развиена до таа фаза, тие не можеле да ги измислат. На површината, или од гледна точка на конвенционалните теории и сегашното знаење на

човештвото, тоа е затоа што човечката наука во тоа време се уште не го достигнала ова ниво и затоа не можеле да ги измислат. Всушност, развојот на науката на човештвото, исто така се одвива според аранжманот на историјата. Ако сакате да постигнете некоја цел на човечки начин, нема да можете да го постигнете тоа. Се разбира, има луѓе кај кои помошната свест може лесно да дојде до израз. Еден писател тврди: „Можам да напишам десетици илјади зборови за мојата книга во еден ден без воопшто да се изморам. Ако сакам, можам да пишувам многу брзо, а другите се уште ќе мислат дека е многу добра откако ќе ја прочитаат.“ Зошто е така? Ова е резултат на заедничките напори на неговата главна свест и помошната свест, бидејќи неговата помошна свест исто така може да превземе половина од работата. Но тоа не е кај сите така. Кај големото мнозинство, помошната свест воопшто не се меша. Не е добро ако сакате таа да стори нешто, бидејќи ќе добиете спротивни резултати.

## Чист и јасен ум

Многу луѓе додека практикуваат не можат да постигнат спокоен ум и одат насекаде за да ги прашаат чигонг мајсторите: „Учителе, не можам да постигнам спокојство без разлика на тоа како вежбам. Штом ќе пробам да се смирам, почнувам да мислам на се, вклучувајќи тука и чудни мисли и идеи.” Тоа личи на надојдени реки и мориња, се излегува на површината и ти воопшто не можеш да постигнеш спокојство. Зошто не може да се постигне спокојство? Некои луѓе не можат да го разберат тоа и веруваат дека мора да постојат некои тајни трикови. Тие ќе ги бараат познатите мајстори: „Те молам, научи ме некои напредни трикови за да можам да имам спокоен ум.” Според мене, тие бараат помош од надвор. Ако сакаш да се усовршиш, треба да бараш во себе и да се потрудиш да го подобриш своето срце – само тогаш можеш навистина да се воздигнеш и да постигнеш спокојство при седењето во медитација. Способноста да се постигне спокојство е гонг, а длабочината на динг укажува на нечие ниво.

Како може секојдневниот човек да постигне спокојство по волја? Не може воопшто да го стори тоа, освен оние што имаат многу добар вроден квалитет. Со други зборови, основната причина за неможењето да се постигне спокојство не е до техниките, но до тоа што твојот ум и срцето не се чисти. Во обичното човечко општество и во меѓучовечките односи, ти се натпреваруваш и се бориш за лична корист, и поради секаков вид човечки чинг и приврзаности кон разни желби. Ако не ги отпуштиш овие работи и не ги сфатиш лесно, како можеш лесно да постигнеш спокојство? Додека вежба чигонг, некој тврди: „Јас

едноставно не верувам во тоа. Морам да се смирам и да престанам да размислувам.” Штом ќе го каже тоа, сите мисли повторно ќе се појават. Значи, твојот ум не е чист, затоа не можеш да постигнеш спокојство.

Некои луѓе можеби не се согласуваат со мене: „Зар некои чигонг мајстори не ги учат луѓето да користат одредени техники? Човек може да се концентрира, да визуелизира нешто, да го фокусира умот на дантијен, да го набљудува дантијенот внатре, да го повторува името на Буда и слично.” Овие се видови на техники. Сепак, тие не се само техники но и одраз на нечии способности. Според тоа, овие способности се директно поврзани со нашето култивирање на шиншингот и нивото на нашето подобрување. Покрај тоа, не може да се постигне спокојство само со употребата на такви техники. Ако не веруваш во тоа, можеш да пробаш. Со различните силни желби и приврзаности и без да можеш да се откажеш од се, можеш да пробаш и да видиш дали можеш да постигнеш спокојство. Некои луѓе велат дека ќе делува ако го изговараат името на Буда. Можеш ли да постигнеш спокојство изговарајќи го името на Буда? Некои тврдат: „Лесно е да се практикува во школата на Буда Амитаба. Ќе има дејство само со изговарање на името на Буда.” Зошто не се обидеш така да го изговараш? Јас би го нарекол тоа способност. Ти велиш дека е лесно, но јас би рекол дека не е лесно, бидејќи ниту една школа за практикување не е лесна.

Сите знаат дека Шакјамуни предавал „самади”. Што подучувал пред да подучува „самади”? Тој подучувал „заповеди” и откажување од сите желби и зависности додека не остане ништо – тогаш може да се постигне самади. Зарем тоа не е таков принцип? Но и „самади” е исто така една способност, бидејќи ти не си во можност одеднаш од се да се откажеш. Со постепено напуштање на сите лоши работи, способноста на човекот да се концентрира, исто така ќе се подобри од површна кон длабока. Кога некој го рецитира името на Буда, тој мора да го стори тоа без ништо друго на умот, додека сите други делови на мозокот не се исклучат, и да се изгуби претстава за се друго, со една мисла која заменува илјадници други, или се додека секој збор на „Буда Амитаба” не се појави пред очите. Зарем ова не е способност? Може ли некој да го стори тоа на самиот почеток? Не може. Ако некој не може да го стори тоа, сигурно нема да може да постигне спокојство. Ако не веруваш во тоа, можеш да пробаш. Додека некој го рецитира повеќе пати името на Буда со устата, неговиот ум размислува за се: „Зошто на работното место не му се допаѓам на мојот шеф? Мојот бонус за овој месец е многу мал.” Колку повеќе мисли на тоа, се повеќе се лути, додека неговата уста се уште го изговара името на Буда. Дали мислиш дека овој човек може да вежба чигонг? Зарем ова не е прашање на способност? Зарем

проблемот не е во тоа што твојот ум не е чист? Небесното око на некои луѓе е отворено и можат да гледаат внатре во дантиенот. Што се однесува до данот што се акумулира во долниот дел на абдоменот, колку е почиста оваа енергетска материја, толку посветла станува. Колку е понечиста, толку повеќе станува заматена и темна. Може ли некој да постигне спокојство со тоа што ќе погледне внатре во тој дан во дантиенот? Не може да го постигне тоа. Тоа не зависи од самата техника. Клучот е во тоа што умот и мислите не се јасни и чисти. Кога гледаш внатре во дантиенот, тој дан изгледа светол и убав. За секунда, тој дан се претвора во стан: „Оваа соба ќе биде за мојот син кога ќе се ожени. Таа соба е за мојата ќерка. Како стара двојка ние ќе живееме во другата соба, а централната просторија ќе биде дневна соба. Тоа е одлично! Дали ќе ми го доделат овој стан? Морам да размислам за начинот како да го добијам. Што треба да се направи?" Луѓето се едноставно приврзани за овие работи. Мислиш ли дека можеш да постигнеш спокојство на овој начин? Речено е: „Кога ќе дојдам во ова обично човечко општество, тоа е исто како да се пријавувам во хотел на неколку дена. Потоа, заминувам на брзина." Некои луѓе се толку опседнати со ова место и ги заборавиле своите домови.

Во вистинската култивациска практика човекот мора да го култивира сопственото срце и внатрешното јас. Треба да се бара внатре во себе, а не надвор. Некои школи за практика велат дека Буда е во нечие срце, и ова има одредена вистина. Некои луѓе погрешно ја разбрале оваа изјава и велат дека има Буда во нивните срца, како тие самите да се Буди или како да има Буда во нивните срца – тие го разбрале тоа на овој начин. Зарем тоа не е погрешно? Како би можело така да се разбере? Тоа значи дека мора да го култивираш своето срце ако сакаш да успееш во култивацијата – тоа го кажува овој принцип. Како може да има Буда во твоето тело? Ти мораш да практикуваш култивација за да успееш.

Причината поради која не можеш да постигнеш спокојство е тоа што твојот ум не е празен и не си го достигнал тоа високо ниво, кое може да се постигне само чекор по чекор. Тоа оди рака под рака со нивото на твоето подобрување. Кога ќе се откажеш од приврзаностите, твоето ниво ќе стане повисоко, а твојата способност да се концентрираш исто така ќе се подобри. Ако сакаш да постигнеш спокојство со помош на некои техники или методи, јас би рекол дека бараш помош од надвор. Меѓутоа, во чигонг практиката, да се застрани или да се следи лош пат, се однесува токму на луѓето кои бараат помош од надвор. Особено во будизмот, ако бараш надворешна помош, се вели дека следиш демонски пат. Во вистинската култивациска практика мора да се култивира срцето: Само кога ќе се

надгради твојот шиншинг, може да постигнеш јасен и чист ум и состојба без намери (вувеи). Само кога ќе се надгради твојот шиншинг, можеш да се асимилираш со карактеристиките на универзумот и да ги отстраниш различните човечки желби, приврзаности и други лоши работи. Само тогаш ќе можеш да ги напуштиш лошите работи во себе и да се воздигнеш за да не бидеш ограничен од карактеристиките на универзумот. Тогаш супстанцата на де може да се трансформира во гонг. Зарем тие не одат рака под рака? Тоа е таков принцип!

Ова е причината од страна на поединецот зошто тој не е во состојба да постигне спокојство, бидејќи не може да го исполни стандардот за практикант. Што се однесува до надворешните фактори, моментално постои ситуација која сериозно пречи во твоето практикување култивација кон високите нивоа и таа сериозно влијае врз практичарите. Вие знаете дека со реформите и отвореноста, економијата стана флексибилна, а политиката исто така е помалку рестриктивна. Воведени се многу нови технологии и подобрен е животниот стандард на луѓето. Сите секојдневни луѓе мислат дека тоа е добра работа. Но работите треба да се гледаат дијалектички, и од двете страни. Со реформите и отвореноста, увезени се и лоши работи во различни форми. Ако некое литературно дело не содржи сексуална содржина, се чини дека книгата нема да може добро да се продава, бидејќи постои прашањето за продадената количина. Ако филмовите и телевизиските програми не прикажуваат снимки од сцените во спалната соба, према рејтингот на публиката, се чини дека никој не ги гледа. Што се однесува до уметничките дела, никој не може да каже дали тоа е вистинска уметност, или нешто друго. Немаше такви работи во нашите стари традиционални кинески уметности. Традицијата на нашата кинеска нација не беше измислена или создадена од некој човек. Кога зборував за предисториската култура, спомнав дека се има свое потекло. Човечките морални вредности се искривени и променети. Стандардите за мерење на доброто и лошото, сите се променети. Тоа се работи на секојдневните луѓе. Сепак, карактеристиките на овој универзум, Џен-Шан-Рен, остануваат непроменети, како единствен критериум за разликување на добрите и лошите луѓе. Како практикант, ако сакаш да се издигнеш повисоко, мора да го користиш овој критериум – а не стандардот на секојдневните луѓе – за да ги проценуваш работите. Затоа, ќе постои оваа надворешна пречка. А има и повеќе од тоа, како хомосексуалност, сексуална слобода и злоупотреба на дрога.

Кога човечкото општество се развило до овој степен во денешно време, размислете за тоа: Што ќе се случи ако продолжи вака? Може ли да се дозволи да постои вака засекогаш? Ако човештвото не стори нешто во врска со тоа, ќе

стори небото. Секогаш кога човештвото доживувало катастрофи, тоа било во ваква состојба. Во толку многу мои предавања, не го покренав прашањето за големите катастрофи на човештвото. Оваа жешка тема е дискутирана во религиите и од многу луѓе. Ова прашање им го поставувам на сите, затоа, размислете сите за тоа: Во нашето обично човечко општество, човечкиот морален стандард претрпе ваква промена! Меѓусебните тензии достигнаа толкава мерка! Зарем не мислите дека е дојдено до исклучително опасна точка? Затоа, ова опкружување, што објективно постои во денешно време, сериозно се меша во култивацијата на нашите практичари кон високо ниво. Разголени слики се поставуваат насекаде, висат среде улица. Само ако погледнете нагоре, ќе ги видите.

Лао Це еднаш ја дал оваа изјава: „Кога мудар човек ќе го чуе Тао, овој човек вредно ќе го практикува." Кога некој мудар ќе научи Тао, тој мисли: „Конечно добив исправен начин на култивација. Зошто да чекам и да не почнам да практикувам денес?" Според мене, сложената околина е всушност добра работа. Колку е покомплицирана, таа ќе произведе поголеми луѓе. Ако некој може да се издигне повисоко, неговата култивација ќе биде најстабилна.

За практикантот кој навистина е решен да практикува култивација, јас би рекол дека тоа е добра работа. Без појавата на конфликти или можности за подобрување на твојот шиншинг, не можеш да напредуваш. Ако сите се пријатни едни со други, како ќе можеш да се култивираш? Што се однесува до еден просечен практикант, тој е „просечен човек кој слушнал Тао", и нему му е сеедно дали практикува или не практикува култивација, тој најверојатно нема да успее во култивацијата. Некои луѓе што слушаат овде, сметаат дека она што го вели Учителот е разумно. Но по враќањето во обичното човечко општество, сепак ќе мислат дека оние непосредни придобивки се попрактични и реални. Ти се реални. Но не само вие, туку и многу милионери на запад и многу богати луѓе, откриле дека не им останува ништо после смртта. Материјалните богатства не ги донесуваме со себе со раѓањето, и не можеме да гиземеме со себе после смртта - тие се целосно бесмислени. Сепак, зошто гонгот е толку скапоцен? Затоа што тој е приврзан за телото на твојата првобитна душа, и доаѓа со тебе при раѓањето и си оди со тебе после смртта. Ние рековме дека првобитната душа не исчезнува, и ова не е суверие. Откако клетките во нашите физички тела ќе бидат отфрлени, честичките помали од клетките, што постојат во другите материјални димензии, не исчезнуваат. Само обвивката е отфрлена.

Се ова на што се осврнав сега, припаѓа на прашањето за шиншингот. Шакјамуни еднаш ја кажал оваа изјава, а и Бодидарма тоа го има кажано: „Оваа

ориентална земја Кина е место од каде произлегуваат луѓе со големи доблести.” Низ историјата, многу монаси и повеќето Кинези се многу горди поради ова, се чини дека ова сугерира на тоа дека тие можат да култивираат гонг на високо ниво, и затоа многу луѓе се среќни поради тоа и се чувствуваат воодушевено: „Браво за нас, кинескиот народ! Во Кина се појавуваат луѓе со големи вродени квалитети и голема доблест.” Всушност, многу луѓе не ја разбрале смислата што стои зад тоа. Зошто во Кина се појавуваат луѓе со големи доблести и зошто тука може да се развие гонг на високо ниво? Многу луѓе не го разбираат вистинското значење на она што го кажале луѓето на високо ниво, ниту пак го разбираат доменот или начинот на размислување на тие луѓе на високо ниво и во возвишени домени. Се разбира, ние рековме дека нема да посочиме што значи тоа. Размислете за тоа, сите: Само ако некој се наоѓа меѓу најкомплицираната група на луѓе и во најсложената околина може да култивира гонг на високо ниво – ете што значи тоа.

## Вроден квалитет

Вродениот квалитет се одредува според количината на супстанцата де што се наоѓа во нечие тело во друга димензија. Со помалку де и повеќе црна материја, кармичкото поле на еден човек ќе биде големо. Во тој случај, тој е со слаб вроден квалитет. Со многу де или бела материја, кармичкото поле на еден човек ќе биде мало. Според тоа, овој човек има добар вроден квалитет. Белата материја и црната материја можат да се претворат една во друга. Како се претвораат? Правењето добри дела ја создава белата материја, бидејќи белата материја се добива преку поднесување на тешкотии, страдањето во беда или правење на добри дела. Црната супстанца се произведува со правењето на погрешни и лоши дела, а тоа е карма. Тие поминуваат низ таков процес на трансформација. Во исто време, тие исто така можат и да се пренесуваат. Бидејќи директно ја следат првобитната душа, тие не се нешто што потекнува од еден животен век, туку се акумулирани од далечното минато. Затоа луѓето зборуваат за собирање на карма и акумулирање на де. Покрај тоа, тие можат да бидат пренесени и од предците. Понекогаш се сеќавам на она што го имаат речено луѓето од античка Кина или постарите луѓе: „Нечии предци акумулирале де. Акумулирај де или изгуби де.” Тоа што беше речено е многу исправно! И тоа е навистина точно.

Добриот или лошиот вроден квалитет на еден човек може да утврди дали неговиот квалитет на просветлување е добар или лош. Лошиот вроден квалитет

на еден човек може исто така да го направи неговиот квалитет на просветлување многу слаб. Зошто? Затоа што некој со добар вроден квалитет има многу бела материја која е асимилирана со нашиот универзум и карактеристиките Џен-Шан-Рен, без никакви бариери. Карактеристиките на универзумот може директно да се манифестираат во вашето тело и да бидат во непосреден контакт со него. Но црната материја е сосема спротивна. Бидејќи таа се добива со правењето на лоши дела, таа следи спротивен пат од карактеристиките на нашиот универзум. Затоа, постои поделба помеѓу оваа црна материја и карактеристиките на универзумот. Кога оваа црна материја е акумулирана во голема количина, таа ќе формира поле што го опкружува телото и ќе го завитка внатре. Колку е поголемо ова поле, толку е поголема нејзината густина и дебелина, и ова ќе го направи полош и неговиот квалитет на просветлување. Ова е затоа што тој не е во состојба да ги прими универзалните карактеристики на Џен-Шан-Рен, бидејќи стекнал црна материја правејќи лоши дела. Обично, на таквиот човек му е потешко да верува во култивациската практика. Колку е послаб неговиот квалитет на просветлување, толку е посилен кармичкиот отпор со кој што ќе се соочи. Колку повеќе страда, толку помалку ќе верува, и ќе му биде потешко да практикува култивација.

За некој со многу бела материја е полесно да практикува култивација. Ова е затоа што во текот на култивацијата, се додека овој човек се асимилира со карактеристиките на универзумот и се подобрува неговиот шиншинг, неговото де директно ќе се претвора во гонг. Но, за некој со многу црна материја, сепак постои дополнителна постапка. Тоа е како производот што го произведува една фабрика. Сите други доаѓаат со готов материјал, додека овој човек доаѓа со суровина што треба да се преработи. Мора да го помине овој процес. Затоа, тој прво мора да претрпи тешкотии, за да ја елиминира кармата и да ја претвори во бела материја. Само откако ќе се формира супстанцата де, ќе може да развие гонг на високо ниво. Но, таквиот човек обично нема добар вроден квалитет на просветлување. Ако побарате од него да страда повеќе, тој ќе верува уште помалку во тоа и ќе му биде потешко да издржи. Затоа, за некој со многу црна материја тешко е да практикува култивација. Исто така, во Тао школата или школата за практикување што подучува само еден ученик порано се бараше учителот да бара ученик, а не обратно. Ова зависеше од тоа колку од овие работи носи телото на ученикот.

Вродениот квалитет го одредува и квалитетот на просветлување, но тоа не е апсолутно. Некои луѓе немаат многу добар вроден квалитет, но нивната домашна околина е многу добра, многу членови на семејството практикуваат

култивација. Некои од нив се исто така религиозни верници и веруваат многу во култивацијата. Таквата околина може да направи тој да поверува, и ова овозможува подобрување на квалитетот на просветлувањето. Значи, тоа не е апсолутно. Некои луѓе имаат многу добар вроден квалитет, но затоа што се едуцирани со ова малку знаење од нашето практично општество, а особено поради апсолутните методи во идеолошкото образование од пред неколку години, тие станале многу тесногради и нема да поверуваат во ништо што е над нивното знаење. Ова може сериозно да влијае на нивниот квалитет на просветлување.

На пример, на вториот ден од курсот, јас предавав за отварањето на небесното око. Одеднаш, небесното око на еден човек со добар вроден квалитет се отвори на многу високо ниво. Тој виде многубројни сцени што многу други луѓе не можеа да ги видат. Тој им рече на другите: „Леле, видов дека фалуните паѓаат како снегулки врз телата на публиката во целата сала. Видов како изгледа вистинското тело на учителот Ли, ореолот на учителот Ли, како изгледа фалунот, и колку фашени има.” Тој виде дека учителот предава на различни нивоа, и како фалунот ги прилагодува телата на практичарите. Тој исто така виде дека за време на предавањето, гонг-телата на учителот држат предавање на секое различно ниво. Освен тоа, тој ги виде небесните убавици како фрлаат цвеќиња, и тн. Тој виде толку прекрасни работи што укажува на тоа дека неговиот вроден квалитет е прилично добар. Продолжувајќи така понатаму, на крајот рече: „Јас не верувам во овие работи.” Некои од овие работи се веќе докажани од науката, многу работи исто така можат да се објаснат со помош на модерната наука, а за некои од нив дискутиравме. Ова е затоа што она што е разбрано со чигонгот навистина е далеку над разбирањето на модерната наука – ова е сигурно. Според тоа нечиј вроден квалитет не го одредува во целост неговиот квалитет на просветлувањето.

## Просветлување

Што е „просветлување”? „Просветлувањето” е термин од религијата. Во будизмот, тоа се однесува на разбирањето на практикантот на будистичката дарма, просветлување во смисла на разбирањето, и на крајното просветлување. Тоа значи просветлување во мудроста. Како и да е, деновиве тоа веќе се применува и на секојдневните луѓе. Сугерира на тоа дека еден човек е многу паметен и може да прочита што мисли неговиот шеф. Тој може брзо да ги научи работите и да знае како да му угоди на својот шеф. Луѓето тоа го нарекуваат

добар просветителски квалитет и обично се разбира на тој начин. Сепак, штом ќе се подигнете малку повисоко над нивото на секојдневните луѓе, ќе откриете дека принципите на ова ниво, на начинот што се разбрани од секојдневните луѓе, обично се погрешни. Ова воопшто не е просветлувањето за кое ние збориме. Тоа всушност значи дека квалитетот на просветлување на итар човек не е добар, затоа што човекот кој е претерано итар само површно ќе ја извршува работата, за да го цени неговиот шеф или претпоставен. Во тој случај, зарем вистинската работа нема да ја заврши некој друг? Според тоа, овој човек ќе им должи на другите. Бидејќи тој е итар и знае како да им угодува на другите, тој ќе добие повеќе придобивки, додека другите ќе претрпат повеќе загуби. Бидејќи тој е итар, нема да страда и губи, ниту пак лесно ќе изгуби нешто. Како резултат на тоа, другите мора да претрпат загуби. Колку повеќе тој се грижи за оваа мала практична добивка, станува се посебичен и се повеќе чувствува дека материјалните придобивки на секојдневните луѓе се нешто од што не може да се откаже. Така тој себе си се смета за многу практичен и нема да трпи загуби.

Некои луѓе дури и му завидуваат на овој човек! Јас ви велам да не му завидувате. Вие не знаете колку заморен живот тој води: Тој не може ни добро да јаде, ни добро да спие, дури и во соништата се плаши од губење на личниот интерес, и само ќе мисли на лична корист. Зарем нема да речете дека води заморен живот, затоа што целиот живот му е посветен на тоа? Ние велиме дека ако во случај на конфликт се вратите за чекор назад, ќе откриете дека морињата и небото се безгранични, и тоа сигурно ќе биде сосема друга ситуација. Меѓутоа, таквиот човек нема да попушти и води најзаморен живот. Не треба да учиш од него. Во заедницата на култиватори се вели: „Таквиот човек е целосно изгубен. Тој е тотално изгубен меѓу секојдневните луѓе, поради материјалните придобивки." Нема да биде така лесно ако побараш од него да го чува својот де! Ако побараш од него да практикува култивација, тој нема да ти поверува: „Практикување култивација? Како практиканти, вие не возвраќате кога ве тепаат или пцујат. Кога другите ви создаваат непријатности, наместо да им вратите на истиот начин, вие треба дури и да им заблагодарите во својот ум. Сите сте станале како Ах Ку! Сите вие сте психички болни!" Што се однесува до таквиот човек, за него не постои начин тој да ја разбере култивацијата. Тој ќе рече дека сте невозможни и глупави. Зарем не би рекле дека е тешко да се спаси?

Ова не е просветлувањето за кое ние зборуваме. Но наместо тоа, ова е токму она што овој човек го нарекува „глупаво" во однос на сопствениот интерес, и тоа е просветлувањето за кое зборуваме. Се разбира, ние не сме навистина глупави. Ние едноставно со рамнодушност го третираме прашањето за личните

интереси, додека во другите области сме многу мудри. Во однос на спроведувањето на научно истражувачки проекти или извршување на задачи од нашите претпоставени или други должности, ние сме многу јасни и ги извршуваме многу добро. Само кога се однесува до нашите лични придобивки или во однос на меѓучовечките конфликти, ние се грижиме помалку. Кој ќе ве нарече глупави. Никој нема да рече дека сте глупави – гарантирано е дека ќе биде така.

Ајде сега да позборуваме за вистински глупавиот човек, затоа што овој принцип е сосема спротивен на високите нивоа. Глупавиот човек најверојатно нема да направи поголемо лошо дело меѓу секојдневните луѓе, ниту пак тој ќе се натпреварува и бори заради личниот интерес. Тој не бара слава и не губи де, но другите ќе му даваат де. Кога го тепаат и пцујат, исто така му даваат де, а оваа материја е исклучително важна. Во нашиот универзум постои овој принцип: без загуба, нема добивка. За да се добие, мора да се изгуби. Кога другите ќе го видат овој многу глупав човек, сите ќе го навредуваат: „Колку си глупав." Со навредувањето ќе му биде фрлено парче де. Искористувајќи го, вие сте страната која добива, затоа мора нешто да изгубите. Ако некој помине покрај него и го удри: „Ти си голем идиот." Повторно му е фрлено големо парче де. Кога некој го малтретира или го клоцне, тој само ќе се насмевне: „Давај ми! Вака или така ти ми даваш де и нема да одбијам ништо од тоа!" Значи, според принципите на високите нивоа, размислете за тоа, кој е паметен. Зарем овој човек не е паметен? Тој е најпаметен, бидејќи не губи ни малку де. Кога му фрлате де на тој човек, тој воопшто не одбива ништо од тоа. Тој го зема сето тоа и го прифаќа со насмевка. Тој можеби е глупав во овој живот, но не е и во следниот – неговата првобитна душа не е глупава. Во религијата се вели дека со многу де човекот ќе стане висок функционер или ќе има големо богатство во следниот живот, сето тоа се разменува за ова де.

Рековме дека де може директно да се претвори во гонг. Зарем висината на твоето ниво во култивацијата не доаѓа од трансформацијата на ова де? Тоа може директно да се претвори во гонг. Зарем гонгот, кој ги одредува нечие ниво и силата на гонгот, не се трансформира со оваа материја? Дали нема да речеш дека е многу скапоцено? Тоа може да се донесе со раѓањето и да се однесе по смртта. Во будизмот се вели дека твоето ниво на култивирање е твојот статус на постигнување. Колку ќе жртвуваш, толку ќе добиеш – тоа е токму таков принцип. Во религијата се вели дека некој со многу де може да стане висок службеник или да има големо богатство во следниот живот. Со малку де, тешко нешто да добие дури и да моли за храна, бидејќи не постои де за размена. Нема загуба,

нема добивка! Ако некој нема ни малку де, и телото и душата ќе му бидат уништени, и тој ќе биде навистина мртов.

Имаше порано еден чигонг мајстор чие ниво беше многу високо кога прв пат се појави во јавноста. Овој чигонг мајстор подоцна стана опседнат со слава и лична добивка. Неговиот учител ја зема со себе неговата помошна душа, бидејќи тој припаѓаше на оние луѓе кои ја култивираат помошната душа. Додека неговата помошна душа уште беше тука, тој беше контролиран од помошната душа. На пример, еден ден кај него на работа доделуваа стан. Директорот рече: „Сите на кои им треба стан, да дојдат овде и да ги опишат своите услови, и да објаснат зошто им треба стан." Сите ги објаснија своите причини, додека овој човек не кажа ни збор. На крајот, директорот открил дека тој човек бил во потешка ситуација од другите, и дека станот треба да му се даде нему. Еден друг човек тврдеше: „Не, станот не треба да му се дава нему. Треба да ми се даде мене, затоа што хитно ми треба стан." Овој човек рече: „Ако ти треба, тогаш може да го земеш." Секојдневните луѓе би го сметале за глупав. Некои луѓе знаеја дека тој е практикант па го прашаа: „Како практикант ти не сакаш ништо. Што сакаш ти?" Тој одговори: „Ќе го земам тоа што другите не го сакаат." Всушност, тој воопшто не беше глупав и беше прилично бистар. Само во однос на сопствените лични интереси беше ваков. Тој веруваше во следење на природниот тек. Другите прашаа повторно: „Што е тоа што човекот не го сака во денешно време?" Тој одговори: „Никој не ги сака камењата што се расфрлани насекаде. Затоа јас ќе ги собирам нив." Секојдневните луѓе го сметаат тоа за незамисливо и не можат да ги разберат практичарите. Тие не можат тоа да го разберат бидејќи нивните мисловни нивоа се многу оддалечени, а јазот помеѓу нивоата е исто така премногу голем. Се разбира, тој нема вистински да собира камења. Тој го кажал принципот кој секојдневниот човек не е во состојба да го разбере: „Не барам ништо меѓу секојдневните луѓе." Да разговараме за каменот. Знаете дека во будистичките списи е напишано: „Во рајот на врховното блаженство дрвјата се направени од злато, а исто така и земјата, птиците, цвеќињата и куќите. Дури и телото на Буда е златно и сјајно." Таму не може да се најде никаков камен. Се вели дека валутата што се користи таму се камењата. Тој немаше да оди таму носејќи камен, но тој го кажал овој принцип кој секојдневниот човек не може да го разбере. Навистина, практичарите ќе речат: „Обичните луѓе имаат свои побарувања, а ние тоа не го бараме. Што се однесува до она што го имаат обичните луѓе, ние исто така не сме заинтересирани за тоа. Сепак, тоа што го имаме ние е нешто што обичните луѓе не можат да го добијат, дури и ако го сакаат тоа."

Всушност, просветлувањето за кое што сега зборувавме се однесува на видот на просветлување за време на култивациската практика и тоа е сосема спротивно од она на секојдневните луѓе. Просветлувањето на кое ние мислиме се однесува на тоа дали во текот на култивациската практика некој може да се просветли и да го прифати Фа што го предава учителот или Таото што го предава таоистичкиот учител, дали некој може да се третира себеси како практикант кога ќе наиде на неволји и дали некој може да се придржува кон Фа додека практикува култивација. Што се однесува до некои луѓе, без оглед како ќе им го кажеш тоа, тие сепак нема да веруваат и ќе мислат дека е попрактично да бидат секојдневни луѓе. Тие ќе се држат до своите тврдоглави верувања наместо да се откажат од нив, и ова ги прави неспособни за да поверуваат. Некои луѓе сакаат само да лекуваат болести. Кога ќе спомнам дека чигонгот воопшто не е тука за да лекува болести, нивните умови веднаш ќе реагираат негативно, и потоа, тие нема да веруваат во тоа што го објаснуваме подоцна.

Некои луѓе едноставно не можат да го подобрат нивниот квалитет на просветлување. Тие произволно прават белешки во мојата книга. Оние наши практичари со отворено небесно око можат да видат дека оваа книга е во многу различни бои, таа е златна и сјајна. Секој збор ја носи сликата на мојот фашен. Ако кажувам лаги, би значело дека сите ве измамувам. Таа белешка што си ја направил изгледа многу темно. Како се осмелуваш да правиш произволни белешки во книгата? Што правиме ние тука? Зарем не те водиме да практикуваш култивација кон високите нивоа? Постојат некои работи за кои исто така треба да размислиш. Оваа книга може да ја води твојата култивациска практика. Зарем не мислиш дека е скапоцена? Дали навистина можеш да се култивираш со тоа што ќе го обожаваш Буда? Многу си побожен и не се осмелуваш дури ни да ја допреш статуата на Буда за која секојдневно палиш темјан, но сепак се осмелуваш да го уништуваш Дафа што може вистински да ја води твојата култивациска практика.

Кога зборуваме за нечиј квалитет на просветлување, ова се однесува на длабочината на твоето разбирање за нешто што се појавува на различни нивоа во текот на култивациската практика или за одреден Фа што го предава учителот. Сепак, ова се уште не е основното просветлување на кое мислиме. Основното просветлување за кое зборуваме се однесува на ова: Во текот на животот, од самиот почеток на култивацијата, човекот постојано ќе се крева нагоре и ќе се ослободува од човечките приврзаности и разни желби, неговиот гонг постојано ќе расте се до последниот чекор во култивацијата. Кога оваа материја де целосно ќе се претвори во гонг и култивацискиот пат на овој човек припремен

од учителот ќе заврши, „бум!” сите брави ќе бидат отворени со експлозија во истата секунда. Неговото небесно око ќе ја достигне највисоката точка на нивото, на кое се наоѓа и тој на своето ниво може да ја види вистината на различните димензии, формите на постоење на различните животи и материјата во различните временски простори и вистината на нашиот универзум. Ќе се појават сите негови божествени моќи и тој ќе може да контактира со различните видови живи суштества. Во овој момент, не е ли овој човек голема просветлена личност, или личност просветлена преку култивациската практика? Преведено на стариот индиски јазик, тој е Буда.

Просветлувањето за кое зборуваме е основното просветлување кое припаѓа на ненадејната форма на просветлување. Ненадејно просветлување значи дека некој човек е заклучен за време на култивацијата во текот на животот и тој не знае колку е високо нивото на неговиот гонг или во каква форма е неговиот искултивиран гонг. Тој воопшто ништо не чувствува, а дури и сите клетки во неговото тело се заклучени. Гонгот што го култивирал е заклучен се до последниот чекор, и дури на крајот може да биде ослободен. Само некој со одличен вроден квалитет може да го стори тоа бидејќи оваа практика на култивирање е доста болна. Мора да се започне со тоа да се биде добра личност. Секогаш треба да го подобрува шиншингот, да поднесува тешкотии, постојано да се воздигнува во култивацијата, секогаш обидувајќи се да го надградува шиншингот, иако не може да го види сопствениот гонг. Култивацијата е најтешка за таквиот човек, и тој мора да биде некој со одличен вроден квалитет. Овој човек ќе практикува култивација многу години, без нешто да знае.

Постои уште една форма на просветлување наречена постепено просветлување. Од самиот почеток, многу луѓе ја почувствуваа ротацијата на фалунот. Во исто време, на сите ви го отворам небесното око. Поради различни причини, некои луѓе ќе бидат во можност да ги гледаат работите во иднина, ако не и сега. Тие ќе поминуваат од нејасно гледање на работите до јасно гледање на работите, и ќе поминуваат од неможењето да ги користат до знаењето како да ги користат. Нивното ниво постојано ќе се зголемува. Како што се подобрува твојот шиншинг и се откажуваш од различните приврзаности, ќе се развиваат разни натприродни способности. Целиот процес на трансформација во култивациската практика и процесот на трансфомација на телото ќе се случат под околности што можеш да ги видиш или почувствуваш. Промените ќе продолжат се до последниот чекор кога ќе можеш целосно да ја разбереш вистината на универзумот и кога си ја достигнал највисоката очекувана точка во

култивацијата. Трансформацијата на бенти и зајакнувањето на натприродните способности ќе достигнат одреден степен и постепено ќе ја постигнеш оваа цел. Ова е постепено просветлување. Исто така, и овој метод на култивирање со постепено просветлување не е лесен. Со натприродни способности, некои луѓе не можат да се откажат од своите приврзаности, и веројатно ќе сакаат да ги покажат или ќе прават некои лоши работи. Така ќе го изгубиш гонгот, а твојата култивација ќе биде залудна и ќе се сруши. Некои луѓе можат да ја набљудуваат и да ја гледаат манифестацијата на различните животи на различни нивоа. Некој може да побара од тебе да го направиш ова или она. Тој може да побара од тебе да ги практикуваш неговите работи и да те земе за негов ученик, но тој не може да ти помогне да постигнеш вистинско постигнување во култивацијата, бидејќи и тој самиот нема постигнато вистинско постигнување.

Покрај тоа, сите суштества во повисоките димензии се бесмртници, и можат да станат многу големи и целосно да ги прикажат своите натприродни моќи. Зарем нема да ги следиш ако твојот ум не е исправен? Откако ќе ги следиш, твојата култивација ќе заврши залудно. Дури и ако тоа суштество е оригинален Буда или оригинален Тао, сепак мораш одново да започнеш со култивирањето. Зарем тие не се се уште бесмртници без разлика на тоа од кое ниво на небото доаѓаат? Само кога некој ќе достигне многу високо ниво на култивирање и ќе ја постигне целта, тој може целосно да се издигне. Како и да е, за еден обичен човек, бесмтрникот може да се покаже како висок, огромен и многу способен. Сепак, можеби и тој се уште не достигнал вистинско постигнување. Со мешањето на различните пораки и вознемирувањето од различните сцени, можеш ли да останеш невознемирен? Затоа, тешко е да се практикува култивација и со отворено небесно око, и уште потешко е добро да се контролира шиншингот. За среќа, сепак на многу од нашите практичари ќе им бидат отклучени натприродните способности на половина пат на нивната култивација, а потоа ќе стигнат до состојба на постепено просветлување. Небесното око ќе биде отворено за сите, но кај многу луѓе не смеат да се појават натприродни способности. Кога твојот шиншинг постепено ќе достигне одредено ниво и ќе можеш добро да се однесуваш и да имаш стабилен ум, тие ќе експлодираат и сите ќе бидат одеднаш отворени. На одредено ниво, ќе влезеш во состојба на постепено просветлување, и во ова време ќе ти биде полесно добро да се однесуваш. Ќе се појават разни натприродни способности. Ќе напредуваш самостојно во култивацијата, се додека на крајот не бидат сите отклучени. Ќе ти биде дозволено да ги имаш на половина пат на твојата култивациска практика. Многу од нашите практичари припаѓаат на оваа група, па затоа не треба да бидеш нестрплив за да ги видиш работите.

Сите можеби сте слушнале дека и зен будизмот зборува за разликите помеѓу ненадејното просветлување и постепеното просветлување. Хуиненг, шестиот поглавар во зен будизмот, зборувал за ненадејното просветлување, додека Шенксиу од северната школа на зен будизмот зборувал за постепеното просветлување. Спорот меѓу нив двајцата за будистичките студии траел многу долго време низ историјата. Јас велам дека тоа е бесмислено. Зошто? Затоа што тоа за што зборувале тие се однесува само на разбирањето на еден принцип во процесот на култивацијата. Што се однесува до овој принцип, некои може да го разберат тоа одеднаш, додека други можат да се просветлуваат и да го разбираат постепено. Дали е важно како некој се просветлува? Подобро е ако некој може да разбере одеднаш, но исто така е добро ако некој постепено се просветли. Зарем не се просветлуваат и двајцата? И двајцата се просветлуваат, така што ниту едното од нив не е погрешно.

## Луѓе со одличен вроден квалитет

Што е човек со „одличен вроден квалитет"? Се уште постојат разлики помеѓу некој со одличен вроден квалитет и некој со добар или слаб вроден квалитет. Исклучително е тешко да се најде некој со одличен вроден квалитет, затоа што е потребен многу долг временски период за да се роди таков човек. Се разбира, човекот со одличен вроден квалитет прво мора да има голема количина на де и многу големо поле на оваа бела материја – ова е сигурно. Во меѓувреме, овој човек треба исто така да може да ги издржи најтешките маки од сите. Тој исто така мора да има ум на големо трпение и да може да се жртвува. Тој мора да биде во можност да го сочува својот де, да има добар квалитет на просветлување и слично.

Која е најголемата тешкотија од сите? Во будизмот се верува дека да бидеш човек значи да страдаш – се додека си човечко суштество, мора да страдаш. Се верува дека животите во сите други димензии ги немаат овие наши обични човечки тела. Затоа, тие нема да се разболуваат, и нема да имаат проблеми со раѓање, старост, болест и смрт. Тоа значи дека тие немаат таква врста страдање. Луѓето во другите димензии можат да левитираат, бидејќи немаат тежина и тоа е прекрасно. Поради ова тело, секојдневните луѓе ќе се соочат со овој проблем: не можат да издржат кога им е ладно, топло, да бидат жедни, гладни или изморени, а сепак постојат уште и раѓање, старост, болест и смрт. Во секој случај, никому не му е пријатно.

Прочитав еднаш во весник, кога се случи земјотресот во Тангшан, многу луѓе настрадаа во земјотресот, но некои беа и спасени. Беше направено специјално испитување во општеството со оваа група на луѓе. Тие беа прашани: „Како се чувствувавте во моментот на смртта?" Изненадувачки е тоа што сите овие луѓе зборуваа во согласност за истата единствена ситуација. Имено, во самиот момент на смртта не се чувствувале исплашени, напротив, тие одеднаш почувствувале олеснување со еден вид на потсвесна возбуда. Некои луѓе се почувствувале ослободени од ропството на телото, и можеле многу лесно и чудесно да лебдат, тие исто така биле во можност да ги видат своите тела. Некои луѓе можеле да видат и животи во други димензии, а други пак отишле на други места. Сите спомнаа чувство на олеснување во тој момент и еден вид на потсвесна возбуда без чувство на страдање. Ова укажува на тоа дека со ова човечко физичко тело човекот ќе страда, но бидејќи сите доаѓаат на свет на овој начин од мајчината утроба, никој не знае дека тоа е страдање.

Спомнав дека човекот мора да поднесе најголеми тешкотии од сите. Пред некој ден реков дека концептот за време-простор на човештвото е различен од оној во другите поголеми временски простори. Еден шичен е два часа овде, што е една година во тој простор. Ако некој човек практикува култивација во оваа сурова средина, тој ќе се смета за навистина извонреден. Кога овој човек го развива срцето кон Тао и сака да се култивира, тој едноставно е одличен. Со такви тешкотии, тој се уште не ја изгубил својата оригинална природа и преку култивацијата сака да се врати кон своето потекло. Зошто на практикантите може безусловно да им се помогне? Тоа е само заради ова. Кога овој човек седи во медитација една ноќ во оваа димензија на секојдневни луѓе, откако ќе го видат ова, другите ќе речат дека тој е навистина извонреден бидејќи седел таму веќе шест години. Ова е затоа што еден наш шичен е една година таму. Димензијата на нашето човештво е особено уникатна.

Како човекот ги издржува најголемите тешкотии од сите? На пример, еден ден човекот оди на работа, но на работното место не е добро. Оваа состојба не може да продолжи, бидејќи луѓето не ги извршуваат своите работи како што треба. Работното место ќе се реформира, и ќе се користат работници по договор. Вишокот персонал ќе биде отпуштен, а овој човек е еден од оние чии чинии со ориз се одеднаш одземени. Како ќе се чувствува тој? Нема други места каде може да заработи. Од што ќе живее? Тој нема никакви други вештини, па тажно се враќа дома. Веднаш штом ќе пристигне дома, постариот родител дома е болен и е во сериозна состојба. Загрижен, тој ќе побрза да го однесе стариот родител во болница. Тој ќе помине низ многу проблеми за да позајми пари за

хоспитализација. Потоа ќе се врати дома за да подготви нешто за постариот родител. Веднаш штом ќе се врати дома, наставникот од училиште ќе тропне на вратата: „Вашето дете повредило некого во училиште, побрзајте за да погледнете." Наскоро, откако ќе се погрижи за таа работа и се врати дома, само штом седне, доаѓа телефонски повик велејќи му: „Твојата сопруга има афера со некого." Се разбира, нема да ви се случи ова сценарио. Обичен човек нема да може да ги издржи овие тешкотии и ќе мисли: „Зошто да живеам? Зошто не најдам јаже за да се обесам и да ставам крај на се?" Јас само велам дека мора да се биде во можност да се истрпат најголемите тешкотии од сите. Се разбира, тие можеби нема да бидат во оваа форма. Сепак, меѓусебните конфликти, расправиите кои го челичат твојот шиншинг, и натпреварувањата за личната корист не се ништо полесни од тие проблеми. Многу луѓе едноставно живеат само за да докажат дека се во право или за да го сочуваат образот и ќе се обесат ако не можат повеќе да се справат со работите. Значи, ние мораме да практикуваме култивација во оваа сложена средина и да бидеме во состојба да ги издржуваме најголемите тешкотии од сите. Во меѓувреме, мораме да имаме срце со големо трпение.

Што е „срце со големо трпение"? Како практиканти, првата работа што треба да можете да ја направите е да не возвратите кога ве тепаат или пцујат – мора да бидете толерантни. Инаку, каков практикант би бил? Некој ќе рече: „Навистина е тешко да се биде толерантен, јас имам лош темперамент." Ако твојот темперамент не е добар треба да го смениш, бидејќи практикантот мора да биде толерантен. Некои луѓе ќе го изгубат трпението кога ги воспитуваат децата и ќе викаат на нив правејќи вистинска сцена. Не треба на тој начин да се воспитуваат децата, а и ти самиот не треба вистински да се вознемируваш. Треба разумно да ги воспитуваш децата, само така можеш навистина добро да ги научиш. Ако не можеш да поднесеш ни ситници и лесно го губиш трпението, како можеш да очекуваш да го зголемиш твојот гонг? Некои велат: „Ако некој ми удри клоца додека шетам по улица и ако никој не ме познава, ќе можам да го поднесам тоа." Јас велам дека ова не е доволно добро. Во иднина можеби некој ќе ти удри шлаканица од двете страни на лицето и ќе бидеш засрамен пред некој пред кој што најмалку сакаш тоа да го види. Тоа е за да се види како ќе се однесуваш по ова прашање и дали можеш да издржиш. Ако можеш да го поднесеш тоа, а сепак ти го измачува умот, тоа се уште не е доволно добро. Како што знаеш, кога некој ќе го достигне нивото на архат, тој веќе нема никакви грижи во своето срце. Тој воопшто не се грижи за никакви работи на обичните луѓе во своето срце и секогаш е насмеан и ведар. Без разлика на тоа колку загуби ќе претрпи, тој сепак ќе биде насмеан и ведар без никаква грижа. Ако

навистина можеш да го направиш тоа, веќе си го достигнал почетното ниво на статусот на постигнување на архат.

Некој рече: „Ако практикуваме толеранција во толкава мерка, секојдневните луѓе ќе речат дека сме кукавици и можат многу лесно да не искористат.” Јас тоа не го нарекувам кукавичлук. Размислете за тоа сите: Дури и меѓу секојдневните луѓе, средовечните или постарите луѓе, и оние со повисоко ниво на образование исто така практикуваат самоконтрола и се воздржуваат од расправии со другите, а да не ги спомнувам нашите практичари. Како тоа може да се смета дека е кукавичлук? Јас велам дека тоа покажува големо трпение и израз на силна волја. Само практикантот може да го има ова срце на големо трпение. Постои оваа изрека: „Кога просечен човек е понижен, тој ќе го извлече мечот за да се бори.” За секојдневниот човек природно е, ако ти ме навредуваш, ќе те навредувам и јас, ако ти ме удриш, ќе ти го вратам ударот. Тоа е еден секојдневен човек. Може ли тој да се нарекува практикант? Како практикант, без силна волја и самоограничување, нема да можеш да успееш да го направиш ова.

Знаете дека во старо време постоел еден човек наречен Хан Шин за кој се вели дека бил многу способен како постар генерал на Лиу Банг и бил столб на целата држава. Зошто тој ги имал тие големи достигнувања? Се зборувало дека Хан Шин бил исклучителен уште како млад. Постои една приказна за Хан Шин во која се вели дека тој го издржал понижувањето да ползи меѓу нозете на некој човек. Хан Шин во младоста сакал да вежба боречки вештини, а тие што вежбале боречки вештини обично носеле меч. Еден ден, додека одел по улица, еден никаквец му го блокирал патот со рацете на половината. „Зошто носиш меч? Дали се осмелуваш да убиеш некого? Ако е така, отсечи ми ја главата.” Додека зборувал, тој го испружил својот врат. Хан Шин помислил: „Зошто да ти ја отсечам главата?” И во тоа време, нечие убиство исто така би било пријавено на власта, и човекот би требало да плати за тоа со својот живот. Како може да убие некого по своја волја? Кога никаквецот видел дека Хан Шин не се осмелува да го убие, тој рекол: „Ако не се осмелуваш да ме убиеш, ќе мораш да ми ползиш меѓу нозете.” И Хан Шин навистина му ползел меѓу нозете. Ова покажува дека Хан Шин имал срце со голема трпеливост. Тој можел да ги постигне тие големи достигнувања бидејќи бил различен од обичните луѓе. Мотото на обичниот човек е дека треба да живее за да се докажува или за да го сочува образот. Размислете за тоа, сите: Да се живее за да се докаже нешто или за да се сочува образот, не е ли заморно? Зарем тоа не е болно? Дали вреди? Најпосле, Хан Шин беше обичен човек. Како практиканти, ние треба да бидеме многу подобри од него. Наша цел е да се подигнеме нагоре и над нивото на

обичните луѓе и да се стремиме кон високите нивоа. Ние нема да се најдеме во таква ситуација. Сепак, понижувањето и срамот што ги трпи практикантот меѓу секојдневните луѓе не е ништо полесно. Јас би рекол дека недоразбирањата помеѓу луѓето што го вознемируваат твојот шиншинг не се ништо полесни и можат да бидат уште полоши – тоа е исто така многу тешко.

Во меѓувреме, практичарот мора да биде во состојба да се жртвува напуштајќи ги различните приврзаности и желби на секојдневните луѓе. Невозможно е тоа да може да се постигне одеднаш, но ние можеме да го направиме тоа постепено. Ако би можел тоа да го направиш уште денес, сега би бил Буда. За практикување култивација потребно е време, но ти не треба да се опушташ. Ти може ќе речеш: „Учителот рече дека за практикување култивација е потребно време – ајде да го направам тоа полека." Така не може да се направи! Мораш да бидеш строг кон себе си. Во култивацијата на Буда Фа треба енергично да се стремиш кон напред.

Мораш да бидеш во можност да го сочуваш де, да го одржуваш својот шиншинг, и да не правиш работи по своја волја. Не треба по волја да правиш што сакаш и мора да можеш да го одржуваш својот шиншинг.

Меѓу секојдневните луѓе често се слуша оваа изјава: „Прави добри дела за да собираш де." Еден практикант не практикува за да собира де, затоа што ние веруваме во чувањето на де. Зошто веруваме во чувањето на де? Затоа што ние ја видовме оваа ситуација: Обичните луѓе веруваат во собирањето на де, и тие сакаат да собираат де и да прават добри дела за да можат добро да живеат во идниот живот. Но кај нас не постои ова прашање. Ако успееш во култивацијата, ти ќе постигнеш Тао и повеќе нема да постои прашањето за твојот следен живот. Кога овде зборуваме за зачувувањето на де, тоа има и друго значење. Имено, тие две супстанци кои ги носиме во нашите тела не се собрани во еден живот – тие се наследени од далечни времиња. Дури и ако се возиш со велосипед низ цел град, можеби нема да наидеш на некои добри дела што можеш да ги направиш. Дури и ако го правиш тоа секојдневно, можеби нема да наидеш на такви можности.

Тоа има уште едно друго значење: Трудејќи се да собираш де, можеби мислиш дека нешто е добро дело, но ако го направиш, може да се покаже дека е лошо дело. Или ако се мешаш во нешто што сметаш дека е лошо, може да испадне дека е добра работа. Зошто? Затоа што не можеш да ја видиш нивната кармичка врска. Законите ги регулираат делата на обичните луѓе и тоа не е проблем. Да се биде практикант е натприродно, па како натприродна личност

мора да се придржуваш до натприродните принципи, наместо да се мериш со оние на секојдневните луѓе. Ако не го знаеш кармичкиот однос на една работа, веројатно ќе постапиш неправилно. Затоа ние учиме вувеи, и ти не треба да правиш нешто само затоа што тоа го сакаш. Некои луѓе велат: „Јас сакам само да ги дисциплинирам лошите луѓе.” Јас би рекол дека тогаш е најдобро да станеш полицаец. Но ние не бараме од тебе да не се мешаш кога ќе наидеш на убиство или подметнување на пожар. На сите им велам дека кога се појавува конфликт меѓу двајца луѓе или кога некој клоца или удира некого, веројатно овие луѓе во минатото си должеле еден на друг и сега го расчистуваат долгот. Ако зачекориш за да ги запреш, тие нема да можат да го расчистат долгот и мора да почекаат да го сторат тоа следниот пат. Ова значи дека ако не можеш да ја видиш кармичката врска, може лесно да направиш лоши дела и како последица на тоа да изгубиш де.

Не е важно дали обичниот човек се вклучува во работите на секојдневните луѓе бидејќи тој ќе ги применува принципите на секојдневните луѓе за да ги процени работите. Ти мораш да користиш натприродни принципи во проценувањето на работите. Ако видиш убиство или подметнување на пожар и не помогнеш да се запрат, тогаш тоа е проблем со твојот шиншинг. Како поинаку ќе покажеш дека си добра личност? Ако не помогнеш да се запре убиство или подметнување на пожар, во што би се вклучил? Сепак нешто треба да се нагласи: Овие работи навистина немаат никаква врска со нашите практичари. Тие можеби нема да бидат планирани да наидете на нив. Рековме дека чувањето на де ви овозможува да избегнете да правите грешки. Можеби штом ќе почнеш да правиш нешто, може да направиш нешто лошо и потоа ќе изгубиш де. Штом губиш де, како можеш да го надградиш твоето ниво? Како можеш да ја постигнеш твојата крајна цел? Тоа вклучува такви прашања. Покрај тоа, мора да се има добар квалитет на просветлување. Добриот вроден квалитет може да направи некој да има и добар квалитет на просветлување. Исто така, и влијанието на опкружувањето може да има ефект.

Исто така, велиме дека ако секој од нас го култивира своето внатрешно јас, го испитува својот шиншинг за да ги бара причините за лошите работи, за да постапи подобро следниот пат и прво ги зема во предвид другите кога превзема било каква активност, човечкото општество ќе стане подобро и етичките стандарди повторно ќе се подобрат. Исто така, духовната цивилизација би станала подобра, а и јавната безбедност. Можеби нема да има потреба од никаква полиција. Никој нема да мора да биде контролиран, бидејќи секој би се дисциплинирал себе си и би го испитувал своето внатрешно јас. Зарем не би

рекле дека ова е одлично? Вие знаете дека законите стануваат се повеќе сеопфатни и беспрекорни. Сепак, зошто сеуште има луѓе кои прават лоши работи? Зошто тие не ги почитуваат законите? Затоа што не можете да управувате со нивните срца. Кога не ги гледаат, тие сепак ќе прават лоши работи. Ако секој се култивира себе си, тоа ќе биде сосема поинаку. Нема да има потреба да ја обезбедувате правдата.

Овој Фа може да биде подучуван само до ова ниво. Од твојата сопствена култивација ќе зависи дали ќе го достигнеш она што е на високо ниво. Некои луѓе поставуваат се поконкретни прашања. Ако ти ги објаснам сите прашања во твојот живот, што ќе ти остане да култивираш? Мораш самиот да практикуваш култивација и самиот да се просветлуваш. Ако ти кажам се, ништо нема да ти остане за да култивираш. За среќа, Дафа е веќе објавен во јавноста, па можеш да постапуваш во согласност со Дафа.

* * *

Мислам дека моето време за подучување на Фа практично се приближи кон крајот. Затоа на сите сакам да ви ги оставам вистинските работи, за да постои Фа да го води секого во идната култивациска практика. За време на целото предавање на овој Фа имав намера да ги правам работите според принципот да бидам одговорен кон сите и кон општеството. Навистина, го следевме овој принцип. Што се однесува до резултатот, нема да давам коментар. Тоа останува на јавноста да суди. Мојата намера е да го објавам овој Дафа и повеќе наши луѓе да имаат корист, овозможувајќи им на оние кои навистина сакаат да се култивираат да напредуваат во својата култивациска практика следејќи го Дафа. Во исто време, кога го подучувавме овој Дафа, ние ги објаснивме и принципите за тоа што значи да се биде човечко суштество и се надеваме дека, и ако после овој семинар не можеш да го следиш овој Дафа за да практикуваш култивација, барем ќе бидеш добра личност. Ова ќе биде од корист за нашето општество. Всушност, ти веќе знаеш како да бидеш добра личност. После предавањето, сигурно ќе бидеш добра личност.

Во текот на предавањето на Фа, исто така, имаше работи што не поминаа без проблеми, а имаше и различни видови на пречки од сите страни кои беа многу големи. Поради големата поддршка од организациите домаќини,

администраторите во различните професии и напорите на персоналот, нашите предавања беа доста успешни.

Се за што зборував во овие предавања беше со цел да ги водам сите да практикуваат култивација кон високите нивоа. Во минатото, никој не ги подучуваше овие работи во своите подучувања. Она што ние го предававме е јасно формулирано и ја опфаќа современата наука и современото изучување за човечкото тело. Покрај тоа, она што го подучувавме е на многу високо ниво. Првенствено има за цел да им овозможи на сите во иднина вистински да добијат Фа и да се вознесат преку култивациската практика – ова е мојата намера. Во текот на предавањата за Фа и за гонгот, многу луѓе открија дека Фа е многу добар, но многу е тешко да се следи. Всушност, мислам дека од самиот човек зависи дали е тешко или не. За обичен човек кој не сака да практикува култивација, тој ќе мисли дека култивациската практика едноставно е премногу тешка, незамислива или невозможна. Како обичен човек, тој не сака да практикува култивација и ќе мисли дека е многу тешка. Лао Це рекол: „Кога мудар човек ќе чуе Тао, тој човек ќе практикува вредно. Кога некој просечен човек ќе го чуе, тој ќе практикува од време на време. Кога глупавиот човек ќе чуе за тоа, тој гласно ќе се смее. Ако тој човек не се смее гласно, тогаш тоа не е Тао." Но за вистинскиот практикант, јас би рекол дека е многу лесно и не е нешто што е премногу високо за да се достигне. Всушност, многу долгогодишни практичари кои седат овде или кои не се присутни, веќе достигнале многу високи нивоа во својата култивациска практика. Не сум ви го кажал тоа за да не развиете некои приврзаности и за да не станете самозадоволни. Тоа би влијаело на развојот на вашата гонг потенција. Како вистински определен култиватор, човекот може да издржи се и да се откаже или помалку да се грижи за било каква приврзаност соочен со различните сопствени интереси. Се додека некој може да го прави тоа, нема да биде тешко. На тие луѓе им е тешко затоа што тие не можат да ги отпуштат овие работи. Самата култивациска практика не е тешка, ниту пак е тешко надградувањето на сопственото ниво. Тие викаат дека е тешко затоа што не можат да се откажат од човечкиот ум. Ова е затоа што е многу тешко да се откажеш од нешто кога си соочен со практичната корист. Придобивките се тука, па како можеш да ги отфрлиш тие приврзаности? Всушност, заради тоа ќе биде тешко. Кога ќе се појави конфликт помеѓу луѓето, ако не можеш да бидеш трпелив или да се однесуваш како култиватор во справувањето со тоа, јас би рекол дека ова е неприфатливо. Кога во минатото се култивирав, многу големи учители ми ги кажаа овие зборови, и тие ми рекоа: „Кога е тешко да се издржи, можеш да издржиш. Кога е невозможно да се направи, можеш да го направиш тоа." Всушност, навистина е така. Зошто не пробаш кога ќе се вратиш дома. Кога

надминуваш вистински тешкотии и неволји, пробај. Кога е тешко да се издржи, обиди се да издржиш. Кога изгледа дека е невозможно и ти велат дека е невозможно, пробај и види дали е можно. Ако навистина можеш да го направиш тоа, навистина ќе откриеш: „Откако ќе поминеш низ сенките од врби, ќе наидеш на светлите цвеќиња и на другото село!”

Бидејќи многу зборував, ќе ви биде тешко да се сеќавате на се после толку многу спомнати работи. Ќе кажам неколку главни барања: Се надевам дека сите ќе се однесувате како практичари во идната култивациска практика и навистина ќе продолжите да се култивирате. Се надевам дека и долгогодишните и новите практичари ќе можат да се култивираат во Дафа и да успеат во тоа! Се надевам дека, откако ќе отидете дома, сите ќе го искористите најдобро своето време за вистинска култивација!

……………

На површината, Џуан Фалун не е елегантен во однос на јазикот. Може дури и не е во согласност со модерната граматика. Ако ја користев модерната граматика за да ја подготвам оваа книга на Дафа, сепак, ќе се појавеше сериозен проблем. Иако структурата на јазикот на книгата можеби ќе беше стандардна и елегантна, таа немаше да опфаќа подлабока и повисока содржина. Ова е затоа што модерната стандардизирана терминологија не може да го изрази водството на Дафа на различните високи нивоа и манифестацијата на Фа на секое ниво, ниту пак е во состојба да донесе трансформација на бенти и на гонгот на практичарите или други такви темелни промени.

Ли Хонгџи
05.01.1996 год.

# Речник на помалку познати зборови и поими

## А

**Ах кју**
Будалест лик во еден кинески роман.

**Архат**
Просветлено суштество со статус на постигнување во Буда школата и некој што е надвор од Трите сфери.

**Асура**
„Злобни духови“, од санскрит.

## Б

**Баихуи точка**
Акупунктурна точка која се наоѓа на врвот на главата.

**Бенти**
Нечие физичко тело и телата во други димензии.

**Бигу**
„Избегнување на житарки“; древен термин за воздржување од храна и вода.

**Бодисатва**
Просветлено суштество со статус на постигнување во Буда школата што е повисок од архат, но понизок од татагата.

**Бодисатва Гванјин (Авалокитешвара)**
„Божицата на милоста“, позната по своето сочувство, таа е една од двете постари бодисатви во Рајот на врховното блаженство.

**Буда Фа**
Законот на Буда; универзалните принципи и закон; патот на универзумот.

## В

**Вистинско постигнување (ченггуо)**
Постигнување на статус на постигнување (гуовеи) во Буда школата.

**Вувеи**
„Неактивност”, „неделување”, „без намера”.

**Вухан**
Главен град на провинцијата Хубеи.

## Г

**Голем лотосов цвет**
Поза со рака која што се користи за посветување

**Гвандинг**
Влевање енергија во врвот на главата; ритуал на иницијација.

**Гванјин секта**
Култ именуван по бодисатва Гванјин, „Божицата на милоста“.

**Гвангдонг и Гвангши**
Две провинции во јужна Кина.

**Гвиџанг**
Главен град на провинцијата Гвиџоу.

**Гвиџоу**
Провинција во југозападна Кина.

**Главна душа (чу јуеншен)**
Главна душа; главна свест.

**Големиот цар на жад**
Во кинеската митологија, божеството што ги надгледува Трите сфери.

**Гонг**
1. Култивациска енергија; 2. Пракса која култивира таква енергија.

**Гонгшен**
Гонг-тело; Тело направено од гонг или култивациска енергија.

# Д

**Дафа**
„Големиот закон“ или „Големиот пат“; принципите на универзумот.

**Дан**
Грозд на енергија во телото на еден култиватор, собран од други димензии.

**Дан Џинг, Тао Цанг**
И двата се таоистички текстови за култивирање.

**Дантиен**
Поле на дан (грозд на енергија во телото на еден култиватор); долната абдоминална област.

**Да Џи**
Злобна конкубина на последниот император во династијата Шанг (1765 п.н.е. – 1122 п.н.е.). Се верува дека била опседната од дух на лисица и дека го предизвикала падот на династијата Шанг.

**Дарма**
Учењето на Буда Шакјамуни.

**Де**
„Доблест“ или „заслуга“, скапоцена бела супстанца.

**Дијамантската сутра**
Еден од основните списи во будизмот.

**Династијата Минг**
Период помеѓу 1368 г. и 1644 г. во кинеската историја.

**Династијата Танг**
Еден од најпросперитетните периоди во кинеската историја (618 г. - 907 г.).

**Динг**
Состојба на празен, а сепак свесен ум.

**Духовната цивилизација**
Ова е популарен термин во современа Кина, кој се однесува на подигање на умовите и моралот на луѓето. Во Кина, овој термин е во контраст со „материјалната цивилизација“.

**Духовна плоча**
Вградена дрвена плоча за обожавање на предци или други духови дома.

# Ж

**Железна песочна дланка, цинобер дланка, нога на ваџра, стапало на архат**
Видови кинески техники за боречки вештини.

# И

**Идеалистично**
Во Кина, овој термин носи негативна конотација што подразбира имагинарно, суеверно и нереално размислување.

# Ј

**Ји-џинг (Книга на промени, Џоу-ји)**
Античка кинеска книга за гатање која датира од династијата Џоу (1100 п.н.е. – 221 п.н.е.).

**Јин и јанг**
Тао школата верува дека сè содржи спротивни сили на јин и јанг, кои меѓусебно се исклучуваат, а сепак се меѓусебно зависни, нпр. Женско (јин) наспроти машко (јанг).

**Јуан**
Кинеска валута.

**Јуџен точка**
Точка за акупунктура која се наоѓа на долниот дел од задниот дел на главата.

# К

**Канонизација на Боговите**
Класично дело на кинеската белетристика.

**Копање во биков рог**
Кинески израз за одење во ќорсокак.

**Кралица Мајка**
Во кинеската митологија, женско божество од највисоко ниво во Трите сфери.

**Ксинџијанг**
Провинција во северозападна Кина.

**Културната револуција**
Комунистичко политичко движење кое ги осудуваше традиционалните кинески вредности и култура (1966 – 1976).

# Л

**Лама**
Титула за мајстор во тибетскиот будизам.

**Лао Це**
Основач на Тао школата и автор на Дао Де Џинг (Тао Те Чинг) кој живеел и предавал во Кина околу 5. или 4. век п.н.е.

**Лаогонг точка**
Акупунктурна точка во центарот на дланката.

**Леи Фенг**
Кинески морален пример во 1960-тите.

**Ли**
Кинеска единица за растојание (0,5 км). На кинески, „108 илјади лии“ е вообичаен израз за опишување на многу долго растојание.

**Лиу Банг**
Император и основач на династијата Хан (206 п.н.е. - 23 н.е.).

**Лу Донгбин**
Едно од осумте божества во Тао школата.

**Лунју**
Изјава; коментар.

# М

**Махајана**
„Будизмот на големото возило“.

**Мао јоу**
Границата помеѓу јин и јанг страните на човечкото тело.

**Ма жонг**
Традиционална кинеска игра што ја играат четири лица.

**Материјализам**
Филозофска теорија според која физичката материја во нејзините дејства и движења е единствената реалност; сè во универзумот, вклучувајќи ги и емоциите и мислите, може да се објасни со физичките закони.

**Мингмен точка**
„Порта на животот“; акупунктурна точка лоцирана на средината на долниот дел на грбот.

**Мо динг**
Како што тврдат некои мајстори на чигонг, допирањето на врвот на главата за да даде енергија.

# Н

**Нанџинг**
Главен град на провинцијата Џиангсу.

**Небесно око**
Исто така познато како „трето око“.

**Нирвана**
Заминување од човечкиот свет без ова физичко тело; методот на завршување на култивацијата во школата на Буда Шакјамуни.

**Ниван палата**
Таоистички термин за епифизата.

# О

**Осум триграми**
Познати и како Багуа, овие осум триграми се користат во таоистичката космологија за да се претстават основните принципи на реалноста, гледани како опсег од осум меѓусебно поврзани концепти.

**Осумте бесмртници**
Добро познати таоистички божества во кинеската историја.

# П

**Период на крајот на дармата**
Според Буда Шакјамуни, периодот на крајот на Дармата е период на време кој го претставува падот на будизмот кога дармата на Шакјамуни повеќе не

е во состојба да ги спасува живите суштества.

**Петте елементи**
Метал, дрво, вода, оган и земја.

**Планината Емеи**
Планина во провинцијата Сечуан околу илјада милји оддалечена од бунарот во храмот Лингин.

**Полесно е да се покани бесмртник, отколку да се испрати**
Кинеска поговорка која вообичаено се користи за да се опише ситуација во која е лесно да се падне, но тешко е да се излезе.

**Помошна душа (фу јуеншен)**
Нечија секундарна душа (или души), помошна свест.

**Последниот џие**
Заедницата на култиватори смета дека универзумот има три фази на еволуција (почетниот џие, средниот џие, последниот џие) и дека сега е финалниот период на последниот џие.

**Поставување лонец на оган за да се направи дан од собраните лековити треви**
Таоистичката метафора за култивација на внатрешна алхемија.

**Првобитна душа (јуеншен)**
Таа е поделена на главна душа (чу јуеншен) и помошна душа (фу јуеншен). Во традиционалната кинеска мисла, се верува дека многу души постојат во телото, кои управуваат со одредени функции и процеси.

**Произведување оган**
Кинески термин кој исто така значи „култивирачко лудило“; овде може да се разбере и фигуративно и буквално.

# Р

**Рен и ду**
Во кинеската медицина, за овие енергетски канали се вели дека се канали на чи, кои сочинуваат сложена мрежа за циркулација на енергија.

# С

**Самади**
Од будизмот, „медитација во транс“.

**Сарира**
Термин од санскрит, се однесува на бисерни или кристални предмети во облик на мониста или дан кои се наоѓаат во кремираниот пепел на будистичките култиватори.

**Свастика**
„Тркало на светлината“ од санскрит, симболот е стар повеќе од 2.500 години и е пронајден при откопувања во културни реликвии во Грција, Перу, Индија и Кина. Со векови означува добра среќа, го претставува сонцето и се смета за позитивен симбол.

**Свет на десет насоки**
Будистичка концепција на универзумот.

**Статус на постигнување (гувеи):**
Нечие ниво на постигнување во Буда школата, како што се архат, бодисатва или татагата.

**Сун Симиао, Хуатуо, Ли Шицен и Биан Куе**
Познати доктори по кинеска медицина во историјата.

**Сун Вуконг**
Исто така познат како „Кралот на мајмуните“, лик во класичното дело на кинеската фантастика: „Патување на Запад“.

# Т

**Тајјуен**
Главен град на провинцијата Шанкси.

**Таичи**
Симболот на Тао школата, популарно познат на Запад како „симбол јин и јанг“.

**Тангшан**
Град во провинцијата Хебеи.

**Танжонг**
Точка за акупунктура лоцирана приближно во центарот на градниот кош.

**Тао**
1. Исто така познат како „Дао“, таоистички термин за „Патот на природата и универзумот“; 2. Просветлено суштество кое го постигнало овој Тао.

**Татагата**
Просветлено суштество со статус на постигнување во Буда школата, кое има свој рај и е над нивоата на бодисатва и архат.

**Тианци чуанг**
Вид на стоечка чигонг вежба во Тао школата.

**Тиен**
„Поле“ на енергија.

**Трите јинг и трите јанг канали**
Збирно име за трите јин и три јанг меридијани (енергетски канали) на рацете и на стапалата.

# У

**Учител**
Исто така наречен Мајстор, начин за со почит да се обрати на наставник во Кина.

# Ф

**Фа**
Закон и принципи во Буда школата.

**Фа во тројниот свет**
Будизмот смета дека човекот мора да помине низ самсара (шест патеки на реинкарнација или циклус на реинкарнација) ако не го достигнал култивирањето на Фа надвор од тројниот свет или надвор од Трите сфери.

**Фашен**
„Законско тело“; тело направено од гонг и Фа.

**Фенгшуи**
Кинеска геоманција, практика на читање пејзажи.

# Х

**Хан**
Мнозинската етничка припадност на кинескиот народ.

**Хан Шин**
Водечкиот генерал кој му помогна на императорот Лиу Банг да ја воспостави династијата Хан.

**Хече**
Познато и како „речно возило“, таоистичка вежба за внатрешна циркулација.

**Хегу точка**
Точка за акупунктура на задниот дел од раката, помеѓу палецот и показалецот.

**Хету, Луоши**
Праисториски дијаграми за кои се смета дека го откриваат текот на космичките промени.

**Хинајана**
„Будизмот на малото возило“.

**Хуангди Неиџинг**
Исто така познат како Внатрешниот канон на жолтиот цар, таоистички текст за култивирање.

**Хуијин точка**
Точка за акупунктура во центарот на перинеумот (областа помеѓу анусот и гениталиите).

**Хун**
Храна која е забранета во будистичките храмови, како што се сите видови месо.

# Ц

**Цаоцао**
Основач и владетел на Кралството Веи, едно од трите кралства (220 н.е. – 265 н.е.).

# Ч

**Чангчун**
Главен град на провинцијата Џилин.

**Чи**
Во кинеската култура, се верува дека е „витална енергија“; во споредба со гонг, тоа е пониска форма на енергија.

**Чиенкун**
„Небо и земја“.

**Чиенмен**
Една од главните трговски области во Пекинг.

**Чигонг**
Форма на традиционална кинеска вежба која култивира чи или „витална енергија“.

**Чимен школа**
„Неконвенционална школа за култивација“.

**Чин Хуи**
Злобен службеник на кралскиот двор во Јужната Сонг династија (1127 н.е. - 1279 н.е.).

**Чинг**
Емоции, чувства, сентименталност или наклонетост.

**Чингдао**
Пристанишен град во провинцијата Шандонг.

**Чичихар**
Град во североисточна Кина.

**Чонгчин**
Најнаселен град во југозападна Кина.

# Џ

**Џен, Шан, Рен**
Џен (вистина, вистинитост); Шан (сочувство, добронамерност, добрина, љубезност); Рен (трпение, толеранција, издржливост).

**Џие**
Период кој трае две милијарди години; овде терминот се користи како број.

**Џигонг**
Добро познат будистички монах со волшебни моќи во Јужната Сонг династија (1127 н.е. - 1279 н.е.).

**Џинан**
Главен град на провинцијата Шандонг.

# Ш

**Шанген точка**
Точка за акупунктура која се наоѓа помеѓу веѓите.

**Шакјамуни**
Исто така познат како Гаутама Сидарта, историскиот Буда.

**Шиншинг**
Природата на умот или срцето; морален карактер.

**Шинминг Гуичи**
Таоистички текст за култивирање.

**Шичен**
Кинеска единица за време од два часа.